УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

# ПЕРСОНАЛНИТЕ КОРЕЛАТИ НА ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

-докторска дисертација-

Ментор:
проф. д-р Јаков Лазароски

Кандидат:
м-р Михајло Поповски

Скопје, април 2000

## *Содржина*


Вовед 1

**I дел: ТЕОРЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ И СРОДНИТЕ ПОИМИ 6

ТЕОРЕТСКИТЕ ПРИСТАПИ ВО ПРОУЧУВАЊЕТО НА ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ 24

- Теоријата на социјалното учење 24
- Когнитивно-развојниот пристап 30
- Теоријата на атрибуцијата 36
- Теоријата на праведноста 40
- Социобиолошкиот пристап 46
- Моделот на одлучувањето при интервенцијата на очевидецот на Latané & Darley 54
- Моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките на Piliavin, Dovidio, Gaertner & Clark 59
- Моделот на вредносно-заснованото одлучување на Schwartz & Howard 69
- Моделот на три патеки на егоистичка и алтруистичка мотивација за помагање: Емпатиско-алтруистичката хипотеза на Batson 76

СОЦИЈАЛНИТЕ И СИТУАЦИСКИТЕ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ 94

УЛОГАТА НА КОГНИТИВНИТЕ ФАКТОРИ ВО ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ 111

УЛОГАТА НА ЕМОЦИОНАЛНИТЕ ФАКТОРИ ВО ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ 128

ПЕРСОНАЛНИТЕ КОРЕЛАТИ НА ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ 147

- Социодемографските карактеристики и просоцијалното однесување 158
- Особините на личноста и просоцијалното однесување 164
  - Емпириските наоди за поврзаноста на особините на личноста со просоцијалното однесување 167
  - Емпириските наоди за особините на личноста на докажаните „алтруисти“ 197

## II дел: ИСТРАЖУВАЊЕ


ПРОБЛЕМ 207

ХИПОТЕЗИ 211

ВАРИЈАБЛИ 215

МЕТОД 221

- Испитаници и постапка на истражувањето 221
- Инструменти 232

РЕЗУЛТАТИ 243

- Споредби меѓу групата испитаници кои се однесувале просоцијално и групата испитаници кои не се однесувале просоцијално 243
- Споредби меѓу подгрупите испитаници кои се однесувале просоцијално и подгрупите испитаници кои не се однесувале просоцијално 256
- Меѓусебна поврзаност на особините на личноста 284
- Факторска анализа на особините на личноста 289

ДИСКУСИЈА 296

- Поврзаноста меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување 296
- Поврзаноста меѓу редоследот на раѓањето, бројноста на семејството, поттикнуваните и „наследените“ начини на однесување и просоцијалното однесување 327

ЗАКЛУЧНО РАЗГЛЕДУВАЊЕ 332

ЛИТЕРАТУРА 343

ПРИЛОГ 353

# *Вовед*

*Параболата за Добриот самарјанин*

*... Еден човек слегуваше од Ерусалим во Ерихон, и сретна разбојници, кои го соблекоа и му направија рани, и си отидоа, оставајќи го полумртов. Во тоа време слегуваше по тој пат еден свештеник и, кога го виде, си замина. Исто така и еден левит, кога дојде на тоа место, се приближи, погледна и си отиде. Еден, пак, самарјанин, кој патуваше, кога дојде до него, го виде и се сожали. И кога се приближи, му ги преврза раните, поливајќи ги со елеј и со вино; па, откако го качи на добитокот свој, го однесе во гостилница и се погрижи за него. А утредента, на кинисување, извади два динарија, му ги даде на гостилничарот и му рече: „Пригази го; а ако потрошиш повеќе, кога ќе се вратам, ќе ти платам". ...*

*(Св. евангелие според Лука 10)*

*Убиството на Кити Геновезе*

*Во март 1964 год., во едно од предградијата на Њујорк, Катерина Геновезе-Кити на враќање од работа кон својот дом, рано наутро, беше ненадејно нападната и до смрт избодена со нож од непознат напаѓач. Нападот и борбата за живот на Кити траеа околу половина час, но на нејзините врисоци и повици за помош никој не се одѕва од околните станбени згради. Кога следниот ден, по смртта на Кити, полицијата ги распрашуваше станарите на зградите, се установи дека 38 лица го гледале или слушале нејзиното страдање, а притоа ниеден од нив не само што не се обидел да и притекне на помош, туку не се обидел дури ни телефонски да ја извести полицијата.*

Овие две случки, едната опишана во Светото писмо, а другата во повеќе книги и списанија, имплицираат многу прашања врзани за природата на луѓето и за нивното однесување кон другите. Тие, меѓу другото, ја отсликуваат и *добрата* и *лошата* страна на човековата природа, која отсекогаш претставувала загатка и преокупација на многумина социјални научници и лаици кои се обидувале да ги осознаат нејзините суштински обележја и основните движечки сили на човекот.

Иако луѓето не се иманентно само себични и злобни, туку, исто така, се и добри и кадарни за помагање и себежртвување во полза на другите, сè до крајот на 60-тите години психолошките анализи и истражувачки активности биле главно сосредоточени кон разјаснување само на негативната страна на човековата природа, т.е. на неговото егоистичко и агресивно однесување. Причините за ваквата доскорешна еднонасочна истражувачка ориентација веројатно тешко дека би можеле исцело да се осознаат, но обично тие се лоцираат во доминантноста на хедонистичко-егоистичкиот модел на човекот и во долготрајните влијанија на водечките психолошки теории, и тоа пред сè на теоријата на поткрепувањето и психоанализата. Освен тоа, понекогаш се смета дека е можно недоволната заинтересираност за просоцијалноста на луѓето да е поврзана и со проширеното верување дека контролата на негативните форми на социјалното однесување е поургентна и многу позначајна за опстојувањето и функционирањето на општеството отколку што е афирмирањето на позитивното социјално однесување. Исто така, не треба да се занемари и фактот дека позитивното за разлика од негативното социјално однесување привлекува многу помало внимание, бидејќи на него се гледа како на нешто што е очекувано и нормално и обично интересирањето за него се јавува дури тогаш кога таквото однесување ќе изостане.

Меѓутоа, во последните три децении, и тоа особено во 70-тите години, се случи вистински пресврт во истражувачките активности на многумина психолози, со кои не само што се зголемија и систематизираа сознанијата за просоцијалноста на луѓето, туку се измени и начинот на конципирањето на програмите за унапредување на хуманоста и грижата за другите. Дека навистина станува збор за драматично поместување на интересот на истражувачите кон позитивната страна на човековата природа, говори и податокот посочен од Dovidio (1984) дека во периодот од 1962 до 1982 год. се објавени повеќе од 1000 ракописи во кои се обработувани различни аспекти на просоцијалноста на луѓето. Некои од факторите што придонеле за ваквата пресвртница, според Wispe (1972), се

политичкиот и студентскиот активизам, разновидните форми на заедничко живеење, реактивирањето на движењето за мир и влијанието на хуманистичката психологија. Слични размислувања се сретнуваат и кај други автори, кои зголемениот интерес за однесувањата со кои се подобрува благосостојбата на другите го поврзуваат со реалните промени во општеството и во меѓучовечките односи и со потребата за изнаоѓање начини за подобрување на квалитетот на животот на луѓето и на грижата за слабите и беспомошните (Eisenber & Mussen, 1989; Bar-Tal, 1984). Покрај тоа, се смета дека значаен придонес имале и некои реални случки на несфатливо апатично и незаинтересирано однесување на луѓето спрема страдањето на другите, кои имале голем одек во јавноста и биле предмет на многубројни новинарски и научни анализи. На пример, пасивното однесување на очевидците при убиството на Кити Геновезе, на времето, предизвикало бројни коментари, дискусии и објаснувања во американската јавност и претставувало непосреден повод за првичните систематски истражувања на факторите што го инхибираат и поттикнуваат помагањето на другите, спроведени од Latane & Darley (1968, 1970).

Со оглед на тоа што просоцијалното однесување, како и секое друго социјално однесување, претставува продукт на една помалку или повеќе сложена и варијабилна интеракција на мноштво фактори, при неговото концептуализирање, испитување и објаснување се применувани различни теоретски пристапи. Некои од нив едноставно се преземени од пошироката област на психологијата, додека други се изворно засновани на сознанијата стекнати во емпириските истражувања на одделни аспекти на просоцијалното однесување. Општо земено, во досегашните истражувања се испитувани потенцијалните ефекти на различни социјални, ситуациски, когнитивни, емоционални и личносни фактори врз појавата, обликувањето и развојот на просоцијалното однесување. Овие истражувања резултирале со бројни наоди кои несомнено го подобриле разбирањето и објаснувањето на овој вид однесување. Меѓутоа, исто како и во случајот со проучувањата на многу други психолошки феномени,

поради сложеноста и разнообразноста на просоцијалното однесување и користењето на разновидни показатели на неговата манифестираност (чија релевантност и репрезентативност е прилично варијабилна), истражувачките активности не резултирале само со комлементарна туку и со противречна евиденција, која неретко претставувала извор на сериозни несогласувања при толкувањето на природата на однесувањата со кои се подобрувала благосостојбата на другите и значајноста што им се придавала на одделни фактори при нивната актуелизација.

Едно од прашањата што сè уште предизвикува, некогаш поголемо, а некогаш помало, несогласување меѓу истражувачите и теоретичарите од оваа област е прашањето за личносната определеност на просоцијалното однесување и за постоењето на стабилни индивидуални разлики во подготвеноста за неговото манифестирање. Токму ова прашање, или поточно речено, одделни аспекти на ова прашање се разгледувани во истражувањето што се соопштува во овој труд. Истражувањето, општо земено, претставува еден вид продолжение на постојните истражувачки активности насочени кон разјаснување на ова прашање, и како такво, тоа не е осмислено да даде што е можно посеопфатен одговор за диспозициската заснованост на просоцијалното однесување, туку пред сè има за цел да придонесе за појасно специфицирање на потенцијалната улога што може да ја имаат особините на личноста при манифестирањето на различни видови просоцијални однесувања.

I дел

# ТЕОРЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ И СРОДНИТЕ ПОИМИ

Една од првичните тешкотии со која се соочува секој оној кој сака на систематски начин да ги проучува разновидните форми на позитивното однесување на луѓето е поврзана со дефинирањето и диференцирањето на основните поими. Литературата изобилува со примери кои покажуваат дека постои мала согласност во врска со начинот на кој тие би требало да се дефинираат и меѓусебно разграничуваат. Некогаш, на пример, не се прави разлика меѓу термините *просоцијално, помагање* и *алтруизам* и тие се употребуваат алтернативно, што имплицира нивно појмовно изедначување. Другпат, тие меѓусебно се диференцираат, но секој од нив нееднозначно се дефинира при што се користат различни критериуми за нивно специфицирање и категоризирање. Непостоењето консензус околу дефинирањето на основните поими може да се смета за индикатор на пошироки несогласувања во целата оваа област. Овие несогласувања, општо земено, се условени од сложеноста и разнообразноста на позитивното однесување на луѓето, од различните сфаќања за неговата природа и потекло и од различните сфери на интересирање на одделни истражувачи.

Иако на прв поглед може да се чини сосема логично, однесувањето кое е насочено кон доброто на другите и кое има позитивни општествени консеквенци да се именува како просоцијално, сепак како што утврдил Wispe (1972) самиот термин **просоцијално** по некоја интересна иронија на терминолошко размножување поминал сличен пат како и психолошката мисла за овој вид однесување. Имено, трагајќи по првичните употреби на терминот, Wispe открил дека тој за првпат се појавил во педесетите години во развојната психологија, за означување на една посебна форма на санкционирачко агресивно однесување - просоцијална агресија - која е

прифатлива за моралните стандарди на групата и која има за цел повеќе да го обликува отколку да го казнува однесувањето. До промена на неговото значење дошло откако тој почнал да се користи во социјално-психолошките проучувања на помагањето. Според неговите иследувања, тоа за првпат се случило во трудовите на Bryan & Test (1967) и Rosenhan & White (1967), кои независно едни од други терминот го употребиле за означување на социјално одговорното однесување, како што е помагањето и дарувањето, односно за означување на дарувањето што произлегува од интернализираните норми. Со зголемувањето на интересот за проучување на овој вид однесувања, терминот просоцијално почнал сè повеќе да се употребува за означување на сите начини на позитивни наспроти негативни и антисоцијални однесувања.

Нема сомнение дека просоцијалното однесување може да биде многу сјајно нешто и дека може да се манифестира на различни начини. Или како што со право истакнува Wispé, „мора да постојат многу начини да се биде добар исто како и да се биде лош!“ (1972, 3). Но, проблемот е како тие начини или форми на манифестирање на просоцијалното однесување да се идентификуваат и концептуализираат, а со тоа и да се специфицираат нивните карактеристични особености, сличности и разлики.

Увидот во литературата покажува дека постојат мноштво обиди за дефинирање на природата на просоцијалното однесување и сродните поими. Така на пример, Wispé (1972), обидувајќи се да ги идентификува основните форми на просоцијалното однесување преку анализа на веќе објавени студии, нагласува дека иако е можеби невозможно да се даде една исцрпна, апсолутно дискриминативна, меѓусебно исклучива и емпириски одбранлива дефиниција на позитивното наспроти негативното социјално однесување, сепак пожелно би било барем да се скицираат нивните претпоставени диференцијални обележја. Според него, позитивното или просоцијалното однесување би требало да ја овозможува или одржува физичката и психолошката благосостојба и интегритетот на другите лица и да се карактеризира со подготвеност за споделување на болката, фрустрациите и тагата на другите. Наспроти тоа, негативното социјално

однесување би требало да ја ограничува или оневозможува слободата, експресијата, интегритетот и физичката или психолошката благосостојба на другите и да се карактеризира со ориентираност кон себе и неводење сметка ниту за задоволството ниту за благосостојбата на другите. Во врска со различните форми на манифестирање на просоцијалното однесување, Wispe ја сугерира неопходноста од нивното меѓусебно диференцирање за да може што попрецизно тие да се операционализираат и да се разјаснат нивните генотипски сличности и разлики. Како основни форми на просоцијалното однесување тој ги наведува алтруизмот, симпатијата, кооперацијата, дарувањето и помагањето. *Алтруизмот* значи грижа за интересот на другите без притоа да се води сметка за сопствениот интерес. *Симпатијата* се однесува на грижата за некого, или споделувањето на болката или тагата на друго лице, па дури и на животно. *Кооперацијата* значи подготвеност и способност заедно да се работи со другите, обично, но не и секогаш, на нешто што е од заеднички интерес. *Помагањето* се однесува на давањето помош за да се дојде до одреден објект или цел. А *дарувањето* подразбира давање подароци или прилози, обично во добротворни цели.

Слични разликувања и определби на позитивните форми на социјалното однесување се сретнуваат и кај други автори. Bar-Tal & Raviv (1982) истакнуваат дека *просоцијалното однесување* е широка категорија која претставува спротивност на негативните форми на однесување. Тоа придонесува за доброто на другите и опфаќа неколку вида на однесувања: помагање, соработка и размена. *Помагањето* како субкатегорија на просоцијалното однесување опфаќа постапки како што се споделување на материјални добра со друг, давање помош при вршење на некоја работа и дарување. *Алтруизмот* претставува посебен вид на помагање, помагање од највисок квалитет кое се врши доброволно и со намера да му се направи добро на друг. Таквото помагање е исход на моралното верување во праведноста и се карактеризира со неочекување на каква и да било надворешна награда. Значи, за Bar-Tal & Raviv просоцијалното однесување е најширок, помагањето потесен, а алтруизмот најтесен поим.

Во *„Психолошкиот речник“* на Reber (1985), исто така, се прави разлика меѓу термините просоцијално, помагање и алтруизам. Под *просоцијално* се подразбира општ дескриптивен термин за означување на сите оние однесувања што се кооперативни по својата природа, а такви обично се пријателството, емпатијата, алтруизмот, помагањето итн. *Помагањето* се определува како непосредно помагање некому во неволја при што не постои реално или потенцијално жртвување на лицето кое помага. Додека за *алтруизмот* се вели дека е однесување со кое се подобрува сигурноста, интересите, па дури и опстанокот на другите за сметка на сопствените. Алтруизмот, за разлика од помагањето, се карактеризира со одреден степен на ризичност или лична загуба.

Според Лазароски (1996) *просоцијалното однесување* претставува многу широка категорија и тоа се однесува на акти што се општествено позитивно вреднувани. *Помагањето*, пак, е форма на просоцијалното однесување, односно негова субкатегорија. Додека, *алтруистичкото однесување* е интенционален акт за доброто на другите, акт што е мотивиран од желбата да му се направи добро на другиот без да се очекува некој вид награда.

Дека просоцијалното однесување, помагањето и алтруизмот би требало меѓусебно да се диференцираат сугерира и Dovidio (1984), кој смета дека првата терминолошка дистинкција што треба да се направи е онаа меѓу широката категорија на просоцијалното однесување и другите типови на однесувања (т.е. антисоцијалните и асоцијалните акти). Според Dovidio, *просоцијалното однесување* значи, ни помалку ни повеќе, однесување што е вреднувано од општеството. Односно, тоа опфаќа повеќе видови постапки (помагање на други, давање прилози во добротворни цели, соработка со други, интервенирање за спасување на нечиј живот итн.) кои општеството генерално ги вреднува. *Помагањето* се сфаќа како субкатегорија на просоцијалното однесување и се дефинира како доброволен акт изведен со намера да се направи нешто за доброто на друг. Ова однесување може, но не мора, да претпоставува личен контакт со лицето на кое му се помага и може, но не мора, да вклучува антиципација

на надворешни награди. Dovidio, исто како и Bar-Tal & Raviv, смета дека терминот *алтруизам* е резервиран за посебен вид на помагање - помагање кое вклучува поволни последици по лицето на кое му се помага, постоење намера кај лицето кое помага, отсуство на очигледно надворешно поткрепување и мотивација насочена кон подобрување на благосостојбата на лицето на кое му се помага. Кон ваквата определба на алтруизмот, Dovidio го дава и дополнението дека ако истражувачите не се во состојба емпириски и теоретски да потврдат дека секој од овие критериуми е задоволен тогаш актот би требало да се разгледува како помагање или просоцијално однесување.

Многу слична дефиниција на *просоцијалното однесување* даваат и Schroeder, Penner, Dovidio & Piliavin (1995). За нив, тоа е назив за една широка категорија на постапки кои од општеството се генерално дефинирани како благотворни за другите луѓе и за тековниот политички систем. Ваквата дефиниција, според овие автори, имплицира две нешта: прво, дека просоцијалното однесување е нужно интерперсонален чин, бидејќи за да може се појави одредена просоцијална постапка мора да постои добродетел и барем едно лице на кое му се помага; и второ, со фразата „дефинирани од општеството", се претпоставува дека идентификувањето на одредено однесување како просоцијално зависи од околностите или од историскиот и политичкиот контекст во кој тоа се јавува. Односно, се смета дека одредено однесување не е инхерентно или универзално просоцијално или антисоцијално, бидејќи е можно една иста постапка во едни околности или во одреден историски и политички контекст да биде сметана како просоцијална, а во друг како антисоцијална или агресивна. Покрај тоа, тие сугерираат дека за истражувачки цели терминот просоцијално однесување е премногу широк за да би можеле да се дофатат значајните разлики меѓу различните видови на просоцијалните постапки што ги вршат луѓето. До многу посоодветен одговор на низа значајни прашања во оваа област може да се дојде ако најпрво се направи разлика меѓу три субкатегории на просоцијалното однесување: помагањето, алтруизмот и кооперацијата. *Помагањето* тие го дефинираат како постапка

чии консеквенци се правење добро некому или подобрување на неговата благосостојба. Со прифаќањето на оваа дефиниција, која е очигледно прилично широка, како помагање можат да се означат многу разновидни просоцијални постапки, бидејќи тоа се однесува на секое подобрување на нечија благосостојба како резултат на постапките на друго лице. А тоа би значело исто така дека и многу различни однесувања што биле предмет на емпириски испитувања, без оглед на степенот на нивната едноставност или сложеност во смисла на нивно времетраење, вложување напор или ризичност и начинот на кој биле операционално дефинирани и именувани, би можеле да се подведат под поимот помагање. За Schroeder и сор. и *алтруизмот* претставува помагање, но помагање од посебен вид, затоа што кај него во преден план доаѓаат до израз дополнителни карактеристики кои се однесуваат на намерите и ползата на лицето кое помага. Според нив, како алтруизам, во најмала рака, може да се означи секој акт на помагање што се врши без очигледна или опиплива награда. Кога се говори пак за *кооперацијата* како субкатегорија на просоцијалното однесување, се смета дека постојат повеќе нешта што неа ја диференцираат од помагањето и алтруизмот. На пример, ако помагањето и алтруизмот се однесуваат главно на оние ситуации во кои едно лице му помага на друго кое е во неволја, кооперацијата обично се јавува во ситуации кога две или повеќе лица заедно работат за да постигнат некоја цел која е од заеднички интерес. Освен тоа, кај кооперацијата сите оние што се вклучени во размената придонесуваат за групниот резултат како помалку или повеќе еднакви партнери во обидот да се постигне заедничката цел. Додека, кај другите видови односи на помагање, двете страни не се еднакви партнери, па дури може и засебно да се мотивирани и да имаат различни цели. Меѓутоа, и покрај овие разлики, Schroeder и сор. и кооперацијата ја определуваат како специфичен вид на помагање, затоа што лицата што соработуваат се позитивно меѓузависни со оглед на нивните цели и логички може да очекуваат дека во одреден степен ќе имаат заемна корист од своите заеднички напори.

За разлика од погоре споменатите автори, кои разграничувањето меѓу просоцијалното однесување, помагањето и алтруизмот го сметаат, помалку или повеќе, за неопходност при систематското проучување на разновидните постапки насочени кон доброто на другите, други автори се задржуваат само на диференцијацијата меѓу просоцијалното однесување и алтруизмот. Оваа диференцијација тие ја сметаат за поцелисходна и обично настојуваат да покажат по што се разликува алтруизмот од другите просоцијални постапки. Така, Staub (1978) како *просоцијално однесување* го означува секое однесување кое придонесува за доброто на друго лице без оглед на степенот и видот на личната добивка и жртва, а како *алтруистички* ги означува оние постапки кои се, пред сè, насочени кон доброто на другиот, отколку кон личната (материјална или социјална) добивка. Интересно е да се напомене дека за овој автор, водењето сметка за доброто на другиот не ја исклучува можноста одреден алтруистички чин да биде мотивиран и со некоја внатрешна добивка, како на пример, чувство на задоволство поради однесувањето во склад со сопствените вредности и принципи или намалување на непријатноста поради сочувствувањето со неволјата на другиот. Покрај тоа, тој смета дека водењето сметка за доброто на другиот нужно не бара лични откажувања, жртви и загуби и дека сопствениот интерес не мора секогаш да биде во судир со интересите на другите.

Durkin (1995), исто така, се сосредоточува само на разликата меѓу просоцијалното однесување и алтруизмот и нагласува дека како *просоцијално* обично се означува она однесување со кое му се помага на другите, но кое може на некој начин да биде исплатливо за лицето кое помага. А *алтруизмот* значи однесување со кое им се помага на другите, без да постои намера за стекнување на некоја добивка кај лицето кое помага, па дури и кога тоа него го чини нешто. Според Durkin, честопати тешко е да се направи прецизна диференцијација меѓу нив, но корисно е секогаш да се има на ум дека просоцијалното однесување (кое вклучува постапки на да-вање, споделување, кооперација и заштита) може да биде мотивирано

од бројни причини, но само една од нив може да биде алтруистичка намера.

Слично гледиште застапува и Joksimović, која во неколку наврати (1990, 1992, 1993) сугерира дека за расветлување на суштината на просоцијалното однесување многу попродуктивни можат да бидат определбите на алтруизмот со кои се прави обид да се покаже која е неговата специфичност во однос на другите просоцијални постапки, отколку да се прават разни нивни набројувања и концептуализации. За Joksimović, *алтруистичка* е онаа постапка која е свесно и намерно направена со желба да се придонесе за доброто на другиот без очекување на лична добивка. *Просоцијалното однесување* е поширок поим бидејќи покрај постапките кои се насочени кон доброто на другиот, опфаќа и однесувања кои имаат за цел заедничка корист (соработка) или лична добивка (давање и помагање кое го обврзува и задолжува примачот). Клучен момент при идентификувањето на некоја просоцијална постапка како алтруистичка претставува нејзината мотивациска основа, односно намерата на лицето да направи нешто во полза на друг.

Eisenberg и нејзините колеги Mussen и Fabes (Eisenberg & Mussen, 1989; Eisenberg & Fabes, 1991) *просоцијалното однесување* го определуваат како однесување кое се врши доброволно и со намера да се помогне или да се направи нешто што е во полза на друг поединец или на група поединци. Според нив, иако може да се говори за различни видови просоцијални однесувања (на пример, за помагање, споделување и утешување), многу е позначајно таквите однесувања да се диференцираат врз основа на мотивите поради кои се јавуваат. Однесувањата што се преземаат со намера да имаат позитивни консеквенци по другите можат да бидат различно мотивирани. Некогаш, на пример, може да се јават поради егоистички интереси (од желба за реципроцитет, конкретна награда или социјално одобрување), другпат, поради практични интереси (на пример, од желбата да се оневозможи оштетувањето на нешто), а некогаш може да произлезат од грижата за другите или од моралните вредности (на пример, од желбата за придржување кон интернализираните морални вредности).

Овие автори сметаат дека *алтруизмот* претставува специфичен тип на просоцијално однесување што исто така се врши доброволно и со намера да се направи нешто во полза на друг, но за разлика од другите видови просоцијални постапки не вклучува егоистички мотиви, туку се заснива на внатрешни мотиви, како што се на пример, грижата и сочувството кон другите, а исто така и на интернализирани вредности кои вклучуваат верување во важноста на благосостојбата на другите или во праведноста. Алтруистичкото однесување може да се јави во различни форми: великодушност, сочувствување, споделување со друг на она што се има, давање прилози во добротворни цели и вршење активности за подобрување на благосостојбата во заедницата преку намалување на нееднаквоста и неправедноста. Она што определува дали овие или некои други просоцијални постапки ќе бидат, или нема да бидат, сметани за алтруистички е мотивот што лежи во основата на однесувањето.

Значи, и за оваа група автори просоцијалното однесување претставува широк поим што вклучува повеќе видови постапки кои, општо земено, имаат позитивни консеквенци по другите. Разбирливо, таквите постапки можат меѓусебно да се разликуваат во однос на содржината, мотивите поради кои се јавуваат, степенот на ризичноста, жртвувањето и личната добивка на оној што ги врши и сл. Но, покрај различноста тие имаат и неколку општи заеднички обележја. За сите нив е карактеристично што на одреден начин придонесуваат за подобрување на благосостојбата на другите, без оглед на видот и степенот на личната добивка и мотивите што лежат во нивната основа. Подобрувањето на благосостојбата на другите претставува *conditio sine qua non* на секоја просоцијална постапка и може да се однесува на разнообразни ефекти од физичка и/или психолошка природа со кои делумно или целосно се редуцира нечија неволја или мака. Освен тоа, се чини оправдано да се сметаат како нивни суштински атрибути и доброволноста и интенционалноста. Доброволноста ја имплицира слободата на изборот во однесувањето и значи дека просоцијалните постапки се израз на сопствената волја, а не на каква и да било принуда. Додека интенционалноста се однесува на

свесното настојување некому да се направи добро, а не на она зошто тоа се прави. Според тоа, **просоцијалното однесување** би можело да се определи како *однесување кое опфаќа повеќе видови постапки кои се вршат доброволно и со намера да се подобри благосостојбата на другите, без оглед на видот и степенот на личните добивки и трошоци*. Со ваквото дефинирање на просоцијалното однесување очигледно е дека се нагласува и неговата општост или сеопфатност, така што тоа не се врзува само за една негова манифестација, туку се однесува на мноштво постапки или форми на негово манифестирање кај кои доаѓаат до израз погоре споменатите карактеристични својства. Односно, просоцијалното однесување може да се јави во различни форми кои врз основа на одредени фенотипски карактеристики би можеле да се идентификуваат како помагање, дарување, споделување, соработување, утешување и сл. Овие постапки, меѓу другото, можат меѓусебно да се разликуваат и во однос на можните начини на нивно манифестирање. Освен тоа, тие некогаш се јавуваат во „чиста форма“, а некогаш композитно, така што не секогаш може исцело да се диференцираат. Во врска со класифицирањето на просоцијалните постапки врз основа на нивната манифестност неопходно е исто така да се напомене дека е потребна голема внимателност, затоа што е можно да се јават одредени недоследности при изборот и примената на критериумите за распределба, кои класификацијата може да ја направат недоволно прецизна и соодветна. На тоа упатуваат и недоследностите во некои од постојните категоризации. На пример, Wispé говори за помагање и дарување како за посебни форми на просоцијалното однесување, додека Bar-Tal & Raviv сметаат дека дарувањето претставува еден вид помагање. Покрај тоа, кај поделбата на Wispé се јавува и друг вид на недоследност, основата на поделбата варира меѓу категориите. Алтруизмот и симпатијата се дефинираат со субјективната мотивација, а дарувањето со објективните својства на однесувањето.

Можноста за појава на вакви недоследности можеби е причина што не сите теоретичари и истражувачи кои делуваат во оваа област ги сметаат за неопходност претходно наведените терминолошки и појмовни

диференцијации. Односно, голем број автори при разгледувањето и проучувањето на особеностите на просоцијалните постапки некогаш едноставно термините просоцијално, помагање и алтруизам ги користат како синоними, а другпат претпочитаат да говорат само за помагање или алтруизам. Така на пример, Latané & Darley (1970), пионерите во експерименталното истражување на факторите што ја редуцираат можноста за интервенирање во кризни и опасни ситуации, повеќе преферираат да говорат за помагање отколку за алтруизам. Притоа, тие и не се обидуваат попрецизно да го дефинираат помагањето. Од контекстот на нивното излагање може да се заклучи дека под помагање подразбираат давање помош на друго лице без оглед на мотивите што го поттикнуваат таквото однесување. Според нив, за истражувачки цели е сосема доволно ако се означи како помагање она однесување за кое постои консензус дека е такво.

Како друг карактеристичен пример, би можеле да се наведат студиите на Smithson, Amato & Pearce сумирани во книгата *„Димензиите на помагањето“* (1983), во која тие иако идентификуваат и проучуваат разнообразни однесувања, сите нив општо ги означуваат како помагање. Овие автори, незадоволни од постоечките категоризации на помагањето, со примена на техники на мултидимензионално скалирање изготвиле поинаква класификациска шема (таксономија) на манифестациите на помагањето . Според нив, акциите на помагањето може да се класифицираат во однос на три базични димензии: *1. планирано (формално)* наспроти *спонтано (неформално)* помагање; *2. сериозно* наспроти *несериозно* помагање; и *3. директно* наспроти *индиректно* помагање. Првата димензија е поврзана со типот на ситуацијата во која се јавува помагањето и таа овозможува правење разлика меѓу помагањата кои се планираат однапред и кои се јавуваат во повеќе формални и структурирани околности (на пример, доброволно помагање на лице болно од AIDS) и помагањата кои се јавуваат спонтано и неформално (на пример, покажување пат на непознато лице). Втората димензија е поврзана со неволјата или маката на лицето кое има потреба од помош. На едниот крај на оваа димензија

може да се сместат акциите што се поврзани со некој сериозен проблем (на пример, давање помош на лице кое претрпело срцев удар), а на другиот крај може да се најдат акции кои не се карактеризираат со сериозност (како на пример, праќање на изгубено писмо). И конечно, третата димензија се однесува на типот на реакцијата што се бара од лицето кое помага. Директното помагање подразбира акции кои претставуваат правање или чинење нешто (на пример, собирање на нечии паднати предмети, раздвојување и смирување на лица кои се тепаат), а индиректното помагање се однесува на давањето и споделувањето на одредени материјални добра (на пример, давање доброволен прилог, споделување со некого храна). Бидејќи оваа таксономија е мултидимензионална, неопходно е да се нагласи дека секое конкретно однесување може да се класифицира со помош на сите три димензии.

Сличен пристап при класифицирањето на акциите на помагањето применила и McGuire (1994), која врз основа на изјавите на нејзините испитаници (студенти) за случките на помагањето што лично ги доживеале, направила поинаква класификациска шема на различните видови помагања. Според неа, постојат четири вида на помагања: *1. Каузално помагање* - помагање кај кое не постои некоја блиска врска меѓу помагачот и лицето на кое му се помага и тоа по своите фенотипски карактеристики може да биде различно, на пример, подарување на предмети, позајмување, информирање или правење услуга; *2. Значајно лично помагање* - помагање кое се јавува меѓу блиски лица, на пример, помагање на пријател при вселување во нов стан и сл.; *3. Емоционално помагање* - помагање кое исто така се јавува меѓу блиски лица и кое може да се манифестира преку давање морална поддршка, утешување, покажување разбирање и сл.; и *4. Помагање во ургентни ситуации* - помагање на лица на кои им се случила некоја неволја или несреќа, на пример, помагање на лице што настрадало во сообраќајна несреќа, бранење некого од натрапници, згрижување на болно лице и сл.

Овие класификации без оглед што делумно се разликуваат, меѓу другото, сугерираат дека не се сите помагања идентични и факторите

што може да влијаат врз помагањето во едни околности не значи дека ќе имаат исто влијание врз помагањето во други околности.

Најчесто сретнуваниот термин во литературата од оваа област е секако **алтруизмот**, околу чие дефинирање постои уште поизразена несогласност, што според Eisenberg (1982) најверојатно се должи на различните сфери на интересирање на истражувачите. Инаку, терминот алтруизам произлегува од латинскиот збор *alter* кој едноставно значи *друг* и е од релативно понов датум. Поточно, терминот за првпат е воведен пред околу 150 години од страна на Auguste Compte, основачот на позитивизмот. Пред Compte прашањето зошто им помагаат луѓето на другите било дискутирано под различни наслови: добрина, милосрдие, сожалување, пријателство и сл. Compte сметал дека алтруизмот и егоизмот се два засебни мотива што постојат во индивидуата. Тој не го негирал постоењето на мотивите на себеопслужување, дури и во случајот кога некому му се помага - импулсот за стекнување полза и задоволство за себе тој го нарекол егоизам. Но, Compte верувал дека одредено социјално однесување може да биде израз и на несебичната желба *да се живее за други*, која ја означил како алтруизам. Со други зборови, според Compte, алтруизмот претставува посветеност на благосостојбата на другите која не е заснована на себичност.

Современите дефиниции на алтруизмот повеќе или помалку отстапуваат од определбата на Compte и што е уште позначајно не се секогаш еднозначни. Најнапред, авторите од различни дисциплини различно го дефинираат алтруизмот. Така на пример, социобиолозите при дефинирањето на алтруизмот нагласката ја ставаат пред сè на консеквенците што ги има одредена акција. Тоа особено е забележливо во често цитираната определба на социобиологот Dawkins: „За некое суштество, како што е павијанот, се вели дека е алтруистичко ако тоа се однесува на начин со кој ја зголемува благосостојбата на некое друго такво суштество на сметка на сопствената благосостојба“ (Dokins, 1976, 19). Како појасну-вање на оваа определба Dawkins го пишува и следното: „Важно е да се разбере дека горните определби на алтруизмот и себичноста се *бихевио-рални*, а

не субјективни. ...Мојата определба се однесува единствено на тоа дали *дејството* на некој чин ги намалува или зголемува шансите за опстанок на претпоставениот алтруист и шансите за опстанок на прет-поставениот корисник."(Dokins, 1976, 19). За разлика од социобиолозите, психолозите, општо земено, ја истакнуваат значајноста не само на ис-ходот, туку и на субјективната страна на алтруистичкиот чин. Односно, при идентификувањето на алтруистичкото однесување тие, покрај последи-ците што ги има актот за примачот и цената за добродетелот, обично се сосредоточуваат и на локусот на поткрепувањето (внатрешен или над-ворешен), намерата на добродетелот и мотивациската основа на деј-ствувањето. Меѓутоа, како што може да се забележи и од претходно посо-чените дефиниции на алтруизмот, постојат значајни разлики во психо-лошкото определување на неговата природа. Тие разлики се огледаат во општоста на дефинициите, т.е. во видот и бројноста на специфичните обележја на алтруистичкиот чин и во нагласката на нивната значајност. Како една од поопштите дефиниции може да се смета дефи-ницијата на Macaulay & Berkowitz (1970) кои под алтруизам подразбираат „однесување што е преземено за доброто на другите, без антиципација на награди од надворешни извори". Во оваа категорија може да се сместат и дефи-нциите на Rot: „...под алтруизам подразбираме постапки чија цел е туѓото добро, без антиципација на сопствена корист" (1976,10); на Berkowitz: „Ал-труизмот претставува помагање на друг без очекување на возвратна корист" (1986, 371); на Myers: „Грижа и помагање на другите без да се ба-ра нешто за возврат" (1983, 383); и на Schroeder и сор.: „...акт на помагање што се врши без очигледна или опиплива награда" (1995, 19). Наспроти ваквото дефинирање, одреден број автори се определуваат за порес-триктивен пристап и идентификувањето на алтруистичките постапки го вршат врз основа на повеќе критериуми. Така на пример, Leeds, 1963 (според Staub, 1978) ги посочува следните три критериуми што би требало да бидат задоволени за да може една постапка да биде наречена алтруистичка: прво, постап-ката да е самата за себе цел и да не е насочена кон себенаградување; второ, постапката да е изведена

доброволно; и трето, постапката да ре-зултира со добро. Сличен пристап при определбата на алтруизмот применува и Vasović (1975) која предлага четири критериуми за идентификација на вистинскиот алтруистички чин: а) Насоченост кон доброто на другите; б) Отсуство на очекување на каква и да било надво-решна или реципрочна награда; в) Изложеност на актерот на трошок (понекогаш дури и на себежртвување); и г) Свесност и автономна интен-ционалност на актот. Додека, според Oliner & Oliner (1988), однесувањето може да се смета за алтруистичко кога е насочено кон помагање на друг, кога вклучува висок ризик или жртвување на актерот, кога не е следено со некоја надворешна награда и кога е доброволно.

Постоењето на ваквите различни пристапи во дефинирањето на алтруизмот не се смета за нешто спорно, спорноста или несогласноста доаѓа до израз кога се прави обид да се издвојат критичните елементи на алтруизмот. Поточно,. за авторите кои работат во оваа област, општо земено, воопшто не е спорно дека алтруистичкото однесување е насочено кон доброто на другите, дека е доброволно и намерно и дека не е следено со надворешно поткрепување, но за нив е спорно дали и колку би требало тоа да го чини актерот и каква е неговата мотивациска основа. Некои автори како клучен елемент на алтруизмот го посочуваат себежртву-вањето, согласно на општоприфатената идеја дека вистинскиот алтруист не помага за да би стекнал некоја лична корист. Како што може да се за-бележи од претходно наведените дефиниции, себежртвувањето како неопходен услов го сугерираат Reber, Vasović и Oliner & Oliner. Но, тие не се единствените, тоа го прават и други автори. На пример, Krebs алтруизмот го опишува како „подготвеност да се жртвува сопствената благосостојба во полза на друг“ ( 1982, 55), а Bryan & London како алтруистички ги означу-ваат „оние однесувања што се преземаат со намера да бидат од полза за друг, но кои имаат висока цена за актерот со мала можност за матери-јална или социјална добивка“ (1970, 200). Меѓутоа, сите автори не сметаат дека себежртвувањето би требало да се третира како нужно обележје на алтруизмот. Особено тоа го истакнуваат оние кои различноста на алтруиз-

мот од другите просоцијални постапки ја лоцираат во неговата мотивациска основа. Еден од нив е Batson (1991) кој смета дека со вклучувањето на себежртвувањето во дефиницијата на алтруизмот се појавуваат најмалку два проблема. Прво, речиси секогаш вниманието се поместува од мотивацијата кон однесувањето и консеквенците и второ, се превидува можноста дека со зголемувањето на цената на помагањето се зголемуваат и потенцијалните добивки за помагачот. Се разбира, правењето добро некому не ја исклучува можноста од извесно вложување па дури и жртвување, но тоа не претставува нужен услов за да може некоја просоцијална постапка да се означи како алтруистичка. На пример, не значи дека скокањето во вода за да се извади давеникот од разбрануваната река би требало секогаш да се смета за недвосмислена манифестација на вистински алтруизам, а топлата прегратка на некое изгубено и исплашено дете дека не би можела да биде алтруизам. При идентификацијата на алтруизмот многу е поважно да се утврди *зошто* некому му се помага отколку *како* се помага. Но, мора да се напомене дека и тогаш кога алтруистичноста на постапките се определува врз основа на мотивите што ги придвижувааат, постојат различни мислења за нивната природа и за тоа дали е можно при алтруистичкото дејствување да се јави и одредено себенаградување. Што значи и кај мотивациски ориентираните дефиниции на алтруизмот постојат разлики во поглед на степенот на нивната рестриктивност. Како помалку рестриктивни може да се сметаат веќе спомenатите дефиниции на Staub (1978) и Eisenberg и сор. ( 1989, 1991). Да се потсетиме, кога Staub ја образложува мотивациската основа на алтруизмот не ја исклучува можноста одреден алтруистички чин да биде мотивиран и со некоја внатрешна добивка, како на пример, чувство на задоволство поради однесувањето во склад со сопствените вредности и принципи или намалување на непријатноста поради сочувствувањето со неволјата на другиот. Слично гледиште застапуваат и Eisenberg и и сор. кои тврдат дека алтруистичките постапки се поттикнати од внатрешни мотиви, како што се сочувствувањето и грижата за другите или повеќе од интернализирани вредности и себенагради отколку од лични добивки.

Притоа, се сугерира дека „поединците може себеси да се поткрепуваат или наградуваат со чувства на себепочитување, гордост или задоволство со себе кога се однесуваат во склад со нивните интернализирани вредности, а може и себеси да се казнуваат (со чувство на вина или безвредност) кога не го прават тоа" (Eisenberg & Mussen, 1989, 3). За разлика од Staub и Eisenberg и сор., Batson (1991) го определува алтруизмот уште потесно, бидејќи смета дека себенаградувањето дава можност алтруистичките постапки да се преземаат заради подобрување на сопствената благосостојба, што во крајна линија значи дека нивната цел не е сосема алтруистичка. Како алтруистички може да се сметаат само оние однесувања кои ја исклучуваат можноста тие да се преземаат заради себични цели. Поточно, Batson го дефинира *алтруизмот* како „мотивациска состојба чија крајна цел е подобрување на благосостојбата на друго лице" (1991, 6). Притоа, за да ја прецизира неговата специфичност и диференцираност од егоистички мотивираното однесување тој го дефинира и *егоизмот* за кој вели дека претставува „мотивациска состојба чија крајна цел е подобрување на сопствената благосостојба". Значи, според Batson и алтруизмот и егоизмот претставуваат целнонасочени мотивациски состојби чија крајна цел е подобрувањето на нечија благосостојба. Она што нив ги диференцира и спротивставува е крајната цел на мотивациската состојба. Крајната цел на егоистичката мотивација е подобрување на сопствената благосостојба (на пример, „Ако му помогнам на лицето, ќе се чувствувам добро и ќе можам себеси да се претставам во подобро светло пред другите") , а на алтруистичката, подобрување на благосостојбата на друго лице (на пример, „Сакам да му помогнам на лицето за да не страда и понатаму"). Благосостојбата, општо земено, е повеќедимензионална и може да вклучува како отсуство на физичка болка, негативно чувство, анксиозност, стрес и сл., така и присуство на физичко задоволство, позитивно чувство, сигурност и сл. Со ваквата определба на алтруизмот Batson не ја негира можноста дека со подобрувањето на нечија благосостојба може да дојде и до подобрување на сопствената благосостојба, но таквиот исход се смета за нус-продукт или ненамераван исход, бидејќи крај-

ната цел на алтруистичката мотивација не е ползата за себе, туку подобрувањето на благосостојбата на лицето кое се нашло во неволја. Исто така, важно е да се спомене дека според согледувањата на Batson алтруистички мотивираното однесување произлегува од чувствувањето емпатиска грижа за лицето во неволја, која всушност претставува еден вид енергетски извор на алтруизмот.

Врз основа на погоре изложени пристапи и определби, без оглед на нивните меѓусебни разлики, може да се заклучи дека алтруизмот без сомнение би требало да се смета за специфичен тип на просоцијално однесување, кое може да се манифестира во различни форми, на пример, во вид на помагање, дарување, утешување и сл. **Алтруистичкото однесување** како и секое просоцијално однесување се врши *доброволно и намерно*, но освен тоа за него е карактеристично што *не е поврзано со очекување на каква и да било лична добивка* и што *неговата крајна цел е подобрување на благосостојбата на другиот*. Со ваквата определба на алтруистичкото однесување очигледно е дека се прифаќа гореизложеното гледиште на Batson. Со тоа, се разбира, се ограничува бројот на однесувањата што би се означувале како алтруистички, но од друга страна се зголемува можноста за надминување на концептуалните недоследности при специфицирањето и диференцирањето на просоцијалните однесувања. Ваквата определба исто така имплицира дека ако не е можно во даден случај да се идентификува и аргументира дека во основата на нечие однесување навистина постои алтруистичка мотивација, посоодветно би било тоа однесување да биде именувано како просоцијално отколку како алтруизам. Тоа и ќе се практикува во останатиот дел од трудот, секогаш кога е можно.

# ТЕОРЕТСКИТЕ ПРИСТАПИ ВО ПРОУЧУВАЊЕТО НА ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Објаснувањата на природата на просоцијалното однесување се вршат од различни теоретски перспективи кои генерално би можеле да се поделат во две основни групи. Едната група ја чинат општи теории на човековото однесување кои се преземени од пошироката област на психологијата, додека другата група е составена од теории од среден опсег кои се развиени во рамките на литературата за просоцијалното однесување.

Истражувачите кои се обидуваат да го објаснат просоцијалното однесување со некоја од постоечките теории, создадени во други области на психологијата, обично го применуваат дедуктивниот пристап, при што поаѓаат од неколку клучни поставки за однесувањето на луѓето кои потоа ги подложуваат на емпириска проверка во соодветни просоцијални контексти. Прегледот на литературата покажува дека таквото настојување на истражувачите главно е поврзано со следните теоретски пристапи: теоријата на социјалното учење, когнитивно-развојниот пристап, теоријата на атрибуцијата, теоријата на праведноста и социобиолошкиот пристап. Врз основа на овие пристапи се проучуваат одделни и различни прашања врзани за природата на просоцијалното однесување, така што секој од нив засебно има лимитирани можности за сеопфатно објаснување на појавата, обликувањето и развојот на просоцијалното однесување. Но, од друга страна, таквата различна ориентираност овозможува нивните придонеси да се повеќе комплементарни отколку меѓусебно исклучиви.

## ТЕОРИЈАТА НА СОЦИЈАЛНОТО УЧЕЊЕ

Прврзаниците на теоријата на социјалното учење, просоцијалните постапки ги третираат пред сѐ како постапки кои се учат од другите луѓе и следствено, при нивното испитување и објаснување нагласката ја ставаат на значајноста на процесите на социјалното учење и нивните ефекти. Тие

сметаат дека просоцијалното однесување се стекнува и обликува низ процесот на социјализацијата, во кој главна улога имаат три основни вида на социјално учење: инструменталното условување (поткрепувањето), опсервациското условување (моделирањето) и советувањето (моралното подучување). Како една од највлијателните теории во оваа област, теоријата на социјалното учење досега има генерирано мноштво емпириски студии во кои најчесто е испитувано детското просоцијално однесување, со цел да се проверат претпоставените позитивни ефекти на поткрепувањето, моделирањето и советувањето.

Ефектите на **поткрепувањето** преку *наградување* на манифестирани просоцијални постапки се евидентирани во повеќе истражувања. На пример, во едно истражување на Smith и сор., 1979 (според Schroeder et al., 1995) е откриено дека идното помагање на децата може да се зголеми дури и со давање на незначителна материјална награда (многу мала сума пари) за претходно манифестираното помагање. Во други истражувања, пак, е утврдено дека поткрепувањето на помагањето кај децата може да биде уште поефикасно кога наместо материјални награди (на пример, пари, слатки, жетони и сл.) се даваат социјални награди, на пример, пофалба и честитки од возрасните (Rushton, 1982; Grusec, 1991; според Schroeder et al., 1995). Социјалните награди не само што имаат непосредно дејство, туку изгледа можат да бидат делотворни и во подолг временски период. Во прилог на тоа говорат наодите на Rushton & Teachman (1978), според кои децата кои биле претходно пофалувани за дарување во добротворни цели, многу повеќе дарувале, како непосредно така и по период од две недели, од оние деца на кои им било сугерирано дека не е многу умно да се даваат такви прилози. Истражувањата исто така покажуваат дека не само наградувањето туку и *казнувањето* може да има одредени ефекти врз просоцијалното однесување. Казнувањето, во вид на соочување со некој непријатен стимулус (на пример, посматрање на маката на друго лице), некогаш може да доведе и до зголемување на просоцијалните постапки

(Aronfreed, 1968; Gelfand & Hartmann, 1980). Но, некогаш тоа може таквите постапки да ги редуцира, на пример, во случаите кога детето се критикува затоа што се однесувало на просоцијален начин (Rushton, 1980).

Според овие наоди, а и според многу други, наградувањето и казнувањето несомнено имаат влијание врз дарувањето и помагањето кај децата, најмалку барем во оние ситуации што биле испитувани. Меѓутоа, поради недоволна емпириска евиденција, сè уште остануваат отворени прашањата за трајноста на промените во однесувањето и за тоа дали ефектите на наградувањето и казнувањето се шират или генерализираат и во други сфери на просоцијалното однесување.

Просоцијалното однесување исто така може да се стекнува и по пат на **опсервациско условување** или **моделирање**. Овој вид учење не се засновува на надворешно поткрепување или вежбање, туку едноставно на набљудување и имитирање на однесувањето на другите лица, т.е. на моделите. За многумина автори кои творат во рамките на овој теоретски пристап, опсервациското условување игра клучна улога во процесот на социјализацијата и во споредба со другите облици на учење е далеку поделотворно. Се смета дека тоа има влијание врз развојот на просоцијалното однесување најмалку барем на два начина. Прво, со набљудување на однесувањето на другите, децата можат да научат нови, за нив дотогаш непознати просоцијални постапки. Второ, тоа им овозможува на децата, на прилично податлив начин, да увидат што се случува кога се манифестираат одредени просоцијални (или себични) постапки што тие веќе ги знаат.

Учењето на просоцијалните постапки преку опсервациско условување е потврдено во повеќе експериментални истражувања. За овие истражувања е карактеристично тоа што при испитувањето на ефектите на моделирањето е користен речиси идентичен метод. Имено, испитаниците (најчесто деца) кои ја сочинуваат експерименталната група, обично прво набљудуваат некое повозрасно лице кое учествува во игра што ним им е позната. Во играта лицето (т.е. моделот) победува и добива жетони кои можат да се разменат за примамливи награди, а

потоа половина од добивките тоа ги подарува во добротворни цели (на пример, на сиромашни деца). Истото тоа го набљудуваат и децата од контролната група, но за разлика од првите, нивниот модел не ги подарува своите добивки. Во вториот дел од експериментот и едните и другите деца ја играат истата игра, а потоа и им се дава можност стекнатите добивки да ги даруваат во добротворни цели. Резултатите од вака смислените експерименти се речиси еднозначни во поглед на влијанието на просоцијалните модели. Имено, во повеќето од нив е утврдено дека децата кои набљудуваат просоцијален модел многу повеќе се дарежливи во однос на децата кои не се соочуваат со таков модел.

Во рамките на овие истражувања, исто така, е проверувано и влијанието на различни фактори врз ефикасноста на моделирањето. Меѓу другото, на пример, е испитувано дали имаат поголеми ефекти врз учењето на просоцијалното однесување зборовите или постапките на моделот. Во едно истражување на Rushton (1975), децата кои ја сочинувале експерименталната група набљудувале модел (возрасно лице) кој бил дарежлив, а децата од контролната група модел кој манифестирал себичност. Во секоја од овие две групи, половина од децата биле соочени со модел кој пропагирал дарежливост, а останатите со модел кој пропагирал себичност. Резултатите од ова истражување покажуваат дека во конфликтните ситуации (т.е. во ситуациите кога моделот пропагирал дарежливост, а се однесувал себично, или кога пропагирал себичност, а се однесувал дарежливо) децата многу повеќе го следеле она што моделот го правел, а не она што го зборувал. Но, кога тие биле повторно испитани, после два месеца, било утврдено дека нивните постапки сè уште биле под влијание на она што моделот порано го правел, но исто така и под влијание на она што тој го говорел. Оние деца кои биле изложени на модел кој пропагирал дарежливост многу повеќе дарувале во однос на децата чиј модел пропагирал себичност. Од ова произлегува дека на „кратки патеки“ изгледа постапките се посилни од зборовите, но на „долги патеки“, покрај постапките, и зборовите на моделот имаат влијание врз детското просоцијално однесување.

Ефектите на моделирањето се регистрирани и во повеќе теренските истражувања спроведени со цел да се провери претпоставката за потенцијалното позитивно влијание на телевизиските програми со просоцијални теми и ликови врз однесувањето на децата. Добиените резултати во некои од овие истражувања, општо земено, покажуваат дека со гледање на просоцијални телевизиски програми прилично може да се зголеми помагањето, соработката и споделувањето меѓу децата (Friedrich & Stein, 1975; Ahammer & Murray, 1979). Истото тоа го сугерираат и авторите кои направиле сеопфатни прегледи на повеќе објавени истражувања од оваа област. Според нивните согледувања, просоцијалните програми без сомнение имаат силно позитивно влијание врз децата, па дури и многу посилно од програмите со агресивна и антисоцијална содржина. Тоа се објаснува со фактот дека просоцијалните програми обично се осмислуваат со цел да подучуваат, додека целта на агресивните програми е пред сè разонода (Hearold, 1986; van Evra, 1990; според Durkin, 1995).

И покрај импресивниот број позитивни наоди за значајноста на овој вид учење на просоцијалното однесување и во однос на ова учење може да се изрази сомневање во позитивниот одговор на прашањето: Дали може ефектите на моделирањето на еден вид просоцијални постапки (на пример, дарување во добротворни цели) да се генерализираат и да дојдат до израз и кај други видови постапки (на пример, при споделувањето или помагањето на други во неволја)? Ваквото сомневање и емпириски е поткрепено, бидејќи како што покажуваат наодите во некои истражувања мала е веројатноста ефектите на моделирањето да дојдат до израз во ситуации кои се различни од оригиналната ситуација на обучување (Elliot & Vasta, 1970; Midlarsky & Bryan, 1972; Grusec et al., 1978; според Eisenberg & Mussen, 1989).

**Советувањето** претставува третиот најчесто посочуван начин на учење на просоцијалното однесување. Овој начин на учење, кој во одредена смисла може да се смета и за најочигледен, обично доаѓа до израз во семејната средина кога на децата им се говори за важноста на

соработката, грижата и помагањето на другите. Советувањето може да се јави во форма на непосредно советување или во форма на општо морално советување.

*Непосредното советување* најчесто е поврзано за некоја конкретна ситуација и тоа вклучува експлицитно подучување на детето како треба да се однесува во дадената ситуација. За него се претпоставува дека може да има повеќе краткотрајни отколку долготрајни ефекти врз развојот на просоцијалното однесување. Додека, кога станува збор за можноста за генерализација на специфичните советувања, според некои емпириски сознанија, произлегува дека таквата можност не е премногу лимитирана (Barton & Osborne, 1978; Staub,1992; според Schroeder et al., 1995). Изгледа, она што децата еднаш ќе го осознаат како треба да се однесуваат во одредена ситуација, нив сепак да ги прави подготвени и способни специфичните совети да ги воопштуваат и на нови ситуации.

Во семејната средина, при поттикнувањето на децата на просоцијалното однесување, многу често се практикува и *општото морално советување*, кое всушност претставува подучување за општото значење и вредноста на помагањето на другите. Ова советување, како што утврдиле Grusec, 1982 и Moore & Eisenberg,, 1984 (според Schroeder et al., 1995), може да биде прилично делотворно во предизвикувањето на просоцијалното однесување кај децата. Неговите ефекти не само што опстојуваат подолго време туку се генерализираат и во повеќе различни ситуации.

Врз основа на овој кус преглед на најкарактеристичните емпириски сознанија за ефектите на поткрепувањето, моделирањето и советувањето, може да се заклучи дека социјалното учење несомнено игра значајна улога при стекнувањето и обликувањето на просоцијалните постапки. Меѓутоа, имајќи ја предвид сета сложеност на просоцијалното однесување, прашање е дали може тоа да се објасни само преку процесите на социјалното учење. Покрај тоа, во рамките на овој теоретски пристап релативно малку внимание се посветува на тоа *зошто* се процесите на учењето толку делотворни. Односно, теоријата на

социјалното учење многу малку се занимава со значајноста на развојот на когнитивните процеси и начините на кои луѓето мислат за себеси и за другите.

## КОГНИТИВНО-РАЗВОЈНИОТ ПРИСТАП

Когнитивно - развојниот пристап вклучува повеќе теоретски придонеси кои, општо земено, исто како и теоријата на социјалното учење, се обидуваат да го објаснат процесот на стекнувањето на различни облици на однесување. Но, за разлика од теоријата на социјалното учење, тие не се фокусираат на влијанието на екстерните фактори, туку за нив од примарно значење е когнитивниот развој на поединецот кој се посматра како нужен услов за усвојување на одредени облици на однесување. Јадрото на овој теоретски пристап го чинат теориите на Piaget и Kohlberg, според кои когнитивниот развој на поединците се одвива низ една универзална низа на стадиуми кои претставуваат хиерархиски организирани структурни целини со непроменлив редослед на јавување. Секој стадиум како интегрирана целина е квалитативно различен од другите и се карактеризира со соодветен начин на расудување и осмислување на светот, при што повисоките стадиуми рефлектираат понапреднати форми на расудување.

Според Piaget и Kohlberg, и моралното расудување (кое несомнено може да претставува значајна компонента на повеќе просоцијални постапки) се развива и менува исто како и другите когнитивни функции и е составен дел од општиот процес на когнитивниот развој. Согласно на тоа, поборниците на овој пристап сметаат дека способноста на поединецот морално да расудува и просоцијално да се однесува е условена од неговото општо ниво на когнитивна зрелост. Односно, манифестирањето на различни форми на просоцијално однесување е зависно од начинот на кои поединците ги интерпретираат ситуациите во рамките на нивното разбирање на моралноста.

Piaget (1932) смета дека моралноста се состои од системи на правила, а нејзината суштина се огледа во почитувањето на тие правила.

Во развојот на моралното расудување, разбирањето на правилата и чувството на праведноста Piaget идентификува два широки последователни стадиума.

Првиот стадиум, означен како **хетерономна моралност (морален реализам или моралност на принуда)**, преовладува до 7-8 година. Децата кои се наоѓаат на овој стадиум, обврските и барањата од авторитетите (возрасните) ги доживуваат како нешто што е непроменливо и што треба без поговор да се почитува. Да се биде добар, значи да се биде послушен, а исправно е она што го кажуваат или наредуваат авторитетите. Нивното расудување се карактеризира со верување во иманентна правда, т.е. верување во автоматско казнување на лошите постапки кое произлегува од природните сили. Покрај тоа, постапките се оценуваат повеќе врз основа на нивните последици отколку врз основа на намерите на лицата. Според Piaget, моралниот реализам извира од когнитивните структури и искуствата на детето. Главните когнитивни фактори (или когнитивни недостатоци) на моралното расудување се општиот егоцентризам, односно неспособноста да се прави разлика меѓу сопственото гледиште и гледиштето на другите, и реализмот, т.е. тенденцијата да не се прави разлика меѓу субјективните и објективните аспекти на сопственото искуство.

Вториот, позрелиот, стадиум на моралното расудување обично се јавува околу 10-11 година и тој е именуван како **автономна моралност (морален релативизам или моралност на кооперација)**. На овој стадиум, доброто повеќе не се изедначува со послушноста, туку да се биде добар значи да се биде праведен. При оценувањето на постапките повеќе се истакнува значењето на намерите на лицата отколку последиците на самите постапки. На правилата се гледа како на продукти на социјалната интеракција, кои како такви можат и да се менуваат. Piaget смета дека појавата на автономните концепти на моралноста и праведноста е исход на реципрочноста, соработката и заземањето улоги меѓу врсниците. Интеракцијата меѓу врсниците кај децата развива идеи за еднаквост, соработка и групна солидарност, што доведува до слабеење на нивната егоцентричност и зголемување на грижата за благосостојбата и правата на другите.

Слично гледиште за моралноста застапува и Kohlberg (1969, 1976), кој потпирајќи се на Piaget-овото структуралното развојно сфаќање и метод на работа, изградил свој модел за развојот на моралното расудување. Моделот на Kohlberg искуствено се заснова на анализа на повеќе интервјуа, во кои испитаниците се соочуваат со низа морални дилеми во форма на приказни. Во повеќето од овие дилеми, послушноста спрема општествените правила или авторитетите е во судир со потребите на лицето-актер или со благосостојбата на други лица. Општо земено,

моделот на Kohlberg е посложен и поопширен од моделот на Piaget и опфаќа промени што се јавуваат во средното детство, адолесценцијата и возрасниот период. Kohlberg идентификува три нивоа, односно шест фази во развојот на моралноста.

Првото ниво - **претконвенционална моралност** - содржи две фази или две ориентации кон тоа дали е некоја постапка морална или неморална. Во првата фаза - *хетерономна моралност (1)* - како добро и исправно се смета избегнувањето на прекршувањето на правилата што е поткрепено со казнување и избегнувањето на физичкото повредување на лицата и сопственоста. Во поглед на социјалната перспектива, во оваа фаза е доминантно егоцентричното гледиште, што значи не се води сметка за интересите на другите, ниту пак тие се препознаваат како различни од сопствените. Во втората фаза - *индивидуализам, инструментална цел и размена (2)* - како добро и исправно се смета сето она што овозможува задоволување на сопствените интереси и потреби, без да се спори правото на другите да го чинат истото. Исто така, за добро се смета она што е фер, што е исход на договор и еднаква размена. За оваа фаза е својствена конкретната индивидуалистичка перспектива, што значи постоење на свесност дека сите имаат свои интереси и дека тие интереси можат да бидат и меѓусебно спротивставени.

Второто ниво - **конвенционална моралност** - исто така има две фази. Во првата фаза - *заемни меѓусебни очекувања, односи и меѓусебно конформирање (3)* - добро и исправно однесување е она што овозможува задоволување на очекувањата на луѓето кои се чувствуваат за блиски. Важно е да се „биде добар“, што значи да се имаат добри мотиви, да се покажува грижа за другите и да се одржуваат добри заемни односи со меѓусебна доверба, лојалност, почитување и благодарност. Основно обележје на социјалната перспектива на оваа фаза е свесноста за постоење на споделени чувства, договори, очекувања кои имаат предност над индивидуалните интереси. Во втората фаза на ова ниво - *општествен систем и совест (4)* - моралните судови се базираат на оценката дали е она што се прави согласно со општествените формални и неформални правила и закони. Исправно е она однесување кое се смета за должност, а должноста претставува почитување на авторитетот и одржување на воспоставениот општествен ред. Во оваа фаза постои диференцирање меѓу општественото гледиште и меѓусебните согласности и мотиви. Се прифаќа гледиштето на системот кој дефинира улоги и правила, така што индивидуалните односи се разгледуваат во смисла на нивното место во системот.

Третото ниво - **постконвенционална моралност** - се темели на интернализирани и изградени лични морални принципи и вредности. За првата фаза на ова ниво - *општествен договор или полезност и индивидуални права (5)* - е карактеристична свесноста дека луѓето можат да имаат различни вредности и мислења и дека повеќето

вредности и правила се релативни и важат за одредена група. Меѓутоа, овие релативни правила обично треба да се почитуваат во интерес на праведноста и затоа што тие претставуваат општествен договор. За оваа фаза е, исто така, својствено верувањето дека сите имаат право да живеат, делуваат и да се развиваат, така што како исправна се оценува секоја постапка која е согласна на општите права и стандарди што се критички испитани и договорно прифатени во општеството. Основно обележје на следната, т.е. највисоката фаза во развојот на моралноста - *универзални етички принципи (6)* - е тоа што моралното одлучување се базира на лични етички принципи кои ја рефлектираат грижата за универзалната правда, еднаквоста на човековите права и почитувањето на достоинството на луѓето како индивидуи. Тие принципи упатуваат на логичност и доследност во оценките на постапките, без оглед колку се во согласност со постојните општествени норми и закони.

Kohlberg, исто како и Piaget, смета дека напредувањето од пониските кон повисоките фази на моралното расудување е исход на интеракцијата на созревањето на организмот и искуството. Созревањето на когнитивните структури има клучно значење, бидејќи судењето и оценувањето на доброто и лошото се примарно активни когнитивни процеси. Од друга страна, како најзначаен искуствен фактор се смета заземањето на одредени социјални улоги, бидејќи тоа ја засилува способноста на поединецот да се соживува со другите и да ги посматра нештата од нивна гледна точка.

Вака концептуализираниот развој на моралното расудување, се разбира, може да вклучува и значајни импликации по видот и начинот на манифестирањето на просоцијалното однесување. Така, на пример, Smithson, Amato & Pearce (1983) истакнуваат дека на првото ниво на моралното расудување луѓето може да манифестираат просоцијално однесување затоа што тоа резултира со конкретни награди и избегнувања на казни. Подоцна, кога со текот на времето, поединецот ќе прогресира до четвртата фаза на моралноста, просоцијалните постапки може да се вршат не заради конкретни награди и избегнувања на казни туку поради интернализираното чувство на обврска кон авторитетот и одржувањето на општествениот ред. Додека, за оние поединци кои го постигнале највисокото ниво на моралното расудување може, на пример, и

крадењето да биде етички исправно ако резултира тоа со спасување на нечиј живот поради изгладнетост.

Но, иако ваквите импликации имаат и емпириска потврда, според Eisenberg (1986) моделот на Kohlberg не може да се смета како сосема соодветен за објаснување на развојните промени во просоцијалното однесување. Eisenberg сугерира дека е многу посоодветно таквите промени да се испитувааат врз основа на судови за просоцијални постапки. Поточно, осознавањето на развојните промени треба да се врши врз основа на расудувањето на луѓето во ситуации кога постои судир меѓу нивните потреби и желби и потребите и желбите на другите, а не врз основа на расудувањето во ситуации кога постои судир меѓу некој закон или правило и личното чувство на поединецот за тоа што е исправно, а што погрешно. Следејќи ја оваа логика, Eisenberg со своите соработници развила посебен модел на просоцијалното морално расудување кој се заснова на емпириски сознанија добиени преку соочувања на деца и младинци со просоцијални морални дилеми. Според овој модел постојат пет возрасно поврзани нивоа во развојот на расудувањето за просоцијалните морални прашања.

I ниво: **Хедонистичка ориентација, ориентација кон себеси**. Основно обележје на ова ниво е тоа што поединците повеќе водат грижа за последиците по себеси отколку за моралните обsири. Причините за помагањето или непомагањето некому вклучуваат размислувања за непосредната сопствена добивка и за идната реципрочност.

II ниво: **Ориентација кон потребите на другите**. На ова ниво почнува да се јавува грижа за физичките, материјалните и психолошките потреби на другите, па дури и тогаш кога тие се спротивставени на сопствените потреби.

III ниво: **Одобрување и интерперсонална ориентација и/или стереоти-пизирана ориентација**. За ова ниво е својствено помагањето или непомагање-то да се оправдува со стереотипизирани претстави за добрите и лошите лица и однесувања, и/или со одобрувањето и прифатеноста од другите.

IVа ниво: **Емпатичка ориентација**. На почетокот од четвртото ниво доаѓа до израз емпатичката ориентација, при што во расудувањето на поединците се јавува сочувствување или заземање улоги, грижа за другите и/или вина, или позитивни чувства поврзани со последиците од нечии постапки.

IVб ниво: **Транзициска фаза**. Во транзициската фаза на четвртото ниво помагањето или непомагањето почнува да се оправдува со интернализирани вредности,

норми, должности и одоговорности, грижа за состојбите во општеството или со неопходноста од заштита на правата и достоинството на другите лица. Меѓутоа, во оваа фаза овие идеи не се изразуваат премногу јасно и доследно.

V ниво: **Силно интернализирана фаза**. Силно интернализираната фаза претставува последното ниво во развојот на просоцијалното морално расудување и за неа е карактеристично помагањето или непомагањето недвосмислено и доследно да се оправдува со интернализирани вредности, норми или одговорности, со желбата за одржување на индивидуалните и општествените обврски или со подобрување на состојбите во општеството, со верувањето во достоинството, правата и еднаквоста на сите поединци.

Според Eisenberg, овие нивоа преовладуваат кај различни возрасни групи. На пример, најниското ниво е доминантно само во расудувањето кај претшколските деца и децата од нижите одделенија, додека нивоата IVб и V преовладуваат во расудувањето кај мал дел средношколци. Но, според согледувањата на Eisenberg, тоа што повозрасните расудуваат на повисоки нивоа не значи дека тие не расудуваат и на пониски нивоа. Дури и кај адолесцентите на ниво IVa, IVб и V се случува понекогаш да расудуваат на I ниво, особено во случаите кога се оправдуваат одлуките за непомагањето.

Друга критичка забелешка на моделот на Kohlberg, која исто така може да има значајни импликации по просоцијалното однесување, е забелешката на Carol Gilligan (1982) за „маскулиноста“ на моделот. Имено, таа смета дека со примарната фокусираност на развојот на концептите на праведноста, заснована на начинот на гледањето на нештата само од машка перспектива, моделот на Kohlberg не може да претставува соодветна рамка за моралниот развој кај жените, кој многу често се базира на етичноста на водењето грижа и меѓузависноста.

Нејзината потрага по специфичностите на моралното расудување кај жените резултирала со идентификување на три различни перспективи на водење грижа кои формираат развојна секвенца:

I. **Грижа за себеси**. Развојот на моралноста на водењето грижа започнува со фокусираноста на грижата само кон себеси. Лицата кои оперираат во рамките на оваа перспектива, донесувањето на моралните одлуки го базираат само врз основа на она што е најдобро за нив;

II. **Грижа за другите**. Основна карактеристика на втората перспектива е ориентираноста на грижата кон другите, односно давањето приоритет на потребите и интересите на другите за сметка на сопствените кога се донесуваат моралните одлуки. Gilligan оваа перспектива ја смета како стереотипна женска или мајчинска морална перспектива.

III. **Заемна грижа**. Третата перспектива се фокусира на меѓузависноста на луѓето и на водењето грижа како за себеси така и за другите. Моралните одлуки се засновани на она што во даден случај е најдобро за сите инволвирани страни. Оваа перспектива, според Gilligan е позрела во однос на исклучивата грижа за другите и таа содржи усогласеност на феминоста и возрасноста, при што критериумот на судењето се поместува од добрината кон вистината и чесноста.

Концепциите на Piaget, Kohlberg, Eisenberg и Gilligan за развојот на моралното расудување биле предмет на проверка во повеќе емпириски истражувања. Резултатите на овие истражувања јасно покажуваат дека начините на расудувањето за моралните прашања и концептуализациите на мотивите што лежат во основата на моралните одлуки варираат со возраста и когнитивното созревање. Емпириските проверки, исто така, откриваат дека постои поврзаност и меѓу начините на моралното расудување и склоноста кон просоцијално однесување. Меѓутоа, овде мора да се напомене дека во повеќето студии утврдените корелации меѓу моралното расудување и просоцијалното однесување, сепак, биле умерено позитивни. Освен тоа, според некои наоди таквата позитивна поврзаност изгледа дека не би требало да се очекува во сите ситуации бидејќи, како што истакнуваат Eisenberg & Mussen (1989), и покрај тоа што моралното расудување претставува една од значајните одредници на подготвеноста за просоцијално однесување, сепак, појавата и обликувањето на ова однесување е детерминирано и од многу други когнитивни и афективни фактори кои во даден момент може да имаат пресудно влијание.

## ТЕОРИЈАТА НА АТРИБУЦИЈАТА

Појавата на просоцијалното однесување се објаснува и врз основа на поставките изложени во рамките на теоријата на атрибуцијата, чиј

предмет на изучување се начините на кои луѓето доаѓаат до каузални објаснувања за човековото однесување при нивното перцепирање на настаните во социјалниот свет. Нејзиното јадро го сочинуваат три комплементарни концепции за законитостите на атрибуцискиот процес развиени од Heider (1958), Jones & Davis (1965), и Kelley (1967), кои во подоцнежниот развој на оваа теорија се надоградени и проширени преку бројни теоретски и емпириски проучувања на повеќе атрибуциски феномени. Едно такво проширување преставува и атрибуцискиот модел на постигнувањето развиен од Weiner (1972, 1979). Според овој модел перцепирањето и изведувањето заклучоци за нечие однесување (т.е. постигнување) вклучува три димензии кои во различен степен лежат во основата на сите поединечни причини. Едната димензија се однесува на *локусот на контролата* (внатрешен наспроти надворешен), втората, на *стабилноста* (стабилност наспроти варијабилност), а третата на *контролабилноста* (контролабилност наспроти неконтролабилност) на каузалниот фактор. Секоја од овие димензии на каузалното заклучување има различни последици по однесувањето и натамошното очекување спрема лицето кое се перцепира. Локусот на контролата има влијание на афективните реакции, стабилноста на очекувањата, а контролабилноста на оценувањето на лицето и донесувањето одлука за преземање или непреземање одредени акции. Моделот на Weiner иако првично бил развиен за објаснување на атрибуциите на постигнувањето, подоцна, од некои истражувачи, а исто така и од самиот Weiner, бил искористен како концептуална рамка за разјаснување и на други феномени, меѓу кои е и помагањето на другите.

Ickes и Kidd (1976) тргнувајќи од Weiner-овите димензионални формулации на атрибуциите развиле посебен атрибуциски модел на помагањето, според кој перцепцијата на интенционалноста (или контролабилноста, според терминологијата на Weiner) на нечија потреба од помош е значаен фактор при донесувањето одлука дали да се помогне или не. Луѓето обично им помагаат на оние лица кои се нашле во неволја поради нешто што не било намерно сторено или што било

неконтролабилно. Додека, пак, во оние случаи кога причината за нечија неволја се припишува на нешто што содржело намера или на нешто што можело да се контролира тогаш кај нив постои мала подготвеност за помагање. Со други зборови, повеќе ќе се помогне ако се перцепира нечија зависност од помош повеќе како исход на недоволна способност (внатрешна, неконтролабилна причина) отколку како исход на невложување напор. Освен тоа, Ickes и Kidd сугерираат дека кај набљудувачите се јавува поголема склоност за помагање некому ако си ги припишуваат сопствените позитивни исходи повеќе на својата способност отколку на вложениот напор. Припишувањето на сопствениот успех на некое стабилно својство, како што е способноста, по сè изгледа кај нив доведува до чувство на компетентност, повисоко себеценење, пониска перцепирана цена на помагањето (бидејќи позитивните исходи можат лесно да се постигнат) и зголемена верба во успешноста на помагањето, што сето заедно помагањето го прави многу поверојатно.

Сличен атрибуциски пристап во објаснувањето на помагањето применува и Weiner (1980), но за разлика од Ickes и Kidd, тој посебно ја нагласува улогата на емоционалните реакции кои посредуваат меѓу атрибуциите и помагањето. Според Weiner, кога луѓето се соочуваат со некого на кого треба да му се помогне, тие се впуштаат во каузална анализа со цел да разберат зошто има лицето потреба од помош. Притоа, таквата потреба на лицето може да се припише на некој внатрешен, контролабилен фактор (на пр. на невложување напор) или на некој надворешен, неконтролабилен фактор (на пр. на тежината на она што треба да се разреши). Овие атрибуции побудуваат одредени емоционални реакции кои може да го детерминираат подоцнежното однесување. На пример, ако се припишува проблемот на лицето на некој неконтролабилен фактор (лоша среќа и сл.) тоа доведува до појава на сочувствување кое поттикнува на помагање, но ако се припишува истиот проблем на нешто што е контролабилно (невложување напор, погрешна процена и сл.) тоа предизвикува лутина која може да го инхибира помагањето.

Овие атрибуциски објаснувања на помагањето имаат и соодветна емпириска поткрепа во истражувањата на Ickes, Kidd & Berkowitz (1976), Barnes, Ickes & Kidd (1979), Meyer & Mulherin (1980) и Weiner (1980), во кои се испитувани неколку вида проблеми: атрибуциските детерминанти на дарувањето парични средства; ефектите на перцепираната интенционалност и стабилност на зависноста на другите врз помагањето; и медијациската улога на емоционалните реакции и очекувањето меѓу атрибуциите и помагањето.

Релевантноста на атрибуциските објаснувања на просоцијалното однесување доаѓа до израз и во настојувањата на некои автори појавата и развојот на просоцијалните постапки да го посматраат како исход на атрибуциите што луѓето ги создаваат за себеси и атрибуциите што другите ги создаваат за нив. Имено, според теоријата на атрибуцијата кога се верува дека некоја постапка се врши без надворешна принуда или очекување на некоја награда, веројатно тоа води кон внатрешно објаснување на сопственото однесување. Односно, однесувањето ќе се припише на некоја сопствена трајна карактеристика или диспозиција (на пр. „Јас помогнав бидејќи секогаш им помагам на другите.“). Штом еднаш се јави такво верување многу веројатно е дека и во иднина ќе се делува согласно на постојната себеперцепција.

Појавата на внатрешните атрибуции изгледа има значајна улога и во начинот на кој децата учат да помагаат. На тоа упатуваат резултатите во едно истражување на Grusec & Redler, 1980 (според Schroeder et al., 1995), кои покажуваат дека внатрешните атрибуции, општо земено, го зголемуваат подоцнежното детско просоцијално однесување. Меѓутоа, појавата на овие атрибуции не би можела да се очекува пред да се постигне одредено ниво на социјално-когнитивна зрелост. Поточно, Grusec & Redler утврдиле дека децата дури по осмата година почнуваат своето однесување повеќе да го објаснуваат со внатрешно-лични отколку со надворешно-ситуациски причини. Во ова истражување исто така е откриено дека и внатрешните атрибуции што ги создаваат другите за детското просоцијално однесување можат да бидат прифатени,

интернализирани и да служат како водич за идното нивно однесување. Таквите атрибуции имаат далеку подолготрајни ефекти врз идното помагање кај децата во споредба со ефектите на социјалното поткрепување на нивните постапки.

Schroeder и сор., (1995) сугерираат дека е можно истиот процес да оперира и кај возрасните. Несомнено и за возрасните е карактеристично да ги разгледуваат последиците од своето помагање за да утврдат зошто помогнале. Според некои емпириски наоди, на кои се повикуваат Schroeder и сор., ако им се понудат пари на возрасните за да помогнат, или ако се изложени на силен надворешен притисок, или ако му помагаат на лице кое претходно им помогнало (побудување на нормата на реципрочноста), тие себеси се перцепираат како лица кои помалку делувале алтруистички отколку ако помагале без такви надворешни индуцирања. Значи, поттикнувањето на помагањето со очигледни надворешни и опипливи стимулуси може кај возрасните да го редуцира подоцнежното помагање. И обратно, кога возрасните себеси се идентификуваат како луѓе кои помагаат, тие може подоцна дури и уште повеќе да помагаат. Овие сознанија заедно со сознанијата за детското помагање недвосмислено ја потенцираат ,значајноста на внатрешно ориентираните каузални објаснувања за одржување и проширување на просоцијалното однесување.

**ТЕОРИЈАТА НА ПРАВЕДНОСТА**

Според теоријата на праведноста, повеќето облици на социјалното однесување може да се објаснат преку нормите на праведноста што постојат во дадено општество. Појдовна претпоставка на оваа теорија е дека луѓето по природа се себични и дека во односите со другите настојуваат да остварат што повеќе добивки. Но, таквата природа на луѓето е контролирана од општествата за да се оневозможи појава на хаотичност или неправедност во нивните односи. Поточно, општествата за да можат да ја максимизираат вкупната распределба на она што се внесува и добива во социјалната размена, развиваат нормативни системи

на праведност кои на поединците би требало да им овозможат во социјалните трансакции да доаѓаат до исходи еднакво пропорционални на нивните влогови. Во теоријата на праведноста, под *влогови (inputs)* се подразбира сето она што едно лице го внесува во една размена или однос со друг (на пр., знаење, авторитет, минато искуство, социјален статус, љубезност, великодушност, физички изглед и сл.). Додека, *исходите (outcomes)* се однесуваат на она што произлегува од размената, т.е. на позитивните или негативните консеквенци што секој учесник ги има во односот со друг. Позитивните консеквенци се означуваат како добивки, а негативните како трошоци или губитоци. Вкупните исходи на секој учесник во една социјална размена се еднакви на добивките што тој ги стекнува во размената минус направените трошоци. *Праведност* постои кога е еднаков односот на исходите и влоговите кај сите оние што учествуваат во дадена размена. Наспроти тоа, *неправедност* постои кога се јавуваат разлики во односот на исходите и влоговите меѓу учесниците во размената, без оглед дали поминал некој учесник подобро или полошо од некој друг, со кого тој се споредува.

Кога поединците забележуваат дека во односите со другите постои неправедност, според теоријата на праведноста, кај нив се јавуваат непријатни чувства и напнатост. Напнатоста е пропорционална на степенот на неправедноста што постои во дадена размена и таа обично ги поттикнува поединците да настојуваат да ја исправат постојната нерамнотежа со создавање на услови кои ќе бидат поправедни по нив. Тоа, тие може да го сторат на *бихевиорално ниво*, на пример, преку прекинување на односот или преку менување на лицето со кого се споредуваат. Но, како што истакнува Adams, 1965 (според Grusec et al., 1990), еден од основоположниците на теоријата на праведноста, таквите постапки се прилично екстремни и обично не се практикуваат сè додека неправедноста не стане премногу висока или во случај да не постојат други можни начини за нејзино редуцирање. Помалку остри начини за повторно воспоставување на праведноста се оние кои се состојат во промена на влоговите или исходите кај учесниците во размената. Тоа се

случува, на пример, кога оној што искористува некого, искористувањето го компензира со нешто или кога искористениот бара надомест за тоа што бил на одреден начин експлоатиран. Сите овие начини всушност претставуваат обиди за повторно воспоставување на вистинската праведност. Но, вистинската праведност обично тешко може повторно се постигне поради ограничувањата на реалноста или поради неподготвеноста на луѓето да трпат загуби. Во такви случаи, кај луѓето се јавува тенденција неправедноста да се разреши на *психолошко ниво*, со менување на перцепциите и оценките во однос на сопствените влогови и исходи и оние на другите лица. Се смета дека овие промени во перцепирањето, кои во теоријата на праведноста се означуваат и како „когнитивни дисторзии“ на влоговите и исходите, можат да бидат моќен и релативно лесен начин лицата да се ослободат од непријатното чувство на неправедност. Лицата често можат полесно да ја променат својата мисла за влоговите и исходите на размената отколку да направат вистинска промена кај нив. Како пример за можните начини на воспоставување на психолошка праведност можат да послужат согледувањата на Walster, Berscheid, & Walster (1973) за тоа како се редуцира неправедноста во размената од гледиштето на експлоататорот во неа. Овие автори (кои се сметаат за едни од највлијателните во рамките на овој теоретски пристап), како *експлоататор* или *лице кое оштетува друг* го означуваат она лице кое со своите постапки остварува повеќе полза за себе отколку што заслужува, на сметка на партнерот во размената. Додека, лицето кое прима помалку од она што во размената нему праведно му припаѓа, го означуваат како *жртва*. Walster и сор. истакнуваат дека неправедноста во размената може да ја искусат како експлоататорот и жртвата така и оние лица кои неа ја набљудуваат. Значи, кога постои неправедност и кај експлоататорот се јавува чувство на непријатност кое може да биде израз на чувството на вина, помалото себепочитување или на стравот од одмазда. Ако прибегне експлоататорот кон воспоставување психолошка праведност, тој обично тоа го прави преку оправдување на штетата што ја трпи жртвата. Оправдувањето може да вклучува

омаловажување на жртвата, минимизирање на нејзиното страдање и отфрлање на личната одговорност за постапките. Според тоа, кога луѓето ќе се соочат со неправедност во интеракциите со другите можат да изберат различни стратегии за редуцирање на неправедноста, било на бихевиорално, било на психолошко ниво. Која стратегија ќе биде избрана зависи пред сѐ од перцепцијата на добивките и трошоците што се врзани за нив. Walster и сор. сугерираат дека општо земено луѓето избираат стратегии кои ќе ги минимизираат нивните трошоци, односно ќе ги максимизираат нивните исходи во рамките на ограничувањата на даден нормативен систем.

Како општа теорија на социјалното однесување, теоријата на праведноста содржи и извесен број поставки за феноменот на помагањето меѓу луѓето. Имено, според Walster и сор., иако на прв поглед може да изгледа дека односот меѓу лицето што помага (добродетелот) и лицето на кое му се помага (примачот на помошта) е различен од односот меѓу жртвата и експлоататорот, сепак овие два вида односи можат концептуално да се анализираат со исти термини. На пример, почетниот праведен однос на две лица може подоцна да се наруши ако се јави едното од нив во улога на добродетел, а другото во улога на лице кое ја прима неговата помош. Таквото нарушување го прави добродетелот, исто како и жртвата, учесник во еден неправеден и непрофитабилен однос по него додека примачот, исто како и експлоататорот, станува учесник во еден неправеден, но профитабилен однос по него. Појавата на неправедноста, исто како и во односот меѓу експлоататорот и жртвата, веројатно ќе биде следена со чувство на непријатност и кај двата учесника кои подоцна ќе со обидат непријатноста да ја ублажат со повторно воспоставување на вистинска или психолошка праведност во нивниот однос.

Walster и сор. при објаснувањето на помагањето посебно се задржуваат на ефектите на интенционалноста и способноста за возвраќање, за кои посочуваат и соодветна емпириска евиденција дека тие може да претставуваат значајни одредници на реакциите на луѓето

при помагањето. Според нив, во случаите кога намерно се создава неправедност се појавува и поголема непријатност кај учесниците во даден однос, која резултира со поизразено настојување за повторно воспоставување на праведноста. Оправданоста на ова тврдење се поткрепува со истражувањата на повеќе автори (на пр., Thibaut & Riecken, 1955; Goldner, 1960; Goranson & Berkowitz, 1966; и др.) во кои е утврдено дека кога некому намерно му се помага, кај него постои посилна желба за возвраќање (што значи посилно настојување да се поврати праведноста во односот со добродетелот), отколку кога помошта му се дава случајно. Односот меѓу добродетелот и примачот, исто така, може да биде под влијание и на способноста или можноста за возвраќање. Оваа способност изгледа определува дали ќе создаде помагањето пријатни социјални интеракции или непријатност и рационализации. Се смета дека незаслужените подароци создаваат непријатност во односот меѓу лицата. Ако знае лицето што дава нешто дека примачот тоа ќе може да го возврати, тогаш тоа на неправедноста повеќе ќе гледа како на привремена состојба која создава мала непријатаност и мала потреба за оправдување на неправедноста. Но, во случај ако добродетелот знае дека примачот не ќе може да возврати, тогаш се создава вистинска неправедност која ќе доведе до висок степен на непријатност. Во прилог на тоа говорат и резултатите на одреден број студии (Mauss, 1954; Greenberg, 1968; Gergen, 1968; и др., според Walster et al., 1973) кои, меѓу другото, покажуваат дека: прво, реципрочните подароци доведуваат до соработка и пријатни чувства, додека оние подароци што не можат да се возвратат создаваат чувство на непријатност и несакање; и второ, поединците повеќе се склони да прифаќаат подароци што можат да ги возвратат отколку подароци што не можат да ги возвратат.

Според теоријата на праведноста, и чувството на одговорност за нечие страдање може да има ефект врз помагањето. Ако чувствува едно лице поголема одговорност за нечие страдање, тоа веројатно и повеќе ќе настојува да го надомести таквото страдање. Меѓутоа, не ретко може да се случи да дојде и до избегнување на лицето што страда, бидејќи

воспоставувањето на праведноста може да чини повеќе отколку неодржувањето или прекинувањето на односот со него. Се смета дека ова е особено карактеристично за однесувањето на луѓето во итни или опасни ситуации. Hartfield, Walster и Piliavin (1978) (според, Smithson, Amato & Pearce, 1983) сугерираат дека во такви ситуации потенцијалните интервенирачи пред да донесат одлука дали ќе преземат нешто, обично прво ги одмеруваат добивките од интервенцијата (благодарност, пофалба, материјална награда и сл.) во однос на можните трошоци (напорот што треба да се вложи, непријатноста, опасноста по сопствениот живот и сл.). Врз основа на таквата калкулација на добивките и трошоците овие автори се обидуваат да протолкуваат повеќе емпириски наоди, меѓу кои како особено илустративно може да се издвои објаснението на резултатите до коишто дошле Piliavin & Piliavin (1972) за ефектите на крвта врз реакциите на очевидците кон унесреќениот. Имено, помалата утврдена фреквентност на давањето помош на настраданото лице кое крварело во однос на помошта што му била дадена на лицето кое не крварело, се толкува како исход на калкулацијата на добивките и трошоците, при што за очевидците најверојатно избегнувањето на жртвата помалку чинело отколку настојувањето да се редуцира „неправедноста“ во дадената ситуација.

Постои и друга емпириска евиденција во врска со помагањето или непомагањето во одредени околности која се објаснува или, пак, може да се објасни врз основа на поставките изложени во теоријата на праведноста. Што значи, општо земено, таа се покажува како валидна теоретска рамка за објаснување на просоцијалното однесување. Но, како и останатите теоретски пристапи и теоријата на праведноста има свои ограничувања. На пример, како што истакнува Berkowitz (1986), прво е проблематична нејзината базична претпоставка за универзалноста на принципот на праведноста. Имено, секој не верува дека постои праведност секогаш кога исходите се пропорционални на влоговите. За некои луѓе е битна еднаквата дистрибуција на добивките, без оглед на вредноста на влоговите, додека за други важно е во размената да

стекнуваат добивки согласно на нивните потреби. Второ, се чини претенциозно да се смета дека во секоја ситуација, вклучително и во секоја просоцијална ситуација, луѓето се впуштаат во одмерување на влоговите и исходите. Перцепциите на праведноста во одредени ситуации навистина може значајно да влијаат на меѓучовечките односи, но тие не претставуваат секогаш единствени или клучни одредници на тие односи. Трето, нарушувањето на праведноста не е единствената мотивациска основа на просоцијалното однесување. Постојат и други, честопати и многу поделотворни психолошки фактори што ги поттикнуваат луѓето да дејствуваат во прилог на доброто на другите.

**СОЦИОБИОЛОШКИОТ ПРИСТАП**

Социобилошкиот пристап се сосредоточува на биолошките основи на социјалното однесување и се обидува врз основа на генетички и еволуциски механизми да ја објасни појавата на алтруизмот кај луѓето и животните. Меѓутоа, уште на самиот почеток таквиот обид се соочува со еден парадокс поради фактот што алтруизмот вклучува и одреден степен на себежртвување. Имено, се поставува прашање како би можел алтруизмот да еволуира во текот на „опстанувањето на најспособниот", кога на прв поглед се чини дека алтруистичкото однесување ја намалува можноста на единката за опстанување. Односно, ако повеќето алтруистички членови на една група се жртвуваат себеси за другите тогаш тие се изложуваат на ризик да остават помало потомство за пренесување на гените кои управуваат со алтруистичкото однесување. Што значи, ако е тоа така, тогаш како е можно идејата за генетската заснованост на алтруизмот да се сообрази со еволуциските идеи за природната селекција.

Имајќи предвид дека овој т.н. парадокс на алтруизмот може да претставува критична точка во социобиолошкото објаснување на социјалното однесување на луѓето и животните, социобиолозите токму нему му посветиле особено внимание и се обиделе еволуцијата на

алтруизмот да ја објаснат преку три основни механизми: групна селекција, роднинска селекција и реципрочен алтруизам.

**Групна селекција**. Според еволуциски ориентираните теоретичари неопходноста на кооперативната социјална егзистенција ја потврдуваат повеќе сознанија засновани на фосилните остатоци, опсервациите на цицачите и етнографските описи на примитивните групи. Многу веројатно е дека, на пример, раните човечки суштества не живееле сами, туку во мали номадски, ловечки и собирачки групи. Таквите групи, секако, биле во можност да создаваат поголемо потомство отколку оние поединци кои живееле надвор од групите. Очигледната вредност на кооперативниот социјален живот за опстанокот наведува на претпоставката дека природната селекција веројатно фаворизира карактеристики што се од полза за групата или видот како целина. Во прилог на таквата претпоставка говорат и одредени емпириски сознанија за однесувањето на единките кај некои видови животни кога на групата и се заканува некоја опасност. На пример, се случува единките да даваат предупредувачки сигнали за да се заштити целата група, иако самите се изложуваат на опасност. Кај други видови пак се случува единките дури и да го редуцираат сопственото размножување, кога постои опасност со зголемувањето на популацијата да се загрози целата група. Ваквото однесување имлицира дека себежртвувањето навистина ги зголемува шансите за опстанок на другите членови на групата. Што значи дека помалку алтруистичките групи, поради помалата фреквентност на алтруистичко однесување би имале и помали шанси за опстанок. Иако ова објаснение на интуитивно ниво изгледа разумно, многумина автори сепак изразуваат сомневање околу неговата веродостојност. Имено, се тврди дека селекцијата на групно ниво е премногу проблематична за да да може да се смета за значајна во еволуцијата на алтруизмот. На пример, Williams, 1966 (според Hoffman, 1981) истакнува дека групната селекција е невозможна бидејќи единката е таа која е единица на репродукцијата и следствено природната селекција мора да ги фаворизира цртите што ја максимизираат индивидуалната способност за

создавање потомство. Групите можеби опстануваат поради постапките на алтруистите, но нивниот репродуктивен потенцијал е релативно низок, Алтруистите веројатно трошат повеќе енергија од другите и не живеат доволно долго за да ги пренесат своите гени на потомството. Што значи, природната селекција сепак не работи во прилог на алтруизмот. Проблематичноста на идејата за групната селекција ја истакнуваат и други автори (на пр. Wilson, 1975; Krebs & Miller, 1985), така што повеќето социобиолози своето внимание го фокусираат на другите два механизми за кои претпоставуваат дека се одговорни за појавата на алтруизмот.

**Роднинска селекција**. Роднинската селекција претставува клучен концепт за социобиолошкиот пристап бидејќи дава можност за штедливо објаснување на себежртвувањето, кое истовремено е конзистентно со традиционалното еволуциско гледиште дека секој организам настојува што е можно повеќе да го обезбеди својот опстанок. Идејата за значајноста на роднинската селекција се врзува за согледувањата на Hamilton (1964) дека еволуцијата на карактеристиките на единката не е поттикнувана од индивидуалната репродуктивана успешност (individual fitness) туку од инклузивната репродуктивна успешност (inclusive fitness), која се определува како сума на индивидуалната репродуктивна успешност и репродуктивната успешност на блиските биолошки роднини. Според ова гледиште, основна единица на анализата на селекцијата не е единката, туку гените. Гените се тие што опстануваат и се пренесуваат. Одреден број на исти гени постојат не само кај потомството туку и кај блиските роднини ( браќа, сестри, внуци). Со алтруистичките постапки единката го обезбедува опстанокот на заедничките гени, кои потоа можат да бидат пренесени на следните потомци. Колку е поголем процентот на заедничките гени толку и алтруистичките постапки ќе бидат поизразени. Затоа и не изненадува појавата на родителското себежртвување во случај на сериозна загрозеност на нивните потомци. Како прилично илустративен пример за родителско себежртвување може да послужи однесувањето на женките (мајките) кај некои птици кога тие се обидуваат да ги заштитат своите млади од грабливците. Имено, кога мајката ќе

забележи дека се појавил грабливец, таа почнува да се однесува како да и е скршено крилото, се сопнува и мафта и се движи подалеку од гнездото за да го одвлече вниманието на грабливецот од младите. Откако грабливецот ќе се најде на безбедна далечина од гнездото, таа се обидува да одлета. Во многу случаи таа успева да му побегне на грабливецот и да ги спаси своите млади, но некогаш тоа не и успева и станува негова жртва. Во литературата се наведуваат и други примери на себежртвување кај други животни, кои исто така можат да се објаснат со механизмот на роднинската селекција. Освен тоа, се посочуваат и одреден број емпириски сознанија за човековото алтруистичко однесување, кои посредно или непосредно упатуваат на неговата генетската заснованост. На пример, во една прегледна статија на Segal, 1988 за блискоста, кооперативноста и алтруизмот кај близнаците (според Rushton, 1989), се наведуваат податоци според кои монозиготните близнаци во споредба со двозиготните близнаци манифестираат значајно повисок степен на меѓусебна соработка кога работат на одредена задача и вложуваат повеќе напор кога работат во прилог на својот соблизнак. За монозиготните близнаци исто така е карактеристично што одржуваат повисок степен на физичка блискост и искажуваат поголема меѓусебна чувствителност. Во други две статии на Essock-Vitale & McGuire, 1980, 1985 (според Piliavin & Charng, 1990) се соопштуваат сознанија од друг вид. Прво, врз основа на анализа на повеќе антрополошки податоци тие утврдиле дека *(а)* на роднините повеќе им се дава нереципрочна помош отколку на нероднините; *(б)* на роднините повеќе им се помага отколку на нероднините, колку што се поблиски роднините толку и помошта е поголема; *(в)* за пријателствата е повеќе карактеристична реципрочноста; и *(г)* роднините најчесто даваат поголеми подароци и подолготрајни позајмици. Второ, со интервјуирање на 300 жени за помошта што ним им била дадена во минатото, овие автори откриле дека меѓу крвно поврзаните роднини се највообичаени размените во смисла на давање и примање на финансиска помош, емоционална подршка и сл. Исто така, тие утврдиле дека колку што е позначајна помошта толку е и поголема

веројатноста дека помошта ќе дојде од страна на роднините. Во овој контекст би требало да се спомене и истражувањето на Simmons, Marine & Simmons, 1977 (според Schroeder et al., 1995) за степенот на роднинската поврзаност меѓу лицата кои даруваат и лицата на кои им се дарува бубрег. Резултатите на ова истражување покажуваат дека 86% од родителите, 76% од децата и 47% од браќата и сестрите (сите здравствено подобни за дарување бубрег) на лицето на кое требало да му се пресади бубрег, се согласиле да му подарат свој бубрег. Очигледно, високиот процент на родители кои биле подготвени да им помогнат на своите деца може да претставува значаен аргумент во прилог на роднинската селекција. Но, од друга страна, се поставува прашање како врз основа на роднинската селекција да се објасни разликата во подготвеноста за дарување кај децата и браќата и сестрите. Оваа разлика упатува на можноста дарувањето да биде објаснето со поинакви механизми од генетските. Покрај можноста за алтернативни интерпретации на алтруистичките постапки во семејните рамки, идејата за роднинската селекција се соочува и со друг вид ограничување. Имено, многу малку е веројатно дека роднинската селекција може да послужи како валидна основа за објаснување на многуте алтруистички постапки што се вршат меѓу членовите на пошироките и неповрзаните групи. Се разбира, таквата лимитираност ја согледуваат и самите социобиолози и за објаснување на појавата на алтруистичките постапки меѓу единките кои не се во роднински врски, го сугерираат третиот еволуциски механизам, механизмот на реципрочниот алтруизам.

**Реципрочен алтруизам**. Терминот реципрочен алтруизам за прв пат се појавува во статијата *„Еволуцијата на реципрочниот алтруизам"* на Robert Trivers (1971), во која тој изложува математички модел на спасување за да покаже како природната селекција може да го фаворизира алтруизмот дури и кај единките кои не се во роднински врски. Според овој модел, кога поединецот се соочува со друго лице кое е во опасност ( на пр. лице кое се дави), за него, генетски посматрано, е најдобро да му помогне на лицето, доколку трошоците или цената на

помагањето е ниска и доколку чинот на помагањето ја зголемува веројатноста дека и нему некогаш во иднина ќе му биде помогнато. Ако, на пример, целата популација порано или подоцна е изложена на иста опасност, тогаш двајца кои се обидуваат да си помогнат еден на друг ќе бидат поспособни да опстанат отколку оние двајца кои самостојно се соочуваат со опасноста. Токму затоа се смета дека природната селекција ја фаворизира тенденцијата за помагање на другите. Со други зборови, според Trivers, реципрочниот алтруизам функционира затоа што со кооперативното однесување, општо земено, може да се зголеми репродуктивната успешност (т.е. веројатноста за опстанок) на соработливите единки. Постојат мноштво примери за реципрочно помагање кај многу видови. Како пример за важноста на соработката меѓу единките кои едновремено имаат взаемни добивки може да се посочи однесувањето на кралските пингвини од Антарктикот кога тие за да ја одржат потребната топлина се припиваат еден до друг. Со таквото припивање секој пингвин има полза бидејќи помал дел од неговото тело е изложен на околниот студ. Друг покарактеристичен пример претставува однесувањето на бабуните мажјаци кои немаат свој сексуален партнер. Овие мажјаци понекогаш заеднички дејствуваат со цел некој од нив да ја „освои“ женката која е веќе во друштво со својот партнер. Поточно, еден од мажјаците го напаѓа партнерот на женката и додека води борба со него, до женката се прикрадува друг мажјак кој се пари со неа. Истражувањата покажуваат дека оние мажјаци кои на ваков начин им помагаат на другите многу веројатно е дека и ним на идентичен начин ќе им биде помогнато во иднина (Hinde, 1982, според Durkin, 1995). Со реципрочниот алтруизам исто така можат да се објаснат и многу примери на помагање меѓу луѓето кои ја вклучуваат возвратноста. Всушност, за овој вид алтруизам може да се говори како за генетска верзија на *златното правило*: „Прави им добро на другите со мисла дека и тие кога ќе имаат можност ќе ти возвратат со добро“. Trivers, 1983 (според Krebs & Miller, 1985) смета дека постојат повеќе услови што ја фаворизираат еволуцијата на реципрочниот алтруизам кај луѓето: (а) долгиот животен

век; (б) ниската дисперзна стапка; (в) меѓусебната зависност; (г) долгата родителска грижа; и (д) отсуството на ригидна хиерархиска доминација. Покрај тоа, тој сугерира дека со текот на времето кај луѓето се развиле и одредени емоции за поткрепа на системите на реципрочниот алтруизам. На пример, формирањето на алтруистичките партнерства е посредувано од интерперсоналната привлечност и пријателството; чувството на праведност го надгледува балансот меѓу давањето и земањето; сожалувањето е насочено кон оние на кои им е потребна помош; вината ги поттикнува лицата кои мамат да ги платат своите долгови, итн. Нема сомнение дека реципрочното помагање е прилично раширено меѓу луѓето што живеат во различни културни средини, но прашање е колку тоа навистина е генетски предиспонирано. Освен тоа, Schroeder и сор. (1995) забележуваат дека критичен проблем за еволуцијата на реципрочниот алтруизам е и тешкотијата да се установи како можел да се појави и зачува генот за него. Ако, на пример, генот го поседуваат мал број луѓе, оние кои не ќе имаат можност да сретнат други со ист ген, ќе им направат добро на луѓето кои потоа никогаш нема да им возвратат.

Општо земено, социобиолошките поставки и покрај тоа што се конзистентни со некои емпириски сознанија за појавата и обликувањето на помагањето кај луѓето, често пати се изложени на сериозна критичност поради неможноста за објаснување на индивидуалните разлики и занемарувањето на влијанието на низа развојни и социјално-психолошки фактори. Исто така, изгледа оправдано да се нагласи дека е потребна и голема претпазливост во примената на еволуциските принципи при објаснувањето на однесувањето на луѓето. Според Лазароски (1997), таквата претпазливост произлегува од неколку проблеми. Прво, повеќето социобиолошки аргументи прилично тешко можат да се подложат на проверка. Второ, сè уште е проблематична валидноста на претпоставката дека луѓето се однесуваат како другите животни настојувајќи да ја максимизираат својата плодност. Трето, проблем е како да се идентификуваат ефектите на генетските предиспозиции, бидејќи однесувањето е исход и на влијанието на социјализацијата и средината. Дури и во случај гените

да играат одредена улога во детерминирањето на човековото просоцијално однесување, нивното влијание по сè изгледа е далеку помало од влијанието на срединските фактори. Тоа на одреден начин го признава и Wilson, авторот на една од највлијателните книги во оваа област - *„Социобиологија: Нова синтеза“* (1975), со тврдењето дека човековите гени „го имаат подарено поголемиот дел од својата сувереност“, така што веројатно само десет проценти од човековото социјално однесува-ње би можело да биде генетски засновано.

На крајот од овој преглед на општите теоретски пристапи во проучувањето на просоцијалното однесување би можело да се констатира дека без оглед на нивната различна базична ориентираност и меѓусебна неусклaденост, секој засебно дава значаен придонес за разјаснување на природата на просоцијалното однесување. Иако тие се карактеризираат со различни нивоа на анализа и се фокусираат на различни детерминанти на просоцијалното однесување, секој од нив располага со соодветна емпириска евиденција за која генерално може да се каже дека е согласна на нивните основни поставки. Меѓутоа, неопходно е исто така да се забележи дека специфичната ориентираност на овие пристапи ја ограничува можноста за посеопфатни објаснувања на просоцијалното однесување, кое како и повеќето социјални однесувања е несомнено сложено и повеќекратно детерминирано. Со други зборови, ако се потпреме само на гореспоменатите објаснувања многу веројатно е дека ќе се занемарат ефектите на други значајни фактори, а што е уште позначајно, малку веројатно е дека ќе може да се осознае какво е нивното взаемно делување врз просоцијалното однесување. Ваквата лимитираност во одреден степен се редуцира со објаснувањата што се даваат во втората група теории за појавата и обликувањето на просоцијалното однесување. Оваа група ја чинат теории од среден опсег, обично именувани како модели, кои изворно се засновани на сознанија стекнати во повеќе емпириски истражувања на различни просоцијални однесувања. Општо земено, во нив се идентификуваат и истовремено

разгледуваат повеќе когнитивни, афективни и ситуациски фактори, како и начините на нивната меѓусебна поврзаност и влијание врз просоцијалното однесување. Во рамките на оваа група, како особено значајни и влијателни би можеле да се издвојат следните теоретски придонеси: *моделот на одлучувањето при интервенцијата на очевидецот* на Latané & Darley (1970); *моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките* на Piliavin, Dovidio, Gaertner & Clark (1981); *моделот на вредносно-заснованото одлучување* на Schwartz & Howard (1981); и *емпатиско-алтруистичката хипотеза* на Batson (1991). Овие теоретски придонеси на следните страници ќе бидат сумарно изложени, при што нагласката ќе биде ставена на изнесувањето на нивните основни поставки и начинот на нивната концептуализација. Емпириските сознанија за значајноста на ефектите на специфичните фактори што се специфицирани во нив, подетално ќе бидат разгледани во следните делови на трудот.

**МОДЕЛОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕТО ПРИ ИНТЕРВЕНЦИЈАТА НА ОЧЕВИДЕЦОТ НА LATANÉ & DARLEY**

Bibb Latané & John Darley се првите истражувачи кои во доцните шеесети и раните седумдесети години започнале со систематски испитувања на факторите што имаат инхибиторни или поттикнувачки ефекти врз помагањето во итни или опасни ситуации. Непосреден повод за нивната пионерска истражувачка програма, која вклучувала серија на лабораториски и теренски експерименти, е однесувањето на очевидците на веќе споменатото сурово убиство на Кити Геновезе, кое се случило во едно од преградијата на Њујорк, во 1964 година. Да се потсетиме, Кити Геновезе била нападната и половина час убивана, а ниеден од 38-те очевидци кои настанот го посматрале од прозорците на своите домови, не се обидел да и помогне, па дури не се обидел да повика ни полиција. Однесувањето на очевидците на овој инцидент, како и на многу слични други, кога пасивно се набљудува туѓата неволја и не се прави ништо за да му се помогне на лицето кое страда, во времето кога се случил

инцидентот, од многумина коментатори и стручњаци било оценето како израз на апатичноста, индиферентноста, моралната нечувствителност, дехуманизацијата и алиенацијата на луѓето, што се заедно било протолкувано како исход на современиот начин на живеење и живеењето во големи урбани центри. Меѓутоа, Latané & Darley изразиле сериозно сомневање во веродостојноста на ваквите општи оценки и објаснувања на непомагањето на очевидците, бидејќи навистина е дискутабилно дека никој од нив не сочувствувал или не ја сожалил жртвата или пак немал чувство на вина што не интервенирал. Причините за пасивноста на очевидците, според нив, не треба да се бараат во нивната алиенираност (иако и таа може да има одреден, но сепак незначителен ефект) туку во нешто друго, а тоа е особеноста на самата ситуација и начините на нејзиното интерпретирање од страна на очевидците. За да ја проверат оваа појдовна претпоставка и да утврдат во кои услови луѓето се воздржуваат да интервенираат во итни или опасни ситуации Latané & Darley спровеле низа истражувања чии резултати се сумирани во нивното најзначајно дело *„Нереактивниот очевидец: Зошто тој не помага?“*, објавено во 1970 година.

Потпирајќи се на наодите во своите истражувања Latané & Darley сугерираат дека кога поединецот ќе се соочи со нечија потреба од помош во итна или опасна ситуација, дали тој ќе помогне или не зависи од исходите на серија претходни одлуки непосредно поврзани со перцепираниот настан (Слика 1). Поточно, очевидецот пред да интервенира потребно е да направи пет чекори во одлучувањето: **прво**, тој мора да *забележи* дека нешто невообичаено се случува; **второ**, тоа што се случува да го *интерпретира* како итна или опасна ситуација; **трето**, да одлучи дека е *лично одговорен* за помагањето; **четврто**, да донесе одлука за *видот на помошта* што треба да се даде; и **петто**, да одлучи како да ја *спроведе во дело* избраната акција. Како што може да се забележи од Сликата 1, одлуката што се носи во секој од петте чекори може да има значајни импликации по крајната постапка на очевидецот. „Не“ одговорот

во кој и да било чекор значи дека нема да дојде до интервенција во прилог на лицето кое има потреба од помош.

Несомнено, вака конципираниот модел на одлучување може на прв поглед да изгледа премногу рационален и едноставен во смисла на експлицитната идентификација на одлуките што треба да се донесат и начинот на нивното организирање во логички секвенци. Но, оваа привидна едноставност не соодветствува секогаш на она што се случува при актуелното одлучување. Latané & Darley нагласуваат дека кога очевидецот ги донесува одлуките тоа не значи дека тој мора стриктно да се придржува до посочениот логичен и секвенцијален редослед. Всушност, тој може истовремено да разгледува две или три нешта и да ги „испробува" ефектите на различни одлуки пред да донесе општа оценка за ситуацијата. Бидејќи очевидецот не е обврзан кон која и да било претходна одлука, се додека не пристапи кон конечната акција, тој може




*Слика 1. Чекорите во моделот на одлучувањето при интервенирањето на очевидецот на Latané & Darley*

да се движи и назад и напред во низата на одлуки додека не дојде до одреден сет на одлуки кои соодветствуваат како на неговите потреби така и на потребите на „реалноста".

При развивањето на моделот Latané & Darley особено внимание обрнуваат на факторите што влијаат на донесувањето на одлуките од страна на очевидецот. На одлучувањето, на пример, може да влијае степенот на јасноста т.е двосмисленоста на ситуацијата. Колку една ситуација е подвосмислена, во однос на природата и изворот на неволјата на лицето, толку е и помала веројатноста дека ќе биде забележано дека на лицето му е потребна помош и дека нему ќе му се помогне. Според Latané & Darley повеќето итни или опасни ситуации се карактеризираат со двосмисленост поради нивната несекојдневност, неочекуваност и различна манифестираност, така што кога лицето-очевидец се соочува со таква ситуација многу често нејзината двосмисленост се обидува да ја редуцира врз основа на однесувањето на другите присутни очевидци. **Присуството на другите очевидци** претставува клучен ситуациски фактор кој може да влијае на реакцијата на очевидецот на најмалку два начина. **Прво**, како што е погоре навестено, другите присутни може да послужат како ориентир за интерпретација на перцепираниот настан. Кога настанот е нејасно структуриран и посматран од повеќе лица, обично секој од очевидците за подобро да разбере што всушност се случува, разгледува наоколу и го набљудува однесувањето на другите, па дури и се обидува да комуницира со нив. Свесноста кај очевидците дека сите меѓусебно се набљудуваат е следена со воздржаност во покажување на чувствата и вознемиреноста и со настојување да се остане што е можно повеќе смирен и ништо да не се презема. Ваквото однесување на очевидците, кое најверојатно се должи на нивното стравување да не се преземе нешто што од другите ќе биде оценето како неразумно или несоодветно, Latané & Darley го означуваат како состојба на *„плуралистичко игнорирање"* на настанот, чии крајни манифестации се оценка на настанот како помалку сериозен и опасен отколку што навистина е и воздржување од помагање. **Второ**, присуството на другите може да има

инхибиторно влијание врз помагањето дури и во случаите кога значајноста на информациското социјално влијание е сведена на минимум, т.е. во случаите кога настанот недвојбено се оценува како сериозен и кога повеќето очевидци меѓусебно не се набљудуваат како постапуваат. Тогаш, според Latané & Darley другите присутни можат да влијаат на донесувањето одлука дали и колку секој од нив себеси ќе се смета за лично одговорен за преземање акција во прилог на лицето во неволја. Ако настанот е набљудуван само од еден очевидец, несомнено одговорноста за помагањето или непомагањето е целосно негова. Но, ако очевидецот забележи дека настанот е истовремено набљудуван и од други лица, кои исто како и него можат да интервенираат, товарот на одговорноста се расплинува и тој како и останатите веројатно ќе настојува актуелниот конфликт меѓу преземањето или непреземањето акција да го разреши во прилог на втората алтернатива. Значи, присуството на другите може да доведе до *дифузија на одговорноста*, при што секој од очевидците ќе се чувствува помалку лично одговорен и ќе верува дека другите ќе интервенираат или пак би требало да интервенираат. Ваквата определба на дифузијата на одговорноста јасно имплицира дека таа не претставува манифестација на апатичноста на очевидците, туку на нивното искрено верување дека некој друг ќе помогне. Според Latané & Darley „одговорноста" за неинтервенирањето на очевидците во̀ случајот на Кити Геновезе треба да бара токму во дифузијата на одговорноста, а не во нешто друго: најверојатно секој од нив забележувајќи дека и други го посматраат настанот претпоставил дека сигурно некој од другите очевидци ќе повика или веќе повикал полиција или ќе се обиде непосредно да помогне.

Горенаведните инфибиторните ефекти на присуството на другите, кои генерално се означуваат како *ефект на очевидецот*, недвосмислено сугерираат дека е многу поверојатно очевидецот да интервенира во некоја итна или опасна ситуација кога се соочува сам со неа отколку кога неа ја посматра заедно со други луѓе. Оваа базична претпоставка е

проверувана во повеќе наврати од Latané & Darley, а исто така и од други истражувачи, и според нивните наоди изгледа прилично оправдана.

Општо земено, проверките на моделот покажуваат дека тој претставува валидна теоретска рамка за осознавање на ситуациските фактори кои можат да имаат инхибиторни или поттикнувачки ефекти врз помагањето на другите во неволја. Иако моделот првично бил развиен за разбирање на однесувањето на луѓето во итни или опасни ситуации кои бараат непосредно интервенирање, подоцна некои негови аспекти биле успешно аплицирани и во други ситуации, како на што е на пример, превенирањето на возењето во пијана состојба или пак донесувањето одлука за дарување бубрег на роднина.

Но, и покрај многубројните емпириски потврди, моделот сепак не е толку општ за да би можел да ги покрие сите манифестации на помагањето во итни или опасни ситуации. Во прилог на таквата констатација говори и оценката на Rot (1987) дека идентификуваните фактори од страна на Latané & Darley не само што не се секогаш најважни, туку во некои ситуации присуството на другите може да има и спротивно дејство од она што се очекува. Понекогаш помагањето се врши токму кога се присутни други лица и поради нивното присуство. Исто така, може да се забележи дека има случаи кога очевидците не се обидуваат да помогнат и покрај тоа што недвосмислено забележуваат дека посматраното лице навистина се наоѓа во неволја и е очигледно дека постои лична фокусираност на одговорноста. Веројатно, во такви случаи доаѓаат до израз други фактори кои имаат пресудно влијание врз одлучувањето дали да се помогне или не. За некои од тие фактори подетално се говори во моделите што следуваат.

### МОДЕЛОТ НА ВОЗБУДУВАЊЕТО И АНАЛИЗАТА НА ТРОШОЦИТЕ И ДОБИВКИТЕ НА PILIAVIN, DOVIDIO, GAERTNER & CLARK

Во изминатите три децении се изготвени три верзии на моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките. Првичната верзија на моделот е понудена од I. Piliavin, Rodin & J. Piliavin (1969) како еден вид

„пробен изум", кој подоцна од J. Piliavin & I. Piliavin (1973) е исцело обликуван како модел на интервенирањето во итни или опасни ситуации. Третата, и засега конечната верзија, за прв пат е публикувана во 1981 година како ревидиран и проширен модел со кој се настојува да се опфати не само помагањето во ургентни туку и помагањето во неургентни ситуации. Авторите на последната верзија: J. Piliavin, Dovidio, Gaertner & Clark, сметаат дека моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките претставува „мета-модел" кој дава можност за систематско уредување на претходните истражувања, за изложување на нови идеи и истражувања и за поттикнување на среден теоретски развој во областа. Или, со други зборови, според нив, моделот може да биде прилично корисна рамка за концептуално организирање на просоцијалните истражувања затоа што генерира проверливи хипотези и е далеку посеопфатен во споредба со другите модели.

Како што може да се насети и од самиот назив, во моделот се идентификувани две концептуално одвоени, но функционално меѓузависни компоненти или фактори што влијаат на помагањето. Едната компонента претставува **возбудувањето** коешто се јавува како реакција на потребата или неволјата на другите. Возбудувањето како вид емоционална реакција е всушност темелниот мотивациски конструкт на моделот, така што кога тоа ќе се припише на нечија неволја се доживува како непријатност која очевидецот се обидува да ја редуцира. Значи, возбудувањето ги мобилизира очевидците да преземат акција што може да резултира со интервенција и помагање. Другата компонента претставува **анализата на трошоците и добивките**. Оваа компонента ги вклучува когнитивните процеси преку кои очевидците ги проценуваат и одмеруваат антиципираните трошоци и добивки што се поврзани со интервенирањето или неинтервенирањето. Возбудувањето и анализата на трошоците и добивките иако се концептуално одвоени, тие често се функционално поврзани (види Слика 2). Многу ситуациски, социјални и личносни варијабли што доведуваат до зголемување на возбуденоста кај очевидците можат исто така да влијаат и на перцепцијата на трошоците.

Варијациите во возбудувањето можат исто така да предизвикаат промени во перцепциите или проценките на трошоците и обратно, препознавањето на потенцијалните трошоци може да влијае на возбудувањето.

Моделот на Piliavin и сор. се состои од пет поставки за појавата и ефектите на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките врз помагањето:

1. Набљудувањето на нечиј проблем или криза предизвикува возбуденост кај очевидците. Степенот на возбуденоста е непосредно поврзан со јасноста, сериозноста и времетраењето на неволјата и со физичката и психолошката блискост со лицето во неволја.
2. Општо земено, возбуденоста што е предизвикана со набљудување на нечија неволја и којашто се припишува токму на таа неволја, станува сè понепријатна како што се зголемува неволјата, така што очевидците сè повеќе ќе настојуваат неа да ја редуцираат.
3. Очевидците бираат постапки со кои најбрзо и најцелосно ќе се редуцира возбуденоста и ќе се направат што е можно помалку нето трошоци (трошоци минус добивки).
4. Можно е да постојат (а) посебни околности што поттикнуваат на брзо, импулсивно, некалкулативно, „ирационално“ помагање или бегство од ситуацијата кое се јавува по набљудувањето на некоја итна или опасна ситуација и (б) специфични личносни типови кои практикуваат такви постапки.
5. Со губење на контактот со ситуацијата, со текот на времето доаѓа до постепено намалување на возбуденоста, без оглед на тоа дали му се помогнало или не на лицето во неволја.

Значи, според Piliavin и сор. кога поединците се соочуваат со нечија наеволја, тие на неволјата најпрво реагираат афективно, т.е доживуваат одредена возбуденост. При обидот попрецизно да ја определат природата на возбуденоста што е предизвикана со глетката на туѓата неволја, Piliavin и сор. прават разлика меѓу два вида реакции: ориентациски и одбранбени реакции. Според нив, сериозните неволји предизвикуваат возбудување од одбранбен вид, додека релативно несериозните неволји предизвикуваат ориентациски реакции. Одбранбеното возбудување е физиолошки засновано и рефлектира емоционална вклученост во ситуацијата, а




*Слика 2. Моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките на Piliavin, Dovidio, Gaertner & Clark .*

ориентациската реакција рефлектира само заинтересираност за она што се случува. Покрај тоа, се сугерира дека ориентациската реакција обично доаѓа до израз при првичното забележување на туѓата неволја, а потоа, ако неволјата е сериозна, може да дојде до доживување на одбранбено возбудување.

На возбудувањето може систематски да делуваат одредени ситуациски фактори, како што се на пример, јасноста, сериозноста и времетраењето на неволјата и блискоста со лицето-жртва. Општо земено, неволјите што се поочигледни, посериозни и подолготрајни предизвикуваат повисок степен на возбуденост кај очевидците. Очевидците, исто така, доживуваат поголема возбуденост кога жртвите им се блиски или кога се доживуваат како блиски. Освен тоа, степенот на возбуденоста може да зависи и од емпатичноста на очевидците и атрактивноста на жртвата. Возбуденоста е поголема кај поемпатичните очевидци и во оние случаи кога жртвата е лице кое е социјално поатрактивно.

Според втората поставка на моделот, кога очевивидците својата возбуденост ја припишуваат на набљудуваната неволја, тие возбуденоста

ја доживувааат како непријатна емоционална состојба, која како таква нив ги мотивира неа да ја редуцираат. Еден вообичаен начин на успешно редуцирање на возбуденоста е преземање акција со која ќе му се помогне на лицето во неволја. Значи, Piliavin и сор. доживувањето и припишувањето на возбуденоста на набљудуваната неволја го сметаат за клучен фактор што ги мотивира очевидците да интервенираат во дадена ситуација.[1] Кога очевидците се повеќе возбудени тие се и повеќе склони кон помагање. За поврзаноста меѓу возбуденоста и помагањето постојат повеќе емпириски докази. На пример, Dovidio (1984) анализирајќи шест студии во кои била испитувана врската меѓу физиолошката возбуденост и брзината на помагањето (во услови кога цената на помагањето била ниска и кога испитуваните лица биле единствени очевидци на итната или опасната ситуација), констатира дека во нив е евидентирана позитивна поврзаност која се движела од .45 до .77.[2]

Откако очевидците ќе доживеат возбуденост којашто ја припишуваат на набљудуваната неволја, според моделот на Piliavin и сор. тие прават избор меѓу повеќе потенцијални реакции и ја избираат онаа реакција за која сметаат дека најбрзо и најцелосно ќе доведе до редукција на возбуденоста и која ќе има што е можно помалку нето трошоци (трошоци минус добивки) по нив. Постојат две категории на лични трошоци и добивки кои очевидците може да ги разгледуваат при одлучувањето како да се реагира во дадена ситуација. Едната категорија се однесува на помагањето, а другата на непомагањето. Трошоците

---

[1] Dovidio, еден авторите на моделот, образложувајќи ја централната улога на возбудувањето, посочува дека слични мотивациски конструкти се сретнуваат и кај други автори кои помагањето го објаснуваат од различни теоретски перспективи. Според неговите согледувања, многу истражувачи се согласни дека општата и емпатиската возбуденост поттикнуваат на помагање, но тие малку се согласуваат во поглед на афективната природа на таквата возбуденост. Зависно од ситуацијата, возбуденоста понекогаш може да биде идентификувана како еден вид, а другпат како сосема различен вид емоција. На пример, во итните или опасните ситуации кои се прилично сериозни, луѓето може да реагираат со вознемиреност; во помалку критичните ситуации возбуденоста може да се јави во форма на промотивна тензија или емпатиска грижа и сожалување (Dovidio, 1984).

[2] Иако постојат повеќе докази дека со зголемување на возбуденоста се зголемува и помагањето, ваквата поврзаност изгледа дека не може да се очекува во случаите кога очевидците доживуваат претерана емпатиска возбуда. Поточно, како што сугерираат Eisenberg & Fabes 1990 и Fabes и сор. 1993 (според Schroeder et al., 1995), претераната емпатиска возбуда може да доведе не до зголемување, туку до намалување на помагањето.

поврзани со помагањето (или цената на помагањето) може да вклучуваат: губење време, вложување напор, изложување на опасност, чувство на непријатност, прекинување на тековната активност и сл. Додека, добивките поврзани со помагањето (или ползата од помагањето) може да вклучуваат: слава, пари, себевеличање, чувство на успешност, избегнување вина, благодарност на жртвата, чувство на задоволство што некому му е помогнато и сл. Се смета дека зголемувањето на нето трошоците ја намалува веројатноста дека ќе дојде до помагање. Или обратно, ако очевидците оценат дека со помагањето ќе имаат поголема полза отколку трошок, тогаш тие ќе бидат повеќе подготвени да преземат акција во прилог на лицето во неволја. Втората категорија на трошоци, трошоците поврзани со свесноста на очевидецот дека нема да и помогне на жртвата, се состои од две концептуално различни субкатегории на трошоци. Во едната субкатегорија спаѓаат личните трошоци за непомагањето, кои претставуваат негативни исходи што директно му се наметнуваат на очевидецот за непомагањето на жртвата. Пример за такви трошоци се вина, срам и јавна осуда. Втората субкатегорија се однесува на емпатиските трошоци во врска со жртвата на која не и се помага, кои се главно засновани на сознанието дека жртвата и понатаму ќе продолжи да страда. Овие емпатиски трошоци пред сè доведуваат до интернализирање на неволјата или страдањето на жртвата, а исто така и до чувство на сожалување и грижа за неа.

Моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките е така конципиран да дава можност не само да се предвиди веројатноста на интервенирањето на очевидецот во дадена ситуација, туку и да се претпостави видот на реакцијата што тој ќе ја манифестира. Реакцијата на очевидецот е заедничка функција на трошоците за помагањето и трошоците за непомагањето на жртвата. Како што може да се забележи на Сликата 3, кога трошоците за непомагање на жртвата се високи (на пр. лицето е сериозно повредено) и кога трошоците за директното помагање се ниски (на пр. помагањето не е опасно) многу е веројатно дека очевидецот директно ќе и помогне на жртвата. Меѓутоа, директното

помагање станува помалку веројатно како што се зголемуваат трошоците за помагањето. Кога и едните и другите трошоци се високи моделот предвидува дека на жртвата ќе и се помогне или индиректно (на пр. со повикување на други лица кои ќе и помогнат) или воопшто нема да и се помогне. Во последниот случај, се очекува очевидецот да реагира со редефинирање на ситуацијата како ситуација во која нема потреба да се помага, со потценување на жртвата, или со одбегнување на личната одговорност.[3] Меѓутоа, во случајот кога и трошоците за непомагањето

| | | *трошоци за директно помагање* | |
|---|---|---|---|
| | | *ниски* | *високи* |
| *трошоци за непомагање на жртвата* | *високи* | директна интервенција | индиректна интервенција или → / редефинирање на ситуацијата, потценување на жртвата, дифузија на одговорноста итн., пониски трошоци за непомагањето доведуваат до ↓ |
| | *ниски* | варијаблата ќе биде во голема мерка функција на перципираните норми во ситуацијата | напуштање на сцената, игнорирање, одбегнување |

*Слика 3. Предвидувања за реакциите на очевидецот како функција на трошоците за директно помагање и трошоците за непомагањето на жртвата (прилагодено според Piliavin & Piliavin, 1972)*

[3] Кога очевидецот ќе се најде во дилема на високи трошоци за помагање и високи трошоци за непомагање, Piliavin и сор. сугерираат дека тој своето внимание главно го сосредоточува на неповолната ситуација во која се нашла жртвата, при што најпрво се обидува да ги редуцира перципираните трошоци за непомагањето. Реинтерпретирањето на трошоците за непомагањето со дефинирање на ситуацијата како помалку сериозна, со дифузија на одговорноста или со омаловажување на жртвата може да ја редуцира непријатната состојба на возбуденост на очевидецот или антиципираната вина или осуда за непомагањето. На тој начин, со редуцирањето на трошоците за непомагањето, се намалува и веројатноста на интервенцијата на очевидецот.

на жртвата и трошоците за директното помагање се ниски, многу е потешко да се предвиди реакцијата на очевидецот, затоа што таа е условена пред сè од социјалните норми, личните особини и врската на очевидецот со жртвата. Како што се зголемуваат трошоците за непомагањето на жртвата така се зголемува и веројатноста дека ќе и се помогне на жртвата. И конечно, кога трошоците за непомагањето на жртвата се ниски, а трошоците за директното помагање се високи, многу малку е веројатно дека ќе дојде до помагање на жртвата, односно во такви околности обично очевидецот го напушта или одбегнува местото на настанот или ја игнорира неволјата на лицето.

При заедничкото разгледување на двете категории трошоци од страна на очевидецот, моделот генерално предвидува дека влијанието на трошоците за непомагањето на лицето во неволја зависи од нивото на трошоците за помагањето. Оправданоста на ваквото предвидување покрај Piliavin и сор. ја потврдува и Dovidio, кој откако прегледал 12 експериментални истражувања на помагањето во ургентни и неургентни ситуации, дошол до заклучок дека трошоците за помагањето навистина имаат поголемо влијание од трошоците за непомагањето на жртвата: „Во сите овие студии помагањето се намалувало со зголемувањето на трошоците за помагањето. Ефектите на трошоците за непомагањето на жртвата биле послаби, понедоследни и често се појавувале само во интеракција со други варијабли. Општо земено, согласно на моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките, *трошоците за непомагањето* имаат влијание врз интервенцијата главно кога *трошоците за помагањето* се ниски“ (Dovidio, 1984, 386).

Според четвртата поставка на моделот, во одредени специфични околности помагањето може да се јави во форма на брза, импулсивна, или „ирационална“ реакција, при што факторот трошоци нема влијание врз помагањето. Посебноста на импулсивното помагање, Piliavin и сор. ја потврдуваат со споредбена анализа на 23 студии во кои било манифестирано импулсивно помагање и 26 студии во кои помагањето не било импулсивно. Од резултатите на нивната анализа произлегува дека

импулсивното помагање обично се јавува кога итните или опасните ситуации се појасни, пореалистични и кога вклучуваат претходна врска меѓу очевидецот и жртвата. Имајќи предвид дека истите овие фактори се непосредно поврзани и со појавата на повисоките нивоа на возбуденост кај очевидците, тие спекулираат дека големата возбуденост, со помош на стеснетоста на вниманието, веројатно го попречува опсежното и рационалното разгледување на трошоците поврзани со помагањето и непомагањето.

Сложеноста на моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките не се огледа само во тоа што реакцијата на очевидецот е исход на еден посуптилен процес на одлучување, кој е поттикнат од неговата возбуденост и кој вклучува различни можни ефекти од комбинациите на трошоците и добивките, туку и во претпоставеното посредно влијание на карактеристиките и состојбата (расположението) на очевидецот и поврзаноста со жртвата. Имено, како што може да се забележи и на Сликата 2, овие три фактори може да имаат влијание врз помагањето преку возбудувањето и анализата на трошоците и добивките.

Во врска со ефектите на *личните карактеристики* на очевидците, моделот предвидува дека тие би требало да дојдат до израз пред сè во случаите кога постои ниска цена за помагањето и ниска цена за непомагањето на жртвата и кога самата ситуацијата има мала „побудувачката моќ“. Piliavin и сор. сметаат дека ситуациите се разликуваат по својата „побудувачка моќ“ и инсистираат на нивно диференцирање како итни или опасни (кои го преокупираат вниманието и предизвикуваат висок степен на возбуденост) и неитни или неопасни (во кои поголемо влијание можат да имаат когнитивните фактори). Согласно на ваквата диференцијација тие сугерираат дека „личните варијабли имаат помала моќ во детерминирањето на реакцијата на очевидецот како што ситуацијата станува се поитна или поопасна“ (1981, 185). Што значи, овие варијабли поврзани со анализата на трошоците и добивките би можеле да се сметаат за добри предиктори на помагањето само во однос на малку побудувачките ситуации.

Покрај личните карактеристики и *расположението* на очевидците може да има посредно влијание врз помагањето. Се смета дека доброто расположение може да доведе сосредоточеност на вниманието кон неволјата на другиот и да го зголеми чувството на поврзаност со него. Исто така, тоа може да ги зголеми очекувањата дека помагањето на одреден начин ќе биде наградено (што доведува до зголемување на трошоците за непомагањето и добивките од помагањето) или да ја зголеми истакнатоста на личните просоцијални стандарди, што исто така доведува до зголемување на трошоците за непомагањето.

И конечно, помагањето може да биде поттикнато и од чувството на *поврзаност* со лицето во неволја. Ако постои поголема поврзаност со лицето во неволја или ако тоа повеќе се доживува како член на сопствената група, ефектите на поврзаноста ќе бидат поизразени. Поблиската поврзаност може да доведе до повисок степен на возбуденост кај очевидците и да ги зголеми трошоците за непомагањето, т.е. да предизвика, на пример, поголемо чувство на вина или срам ако не и се помогне на жртвата.

Како дополнение на овој приказ на моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките се чини неопходно да се нагласи дека според начинот на неговата концептуализација очигледно е дека станува збор за егоистички модел на помагањето. Моделот е изграден на претпоставката дека мотивацијата за помагањето е единствено поврзана со желбата да се подобри сопствената благосостојба. Односно, слично како и претходно изложената теорија на праведноста, тој се потпира на економското гледиште на човековата природа, според кое, луѓето, општо земено, се стремат кон рационално однесување, водејќи сметка пред сè за сопствените интереси и настојувајќи што е можно повеќе да ги максимизираат добивките и минимизираат трошоците во разновидните социјални интеракции.

Освен тоа, значајно е да се забележи дека иако Piliavin и сор. се обидуваат да ја прошират применливоста на моделот, со самата определба на возбудувањето како примарно одбранбена реакција,

моделот пред сè може да претставува корисно концептуално средство за разјаснување на помагањето во итни или опасни ситуации. Или, како што подоцна забележуваат и самите автори „за да може моделот на возбудувањето и анализата на трошоците да се примени во ситуациите на неургентно и неспонтано помагање изгледа е потребна поширока концептуализација на возбудувањето, која нема да биде ограничена на одбранбената реакција" (Dovidio, Piliavin, Gaertner, Schroeder, Clark , 1991, 104).

## МОДЕЛОТ НА ВРЕДНОСНО-ЗАСНОВАНОТО ОДЛУЧУВАЊЕ НА SCHWARTZ & HOWARD

Schwartz & Howard (1981, 1984) слично како Latane & Darley и Piliavin и сор. претпоставуваат дека чинот на помагањето е исход на еден повеќефазен процес на одлучување, но за разлика од нив, тие развиваат модел кој дава можност за објаснување на појавата на помагањето во поширок опсег на ситуации, а не само во инти или опасни ситуации.

Моделот на Schwartz & Howard, именуван како модел на вредносно-засновано одлучување (а понекогаш и како модел на нормативно одлучување), вклучува пет последователни фази: I Внимание, II Генерирање на чувства на обврска, III Антиципаторна евалуација, IV Одбрана и V Однесување (Слика 4). Напредувањето низ фазите и специфичните чекори во некои од нив е определено од повеќе ситуациски и лични фактори.

**I Внимание**

Во текот на првата фаза лицето (потенцијалниот помагач) ги осознава карактеристиките на ситуацијата и одлучува што да прави понатаму. Фазата **внимание** всушност се состои од три чекори што активираат три вида на неопходни перцепции за лицето да може да се соочи со одлуката за помагање.

*1. Свесност за лицето во неволја.* Најпрво, лицето во неволја мора да биде забележано и неговата состојба да биде дефинирана како неволја или потреба од помош. Потенцијалниот помагач неволјата може

да ја забележи сосема спонтано или преку надворешно насочување од страна на некој друг (тоа може да го стори самото лице во неволја или неволјата да биде посочена од некое трето лице). Се смета дека кога неволјите спонтано се осознаваат помагањето се доживува како повеќе внатрешно контролирано и мотивацијата за помагањето повеќе се припишува на себеси. Свесноста за неволјата може да биде зголемена во ситуациите кои се повеќе истакнати и во кои неволјата е повеќе очигледна. Освен тоа, свесноста може да зависи и од степенот на индивидуалната рецептивност спрема знаците на одредени неволји.

*2. Идентификација на потенцијалните просоцијални акции.* По забележувањето на неволјата, потенцијалниот помагач се обидува да ги идентификува просоцијалните акции што можат да бидат преземени за ублажување или отстранување на неволјата на лицето. Некои од можните акции ќе бидат перцепирани како релевантни, при што перцепцијата на релевантноста е условена од специфичните ситуациски импути и когнитивните асоцијации на лицето во однос на тие импути. Оние акции што ќе бидат препознаени како релевантни, доведуваат до активација на соодветни вредности. Schwartz & Howard претпоставуваат дека секоја акција има различни импликации за некој карактеристичен субсет на лични вредности. На пример, помагањето преку доставување храна на изгладнетите селани наспроти помагањето преку нивна обука за поуспешно користење на земјените и водените ресурси има различни импликации по вредностите како што се грижа, сожалување, чувство на исполнетост и чувство на компетентност. Но, во врска со оваа претпоставка треба да се забележи дека Schwartz & Howard, поради недоволна емпириска евиденција, не се обидуваат да прецизираат кои обрасци на вредносни импликации се поврзани со дадени просоцијални акти.

*3. Утврдување на сопствената способност за преземање на просоцијалните акции.* Штом потенцијалниот помагач ќе ги препознае потенцијалните просоцијални акции, тој потоа ја разгледува својата способност за нивно извршување. Овде е важно да се напомене дека

вредностите може да бидат релевантни само за оние акции за кои се има чувство дека можат да се преземат. Ако, на пример, се најдеме во ситуација да не знаеме да му го покажеме патот на некој турист до местото или објектот каде што тој сака да стигне, тоа кај нас нема да предизвика чувство на морална обврска. Односно, нашето незнаење нема да има импликации по нашите интернализирани морални вредности, туку единствено може да предизвика чувство на емпатиска загриженост за „изгубениот“ турист.




*Слика 4. Моделот на вредносно-заснованото одлучување на Schwartz & Howard*

Значи, според моделот на Schwartz & Howard, соочувањето на поединецот со нечија неволја, кое тие општо го означуваат како фаза на внимание, предизвикува три вида перцепции чии исходи може да имаат непосредно влијание врз понатамошниот тек на процесот на одлучувањето. Неопходноста од редоследната активација на секоја од погоре посочените перцепции се огледа во фактот што ако и една од нив не се јави (на пример, ако неволјата не се забележи или пак ако таа се забележи, но се оцени како минорна), процесот на одлучувањето

завршува со непреземање акција. Непреземањето акција во првата фаза сè уште не е поврзано со интернализираните вредности. Значајноста на вредностите доаѓа до израз во втората фаза на одлучувањето.

**II Генерирање на чувства на обврска**

Основно обележје на втората фаза на вредносно-заснованото одлучување е активацијата на чувствата на обврска кај потенцијалниот помагач. Општо земено, чувствата на обврска се засновани на интернализираните морални вредности и тие претставуваат централен мотивациски конструкт во моделот на Schwartz & Howard. За да дојде до генерирање на чувствата на обврска, потребно е прво потенцијалниот помагач да се почувствува способен за изведување на акциите што ги перцепира како релевантни за неволјата на другиот. Откако тоа ќе се случи, тој се впушта во анализа на три типа на импликации во врска со определена акција: а) физички или материјални импликации (на пр. здобивање изгореници при извлекувањето на патниците од опожареното возило); б) социјални имликации - исходи зависни од реакциите на другите (на пр. пофалба и награда за манифестираниот херојски чин или прекор и осуда за прекумерната смелост и непромисленост); и в) психолошки, вредносно-засновани имликации - изразување или отфрлање на вредностите значајни за селф-концептот (на пр. манифестирање лубов и отфрлање на удобноста, доживување возбуда и ризикување на личната безбедност).

При концептуализацијата на вредносно-заснованото одлучување Schwartz & Howard нагласуваат дека секое лице интернализира единствена структура на вредности во текот на многубројните претходни социјални интеракции.[4] Вредностите варираат од лице до лице во поглед на нивната

---

[4] Појдовна основа на нивната концептуализација претставува Rokeach-евата определба и диференцијација на вредностите на лично/компетентна и социјално/морална подгрупа на вредности (Rokeach, 1973). Оваа диференцијација иако е повеќе интуитивна отколку емпириски заснована имлицира дека во врска со просоцијалното однесување како особено значајна може да се смета втората подгрупа, која вклучува вредности што се однесуваат на заштитата или поттикнувањето на благосостојбата на другите. Согласно на тоа, Schwartz & Howard сметаат дека определена просоцијална постапка може да се дефинира како алтруистичка само ако е водена од желбата за афирмирање или одбегнување на поткопувањето на моралните вредности како што се на пример љубовта, сожалувањето, помагањето и грижата.

значајност за селф-от, нивната специфичност, нивната меѓуповрзаност и нивната поврзаност со искуството и подложност за активација. Што значи, вредносните импликации на одредено однесување може да варираат меѓу луѓето. Разгледувањето на импликациите на алтернативите на акцијата во однос на моралните вредности на поединецот резултира со побудување на чувства на морална обврска за преземање или непреземање на одредена акција кои Schwartz & Howard ги именуваат како *лични норми*. За секоја потенцијална акција што се перцепира како релевантна поединецот создава соодветна лична норма. Секоја лична норма сѐ состои од когнитивна и афективна компонента. Когнитивната компонента вклучува вредносно-засновани очекувања или цели во врска со однесувањето, додека емоционалната компонента вклучува антиципирани чувства на задоволство или незадоволство со себеси (на пр. антиципирана гордост, вина, страв и сл.). Според тоа, личните норми се ситуациски поврзани и лично-засновани стандарди за специфично однесување, генерирани од интернализираните вредности во текот на процесот на бихевиоралното одлучување. За разлика од вредностите кои се релативно трајни преференции за општи исходи или начини на однесување, личните норми поради ситуациската условеност се моментални, а не трајни стандарди.

**III Антиципаторна евалуација**

По идентификувањето на материјалните, социјалните и психолошките исходи во врска со потенцијалните просоцијални акции, поединецот ја оценува антиципираната исплатливост на сите овие исходи. Ако тој оцени дека овие исходи јасно фаворизираат преземање или непреземање акција во прилог на лицето во неволја, тогаш одлуката е донесена. Значи, одлуката да се дејствува или да не се дејствува произлегува од конкретната евалуација на одредена просоцијална акција. Во оние случаи кога разгледувањето на можните трошоци и добивки фаворизира акција за која поединецот истовремено се чувствува и морално обврзан да ја изведе, многу веројатно е дека тоа тој и ќе го стори. Меѓутоа, разгледувањето на различните трошоци и добивки во

врска со потенцијалните акции во повеќе ситуации не упатува јасно на одредена одлука (на пр. тоа може да се случи поради нивната релативна избалансираност) или пак доаѓа до нескладност или конфликт меѓу антиципираните трошоци и добивки и чувствата на морална обврска. Во такви ситуации, според моделот на Schwartz & Howard, потенцијалниот помагач го одложува донесувањето на одлуката и се обидува постоечкиот конфликт да го редуцира со одбрана.

**IV Одбрана**

Конфликтот во одлучувањето најчесто се редуцира по пат на слабеење на чувствата на морална обврска со редефинирање на сопствените перцепции и интерпретации на ситуацијата. Schwartz & Howard сметаат дека постојат четири можни начини на одбрана со кои се неутрализираат чувствата на морална обврска: негирање на неволјата, негирање на делотворноста на акциите, негирање на сопствената способност и негирање на одговорноста. Како што се гледа и од Сликата 4, секој начин на негирање е поврзан со некој претходен чекор во одлучувањето, така што ако поединецот навлезе во фазата „одбрана" тој се враќа назад во процесот на одлучувањето и се обидува на поинаков начин да ја дефинира актуелната ситуација.

*1. Негирање на неволјата.* Еден начин на редуцирање на чувствата на морална обврска е преку преиспитување на природата на неволјата и барање знаци кои упатуваат на нејзино негирање или барем на нејзино „разводнување" во поглед на сериозноста (на пр. „Тоа не е напад туку љубовна кавга"). Ако поединецот целосно го негира постоењето на неволјата, доаѓа до прекинување на процесот на одлучувањето и непреземање на каква и да било просоцијална акција. Многу е веројатно дека истиот бихевиорален исход ќе се појави и во случајот кога неволјата се перцепира како малку сериозна, затоа што се намалува вредноста на различните трошоци поврзани со непомагањето.

*2. Негирање на делотворноста на акциите.* При преиспитувањето на природата на неволјата, поединецот може да заклучи дека она што тој сака да го направи во дадената ситуација во крајна линија нема да биде

делотворно (на пр. „Нема смисла да се интервенира, бидејќи тие ќе почнат повторно да се расправаат штом заминам"). Или пак може да се случи тој да одлучи да примени друг вид однесување што има пониски трошоци и што во дадената ситуација се оценува како далеку посоодветно (на пр. известување на најблискиот полицаец).

*3. Негирање на сопствената способност.* Третиот начин на одбрана се состои во негирањето на сопствената компетентност за преземање на која и да било од акциите што поединецот ги оценува како релевантни во врска со неволјата. Се смета дека овој начин на одбрана е прилично ефикасен во отстранувањето и на моралните и на социјалните трошоци поврзани со недејствувањето.

*4. Негирање на одговорноста.* И конечно, поединецот може да ја негира сопствената одговорност за придржување до моралните или социјалните обврски. Односно, тој може да тврди дека во „дадените околности" воопшто не е разумно да се применат личните и социјалните норми. Притоа, негирањето на одговорноста за акцијата обично се оправдува со повикување на различни олеснителни околности (на пр. со провокација, прекумерен надворешен притисок, болест и сл.).[5]

Со потенцирањето на значајноста на инхибиторните ефекти на овие начини на одбрана Schwartz & Howard јасно сугерираат дека личните норми би можеле да делуваат на просоцијалното однесување само тогаш кога поединецот не применува ниеден од четирите начини на негирање. Ако поединецот примени некој од нив и ако примената е успешна, тогаш тој може да го прекине процесот на одлучувањето или може да создаде нови лични норми за да одлучи како да постапи.

[5] Schwartz & Howard (1984) посочуваат дека од сите четири начини на одбрана најмногу се испитувани и потврдени ефектите на негирањето на одговорноста. Имено. тие соопштуваат дека во четири засебни студии, во кои се испитувани и индивидуалните разлики во прифаќањето или негирањето на одговорноста со *Скалата на припишување на одговорноста* на Schwartz (1968), е откриено дека личните норми значајно корелираат со просоцијалното однесување кај лицата кои се склони да не ја негираат личната одговорност за интерперсоналните консеквенци на акциите. Додека кај оние лица кои се склони кон негирање на одговорноста таквата поврзаност не постои, односно таа е блиску до нула. Притоа, како особено значаен наод се наведува утврдената корелација од .72 меѓу личните норми и волонтирањето за подучување на слепи деца кај израелските студенти кои манифестирале ниско ниво на негирање на одговорноста, наспроти корелацијата од -.03 кај студентите кои прилично ја негирале личната одговорност.

**V Однесување**

Процесот на одлучувањето завршува со дејствување или недејствување во прилог на лицето во неволја. Без оглед како поединецот ќе реагира неговата реакција, според моделот на Schwartz & Howard, не претставува крајна точка на процесот, бидејќи таа може да има повратно дејство на неговиот систем на интернализирани вредности и на неговите идни очекувања и евалуации на социјалните и материјалните исходи.

Емпириската основа на моделот на вредносно-заснованото одлучување ја чинат наодите во повеќе истражувања спроведени од Schwartz и неговите соработници, во кои се испитувани само одделни поставки на моделот. Во ниедна студија не е проверуван целиот каузален процес што се опишува во моделот. Освен тоа, интересно е да се спомне дека во истражувањата покрај потврдни резултати се добиени и резултати кои се спротивни на претпоставените очекувања. Односно, како што истакнуваат и самите автори (Schwartz & Howard, 1984) во некои студии се откриени и „бумеранг ефекти“, негативни поврзаности меѓу личните норми, истакнатоста на неволјата, свесноста за последиците и просоцијалното однесување, кои тие генерално ги толкуваат како исход на силни надворешни ограничувања.

**МОДЕЛОТ НА ТРИ ПАТЕКИ НА ЕГОИСТИЧКА И АЛТРУИСТИЧКА МОТИВАЦИЈА ЗА ПОМАГАЊЕ: ЕМПАТИСКО-АЛТРУИСТИЧКАТА ХИПОТЕЗА НА BATSON**

C. Daniel Batson заедно со многумина свои соработници веќе дваесетина години се обидува да одгатне дали е можно во основата на просоцијалното однесување да постои вистинска алтруистичка мотивација. Неговите долгогодишни емпириски трагања по „чистиот“ алтруизам упатуваат на заклучок дека неговото постоење воопшто не е спорно. Batson не ја негира можноста од постоење на многу егоистички мотивирани просоцијални однесувања, туку сугерира дека во одредени случаи, исто така, е можно да биде манифестиран и вистински алтруизам. Да се потсетиме, тој го дефинира *алтруизмот* како „мотивациска состојба чија крајна цел е подобрување на благосостојбата на друго лице“, а *егоизмот*

како „мотивациска состојба чија крајна цел е подобрување на сопствената благосостојба“ (Batson, 1991). Значи, според Batson и алтруизмот и егоизмот претставуваат целно-насочени мотивациски состојби чија крајна цел е подобрувањето на нечија благосостојба. Она што нив ги диференцира и спротивставува е крајната цел на мотивациската состојба. Крајната цел на егоистичката мотивација е подобрување на сопствената благосостојба, а на алтруистичката, подобрување на благосостојбата на друго лице. Ваквата определба и дистинкција меѓу алтруизмот и егозимот претставува појдовна концептуална рамка на неговата емпатиско-алтруистичката хипотеза, хипотеза според која чувствувањето емпатија за лицето во неволја побудува алтруистичка мотивација за помагање на тоа лице. Што значи, изворот на алтруистичката мотивација Batson го пронаоѓа во *емпатијата* или *емпатиската грижа* која ја дефинира како „емоционална реакција насочена кон друго лице што е конгруентна на перцепираната благосостојба на тоа лице“ (Batson & Oleson, 1991, 63). Емпатијата како вид емоционална реакција, вклучува чувство на сожалување, сочувствување, топлина и жал за лицето во неволја и таа треба да се диференцира од другите емоционални реакции што се јавуваат при набљудувањето на нечија неволја. Тоа особено се однесува на оние емоционални реакции што се повеќе насочени кон себеси отколку кон другите, како што се на пример, чувството на непријатност, неспокојство, возбуденост, збунетост и слично, кои општо се означуваат како *лична вознемиреност*.

За да ги идентификува и разјасни сличностите и разликите меѓу емпатиско-алтруистичката хипотеза и егоистичките објаснувања на помагањето Batson конципира модел на три патеки на егоистичка и алтруистичка мотивација за помагање (Слика 5). Првите две патеки на моделот се егоистички и нивното идентификување и специфицирање Batson го заснива на работата и сознанијата стекнати од повеќемина други истражувачи. Појавата на егоистичката мотивација во I патека се поврзува со социјалното учење и поткрепување и се објаснува согласно со моделот на ослободувањето од негативната состојба на Cialdini и сор.

(Cialdini, Darby, & Vincent, 1973, Cialdini & Kenrick, 1976). Во II патека клучна улога има редукцијата на возбудувањето и таа ги содржи механизмите опишани во моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките на Piliavin и сор. Додека за III патека е карактеристична актуелизацијата на алтруистичката мотивација и таа всушност ја претставува емпатиско-алтруистичката хипотеза.

Batson, исто како и авторите на претходно прикажаните модели, појавата на помагањето во сите три патеки ја разгледува како исход на повеќефазен процес што започнува со перцепција на нечија неволја, која понатаму е следена со соодветна внатрешна реакција, мотивациска состојба и хедонистичка калкулација.

Иако некои од базичните конструкти и психолошки процеси карактеристични за егоистички мотивираното помагање се веќе опишани, за да се има поцелосен увид во тоа како Batson ги интерпретира сличностите и разликите меѓу емпатиско-алтруистичката хипотеза и егоистичките објаснувања, се чини неопходно пред нејзиното изложување да се презентира и неговото видување на она што се случува во првите две патеки.

### I и II патека: ЕГОИСТИЧКИ МОТИВИРАНО ПОМАГАЊЕ

**Поттикнување**. Почетната точка во сите три патеки претставува *перцепцијата на неволјата на лицето*, која според Batson се состои во забележување на постоење негативна дискрепанца меѓу актуелните и потенцијалните состојби на лицето во однос на една или повеќе димензии на благосостојбата. Димензиите на благосостојбата вклучуваат ослобободеност од непријатни состојби - физичка болка, непријатно чувство, вознемиреност, стрес и сл., и доживување на пријатни состојби - физичко задоволство, пријатно чувство, смиреност, сигурност и сл.

За да може да дојде до перцепција на нечија неволја потребно е најпрво да бидат задоволени следните услови: а) да постои забележлива диспкрепанца меѓу моменталните и потенцијалните состојби на иста димензија (или на исти димензии) на благосостојбата; б) овие состојби да се доволно истакнати за да можат да бидат идентификувани и споредени;

и в) набљудувачот своето внимание да го сосредоточи на лицето во неволја, а не кон себеси или кон некој друг аспект на средината. Иако овие три услови се неопходни, тие не се секогаш и доволни, затоа што е можно различни когнитивни и ситуациски фактори да доведат до минимизирање, па дури и до негирање на постоењето на неволјата. Покрај тоа, Batson посочува дека перцепираната неволја може да варира во поглед на големината, за која смета дека претставува функција на бројот на димензиите на благосостојбата во врска со кои се перцепирани дискрепанците, на големината на секоја дискрепанца и на перцепираната значајност на секоја од овие димензии за лицето во неволја.

Како што може да се забележи и од Сликата 5, самата перцепција на неволјата на лицето во II патека е доволна за поттикнување на егоистичката мотивација, што не е случај во I патека. За да може да биде побудена мотивацијата во I патека, потенцијалниот помагач мора претходно да создаде *очекувања за добивање одредени награди за помагањето и/или казни за непомагањето*. Овие очекувања се продукт на неговото претходно искуство во врска со наградите и казните што тој ги добил во слични ситуации или што забележал дека некои други лица ги добиле.

**Внатрешна реакција**. Во I патека, перцепцијата на неволјата на лицето заедно со очекувањата засновани на претходното искуство може да доведе до *антиципирани награди за помагањето и казни за непомагањето*. Аниципираните награди и казни можат да бидат очигледни (материјална награда, социјално признание, избегнување осуда и сл.) или суптилни (зголемена почит, придржување до социјалните или интернализираните лични норми, избегнување вина и сл.). Во II патека, самата перцепција на неволјата доведува до појава на *лична вознемиреност*, која може да варира зависно од големината на перцепираната неволја, нејзината истакнатост и релевантност за набљудувачот. Овие внатрешни реакции на перцепираната неволја иако




*Слика 5. Моделот на три патеки на егоистичка и алтруистичка мотивација за помагање на* Batson

се различни, тие взаемно не се исклучиви, така што можат и истовремено да се појават, а која од нив ќе преовлада во даден случај, зависи пред сè од природата на самата просоцијална ситуација.

**Мотивациска состојба**. Следниот чекор претставува побудување на *егоистичката мотивација* која е детерминирана од видот на внатрешната реакција. Во I патека, перцепцијата на можноста за доаѓање до награди или избегнување казни побудува мотивација за награди (Ia) или за избегнување на казни (Iб). Големината на ваквата мотивираност зависи од големината на антиципираните награди и казни и од моменталната потреба на потенцијалниот помагач за нив. Во II патека, личната вознемиреност побудува мотивација за нејзино редуцирање, при што нејзината големина е определена само од степенот на вознемиреноста. Исто како и во случајот со внатрешните реакции, двете мотивации се различни, но тие не се меѓусебно исклучиви, така што е можно и истовремено да се доживеат.

**Хедонистичка калкулација**. Ако големината на која и да било од двете егоистички мотивации надминува одреден минимален праг, следува разгледување на различни можни начини на однесување за доаѓање до целта на мотивациската состојба. Помагањето претставува еден од повеќето можни начини за постигнувањето на целта. Затоа, поединецот пред да дејствува прави хедонистичка калкулација, односно се впушта во *анализа на релативната добивка* преку вагање на добивката наспроти трошокот за секоја потенцијална реакција. Големината на добивката во хедонистичката калкулација е функција на големината на мотивациската состојба, затоа што добивката, всушност, се состои во постигнувањето на целта. Додека, големината на трошокот е сума на различни трошоци што се перцепираат дека се поврзани со однесувањето.

Хедонистичката калкулација во I патека се прави во однос на добивањето награди (Ia) и избегнувањето казни (Iб). Во Ia патека, доаѓањето до посакуваните награди може да се оствари само преку

помагање, но помагањето не мора секогаш да биде непосредно делотворно, туку тоа може да биде и индиректно (на пр. поттикнување на друг да дарува парични или материјални средства во добротворни цели). За разлика од Ia патека, во Iб патека можни се поинакви бихевиорални опции. Имено, антиципираните казни може да се избегнат не само со помагање,туку и на друг начин. Ако, на пример, некое друго лице успешно помогне во ситуацијата, пред да го стори тоа набљудувачот, тогаш е многу веројатно дека тој ќе биде ослободен од заканата на потенцијалната осуда, вина или срам. Исто така, тој може казните успешно да ги избегне ако едноставно побегне од ситуацијата и тоа повеќе психолошки отколку физички.

Истите овие три бихевиорални можности за избегнување на казнувањето во Iб патека доаѓаат до израз и при намалувањето на аверзивното возбудување во II патека. Возбудувањето може да се редуцира преку помагање, помагање на некое друго лице или преку бегство. Но, бегството во II патека се разликува од она во Iб патека, затоа што не се бега од антиципираните казни, туку од стимулусот што го предизвикува возбудувањето. Затоа, се смета дека бегството во II патека може да биде далеку поуспешно од она во Iб патека. Освен тоа, ако се има предвид дека помагањето обично повеќе чини од непомагањето, во оние случаи кога бегството е можно, мотивацијата во II патека се очекува да резултира со помало помагање.

**Реакција**. Последниот чекор што го прави мотивираниот поединец кога се соочува со нечија неволја во I и II патека е *помагање*, *допуштање на некој друг да помогне* или *бегство од ситуацијата*. Обично, тој ја избира онаа реакција којашто ја перцепира како релативно најполезна за него. Ако се случи ниедна од разгледуваните акции да не е полезна за него (т.е. ако антиципираниот трошок за секоја од нив ја надминува добивката) тогаш поединецот ќе се однесува индиферентно, т.е. нема да стори ништо во врска со неволјата на лицето.

III патека: ЕМПАТИСКО-АЛТРУИСТИЧКА ХИПОТЕЗА

**Поттикнување**. III патека, исто како и I и II патека, започнува со *перцепција на неволјата на лицето*, при што појавата и големината на перцепираната неволја е условена од истите оние фактори што се веќе специфицирани во врска со егоистичкото помагање. Меѓутоа, според Batson, перцепцијата на неволјата во III патека, за разлика од од онаа во другите две патеки, се карактеризира и со тоа што доведува до единствена внатрешна реакција - чувство на емпатија, за која смета дека се должи на *заземањето на гледиштето на лицето во неволја* од страна на набљудувачот.

Да се заземе гледиштето на лицето во неволја не значи дека треба само да се фокусира вниманието кон него, туку треба и да се претстави како на него дејствува ситуацијата во која тој се наоѓа. Тоа може да биде поттикнато од присеќавањето за сопствените реакции или реакциите на другите во слични ситуации и од себезамислувањето во ситуацијата на неволјата. Општо земено, се смета дека заземањето на гледиштето на лицето во неволја претставува прагна функција на два фактора: а) способноста на заземање туѓо гледиште; и б) сетот на заземеното туѓо гледиште, односно сетот на претставувањето како на лицето во неволја влијае ситуацијата во која тој се наоѓа.

Покрај значајноста на заземеното гледиште на другиот Batson ја нагласува и важноста на *приврзаноста* што секој од нас ја има кон одредени луѓе. Приврзаноста како општ концепт е релативно трајна предиспозиција или ориентација кон некого и може да се заснова на лични контакти и на когнитивни генерализации што произлегуваат од лични контакти, како што се на пример приврзаностите засновани на сличности. Приврзаностите варираат во поглед на интензитетот и иако се стремат да бидат реципрочни тие не мора секогаш да бидат такви.

**Внатрешна реакција**. Перцепцијата на нечија неволја во III патека не доведува до појава на лична вознемиреност (како што е тоа случај во II патека), туку до *емпатиска емоција*. Побудувањето на емпатиската

емоција е пред сè условено од заземањето на гледиштето на лицето во неволја, но таа исто така може да биде под влијание и на приврзаноста на потенцијалниот помагач со него. Колку што е приврзаноста со лицето поголема толку е поголема и веројатноста дека ќе биде заземено неговото гледиште. Ако потенцијалниот помагач го усвои гледиштето на лицето, големината на емпатиската емоција се претпоставува дека е функција на големината на перцепираната неволја и силината на приврзаноста. Значи, според Batson, за да дојде до појава на емпатиска емоција неопходно е лицето да се перцепира како лице кое се наоѓа во неволја и да се заземе неговото гледиште, а интензитетот на емпатиската емоција е определен од заедничкото влијание на големината на неволјата на лицето и степенот на приврзаноста со него.

**Мотивациска состојба**. Според емпатиско-алтруистичката хипотеза чувствувањето емпатија за лицето во неволја побудува *алтруистичка мотивација* чија големина е непосредно поврзана со интензитетот на емпатијата. Ако потенцијалниот помагач почувствува повисок степен на емпатичност кон лицето, тој ќе биде и повеќе алтруистички мотивиран да ја намали неговата неволја.

Се разбира, со намалувањето на неволјата на лицето, можно е поединецот да стекне и одередени социјални награди, да се себенагради, да избегне некоја казна или да го редуцира чувството на лична вознемиреност, ако тоа го доживеал. Таквата можност емпатиско-алтруистичката хипотеза не ја негира, но појавата на потенцијалните егоистички добивки ја третира како нус-продукт или како ненамеравам исход, бидејќи крајната цел на алтруистичката мотивација не е ползата за себе туку подобрувањето на благосостојбата на лицето кое се нашло во неволја.

Ако се погледне поврзаноста меѓу емпатијата и алтруистичката мотивација во III патека на Сликата 5, може да се заклучи дека емпатијата не само што доведува до алтруистичка мотивација, туку и дека целата мотивација побудена од неа е алтруистичка. За да ја отстрани можноста од симплифицирано и еднострано толкување на односот меѓу

емпатијата и алтруистичката мотивација Batson посочува дека III патека на Сликата 5 всушност ја претставува силната форма на емпатиско-алтруистичката хипотеза. Кај една послаба форма на оваа хипотеза, емпатиската емоција би можела да биде поврзана не само со алтруистичката туку и со егоистичката мотивација. Или како што пишува Batson: ...„со тврдењето дека емпатиската емоција ја побудува алтруистичката мотивација, и само алтруистичката мотивација, како што тоа го прави силната форма на емпатиско-алтруистичката хипотеза, не се тврди дека емпатиски побудениот поединец доживува само алтруистичка мотивација. Тој исто така може да доживее и егоистички мотиви кои повеќе произлегуваат од други извори отколку од емпатијата. Овие егоистички мотиви и алтруистичкиот мотив се претпоставува дека се различни, но само до степенот во кој целите на овие мотиви стануваат компатибилни, кога нивните големини би требало да се сумираат.“ (Batson, 1991, 88).

**Хедонистичка калкулација**. Кога големината на алтруистичката мотивација (или големината на сумираната алтруистичка и егоистичка мотивација) надмине одреден минимален праг, поединецот отпочнува со разгледувањето на постапките што можат да доведат до постигнувањето на целта (или целите). Batson претпоставува дека и алтруистички мотивираниот поединец (исто како и егоистички мотивираниот поединец) се впушта во хедонистичка калкулација за да одбере постапка која него најмалку ќе го чини. Ваквата претпоставка може на прв поглед да изгледа противречна, бидејќи целта на хедонистичката калкулација е недвосмислено егоистичка - да се подобри благосостојбата на лицето во неволја, но да се има што е можно помалку трошоци по себе. Меѓутоа, Batson не смета дека постоењето на ваквата егоистичка цел би овозможила мотивацијата за подобрување на благосостојбата на лицето да стане егоистичка. Односно, тој тврди дека постоењето на одреден егоистички мотив не мора да го негира или контаминира алтруистичкиот мотив, иако е можно таквиот мотив прилично да ја усложни врската меѓу алтруистичкиот мотив и однесувањето.

Хедонистичката калкулација во III патека е ограничена само на разгледување на постапките поврзани со личното помагање и помагањето на некој друг. Во оваа патека не се разгледуваат потенцијалните начини на бегство од ситуацијата, затоа што со бегството не може да се постигне целта на алтруистичката мотивација. Најдобар начин за постигнување на алтруистичката цел е да се преземе акција во прилог на лицето во неволја од страна на помагачот. Оваа цел може исто така да се постигне и со помагање од страна на некој друг, но таквото помагање не е толку соодветно колку што е она на самиот помагач.

**Реакција**. Во врска со однесувањето на алтруистички мотивираниот поединец се сугерира дека тој ќе му помогне на лицето во неволја ако помагањето е можно, ако релативната добивка од помагањето се перцепира како позитивна и ако таквата добивка се перцепира како попозитивна од добивката што може да се има од помагањето на некое друго лице. Од друга страна, тој сигурно нема да помогне ако оцени дека добивката е негативна (т.е. ако цената на помагањето ја надминува добивката). Во тој случај би требало да дојде до постепено намалување на интензитетот на емпатиската емоција, а со тоа и до „растопување“ на алтруистичката мотивација. Истото тоа може да се случи и тогаш кога поединецот ќе почне да ја негира неволјата на лицето и приврзаноста кон него или кога ќе ги измени факторите што доведуваат до заземање на неговото гледиште.

На крајот од овој приказ на моделот на трите патеки на егоистичката и алтруистичката мотивација за помагање би требало да се издвојат и забележат неколку нешта. Најнапред, очигледно е дека Batson своето внимание го фокусира пред сè на мотивациската основа на просоцијалното однесување и согласно со тоа се обидува да ги идентификува и разјасни соодветните механизми и процеси што се непосредно поврзани со неговото дефинирање и диференцирање на егоистичкото и алтруистичкото помагање. Општо земено, секоја од трите опишани патеки на помагањето има интуитивна смисла, секоја е сложена и внатрешно конзистента и секоја дава можност за релативно прецизни

бихевиорални предикции. Првите две патеки, определени како егоистички, Batson ги конципира врз основа на сознанијата и објаснувањата на други автори, меѓу кои како особено влијателни ги посочува трудовите на Bar-Tal (1976), Cialdini & Kenrick (1976), Hoffman (1981a, 1981b), Latané & Darley (1970), Piliavin и сор.(1981) и Schwartz, (1977). Додека, развивањето на третата патека, односно емпатиско-алтруистичката хипотеза е исцело дело на Batson и на неговите соработници.

Ако поставките на емпатиско-алтруистичката хипотеза се точни, т.е. ако помагањето на луѓето навистина може да биде алтруистички мотивирано, тогаш таквата можност би имала значајни теоретски и практични импликации. Од една страна, тоа би значело дека многубројните, а уште поточно, доминантните хедонистички коцепции за човековата природа, кои се базираат на претпоставката дека луѓето во суштина се мотивирани од сопствените интереси и дека сето она што го прават, го прават заради подобрување на себеси, би требало да се преиспитаат и коригираат. Од друга страна, ако навистина постои алтруистичко помагање и ако можат да се осознаат причините за таквото помагање, тогаш се отвораат реални можности за успешно поттикнување и развивање на човековите хумани потенцијали.

Но, се разбира, не е доволно само да се тврди дека луѓето навистина можат алтруистички да помагаат, туку тоа треба и да се докаже. Трагањето по мотивите на човековото однесување не е ни малку лесна работа. Мотивите не само што не можат директно да се набљудуваат, туку и кога луѓето самите сакаат да ги откријат и соопштат, тие не можат секогаш точно да ги идентификуваат, а понекогаш се склони и да ги искривуваат, за да се претстават во што подобро светло. Згора на тоа, во контекстот на проверката на емпатиско-алтруистичката хипотеза, покрај проблемите со детектирањето на мотивациската основа на помагањето, потребно е и недвосмислено диференцирање на мотивите како егоистички и алтруистички, што сѐ заедно ја зголемува можноста за алтернативни толкувања на нивната природа и потекло. Еден начин за намалување на таквата можност е тие да се испитуваат во

строго контролирани лабораториски услови. Токму тоа го прави Batson кога се обидува да ја провери оправданоста на емпатиско-алтруистичката хипотеза. Имено, Batson заедно со многумина свои колеги извршил повеќе експериментални истражувања во кои биле контролирани ефектите на алтруистичката и егоистичката мотивација преку манипулирање на леснотијата и тешкотијата на бегството од ситуацијата на неволја. Во овие истражувања е применет речиси идентичен експериментален нацрт кој се заснова на следното расудување:

Да претпоставиме дека набљудувачот кој се соочува со лицето во неволја доживува висок степен на лична вознемиреност, која согласно на II патека на помагањето, би требало кај него да побуди мотивација за нејзино редуцирање. Ако набљудувачот се наоѓа во ситуација од која многу тешко може да побегне, тогаш е многу веројатно дека тој за да ја намали својата вознемиреност ќе се обиде да му помогне на лицето во неволја, затоа што само така може да го отстрани изворот на вознемиреноста. Но, ако бегството од ситуацијата е лесно, тогаш тој најверојатно ќе се обиде вознемиреноста да ја намали не со помагање туку со повлекување од ситуацијата. Наспроти тоа, ако набљудувачот при соочувањето со неволјата на лицето почувствува емпатиска грижа за него, леснотијата или тешкотијата на бегството ќе биде ирелевантна, бидејќи целта на неговата мотивација е намалување на неволјата на лицето. Односно, без оглед на леснотијата и тешкотијата на бегството, набљудувачот најверојатно ќе се обиде да му помогне на лицето.

Ако ова расудување е точно и ако личната вознемиреност и емпатијата побудуваат егоистичка односно алтруистичка мотивација, тогаш многу е веројатно со варирање на бегството од ситуацијата да произлезат исходите прикажани во Табелата 1, кои Batson ги означува како „образец 1-наспроти-3“ (лична вознемиреност/лесно бегство наспроти трите други комбинации). Токму таков образец се има појавено во пет засебно спроведени истражувања на Batson и неговите колеги (Batson et al., 1981; Toi & Batson, 1982; Batson et al., 1983), во кои биле споредувани реакциите на испитаниците кои претежно доживеале лична

*Табела 1. Експерименталниот нацрт на Batson: Ефектите на емпатиската емоција и леснотијата на бегството врз помагањето*

| | Емоционална реакција | |
|---|---|---|
| **Бегство** | Лична вознемиреност | Емпатиска грижа |
| Лесно | *Бегство* | *Помагање* |
| Тешко | *Помагање* | *Помагање* |

вознемиреност или емпатиска грижа. Конзистентноста на пројавениот „образец 1-наспроти-3“ во овие истражувања станува уште повпечатлива ако се има предвид дека во нив се користени различни техники за побудување на емоционалните реакции и различни ситуации на неволја. Попрецизно, резултатите на истражувањата покажуваат дека оние испитанци кои почувствувале емпатиска грижа манифестирале висока стапка на помагање, без оглед на леснотијата или тешкотијата на бегството од ситуацијата (од 58% до 91%, или во просек 75%). Слична стапка на помагање покажале и испитаниците кои доживеале лична вознемиреност, но само во ситуациите од кои не можеле да побегнат (од 64% до 89%, или во просек 79%). Во ситуациите кога бегството било лесно изводливо, помагањето било драстично намалено (од 18% до 40%, или во просек 30%). Значи, според наодите во овие истражувања (кои во литературата обично се означуваат како рани проверки на емпатиско-алтруистичката хипотеза) изгледа прилично уверливо дека личната вознемиреност и емптиската грижа се две различни емоционални реакции и дека мотивацијата поврзана со личната вознемиреност е несомнено егоистичка. Меѓутоа, како што посочува и Batson (1991), и покрај конзистентноста на образецот, врз основа на овие истражувања сепак не може со сигурност да се заклучи дека помагањето кај емпатиски индуцираните испитаници навистина било поврзано со алтруистичката мотивација. Со други зборови, добиените резултати не ја исклучуваат

можноста од алтернативни објаснувања на евидентираната врска меѓу емпатијата и помагањето. Тоа го забележуваат и други автори, кои неверувајќи во постоењето на вистинскиот алтруизам, се обидуваат да докажат дека мотивацијата што Batson и сор. ја идентификуваат како алтруистичка всушност претставува суптилна форма на егоизам. Така, на пример, тие ја потенцираат значајноста на антиципираните социјални казни за непомагањето (Archer, 1984), негативното себеоценување (Schaller & Cialdini, 1988) и потребата за ослободување од чувството на тага (Cialdini et al. 1987), за кои сметаат дека ја придружуваат емпатиската емоција и следствено ја определуваат природата на помагањето. Меѓутоа, подоцнежните истражувања на Batson и сор. (Fultz et al., 1986; Batson et al.,1989), а исто така и на други истражувачи (Schroeder et al., 1988; Dovidio et al., 1990), во кои биле испитувани посредувачките ефекти на емпатиски-специфичните казни и награди, општо земено, обезбедуваат дополнителна емпириска евиденција дека алтруистичката мотивација навистина може да постои, односно дека сите помагања не се нужно егоистички мотивирани. Иако со овие истражувања не завршува дебатата околу прашањето за постоењето на „вистинскиот" алтруизам, врз основа на досегашната многубројна pro и kontra евиденција за емпатиско-алтруистичката хипотеза, може да се заклучи дека во одредени случаи кога луѓето доживуваат емпатиска грижа за некого во неволја можно е тие навистина да манифестираат алтруистичко мотивирано помагање.

Погоре прикажаните модели не се единствените што се сретнуваат во литературата за просоцијалното однесување. Постојат и други објаснувања од овој вид, кои се однесуваат на различни аспекти на просоцијалноста, на пример, на нејзината развојност, емпатиска заснованост и поврзаност со расположението. Некои од нив ќе бидат разгледани во следните делови на трудот, во кои ќе се анализираат ефектите на различни видови варијабли. Она што ги издвојува прикажаните модели е тоа што тие, прво, се модели кои во изминатите години го побудувале и насочувале интересот на многумина истражувачи,

а со тоа во голема мера ги определиле и подрачјата на истражувањето на просоцијалното однесување. Нивните поставки сè уште се предмет на бројни истражувања, како од авторите на моделите, така и од други истражувачи, така што тие може да се сметаат и како еден вид сврзно ткиво на многу емпириските сознанија. Второ, тоа се модели кои го опишуваат не само единечното туку и заедничкото влијание на повеќе ситуациски, когнитивни и емоционални фактори. И трето, за сите нив е карактеристична фокусираноста на процесот на одлучувањето за кој се претпоставува дека претходни на повеќето просоцијални дејствувања.

Валидноста на моделите е проверувана во повеќе наврати и генерално може да се каже дека многу емпириски наоди се согласни на нивните основни поставки. Меѓутоа, ако повнимателно се разгледаат моделите може да се забележи дека тие сепак не се лишени од одредени недоследности и противречности. Имено, процесот на одлучувањето што е опишан во нив, без оглед на меѓусебните разлики, интуитивно е логичен и прифатлив, но тој е повеќе претпоставен отколку емпириски потврден. За него се заклучува пред сè врз основа на варијаблите и однесувањата што се подложни на опсервација. Потоа, фокусираноста на процесот на одлучувањето доведува до идентификација на повеќе инхибиторни услови на помагањето, што според оценката на некои автори (на пр. Krebs & Miller, 1985) моделите ги прави повеќе ориентирани кон одговорот на прашањето зошто не им се помага на луѓето во неволја. При разгледувањето на повеќекратната условеност на помагањето, моделите меѓусебно се разликуваат во однос на примарноста што им се дава на одделни фактори. Така, во моделот на Latané & Darley, се потенцира значајноста на ситуациските фактори, во моделот на Piliavin и сор. клучна улога има возбудувањето и анализата на трошоците и добивките, во моделот на Schwartz & Howard интернализираните морални вредности, додека во емпатиско-алтруистичката хипотеза на Batson нагласката се става на мотивацијата за помагање. Исто така, моделите, општо земено, се разликуваат и во поглед на нивната применливост. Моделите на Latané & Darley и Piliavin и сор. се повеќе соодветни за објаснување на

спонатното помагање, додека моделите на Schwartz & Howard и Batson можат да послужат како корисно концептуално средство за објаснување и на неспонтното помагање.

Кога станува збор пак за степенот на нивната сеопфатност и објаснувачка моќ, моделите, како засебно, така и заедно, со самото тоа што опфаќаат ефекти на повеќе релевантни варијабли одат чекор понатаму од општите теоретски пристапи. Меѓутоа, и тие имаат лимитирани можности. Нивната објаснувачка моќ е ограничена само на одредени делови од „мозаикот“ на просоцијалното однесување. Или како што пишува Eisenberg, „процесите поврзани со просоцијалното дејствување - од првиот чекор на забележувањето на нечија неволја до самата акција и нејзините консеквенци - се толку комплексни и варијабилни што ниеден модел не го опишува, или веројатно и не може да го опише, целиот феномен“ (Eisenberg, 1986, 188). Што значи, малку е веројатно да се очекува дека со еден модел би можела да се опфати сета сложеност на просоцијалното однесување во сите околности и дека во него би можеле да бидат инкорпорирани повеќето релевантни емпириски сознанија и теоретски концептуализации.

Анализата на моделите открива дека вон нивните рамки остануваат одреден број варијабли за кои има и теоретски согледувања и емпириски потврди дека значајно придонесуваат во определувањето на просоцијалното однесување. Така на пример, моделите не ги разгледуваат ефектите на биолошките фактори, иако тие може да влијаат на емпатиската способност и способноста за заземање туѓо гледиште. Потоа, во нив релативно малку се земаат предвид ефектите на социјализациските искуства и атрибуциските процеси. Исто така, не се посветува многу внимание на значајноста на индивидуалните разлики, т.е. на диспозициските основи на просоцијалното однесување. Тоа особено се однесува на моделот на Latané & Darley и емпатиско-алтруистичката хипотеза на Batson (иако Batson ја остава отворена можноста алтруистичката мотивација да произлегува и од некои лични карактеристики, а не само од емпатиската емоција). Додека, во моделите

на Schwartz & Howard и Piliavin и сор. за ефектите на индивидуалните карактеристики се говори само како за посредни ефекти или за ефекти кои се обусловени од други фактори.

Сепак, овие модели заедно со општите теоретски пристапи, без оглед на нивните лимитирани можности за сеопфатни објаснувања и разликите во поглед на дадената приоритетност на одредени фактори и степенот на нивната меѓусебна кохерентност, даваат значаен придонес во разјаснувањето на природата на просоцијалното однесување и претставуваат валидна концептуална рамка за многу емпириски проучувања на овој сложен феномен. Несомнено, во рамките на теоретските пристапи, а уште повеќе во емпириските истражувања се идентификувани мноштво фактори кои влијаат на појавата и обликувањето на просоцијалното однесување. За да може да се стекне поцелосен и попродлабочен увид во повеќекратната условеност на просоцијалното однесување неопходно е да се разгледаат сознанијата за ефектите на повеќе единечни фактори. Затоа, на следните страници следува уште поспецифична анализа на детерминираноста на просоцијалното однесување, преку соопштување на бројни сознанија за влијанијата на различни варијабли, кои се класифицирани како социјални и ситуациски влијанија, емоционални и когнитивни фактори и персонални корелати на просоцијалното однесување. Се разбира, согласно со темата на овој труд, најголемо внимание ќе биде посветено на сознанијата за персоналните корелати на просоцијалното однесување.

# СОЦИЈАЛНИТЕ И СИТУАЦИСКИТЕ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Просоцијалното однесување, како и секое социјално однесување е исход на помалку или повеќе сложена интеракција на мноштво фактори, меѓу кои, според досегашните сознанија, како особено влијателни врз неговата појава и развој може да се издвојат социјализациските искуства и особеностите на ситуацијата во која тоа се врши. Општо земено, значајноста на социјалните и ситуациските влијанија произлегува од фактот што од една страна, иако може со сигурност да се претпостави дека сите луѓе поседуваат потенцијал за стекнување на просоцијално однесување, самото однесување, т.е. начините на неговото манифестирање, нивната  фреквентност и ситуациска соодветност мора најпрво да се научат. Додека, од друга страна, јасно е дека научените просоцијални постапки не се манифестираат секогаш и во сите ситуации, т.е нивната актуелизација често е условена од особеностите на самата ситуација.

Ако се има предвид дека просоцијалното однесување се учи во односите со другите луѓе и е дел од многуте искуства што се стекнуваат во процесот на социјализацијата, тогаш секое настојување за осознавање и разбирање на неговата природа нужно се соочува и со прашањата, како луѓето го стекнуваат тоа однесување и дали и на кој начин општествата во кои тие егзистираат него го поттикнуваат. Прашањето за **начинот на учењето** на просоцијалните постапки е веќе разгледано во рамките на теоријата на социјалното учење, така што во овој контекст се чини неопходно, како потсетување, да се издвојат само неколку основни сознанија. Имено, според согледувањата и наодите на многумина истражувачи на детското просоцијално однесување, може да се заклучи дека при усвојувањето на овој вид однесување особено значајна улога има *поткрепувањето, моделирањето и советувањето.* Поточно, истражувањата покажуваат дека значајни позитивни ефекти се

постигнуваат во случаите кога детските просоцијални постаки се поткрепуваат со наградување, кога децата опсервираат просоцијални модели и кога се подучуваат за општото значење и вредноста на помагањето на другите. Покрај тоа, утврдено е дека овие ефекти се разликуваат во однос на времетраењето и можноста за нивно рефлектирање во различни просоцијални контексти. Што значи, стекнувањето на просоцијалните постапки не се врши само преку еден облик на учење, туку како и во случајот со повеќето други социјални однесувања, тоа претпоставува активирање на различни процеси на учење кои често може да резултираат со комплементарни ефекти.

Првите просоцијални искуства несомнено се стекнуваат во семејната средина, во чии рамки родителите обично се обидуваат да ги научат своите деца просоцијално да се однесуваат преку пофалување и одобрување на дарежливоста и казнување на себичноста и несоработливоста. Тие исто така со нив разговараат и им ги објаснуваат правилата и стандардите на просоцијалното однесување. Но, не ретко детските просоцијални постапки и мотивации се продукт и на посуптилни процеси, како што се имитацијата и идентификацијата, така што тие може да се појават сосема спонтано, без непосредно подучување или наградување. Покрај поткрепувањето, моделирањето и подучувањето, во семејната средина, според Eisenberg & Mussen (1989), развојот на детските просоцијални тенденции е определен и од природата на семејното милје, од квалитетот на односите родител - дете и од специфичните техники на воспитување. Така, на пример, се сугерира дека манифестирањето на раната мајчинска топлина, осетливост и реактивност придонесува за развојот на грижата за другите. Исто така, се смета дека раното преземање на одговорноста за другите може да го поттикне развојот на детските просоцијални тенденции. Родителските притисоци врз децата да се однесуваат како возрасните, вклучувајќи и вршење домашни работи соодветни на нивните способности, се поврзани со претшколските манифестации на социјалната одговорност, алтруизмот и грижата за другите (Baumrind, 1971, 1988, според Eisenberg & Mussen 1989). Значајноста

на раното преземање на одговорноста е потврдена и во истражувањата извршени во различни култури. Децата израснати во култури во кои им се доделуваат одговорности за водење грижа за помладите браќа и сестри или за работата на семејната економија, повеќе помагаат и ги поддржуваат врсниците и членовите на семејството, отколку децата кои израснале во поинакви култури (Whiting & Whiting, 1975, според Eisenberg & Mussen, 1989). Се разбира, поттикнувањето и развојот на просоцијалното однесување не се врши само во семејната средина, туку тоа е поврзано и со влијанието на другите агенси на социјализацијата, како што се врсниците, училиштето и медиумите. Значајноста на учењето на просоцијалното однесување што се остварува низ процесот на социјализацијата се огледа и во фактот што, општо земено, просоцијалното однесување се зголемува со возраста, иако таквото зголемување не се должи само на учењето, туку и на развојот на когнитивните и емпатиските потенцијали.

Кога станува збор, пак, за влијанието на пошироката општествена средина врз просоцијалното однесување, обично тоа влијание се поврзува со **социјалните норми** што постојат во дадено општество. Социјалните норми, како општо пропишани и прифатени стандарди или правила на однесување, ја определуваат соодветноста на постапките и упатуваат на тоа што би требало да се направи во определена ситуација. Тие, всушност, се научени стандарди на однесување од она што го прават и говорат другите луѓе во општеството и како такви се следени со очекувања на социјални награди и казни. Непридржувањето до социјалните норми може да предизвика доживување на непријатни чувства и осуда од страна на другите, така што тие претставуваат и еден вид мотивациски механизми што поттикнуваат на однесувања кои не би требало да отстапуваат од она што тие го пропишуваат. Согласно на тоа, се претпоставува дека и просоцијалното однесување е функција на притисокот за практикување на општествено пропишаните однесувања кои се поткрепуваат со социјални санкции и награди.

Во досегашните истражувања се идентифкикувани три вида социјални норми кои се непосредно поврзани со просоцијалното однесување: нормата на реципрочноста, нормата на социјалната одговорност и нормите на праведеноста. Поради тоа што за значајноста на ефектите на нормите на праведноста е веќе говорено во рамките на теоријата на праведноста, овде ќе бидат разгледани само ефектите на првите две посочени норми.

*Нормата на реципрочноста.* Оваа норма пропишува дека луѓето би требало да им помогаат и да не ги повредуваат оние кои порано ним им помогнале. Социологот Gouldner (1960) тврди дека нормата на реципрочноста е универзална норма, затоа што нема општество во кое не постои некоја форма на реципрочност. Во прилог на нејзината универзалност говорат и претходно изложените согледувања на социобиолозите, според кои реципрочноста е дури и биолошки заснована. Во некои општества нормата се јавува во „послаба" верзија и таа упатува само на неповредување на оние кои ни помогнале, додека во други општества постои „посилна" верзија која пропишува дека треба и да им се возраќа на сите оние кои ни помогнале. Според Gouldner, нормата на реципрочноста, особено нејзината посилна верзија, служи за заштита на слабите и помалку моќните преку минимизирање на степенот на нивното можно експлоатирање. Кога моќните лица ќе бидат помогнати од некој кој е очигледно социјално послаб од нив, нормата ги прави нив обврзни да ја возвратат помошта, со што се намалува можноста тие да ја злоупотребуваат својата моќ. Значи, оваа норма има пошироко општествено значење, затоа што поттикнува на остварување и одржување на стабилни односи меѓу луѓето (Лазароски, 1997).

Во повеќе социјално-психолошки и антрополошки студии е утврдено дека младите и возрасните од различни култури се однесуваат согласно на нормата на реципрочноста (Krebs & Miller, 1985). Луѓето обично ја возраќаат помошта што претходно им била дадена. Ова е особено забележливо кога лицето очекува повторно да го сретне помагачот (Carnevale и сор.1982, според Schroeder и сор. 1995), иако тоа се случува и

тогаш кога се нема очекување за идна интеракција (Goranson & Berkowitz, 1966, според Schroeder et al., 1995). Исто така, ако му се помогне некому повеќе, тогаш и тој подоцна ќе настојува повеќе ќе помогне (Kahn & Tice, 1973, според Schroeder et al., 1995). Оваа норма нѐ прави да се чувствуваме непријатно, ако не можеме да го возвратиме она што сме го добиле (Bar-Tal, 1976, според Brehm & Kassin, 1993). Возвраќањето на помошта особено доаѓа до израз во случаите кога првичното помагање се прави доброволно (Gross & Latané, 1974, според Brehm & Kassin, 1993).

Но, и покрај широката применливост и распространетост, нормата на реципрочноста не доаѓа до израз во сите просоцијални однесувања. Нејзината ограниченост ја сугерира и Gouldner со тврдењето дека таа не би можела да се примени во ситуациите кога оној што ја прима помошта е прилично зависен од другите, на пример, ако е тој многу млад, болен или стар, бидејќи малку е веројатно дека тој би можел да ја возврати помошта. Во ситуациите на зависност, според Berkowitz (1972), доаѓа до израз друг вид социјална норма, нормата на социјалната одговорност.

*Нормата на социјалната одговорност.* Според оваа социјална норма, луѓето би требало да им помагаат на оние кои зависат од нивната помош. Ефектите на нормата на социјалната одговорност врз просоцијалното однесување се евидентирани во низа експериментални истражувања на Berkowitz и неговите соработници, во кои била применета парадигмата на односот надзорник - работник. Во овие истражувања, испитаниците (студенти) биле инструирани да веруваат дека работат под раководство на свој колега, чија вештина на раководење била предмет на оценување. Притоа, тие биле поттикнувани и да веруваат дека оценката на колегата за неговото раководење зависи од степенот на нивното ангажирање при извршувањето на задачата. Наодите во вака конципираните истражувања покажуваат дека, општо земено, испитаниците повеќе му помагале на колегата-раководител кога тој бил повеќе зависен од нив, односно тие вложувале поголем напор кога верувале дека успехот што ќе го постигне колегата многу ќе зависи од нивната работа. Покрај тоа, утврдено е дека испитаниците

манифестирале социјално одговорно однесување дури и во случаите кога нивното ангажирање било анонимно и кога верувале дека резултатите од нивната работа ќе бидат обелоденети по неколку месеци. Интересно е да се спомене дека кога подоцна од испитаниците било побарано да објаснат зошто работеле толку напорно за некој друг, тие обично одговарале дека го правеле она што било соодветно во дадената ситуација - колегата-раководител имал потреба од нивната помош и правилно било тие нему да му помогнат. Исто така, многумина од нив изјавиле дека и другите би го очекувале нивното напорно работење затоа што колегата навистина зависел од нивната помош. Ако се имаат предвид ваквите наоди, тогаш со нормата на социјалната одговорност може прилично убедливо да се објасни зошто им помагаат луѓето на физички хендикепираните лица и на лицата кои имаат сериозна потреба од помош.

Меѓутоа, и покрај емпириската евиденција за поврзаноста меѓу нормата на социјалната одговорност и помагањето, се чини дека подготвеноста на луѓето да им помагаат на оние кои зависат од нив, сепак, има свои ограничувања. Berkowitz (1972) предупредува дека оваа норма не може секогаш да се рефлектира во однесувањето. Нејзината бихевиорална манифестација зависи од повеќе фактори: од психолошката состојба на лицето кое помага; од врската меѓу лицето кое помага и лицето на кое му се помага; од контекстот во кој тие се наоѓаат; и од влијанието на другите лица. За ограниченоста на примената на нормата на социјалната одговорност говори и претходно изложеното атрибуциско објаснување на помагањето од страна на Weiner. Имено, според Weiner, реакциите на луѓето на нечија неволја прилично варираат во зависност од тоа дали ја припишуваат причината за неволјата на нешто што лицето можело да го контролира или на нешто што било надвор од негова контрола. На пример, во едно испитување Weiner и сор. (1988) откриле дека студентите помалку сочувствувале и помалку биле подготвени да му помогнат на лицето заболено од AIDS кога тоа се заразило преку сексуален контакт, отколку во случајот кога тоа се

заразило со трансфузија на крв. Во друго истражување, пак, е утврдено дека луѓето помалку се подготвени да им помогнат на другите кога тие самите се доведуваат во ситуација на зависност (Frey & Gaertner, 1986).

Нормата на социјалната одговорност, нормата на реципрочноста и нормите на праведноста се навистина моќни норми кои можат прилично да влијаат на чувствата и постапките на луѓето. Но, тие сепак не се семоќни. И покрај тоа што луѓето се свесни за нив, тие не се однесуваат секогаш согласно на она што го пропишуваат нормите, односно луѓето не им помагаат секогаш на оние кои се нашле во неволја. Според наодите во досегашните истражувања, може да се заклучи дека луѓето се придржуваат до овие норми само во одредени околности. Причината за тоа најверојатно лежи во фактот што фреквентноста на нормативното однесување е честопати условена од мноштво ситуациски варијабли и што тие се толку општи правила на однесување што на луѓето не им е секогаш јасно кога нив да ги применуваат.[6]

Појавата на просоцијалното однесување не е условена само од видот и бројноста на просоцијалните социјализациски искуства, туку и од особеностите на самата **ситуација** во која се врши или би требало да се врши тоа однесување. Ако се суди според бројот на истражувањата во кои предмет на испитување биле ситуациските одредници на просоцијалното однесување, тогаш со сигурност може да се рече дека истражувачите далеку поголемо внимание посветувале на нив отколку на индивидуалните фактори. Ова особено се однесува на истражувањата во 70-тите години, кога многумина истражувачи поттикнати од пионерската истражувачката програма на Latané & Darley се обидувале што попрецизно да ги испитаат факторите што го инхибираат и поттикнуваат помагањето. Во овие, а исто така и во подоцнежните истражувања, се идентификувани

[6] Општоста на социјалните норми е една од причините што Schwartz & Howard, авторите на моделот на вредносно-заснованото одлучување, актуализацијата на просоцијалните пос-тапки не ја поврзуваат со социјалните туку со *личните* норми. Според нив, малку е веро-јатно дека социјалните норми, како општи одредници, на однесувањето можат да претставуваат корисно концептуално средство за објаснување на помагањето во кон-кретни ситуации. За да може да се разбере и да се предвиди како одредено лице ќе се однесува во дадена ситуација многу е поважно да се осознаат неговите лични норми, кои тие ги определуваат како ситуациски поврзани чувства на морална обврска за презема-ње или непреземање на определена просоцијална акција.

и потврдени влијанијата на повеќе ситуациски фактори врз просоцијалното однесување.

Еден од најчесто испитуваните проблеми во ситуациски ориентираните истражувања е дали има *присуството на другите луѓе*, особено во ситуацииите кои се карактеризираат со итност или ризичност, поттикнувачко или инхибиторно влијание врз просоцијалното однесување. Значајноста на присуството на другите е идентификувана во повеќе истражувања спроведени од Latané & Darley, а исто така и од други истражувачи, во кои е недвосмислено утврдено дека очевидецот на некоја неволја многу повеќе помага или се одлучува да помогне кога самиот се соочува со неволјата отколку кога неа ја посматра заедно со други луѓе. Како илустрација на инхибиторниот ефект на присуството на другите луѓе, кој често се означува и како *ефект на очевидецот*, можат да се наведат повеќе наоди, меѓу кои како посебно индикативни би можеле да се издвојат резултатите до кои дошле Darley & Latané (1968) во еден од нивните познати експерименти, работно насловен како „Епилептичен напад". Во овој експеримент Darley & Latané ја проверувале претпоставката дека со зголемувањето на бројот на очевидците на некоја неволја, ќе се намали веројатноста и ќе се зголеми бавноста на интервенирањето на очевидецот. Испитаниците (59 студентки и 13 студенти) кои тие ги поканиле да учествуваат во „дискусија" за тешкотиите на животот во урбани средини, биле распределени во три експериментални групи: во првата група учествувале испитаникот и лицето-идна жртва; во втората, испитаникот, лицето-идна жртва и уште едно лице; и во третата, испитаникот, лицето-идна жртва и уште други четири лица. За да биде „повпечатлива" значајноста на темата за дискусија, секој од испитаниците бил сместуван во засебна просторија, така што дискусијата се одвивала преку интерфон и сите можеле да го слушнат излагањето на секого. Во секоја дискусија, најпрво земало збор лицето-идна жртва (всушност соработник на истражувачот), кое говорејќи за тешкотиите на урбаното живеење, меѓу другото, посочувало дека откако дошло да живее во градот и напорно да работи кај него се јавила склоност кон некој вид

епилептичен напад. Потоа, во дискусијата се вклучувал испитаникот, односно другите лица, зависно од експерименталната ситуација. По неколку излагања, соработникот на истражувачот повторно земал збор и во текот на дискусијата започнувал прилично убедливо да симулира дека доживува епилептичен напад. По така симулираниот напад, било бележено колку од испитаниците, во секоја од групите, се обидувале да интервенираат и со каква брзина го правеле тоа. Според тоа, независна варијабла, во овој експеримент, преставувала бројот на присутните лица, а зависна, бројот на испитаниците кој се обиделе да интервенираат и да му помогнат на соговорникот за кој верувале дека доживува епилептичен напад и брзината на нивното реагирање. Добиените резултати во голема мерка го потврдиле она што Darley & Latané го претпоставиле. Имено, 85% од испитаниците кои мислеле дека само тие знаат дека лицето е во неволја се обиделе да интервенираат и тоа го направиле во првите 52 секунди откако слушнале дека лицето има напад. Во ситуацијата во која покрај испитаникот и жртвата се наоѓало уште едно лице интервенирале 62% од испитаниците, за време од 93 секунди. Додека, убедливо најмал број интервенции се случиле во ситуацијата кога во „дискусијата“ покрај испитаникот и жртвата учествувале и четири други лица. Во оваа ситуација интервенирале само 31% од испитаниците и тоа за време од 166 секунди. Причините за појавата на ефектот на очевидецот во ова, а исто така и во многу други слични истражувања, Latané & Darley не ги лоцираат во нечувствителноста и апатичноста на луѓето, туку во оценката на ситуацијата како помалку сериозна отколку што навистина е, во стравот да не се преземе нешто што може да биде оценето како несоодветно и неразумно и во расплинувањето на одговорноста. Значајноста на ефектот на очевидецот е прилично убедливо потврдена и со прегледната статија на Latané и сор. (1981), во која биле анализирани околу педесетина објавени и необјавени студии во кои учествувале преку 5000 лица, кои биле соочувани со можноста да му помогнат некому или сами или во присуство на други. Оваа анализа покажала дека, со мали исклучоци, во различни теренски и лабораториски ситуации било евидентирано дека

лицата соочени со ненадејна неволја значајно помалку помагале кога навистина биле присутни други лица или кога верувале дека тие се присутни. Но, и покрај ваквата евиденција, погрешно би било да се заклучи дека присуството на другите секогаш го инхибира помагањето во итни или ризични ситуации. Многу често во такви ситуации клучен фактор при одлучувањето дали да се помогне или не може да биде она што го зборуваат и прават другите присутни. Ако се однесуваат другите очевидци спокојно и незаинтересирано тогаш веројатно и очевидецот ситуацијата ќе ја третира како неургентна и нема да се впушти во помагање, но ако алармираат другите дека ситуацијата е сериозна тогаш се зголемува и веројатноста за помагање. Освен тоа, како што утврдиле Solomon и сор. (1978) ефектот на очевидецот многу повеќе доаѓа до израз во оние ситуации кога лицата само го слушаат звукот на неволјата, отколку во ситуациите во кои тие не само што слушаат туку и со свои очи гледаат што и се случува на жртвата. Исто така, Clark & Word (1972) откриле дека во ситуациите кога испитаниците се соочувале со очигледна и недвосмислена неволја не постоела разлика во нивното помагање, без оглед дали биле тие сами или биле во група со други лица. И во едниот и во другиот случај тие стопроцентно и помогнале на жртвата. Но, во оние случаи кога тие биле соочени со двосмислена неволја, нивното помагање било помало кога биле во група со други лица отколку кога биле сами.

Ваквите наоди, меѓу другото, упатуваат и на значајноста на друг ситуациски фактор кој, исто така, може да има влијание врз одлуката дали да се помогне или не во дадена ситуација, а тоа е *јасноста и истакнатоста на неволјата.* Многумина автори сметаат дека со намалувањето на двосмисленоста на неволјата и ситуацијата во која таа се јавува се зголемува веројатноста на помагањето. Во прилог на тоа, покрај гореспоменатите наоди, говорат и наодите: на Piliavin & Piliavin (1972) дека во итни или ризични ситуации повеќе се помага во случајот кога постои поголема визуелна блискост меѓу очевидецот и лицето во неволја; на Schwartz (1970) дека експлицитното објаснување на потребите на заболените лица за трансплантација на коскена срж доведува до

повисока стапка на доброволно дарување на срјта; и на Yakimovich & Saltz (1971) кои откриле дека бројот на испитаниците кои дошле да му помогнат на лицето кое „паднало" од скала бил значително поголем во случајот кога тоа плачејќи повикувало на помош. Ако се соочува очевидецот со двосмислена неволја, се зголемува и можноста за различно интерпретирање на знаците на неволјата. Лицето кое лежи на улица може да биде видено како скитник или пијаница, дури и во случај кога тоа претрпело сериозна физичка болка (Staub, 1974). Нагласувањето на значајноста на овој ситуациски фактор кореспондира со диференцијацијата на ситуациите како „силни" и „слаби" предложена од Snyder & Ickes (1985). Според овие автори, ситуациите се силни кога обезбедуваат истакнати знаци за водење на однесувањето и кога се во голема мерка структурирани и дефинирани. Силните ситуации предизвикуваат релативно униформни реакции кај лицата кои се соочуваат со нив. Додека, слабите ситуации се карактеризираат со двосмисленост и неструктурираност и не поседуваат истакнати знаци, така што тие често предизвикуваат различни реакции кај различни луѓе.

Помагањето некому може да зависи и од *природата* и *степенот* на потребата од помош. Со зголемувањето на потребата од помош се зголемува и можноста кај потенцијалниот помагач да се активираат повеќе мотиви што поттикнуваат на просоцијално однесување. Социјалните норми, а исто така и личните вредности што пропишуваат на помагање, веројатно се поимперативни кога потребата од помош е поголема. Staub (1974), проверувајќи ја зависноста на помагањето од природата и степенот на потребата од помош, утврдил дека на лицето кое имало поголеми здравствени проблеми со нозете (не можело да стане) почесто му било помагано од страна на луѓето кои минувале покрај него отколку на лицето кое имало помали тешкотии (отежнато одење). Но, според дополнителните наоди на Staub, позитивната поврзаност меѓу степенот на неволјата и помагањето изгледа има свои лимити, така што не би требало да се очекува дека таа секогаш може да дојде до израз. Понекогаш се случува луѓето помалку да помагаат кога се соочуваат со

посериозни неволји, затоа што веројатно оценуваат дека тоа може нив многу да ги чини, т.е да бара вложување на посебен напор и висок степен на жртвување. Резултатите на истражувањата на Staub, исто така, покажуваат дека помагањето може да биде значајно поврзано и со *леснотијата,* односно *тешкотијата на бегството* од ситуацијата во која се јавува неволјата. Имено, тој открил дека фреквентноста на помагањето на минувачите кои се соочувале со лицето кое имало здравствени проблеми, значајно варирала во зависност од тоа дали можеле тие лесно или тешко да ја избегнат средбата со него. Оние минувачи што се движеле по истата пешачка патека на која се наоѓало и лицето во неволја многу почесто нему му помагале, отколку минувачите кои исто така ја забележувале неговата неволја, но се наоѓале на спротивната страна на улицата. Значи, според овие наоди, помагањето некому може многу повеќе да се очекува во ситуациите кога се намалува можноста за избегнување на неговата неволја. Тоа е можеби и основната причина за високиот степен на помагањето евидентиран во истражувањето на Piliavin и сор. (1969), спроведено во вагоните на подземната железница во Њујорк. Во ова истражување било утврдено дека патниците, без оглед на нивната бројност, во повеќе од 95% случаи му помогнале на лицето со „очигледни знаци на болест", а истото тоа го сториле дури и во 50% случаи кога биле изложувани на лице кое било во „алкохолизирана состојба". (Евидентираната разлика во стапката на помагањето на „болното" и „алкохолизираното" лице јасно укажува дека и самата природа на неволјата може да има влијание врз одлуката дали да се помогне или не.). Колку може да биде значајна лесностијата, односно тешкотијата на бегството од неволјата говори и фактот што Batson неа ја користи како клучна ситуациска варијабла во доказната постапка за постоењето на алтруистички мотивираното однесување.

Истражувањата покажуваат дека во одредени околности помагањето може да биде поврзано и со *полот* и *атрактивноста* на лицата кои имаат потреба од помош. Оваа поврзаност претежно доаѓа до израз во ситуациите кога лицата кои се наоѓаат во можност да помогнат се од

машки, а лицата на кои им е потребна помош од женски пол. На пример, во неколку теренски експерименти е утврдено дека на жените многу почесто им се нуди и дава помош отколку на мажите кога нивниот автомобил се наоѓа во дефект (Pomazal & Clore, 1973; Pener, Dertke, Achenbach, 1973; West, Whitney & Schnedler, 1975; според Myers, 1983). Исто така, Myers посочува дека Pomazal & Clore во еден од своите експерименти откриле дека многу почесто им била нудена помош на сами автостоперки, отколку на сами автостопери или на парови автостопери. Причините за ваквите разлики веројатно треба да се бараат во стереотипизираните оценки на жените како помалку силни и способни за справување со механички дефекти, а можно е тие да произлегуваат и од мотиви кои не се одраз само на кавалерството. Таквата можност ја поткрепуваат наодите дека мажите многу почесто им помагаат на атрактивните жени отколку на жените кои ги перцепираат како неатрактивни.

Кога луѓето *брзаат* некаде и имаат малку време на располагање, логично е да се претпостави дека тие би биле помалку подготвени за помагање отколку во случаите кога не се наоѓаат во временски теснец. Најзначајната емпириска потврда на оваа здраворазумска претпоставка произлегува од истражувањето на Darley & Batson (1973), во кое е утврдено дека стапката на помагањето на лицето во неволја соодветствувала на степенот на брзањето на испитаниците. Darley & Batson, за да проверат дали и колку може степенот на брзањето да влијае на помагањето, своите испитаници (студенти по теологија) ги подложиле на следната експериментална постапка: На почетокот, на испитаниците им била дадена задача да прочитаат одреден текст, при што половина од нив читале текст за можностите за вработување, а останатите ја читале параболата за Добриот самарјанин. По читањето на текстот, од нив било побарано да отидат до соседната зграда каде што требало да се сними нивното излагање во врска со прочитаниот текст. Непосредно пред тргнувањето ним им било кажувано: или дека треба веднаш да заминат бидејќи веќе доцнат за снимање (висок степен на брзање); или дека е сè

подготвено за снимање и треба директно таму да одат (среден степен на брзање); или дека имаат доволно време за да појдат таму, но не треба многу долго да чекаат (низок степен на брзање). Пред влегувањето во соседната зграда, секој испитаник на самиот влез наидувал на лице кое имало здравствени проблеми и на кое недвосмислено требало да му се помогне. Darley & Batson го набљудувале однесувањето на испитаниците и бележеле кој од нив застанувал и се обидувал да и помогне на жртвата. Добиените резултати во вака структурираниот експеримент покажале дека и покрај тоа што биле варирани и други фактори (религиската ориентација, содржината на текстот) помагањето било поврзано само со степенот на брзањето на испитаниците. Најчесто помагале испитаниците кои малку брзале - 63%, потоа оние кои средно брзале - 45%, а најретко, испитаниците кои многу брзале, само 10% од нив се обиделе да и помогнат на жртвата. Интересно е да се спомене дека неколкумина од испитаниците кои мислеле дека веќе доцнат, не само што не и помогнале на жртвата, туку тие неа и ја пречекорувале. Врз основа на исказите што на крајот од експериментот ги дале испитаниците кои не и помогнале на жртвата во ситуацијата на висок степен на брзање, било утврдено дека некои од нив не помогнале затоа што едноставно се брзале, додека други затоа што чувствувале потреба да му помогнат на експериментаторот кој зависел од нивната брзина за стигнување до одреденото место. Согласно на тоа, Darley & Batson заклучиле дека нивното непомагање било условено не само од брзањето туку и од доживеаниот конфликт да се запре или да се продолжи понатаму за да му се помогне на експериментаорот. Кога луѓето брзаат некаде, тие често брзаат затоа што некој друг зависи од нивното присуство.

При разгледувањето на социјалните и ситуациските влијанија врз просоцијалното однесување неодминливо се наметнува и прашањето дали има *живеењето во урбани и рурални средини* различни ефекти во однос на подготвеноста, видот и степенот на меѓусебното помагање на луѓето. Ако при одговорот на ова прашање се потпреме на мислењата на луѓето, тогаш изгледа многу веројатно дека нивниот одговор е повеќе

потврден отколку негативен. Не само спорадичните согледувања, туку и емпириските истражувања упатуваат на заклучокот дека кај луѓето преовладува мислењето дека жителите во урбаните центри за разлика од жителите во руралните средини се помалку љубезни и пријателски расположени кон другите, и се понедоверливи и помалку подготвени за помагање (Schneider & Mockus, 1974; Krupat & Guild, 1980; според Levine et al., 1994). Ова мислење го поткрепуваат и согледувањата на многумина теоретичари од Wirth (1938) и Simmel (1950) до Milgram (1970) кои жителите на градовите ги опишуваат како алиенирани, резервирани, нереактивни и како лица кои малку помагаат. Milgram, на пример, објаснувањето на животот во урбаните средини го заснива на концептот на *преоптовареноста*, според кој со зголемувањето на сложеноста на околината (урбанизацијата) во одреден момент доаѓа до надминување на индивидуалните капацитети за успешна обработка на срединските импути и барања. Живеејќи во такви средински околности поединецот постепено развива адаптивни и економични реакции за да може што поефикасно да се справува со прекумерната стимулација. Таквите реакции, општо земено, имаат одбранбена функција и негативно влијаат врз квалитетот на социјалните интеракции во урбаните центри. На пример: луѓето одвојуваат помалку време за социјалните импути (лица или ситуации); тие се склони кон занемарување на помалку приоритетните импути (непознати, пијани, сиромашни и постари лица); поизразено ги исцртуваат границите на сопствената социјална или морална одговорност за другите; и развиваат начини за филтрирање или попречување на помалку приоритетните импути. Следствено, со текот на времето, лицата кои живеат во такви средини стануваат помалку внимателни или осетливи кон другите и на нивните потреби. Ваквото расудување на Milgram недвосмислено ја имлицира претпоставката дека помагањето во урбаните центри би требало поретко да се манифестира отколку во руралните средини. Оваа претпоставка била предмет на проверка во многу истражувања чии резултати не се сосема еднозначни. Со примена на мета-аналитичка постапка на 65 извршени истражувања е откриено

дека во 46 од нив е евидентирано поголемо помагање во помалите места на живеење, во 9 од нив се соопштува дека повеќе се помагало во поголемите отколку во помалите места, а во 10 истражувања не се пронајдени значајни разлики (Steblay, 1987). Причината за противречните наоди во овие истражувања, според Amato (1983), треба да се бара во повеќе нивни методолошки недоследности поврзани со: а) изборот на испитаниците; б) изборот на просоцијалните однесувања; в) невклучувањето на градови со средна големина; г) користењето на големината на градовите како единствен критериум на урбанизмот; и д) невклучувањето на мерки за карактеристиките на популацијата. Во едно неодамна спроведено истражување на Levine и сор. (1994) е направен обид што е можно повеќе да се отстранат ваквите недоследности, при што предмет на испитување биле шест вида просоцијални постапки ( помагање на лице со повредена нога, помагање на слепо лице, раситнување пари, враќање на изгубено пенкало, враќање на изгубено писмо и давање придонеси) во 36 градови од различни региони во САД. Во истражувањето, исто така, била проверувана поврзаноста меѓу просоцијалните постапки и одредени демографски, социјални, средински и економски карактеристики на местата на живеење, кои биле класифицирани како мали, средни и големи градови. Резултатите на ова истражување покажуваат дека, согласно на повеќето претходни наоди, големината на популацијата била негативно поврзана со општата манифестираност на испитуваните просоцијални постапки. Меѓутоа, како далеку посилен и подоследен предиктор на манифестираноста на просоцијалното однесување се покажала густината на населението. Исто така, утврдена е тенденција на негативна поврзаност меѓу просоцијалното однесување и стапката на криминалитетот и проблематичноста на живеењето во одредени средини.

Значи, според гореизложените сознанија, очигледно е дека на просоцијалното однесување може значајно да влијаат мноштво ситуациски фактори кои, некогаш повеќе, а некогаш помалку, придонесуваат за неговата актуелизација. Ситуациските фактори можат

да бидат добри предиктори на веројатноста на појавата на просоцијалното однесување и тоа особено на она однесување што се јавува во т.н. „силни ситуации". Но, при оценката на нивната делотворност не треба да се изуми фактот дека кога поединецот се соочува со нечија неволја, како тој ќе се однесува, т.е. дали ќе се воздржи од преземање на каква било акција, дали ќе ја напушти ситуацијата или, пак, ќе се обиде да помогне, сепак, зависи пред сè од него. Односно, ситуациските влијанија речиси секогаш се посредувани од начинот на перцепирањето и интерпретирањето на знаците на неволјата, од видот на побудените емоционални доживувања, и од особините на личноста на поединецот. Актуелното однесување на поединецот е функција на неговото претходно искуство и моменталните услови на непосредното искуство (Лазароски, 1992). Претходните очекувања на луѓето во врска со дадена ситуација, нивното разбирање на релевантните социјални норми, нивната антиципација на барањата што ќе бидат поставени пред нив и на добивките што притоа ќе произлезат може, исто така, силно да влијаат на одлуката дали да се преземат или не одредени просоцијални активности. Освен тоа, треба да се има предвид дека луѓето често не се „втурнати" во ситуациите, како што тоа обично се прави во повеќето ситуациски ориентирани истражувања, туку тие активно ги бираат ситуациите во кои сакаат да бидат инволвирани. Или, како што тврди Bowers, „ситуациите се исто толку продукт на лицето колку што неговото однесување е функција на ситуацијата" (1973, 327).

## УЛОГАТА НА КОГНИТИВНИТЕ ФАКТОРИ ВО ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Секој просоцијален чин нужно претпоставува активација на повеќе когнитивни процеси чии исходи понекогаш може да имаат пресудно, а понекогаш значајно влијание врз видот и начинот на однесувањето во дадена ситуација. Пред да се преземе нешто во прилог на друг, без оглед дали станува збор за помагање, дарување, утешување, споделување и сл., најпрво треба ситуацијата или состојбата во која се наоѓа другиот да се види и да се интерперетира како неволја или потреба од помош, која понатаму може да биде следена со оценка за причините кои довеле до неа и со анализа на потенцијалните акции за нејзино редуцирање или отстранување. Општо земено, се смета дека просоцијалното однесување вклучува неколку фундаментални когнитивни процеси: перцепирање, расудување, решавање проблеми и одлучување. Се разбира, не е ни малку лесно да се одгатне како се активираат и одвиваат тие процеси, а уште помалку прецизно да се утврди каква е нивната заемна поврзаност и влијателност врз одредено просоцијално однесување. Веројатно поради таквите тешкотии, во досегашните истражувања на когнитивните одредници на просоцијалното однесување, истражувачите своето внимание главно го фокусирале на ефектите на единечни и специфични процеси кои обично биле изолирано разгледувани и објаснувани.

Како што може да се забележи и од претходно изложените модели на просоцијалното одлучување, почетна точка на секое потенцијално просоцијално реагирање претставува **перцепцијата на неволјата** на лицето кое во даден момент се наоѓа во фокусот на нечие внимание. Не може да се очекува преземање на каква и да било просоцијална постапка, ако најпрво не се забележи дека некому му е потребна помош, или пак, во најмала рака, дека нему нешто невообичаено му се случува што може да ја загрози неговата благосостојба. Бидејќи за значењето и

улогата на перцепирањето на неволјата на другиот претходно е веќе говорено во неколку наврати, овде би посочиле некои сознанија за она што го олеснува или попречува забележувањето на неволјата или потребата од помош. Најнапред, логично е да се претпостави дека способноста за препознавање и соодветно процесирање на знаците на неволјите на другите се зголемува со возраста и со сложеноста на перцептивните и социјалните искуства. Eisenberg & Mussen (1989) разгледувајќи ги резултатите добиени во неколку развојни студии во кои била испитувана способноста за забележување на туѓите проблеми и потреби, заклучиле дека повозрасните многу поточно ги препознаваат проблемите на другите отколку помладите деца, при што проблемите тие не ги идентификуваат само врз основа на очигледни, туку и врз основа на суптилни знаци. Меѓутоа, тоа што со возраста се зголемува способноста за попрецизно идентификување на проблемите и неволјите на другите, не значи дека возрасните секогаш се во состојба нив успешно да ги препознаваат. Забележувањето на нечија неволја понекогаш е оневозможено од различни когнитивни и ситуациски фактори кои може да доведат до погрешно интерпретирање, минимизирање, па дури и до нејзино негирање. Веќе констатиравме дека со намалувањето на јасноста и истакнатоста на неволјата се зголемува веројатноста за нејзино погрешно интерпретирање или негирање, што следствено води до редуцирано помагање или до непомагање. Освен тоа, како што утврдиле Korte и сор. (1975) прометната и бучната околина го стеснува вниманието и ја намалува веројатноста на забележувањето на неволјите на другите. Од друга страна, пак, дури и во случаите кога ситуациските фактори значително придонесуваат за видливоста на одредена неволја, поединците секогаш не ги перцепираат и интерпретираат знаците на неволјата на идентичен начин. Луѓето можат меѓусебно да се разликуваат во поглед на вештината на детектирањето на релевантните знаци на дадена неволја или во поглед на мотивираноста за откривање на податоците поврзани со состојбите во кои се наоѓаат другите. Исто така, забележувањето на туѓите неволји може во одреден степен да биде

посредувано и од моменталното расположение на луѓето. Оние кои се добро расположени и се чувствуваат среќни, изгледа обрнуваат повеќе внимание на другите околу себе и повеќе ги забележуваат нивните неволји отколку луѓето кои се тажно расположени (Schaller & Cialdini, 1990; според Smith & Mackie, 1995). Веројатноста на забележувањето на туѓите неволји обично се зголемува и во случаите кога луѓето се помалку преокупирани со себе и со сопствените грижи. Опседнатоста со себеси ја намалува можноста вниманието да се сврти кон потребите на другите, а со тоа всушност се намалува и можноста за помагање.

Во досегашните теоретски и емпириски трагања по когнитивните одредници на просоцијалното однесување, многумина автори ја издвојуваат и нагласуваат значајноста на **заземањето туѓо гледиште** за развојот и за поттикнувањето на овој вид однесување. На пример, да се потсетиме, Batson при развивањето на емпатиско-алтруистичката хипотеза, заземањето на гледиштето на лицето во неволја го смета за нужен предуслов за појава на емпатиската емоција, која пак понатаму може да доведе до алтруистичко мотивирано помагање. Заземањето туѓо гледиште или ставањето себеси во улога на друг може да биде *перцептивно, когнитивно и афективно.* Заедничко обележје на овие три типа на заземање туѓо гледиште е тоа што поединецот при практикувањето на секој од нив го напушта егоцентричното гледање на светот околу себе и станува примечив за гледиштата на другите. Она што нив ги прави различни е нивната содржина. При перцептивното заземање туѓо гледиште поединецот си го претставува и разбира само визуелното гледиште на другиот. Когнитивното заземање туѓо гледиште подразбира предвидување и разбирање на мислите, мотивите, намерите и однесувањата на другиот, додека за афективното заземање туѓо гледиште е карактеристично заклучувањето за чувствата и емоционалните реакции на другиот. Овие три типа на заземање туѓо гледиште не се секогаш меѓусебно поврзани и еднакво значајни за просоцијалното однесување. Се смета дека просоцијалното однесување

може значајно да биде посредувана пред сè од когнитивното и афективното заземање туѓо гледиште (Eisenberg, 1986).

Претпоставената поврзаност меѓу заземањето туѓо гледиште и просоцијалното однесување се заснива на верувањето дека за да може некому да му се помогне, не треба само да се забележи дека дека тој се наоѓа во неволја, туку треба и да се осознаат и разберат неговите потреби и чувства. Ова верување особено било проширено меѓу истражувачите на развојните аспекти на просоцијалното однесување, затоа што во повеќе студии е откриено дека од една страна, способноста за заземање туѓо гледиште значително се подобрува од 2-3 година па се до адолесценцијата, а од друга страна, со текот на возраста недвосмислено се зголемува и фреквентноста на одредени просоцијални постапки. Ако се имаат предвид ваквите наоди тогаш не изненадува фактот што таквата способност е гледана како еден од главните „кандидати“ за објаснување на возрасно-поврзаните зголемувања на просоцијалното однесување. Меѓутоа, според постоечката емпириска евиденција за поврзаноста меѓу заземањето туѓо гледиште и манифестирањето на просоцијалните постапки, оправданоста на таквото верување е доведена под знак прашање. Krebs & Russell (1981) и Eisenberg (1986) прегледувајќи повеќе истражувањата на оваа тема утврдиле дека постои значителна неконзистентност во релевантните наоди. Eisenberg, на пример, соопштува дека во некои од студиите во кои биле испитувани деца била пронајдена позитивна поврзаност меѓу заземањето туѓо гледиште и просоцијалното однесување, во други студии таквата поврзаност била неконзистентна, додека пак во трети била евидентирана дури и негативна поврзаност. До слична констатација доаѓаат и Krebs & Russell кои пишуваат: „Приближно половина од студиите откриле позитивна поврзаност; приближно половина од нив не успеале да пронајдат значајна поврзаност; а во три студии е утврдена негативна поврзаност меѓу двете мерки“ (1981, 140-141). Eisenberg обидувајќи се да најде објаснение за евидентираната неконзистентност на наодите, покрај методолошките недоследности во повеќето анализирани истражувања, посочува неколку концептуални прашања за кои смета

дека би требало да се имаат предвид при секое испитување на врската меѓу заземањето туѓо гледиште и просоцијалното однесување. Прво, таа сугерира дека е неоправдано да се очекува заземањето туѓо гледиште секогаш да биде поврзано со просоцијалното однесување. Таквата поврзаност би требало да постои само во оние случаи кога за активацијата на одредена просоцијална постапка е неопходно разбирањето на гледиштето на лицето во неволја. Во многу случаи, просоцијални постапки се вршат и без да се има сознание за она што го мисли и чувствува другиот. Некогаш тие се вршат релативно автоматски, затоа што малку чинат или бараат брзо реагирање, а некогаш затоа што се поттикнати од други фактори (на пример, од присуството на некој кој се доживува како авторитет). Потоа, луѓето често не мора да се ставаат во улога на друг за да добијат информации за неговата состојба. Во многу случаи тие може да расудуваат за лицето во неволја врз основа на податоци што веќе ги знаат за него или пак врз основа на сопствените проектирани чувства кон него. И конечно, нема причина да се претпоставува дека заземањето туѓо гледиште секогаш води кон просоцијални когниции и однесувања. Тоа навистина може да резултира со подобро разбирање на другиот и на неговата ситуација. Но, таквото разбирање може да биде искористено и за манипулативни или „Макијавелистички“ цели. Заземањето туѓо гледиште во суштина претставува процес на прибирање информации, а не процес што се одликува со просоцијалност. Дали поединецот стекнатите информации ќе ги искористи за помагање, манипулирање или нанесување штета некому зависи од природата на неговите вредности и потреби.

Заземањето туѓо гледиште е тесно поврзано со **вештините за разрешување интерперсонални проблеми**, за кои се претпоставува дека може да имаат значајно влијание при детектирањето на туѓите неволји и преземањето на соодветни просоцијални постапки во врска со нив. Овие вештини всушност претставуваат процеси на заклучување и како такви опфаќаат: осетливост спрема проблемите што ги обременуваат односите меѓу луѓето; генерирање на различни можни решенија за

интерперсоналните проблеми; артикулирање на неопходните чекори за остварување на решенијата за таквите проблеми; и разгледување на последиците од социјалните постапки како по другите така и по себеси. Когнитивната природа на вештините за разрешување интерперсонални проблеми ги прави подложни на значајни развојни промени, така што исто како и во случајот со заземањето туѓо гледиште, со текот на возраста доаѓа до нивно подобрување и поуспешно применување. На пример, утврдено е дека повозрасните за разлика од помладите основци се далеку попрецизни при дефинирањето на интерперсоналните проблеми, а исто така тие генерираат и повеќе алтернативни начини на реагирање и избираат решенија што го рефлектираат разбирањето на гледиштата на другите (Marsh, 1982; според Eisenberg & Mussen, 1989). Според постоечката емпириска евиденција вештините за разрешување интерперсонални проблеми се, општо земено, позитивно поврзани со добрата прилагоденост на децата и нивната популарност во средината во која дејствуваат. Кога станува збор пак за врската меѓу вештините и детското просоцијално однесување, утврдено е дека вештините може значајно да корелираат со позитивните социјални интеракции меѓу врсниците, со помагањето и грижата за другите (Shure, 1980; Marsh и сор., 1981; Olson и сор., 1983; според Eisenberg, 1986). Освен тоа, Eisenberg соопштува дека според сознанијата на Spivack & Shure (1974), вежбањето на вештините за разрешување интерперсонални проблеми, а исто така и на други социјално-когнитивни вештини, е следено со значајно зголемување на просоцијалното однесување кај децата. Овие наоди секако дека упатуваат на можноста просоцијалното однесување да биде определено и од развиеноста на овој вид когнитивни вештини. Но, овде мора да се напомене дека зад таквата можност сè уште стои малубројна и не толку соодветна евиденција. Евиденцијата всушност произлегува само од испитувања на детското просоцијално однесување, чие манифестирање не било непосредно идентификувано, туку за него е заклучувано, пред сè, врз основа на оценките давани од страна на врсниците и наставниците на децата. За да би можело да се даде

поцелосен одговор на прашањето кога и колку вештините за разрешување интерперсонални конфликти може да влијаат на просоцијалното однесување, неопходни се дополнителни и далеку посистематски истражувања.

Многу поубедлива евиденција постои за ефектите на **атрибуциите** врз појавата на просоцијалното однесување, за кои е веќе говорено во рамките на претходно изложената теорија на атрибуцијата. Општо земено, според главните протагонисти на атрибуцискиот пристап во објаснувањето на просоцијалното однесување, Ickes & Kidd и Weiner, преземањето на каква и да било акција во прилог на лицето кое има потреба од помош, во голема мерка е определено од перцепцијата на причините што лежат во основата на таквата потреба. Анализата на досегашните истражувања за улогата на атрибуциите во просоцијалното однесување открива дека вниманието на истражувачите главно било сосредоточено кон ефектите на перцепцијата на локусот на контролата на туѓите неволји, на нивната интенционалност или контролабилност и на улогата на емоционалните реакции што посредуваат меѓу атрибуциите и просоцијалните постапки.

Во првичните истражувања е откриено дека луѓето повеќе се подготвени да им помагаат на оние лица чија потреба од помош се јавува како исход на грешките или одлуките на другите, отколку на лицата кои самите придонеле за неволјата во која се нашле (на пример, затоа што релаксирано се однесувале и невложувале напор при вршењето на определена задача, Berkowitz, 1969; затоа што одбивале да ја довршат започнатата работа, Ickes, Kidd & Berkowitz, 1976; или затоа што слабо планирале, Horowitz, 1968). Ваквите наоди упатуваат на можноста просоцијалното однесување да биде повеќе изразено во случаите кога причината за нечија неволја се лоцира надвор од лицето отколку во него.

Меѓутоа, иако е можно интерно-екстерните атрибуции во одреден степен навистина да влијаат на одлуката дали некому ќе му се помогне или не, сепак, како што сугерираат Ickes & Kidd (1976), изгледа дека далеку позначаен фактор претставува перцепцијата на интенционалноста или

контролабилноста на потребата од помош. Во случаите кога зависноста на лицето од помошта на другите се припишува на фактори што се вон негова контрола (без оглед дали тие се интерни - на пример, лицето не е доволно способно или екстерни - на пример, лицето е изложено на срeдински ограничувања), тоа повеќе ќе се набљудува како некој што навистина заслужува да му се помогне, отколку кога зависноста на лицето се припишува на неговото намерно однесување или на однесувањето што тоа можело самото да го контролира (на пример, на мрзливоста или невнимателноста). Дека контролаблиноста на неволјата може да биде покритична варијабла на веројатноста за помагање во споредба со локусот на контролата, покажуваат и наодите што се добиени во неколку истражувања. На пример, Barnes, Ickes & Kidd (1979) откриле дека студентите биле повеќе подготвени да ги позајмуваат своите тетратки со белешки на колегите, во случаите кога нивната потреба била опишана како исход на помала способност, отколку на невложување напор (и во двата случаја станува збор за внатрешни причини). Во едно друго истражување, спроведено од Meyer & Mulherin (1980), биле испитувани ефектите на различните димензии на каузалноста (временската стабилност, интерноста наспроти екстерноста и контролабилноста на причината) врз исказите на испитаниците за веројатноста на нивното помагање на лицата кои имаат потреба од помош. Овие автори утврдиле дека веројатноста на помагањето била делумно посредувана и од стабилноста и локусот на контролата, но, нивниот ефект не бил толку изразен колку што бил ефектот на контролабилноста. Односно, се покажало дека испитаниците биле многу повеќе подготвени за помагање кога потребата од помош се јавила поради неконтролабилни отколку поради контролабилни причини. (На пример, кога потребата од парична помош се должела на здравствени проблеми или на неможноста да се најде работа, отколку на несакање да се работи или на неподготвеноста да се бара работа надвор од градот.). Кон ваквите наоди би можеле да се додадат и сознанијата на Brayan & Davenport (соопштени од Berkowitz, 1986), за тоа на кои лица им се

даруваат повеќе средства во реалниот живот. Имено, Brayan & Davenport направиле анализа на добротворните прилози што читателите на весникот „New York Times" ги дале за време на Божикните празници на 100 лица, чии животни приказни биле изложени на страниците на весникот. Нивната анализа, меѓу другото, покажала дека читателите биле највеликодушни кон оние лица чија неволја не само што била надворешно предизвикана туку и била неконтролабилна (на пример, кон децата кои биле жртви на различни злоупотреби), а помали средства им биле дарувани на лицата чија неволја можела повеќе да се припише на нивните морални и психолошки недостатоци.

Врската меѓу атрибуциите и просоцијалното однесување по сè изгледа не е секогаш директна. Резултатите на истражувањата на Meyer & Mulherin (1980) и Weiner (1980) јасно укажуваат дека атрибуциите во врска со контролабилноста на причините на потребите од помош можат да бидат значајно посредувани од емоционалните реакции што се поврзани со нив. Meyer & Mulherin, во рамките на гореспоменатото истражување, ги испитувале и емоционалните реакции на испитаниците (кои биле идентификувани врз основа на себеоценки давани на 25 скали на емоционалноста) поврзани со трите димензии на каузалноста во врска со потребите за помош и нивното заемно дејство. Анализата на добиените податоци во ова истражување покажала дека атрибуциите во однос на контролабилноста не само што биле значајно поврзани со емоционалните реакции на испитаниците, туку и ефектот на таквите атрибуции врз соопштената подготвеност за помагање, во голема мерка бил индиректен исход на нивното влијание врз емоционалните реакции кон бараната помош. До слични сознанија дошол и Weiner кој уште повеќе се сосредоточил на улогата на емоционалноста во процесот „атрибуција-помагање". Во своите истражувања тој ги соочувал испитаниците со описи на ситуациии во кои некое лице имало потреба од помош, а потоа од нив барал да го оценат степенот на контролабилноста на она што му се случило на лицето. Следната задача на испитаниците била да соопштат како тие би чувствувале ако се соочат со такви ситуации и да го

означат степенот на веројатноста на нивното помагање на лицето. Со подложувањето на испитаниците на ваква истражувачка постапка Weiner открил дека кога потребата од помош на лицето се припишувала на контролабилни фактори (на пример, на пијанство) доаѓало до појава на негативни емоционални реакции кај испитаниците (на пример, одвратност и лутина) што резултирало со помала подготвеност за помагање. Додека, во случаите кога потребата од помош се припишувала на неконтролабилни фактори (на пример, на болест) кај испитаниците биле побудувани позитивни емоционални реакции (на пример, сочувствување и сожалување) и тие манифестирале висок степен на подготвеност за помагање. Иако и самите перцепции на контролабилноста биле значајно поврзани со соопштената подготвеност за помагање, емоционалните реакции биле тие што објаснувале многу поголем процент на варијансата на таквата подготвеност. Што значи, врз основа на овие наоди изгледа прилично веројатно дека поврзаноста меѓу атрибуциите и просоцијалното однесување, ако не во сите, барем во одредени случаи (особено при перцепирањето на контролабилноста на неволјите), може да биде посредувана од емоционални реакции што се побудени од атрибуциите, кои имаат поттикнувачко и насочувачко влијание врз однесувањето.

Кога луѓето се соочуваат со нечија неволја, одлуката што тие ја донесуваат за тоа како да дејствуваат во дадената ситуација, не е определена само од исходот на атрибуцискиот процес, туку исто така и од исходот на **анализата на потенцијалните трошоци и добивки** поврзани со преземањето или непреземањето акција во прилог на лицето. За значајноста и улогата на овој когнитивен фактор е веќе нашироко говорено во рамките на претходно прикажаните модели на Piliavin и сор. и на Batson, така што овде ќе стане збор само за сознанијата за непосредните и посредните ефекти на трошоците и добивките што се базираат на наодите во повеќе емпириски истражувања. Но, пред да се даде сумарен приказ на тие сознанија се чини неопходно да се забележат неколку нешта. Прво, за многумина теоретичари и истражувачи на просоцијалното однесување, анализата на трошоците и добивките

претставува клучен момент при донесувањето одлука како да се постапи во ситуацијата кога некој се наоѓа во неволја. Ова особено го нагласуваат застапниците на утилитаристичките модели на човековата природа, кои сметаат дека однесувањето на луѓето е управувано од стремежот за постигнување на посакувани и избегнување на непосакувани исходи. Второ, кога потенцијалните помагачи се впуштаат во ваков вид анализа, тие не ги разгледуваат само потенцијаните трошоци и добивки поврзани со помагањето туку исто така и евентуалните трошоци што може да се јават поради непомагањето на лицето во неволја. И трето, кога се говори за ефектите на потенцијалните трошоци и добивки врз просоцијалното однесување треба да се има предвид дека оценките за видот и степенот на негативната и позитивната вредност на трошоците и добивките се субјективни, а не објективни. Односно, тие се базираат на перцепциите на лицето кое непосредно се соочува со неволјата, а не на некое објективно разгледување од страна на лица кои не се директно инволвирани во ситуацијата.

Перцепираните *трошоци* во врска со *помагањето* некому можат да бидат различни по својата природа и да варираат од една до друга ситуација. Обично, тие се однесуваат на она што непосредно го засега потенцијалниот помагач и вклучуваат негативни исходи по него, на пример, губење време, вложување напор, изложување на опасност или на непријатни чувства, прекинување на тековна активност и сл. Се смета дека со зголемувањето на трошоците се намалува веројатноста на помагањето, дури и во случаите кога неволјите се очигледни и неконтролабилни. Како што покажуваат прегледите на релевантните истражувања, направени во неколку наврати од авторите на моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките (Piliavin et al., 1981; Dovidio, 1984; Dovidio et al., 1991), ваквата поврзаност меѓу трошоците и помагањето е евидентирана во повеќе истражувања и покрај тоа што трошоците биле операционализирани на различни начини (чувствување на аверзија, физичко повредување, вложување на напор и време, трошење пари, нарушување на личната слобода, изложеност на

потенцијални социјални санкции за несоодветно помагање и сл.). Во овие истражувања, меѓу другото, е утврдено дека зголемувањето на трошоците било следено со помало помагање дури и кај лицата кои биле поемпатични и кои, општо земено, биле повеќе склони кон помагање (Batson et al.,1983). Како илустрација на евидентираната поврзаност меѓу трошоците и помагањето би можеле да се посочат резултатите што се добиени во истражувањето на Piliavin & Piliavin (1972) за ефектите на крвта врз реакциите спрема жртвата. Овие автори, тргнувајќи од фактот дека многу луѓе имаат аверзија кон крвта, претпоставиле дека ако потенцијалните помагачи се соочуваат со лице кое крвари тоа би ги зголемило трошоците или цената на помагањето и би ја редуцирала фреквентноста на дадената помош. За да ја проверат оваа претпоставка Piliavin & Piliavin спровеле теренско експериментално истражување во вагоните на подземната железница во градот Филаделфија, САД. Имено, тие ги соочувале патниците со лице (нивни соработник) кое ненадејно почнувало да се ниша и губејќи рамнотежа паѓало на подот со вкочанет поглед. Во половина од така исценираните случаи, по паѓањето, лицето симулирало повреда на брадата со крварење, додека во останатите случаи тоа не крварело. Согласно на очекувањата, патниците не само што побавно се одлучувале да му помогнат на лицето што крварело, туку тие и поретко нему му помагале. Поточно, на лицето што крварело му било помогнато во 65% случаи, додека на лицето што не крварело во 95% случаи. Неодамна, Schroeder и сор. (1995) коментирајќи го овој наод, истакнале дека во денешни услови со зголемувањето на болните од AIDS можно е видливото крварење на другите да има уште посилно влијание врз помагањето. Сознанието дека вирусот на оваа болест се пренесува преку крвта ја зголемува потенцијалната цена на помагањето на лицата кои крварат. Тоа, тие го поткрепуваат со фактот што во одредени случаи дури и медицински лица одбивале да им помогнат на сериозно повредени луѓе кои крвареле, поради стравот дека тие би можеле да бидат HIV позитивни.

Но, и покрај емпириската поткрепа на широко распространетото верување дека со зголемувањето на трошоците се намалува веројатноста на помагањето, не значи дека врската меѓу нив е секогаш линеарна и дека не е посредувана од други фактори. Или како што вели Staub, „Иако трошоците го редуцираат помагањето границите на нивното влијание не се познати" (1978, 240). Постојат повеќе отворени прашања во врска со нивните ефекти. На пример: Дали варијациите на релативно незначителните трошоци ќе влијаат на помагањето дури и ако потребата од помош е голема? Кои личносни разлики доведуваат до поголема или помала осетливост кон трошоците? Какви се размислуватата на луѓето во однос на тоа колку напор, енергија, време, емоционална оптовареност, физичка болка или опасност е разумно да се потроши за другите? и сл. Значајноста на овие, а исто така и на други слични прашања, уште повеќе доаѓа до израз ако се има предвид дека оценката за вредноста на трошоците е субјективна, т.е. таа е исход на перцецијата на лицата кои непосредно се соочени со неволјата на другиот. Некој може да смета дека преземањето на одредена просоцијална постапка (на пример, скокањето во вода за да се извлече давеникот) е премногу ризично, додека друг, кој е обучен за спасување на давеници, веројатно таквата постапка нема да ја поврзува со голем ризик. Што значи, со зголемувањето на вештините за одреден вид помагање, веројатно се намалуваат трошоците што се поврзуваат со него. Луѓето со релевантни способности и извежбаност, како што се вештините за спасување на давеници или за давање прва помош, повеќе се впуштаат во непосредно помагање (Cramer et al., 1988; според Smith & Mackie, 1995). Освен тоа, обученоста не ја зголемува само веројатноста на помагањето туку исто така и неговата успешност.

Потенцијалните помагачи пред да донесат одлука дали ќе му помогнат на лицето во неволја или не, покрај трошоците ги разгледуваат и потенцијалните *добивки* што може да произлезат од *помагањето*. За разлика од трошоците кои имаат негативен ефект, добивките би требало да имаат позитивен ефект врз помагањето. Добивките можат да се јават

во вид на примање благодарност од страна на жртвата, чувство на успешност, чувство на задоволство што некому му е помогнато, стекнување слава и/или пари, себевеличање и сл. За жал, иако за многумина автори е неспорно дека добивките имаат поттикнувачко влијание врз помагањето, постојат мал број истражувања во кои се проверувани нивните непосредни ефекти. Во тие истражувања, на пример, е утврдено дека помагањето може да биде поттикнато од пофалбата, паричната компензација и благодарноста за дадената помош (Deutsch & Lambeerti, 1986; Katz et al., 1978; McGovern et al., 1975; според Dovidio et al., 1991). Исто така, истражувањата покажуваат дека луѓето повеќе помагаат кога забележуваат дека нивната помош навистина ја подобрува состојбата на другите (Smith et al., 1989; Warren & Walker, 1991; според Schroeder et al., 1995). Освен тоа, како посредна потврда на позитивните ефекти на добивките може да послужат и наодите за влијанијата на некои личносни варијабли што изгледа дека се поврзани со антиципацијата на добивките. На пример, Wilson, 1976 (според Dovidio, 1984) открил дека испитаниците кои биле „ориентирани кон почитување“ манифестирале поголема подготвеност за помагање во ургентни ситуации во однос на испитаниците кои биле „ориентирани кон безбедност“ и оние што спаѓале во групата со мешана ориентација. Ако се направи споредбена анализа на постоечките наоди за ефектите на добивките и трошоците врз помагањето, се чини дека претпоставените добивки имаат послабо влијание врз одлучувањето како да се постапи во дадена ситуација. Тоа можеби во одреден степен е поврзано и со склоноста на луѓето при донесувањето на некоја социјална одлука многу посериозно да ги одмеруваат негативните отколку позитивните исходи.

При изложувањето на моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките беше споменато дека исходот на просоцијалното одлучување може да биде значајно определен и од перцепцијата на *трошоците* што се поврзани со *непомагањето* на лицето во неволја. Трошоците за непомагањето може да вклучуваат чувство на вина и когнитивна и емоционална непријатност поврзана со сознанието дека

жртвата и понатаму продолжува да страда. Се разбира, со зголемувањето на овој вид трошоци би требало да се зголеми и веројатноста на помагањето на жртвата. Dovidio и сор. (1991) прегледувајќи повеќе истражувања во врска со ефектите на трошоците за непомагањето утврдиле дека помагањето се зголемувало: кога постоеле посилни и понепосредни апели за помош; кога постоело вербално или невербално фокусирање на одговорноста на очевидецот; и кога потребата за помагање на лицето (припадник на друга раса) била легитимизирана со барање од трета страна. Ако се дава општа оценка за значајноста на ефектите на овој вид трошоци, покрај овие наоди, треба исто така да се имаат предвид и сознанијата дека тие ефекти во крајна линија се условени од големината на перцепираните трошоци што се поврзани со помагањето. Според досегашните сознанија трошоците за непомагањето доаѓаат до израз главно во ситуациите кога потенцијалните помагачи забележуваат дека помагањето вклучува минимални трошоци. Или, поинаку кажано, многу веројатно е дека со зголемувањето на трошоците за помагањето се намалува влијателноста на трошоците што може да произлезат од непомагањето.

И конечно, манифестирањето на просоцијалното однесување може да биде детерминирано и од начинот на кој потенцијалните помагачи **расудуваат за моралноста** кога се соочуваат со дилемата како да постапат во одредена просоцијална ситуација. Според Joksimović i Vasović (1990) при проценката на моралноста на одредена постапка, може да се користат неколку критериуми. Прво, за утврдување на моралноста на некоја постапка може да послужи проценката на ситуацијата во која се наоѓа лицето на кое му са дава или не му се дава помош, со оглед на тоа дали таквата помош нему му е потребна и за каков вид помош всушност станува збор. Секое помагање не е морално (на пример, помагање при ограбување или малтретирање на друг), како што и секое непомагање не е неморално (на пример, одбивање да се учествува во такви или слични активности). Второ, моралноста на некоја постапка може да се проценува врз основа на последиците што постапката ги има не само по лицето на

кое му се помага, туку и по другите. Ако со помагањето некому се загрозува друг, не може да се говори за морално однесување. И трето, моралноста може да се проценува врз основа на мотивите што го поттикнуваат помагањето. Како морални може да се сметаат оние просоцијални постапки кои се пред сè поттикнати од желбата да се подобри благосостојбата на другите. Што значи, секоја алтруистичка постапка би можела истовремено да се третира и како морален чин.

Ако се има предвид дека моралното расудување е многу тесно поврзано со општото ниво на когнитивната зрелост и дека со текот на возраста се менува начинот на размислувањето за моралните прашања, а исто така се менуваат и концептуализациите на мотивите што лежат во основата на моралните одлуки, оправдано е да се претпостави дека таквите промени имаат свои рефлексии и врз сознајната и мотивациската основа на просоцијалното однесување. Според согледувањата на Eisenberg & Mussen (1989) постојат повеќе емпириски докази кои ја поткрепуваат таквата претпоставка и кои, општо земено, покажуваат дека со текот на возраста се зголемуваат можностите за манифестирање на просоцијални постапки од „повисок квалитет". На пример, во истражувањата е утврдено дека со зголемувањето на возраста децата се впуштаат во помагање на другите и тогаш кога тоа не се бара од нив или кога за таквото однесување не им се нудат конкретни награди. Освен тоа, утврдено е дека со текот на возраста и мотивите што го поттикнуваат нивното помагање стануваат сè пософистицирани. Исто така, врз основа на постојните сознанија може да се заклучи дека склоноста кон просоцијалното однесување е позитивно поврзана со нивоата на моралното расудување (без оглед на разликите во нивното концептуализирање и идентификување). Истражувањата покажуваат дека оние деца и адолесценти кои за моралноста расудуваат на повисоки нивоа, општо земено, се повеликодушни и повеќе помагаат отколку нивните врсници кои расудуваат на пониски нивоа (Blasi, 1980; Eisenberg, 1986). Постоењето на таквата поврзаност е евидентирана и при проверките на моделот на просоцијалното морално расудување на

Eisenberg, во кои, меѓу другото, е откриено дека емпатиски ориентираните деца многу повеќе споделувале и дарувале вредни предмети отколку децата кои расудувале на пониски нивоа (Eisenberg et al., 1987). Покрај тоа, Bar-Tal (1982) соопштува дека децата кои се однесуваат поалтруистички, при објаснувањето на своите постапки, користат оправдувања од повисоко ниво во споредба со децата кои помагаат во ситуации што бараат манифестирање на понеалтруистички постапки. Меѓутоа, како што пишуваат Eisenberg (1986) и Eisenberg & Mussen (1989), кои ги прегледале повеќето истражувања на оваа тема, евидентираната поврзаност меѓу моралното расудување и просоцијалното однесување е сепак умерена и според нивно мислење, таа не би можела да се очекува во сите ситуации. Пониските нивоа на расудување можат позитивно да корелираат со помагањето што е мотивирани од егоистички интереси (на пример, некој може да впушти во помагање затоа што очекува дека на тој начин ќе дојде до парична награда), додека одредени агресивни постапки понекогаш можат да бидат мотивирани од повисоки морални принципи (на пример, поддршка на „праведна" војна). Помагањето нема секогаш морална функција. Има случаи кога некому му се помага едноставно за да се воспостави контакт, или за да се избегне конфликт со него. Од друга страна, многу просоцијални постапки се вршат автоматски, без некое посебно размислување. Во такви ситуации, како далеку порелевантни фактори може да претставуваат, на пример, ситуациските знаци, вообичаените начини на однесување на поединците или пак нивните лични преференции.

## УЛОГАТА НА ЕМОЦИОНАЛНИТЕ ФАКТОРИ ВО ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Кога луѓето се соочуваат со нечија неволја, нивните постапки не се определени само од начинот на кој тие ја перцепираат и анализираат неволјата, туку и од она што во дадениот момент го чувствуваат или мислат дека ќе го чувствуваат во случај да му помогнат или да не му помогнат на лицето кое страда. Со други зборови, просоцијалното однесување не е засновано само на логика, сознавање или расудување туку и на мноштво емоции, кои честопати се појавуваат како негови клучни одредници. За многумина автори појавата на емоционалните реакции кај потенцијалните помагачи претставува критична точка што има поттикнувачко и насочувачко влијание врз нивното подоцнежно однесување. Така, на пример, за авторите на моделот на возбудувањето и анализата на трошоците и добивките, појавата на возбудувањето кај очевидците, кое се доживува како непријатно чувство, има пресудна улога во нивното мобилизирање за преземање акција што понатаму може да резултира со интервенција и помагање. Batson, пак, чувствувањето емпатија за лицето во неволја го смета за нужен предуслов за појавата на алтруистички мотивираното помагање. Додека, Weiner при образложувањето на улогата на емоционалните реакции во процесот атрибуција-помагање пишува: „Атрибуциите ги водат нашите чувства, но емоционалните реакции го обезбедуваат моторот и ја определуваат насоката на однесувањето“ (1980, 186). Дека луѓето не се рамнодушни кон неволјите на другите покажуваат и резултатите што се добиени во повеќе истражувања, во кои се користени различни начини за идентификација на емоционалните реакции (преку самоизвестување или користење на различни бихевиорални или физиолошки мерки). На пример: Gaertner & Dovidio (1977) откриле дека интензитетот на физиолошката реакција (брзината на отчукувањето на срцето) кај испитаниците бил условен од истакнатоста и забележливоста на

неволјата на нивниот партнер кој се наоѓал во соседна просторија. Односно, како што се зголемувала истакнатоста и забележливоста на страдањето на партнерот така се зголемувал и интензитетот на физиолошката реакција кај испитаниците; Vaughn & Lanzetta (1980), пак, утврдиле дека кога нивните испитаници набљудувале лице кое и фацијално манифестирало болка поради изложеност на електрични шокови, тие не само што реагирале со физиолошка возбуда туку и нивните фацијални експресии наликувале на оние што ги правело набљудуваното лице. Овие, а исто така и други слични наоди, упатуваат на заклучокот дека кога луѓето набљудуваат нечија неволја (особено ако таа е сериозна и трауматична) тие навистина може да доживеат возбуда, за која се претпоставува дека е емпатиски заснована. Некои автори емпатиското возбудување го сметаат дури и за универзална човечка реакција (Hoffman 1981; Cunningham, 1986).

Во досегашните истражувања на врската меѓу емоционалните реакции и просоцијалното однесување како особено значајна се издвојува улогата на **емпатијата** за која се смета дека претставува важен извор на мотивацијата за преземањето на различни видови просоцијални постапки. Но, за да може попрецизно да се утврди каква улога има емпатијата во просоцијалното однесување, најнапред би требало да се идентификуваат и разјаснат неколку концептуални различности и недоследности што се непосредно поврзани со начинот на нејзиното определување и испитување.

Ако трагаме по првичните употреби на терминот емпатија, тогаш, како што посочуваат Wispé (1986) и Davis (1996), патот не води до германските естетичари од XIX век, кои тенденцијата на набљудувачите за себепроектирање *во* она што тие го набљудуваат (обично во предмети што се сметаат за убави) ја означувале како *Einfuhlung* (вживување). Во психологијата овој израз за првпат се сретнува во трудовите на германскиот психолог Lipps (1903, 1905), во кои тој ги разгледувал оптичките илузии и процесот по пат на кој ги осознаваме другите луѓе. Кога во 1909 год., Edward Titchener ги претставувал трудовите на Lipps на

американската јавност, изразот *Einfuhlung* го превел на англиски јазик со грчкиот неологизам *емпатија (em - во, pathia - непријатно доживување, возбуденост, страст)*, кој потоа бил широко прифатен од психолозите од различни говорни подрачја, но за жал не секогаш бил и еднозначно дефиниран.

Прегледот на литературата од оваа област открива постоење на три различни тенденции во досегашните дефинирања на емпатијата. Некои автори емпатијата ја разгледуваат пред сѐ како когнитивен феномен, други како емоционална реакција, а трети како сложен конструкт кој вклучува и емоционални и когнитивни компоненти. Кога емпатијата се разгледува како когнитивен феномен, нагласката се става на значајноста на когнитивните процеси и нивните исходи и обично се вели дека појавата на емпатијата е обусловена од заземањето туѓо гледиште и од способноста за препознавање на емоционалните состојби на другите. Како типични примери за ваков начин на определување на емпатијата би можеле да се наведат дефинициите на Hogan (1969): интелектуално или имагинативно разбирање на состојбата на друг, без вистинско доживување на неговите чувства, и на Borke (1971): способност за разбирање на афективната и когнитивната состојба на друг, (според Eisenberg & Fabes, 1991).

Но, за повеќето психолози (особено за оние кои се занимаваат со проучување на просоцијалното однесување) емпатијата во суштина претставува викариска емоционална реакција, така што во нивните определби воопшто не се говори (или сосема малку се говори) за когнитивните аспекти на емпатизирањето. Еден од првите автори кој за емпатијата говори само како за афективна реакција е Stotland. За него емпатијата претставува „емоционално реагирање на набљудувачот поради неговото перцепирање на она што го доживува друг или на неговите емоции" Stotland (1969, 272). Емпатијата е релативно некогнитивна реакција и за Eisenberg и нејзините соработници, кои неа ја определуваат како викариска емоционална реакција што е идентична или многу слична на емоционалната реакција на друго лице (Eisenberg, 1986; Eisenberg & Fabes,

1991), или како викариска афективна состојба која потекнува од емоционалната состојба на друго лице и која соодветствува на неа (Eisenberg & Mussen, 1989). Пример за емпатиско реагирање може да биде случајот кога некој чувствува тага при набљудувањето на друго лице кое е тажно. Според овие автори, емпатијата, во најмала рака, вклучува минимален степен на диференцијација меѓу себеси и другите. Споделувањето на перцепираната емоција мора да вклучува одреден степен на свесност, т.е. набљудувачите мора да бидат свесни за разликата меѓу сопствената состојба и состојбата на другиот. (На пример, не може да се говори за појава на емпатија кај децата кои плачат како реакција на плачот на другите, ако тие не можат да го диференцираат сопственото плачење од плачењето на останатите деца.). Покрај определувањето на емпатијата како викариска емоционална реакција, Eisenberg и сор. емпатијата ја разгледуваат како една од неколкуте можни такви реакции и сугерираат дека при секое нејзино испитување треба да се води сметка дали навистина станува збор за емпатија или за друг, навидум сличен, но во суштина различен начин на емоционално реагирање. Во одредени ситуации можно е на нечија емоција да се реагира со емоција што не е идентична со емоцијата на другиот, но којашто сепак соодветствува на неговата емоционална состојба и благосостојба. Овој тип на реакција, означен како *симпатија*, всушност се однесува на чувствата на грижа или жал за друг и ја рефлектира ориентираноста кон „другите". Пример за таков тип на реакција би бил случајот кога некој чувствува грижа за друг кој е вознемирен, тажен или изложен на некој вид страдање. Симпатијата обично произлегува од емпатијата, но таа може да се јави и како последица на когнитивното заземање на туѓото гледиште. Според Eisenberg и сор. симпатијата би требало да има значајна улога во активацијата на алтруистичкото однесување. Да се потсетиме и Batson го тврди истото при изложувањето на емпатиско-алтруистичката хипотеза, но за разлика од Eisenberg и сор. овој тип на емоционално реагирање тој не го означува како симпатија туку како емпатија или емпатиска грижа и неа ја дефинира како

емоционална реакција насочена кон друго лице што соодветствува на перцепираната благосостојба на тоа лице. Eisenberg и сор., а исто така и Batson, сугерираат дека симпатијата, односно емпатијата или емпатиската грижа треба јасно да се диференцира од непријатните емоционалните реакции (вознемиреност, неспокојство, збунетост и сл.) што може да се јават како одговор на нечија емоционална состојба. За овој вид реакции, општо означени како *лична вознемиреност*, е карактеристично што резултираат со ориентираност кон „себеси", или како што тврди Batson со побудување на егоистичка мотивација за олеснување на сопствената непријатна состојба. На пример, лицето што набљудува нечија неволја може повеќе да чувствува лична загриженост или вознемиреност отколку да чувствува грижа или жал за лицето во неволја. Исто како и во случајот со симпатијата/емпатиската грижа и при манифестирањето на личната вознемиреност не постои нужно спојување меѓу емоциите на набљудувачот и набљудуваниот. Личната вознемиреност некогаш може да произлезе од емпатијата (особено ако емпатиската реакција се доживува како преголемо возбудување), а некогаш и од други процеси (на пример, од чувството на вина).

И други автори при определувањето на емпатијата ја нагласуваат нејзината емоционална природа. На пример, Hoffman (авторот на највлијателниот развоен модел на возрасно-поврзаните промени во емпатиското реагирање) емпатијата ја опишува како „викариска афективна реакција што е посоодветна на состојбата на некој друг отколку на сопствената состојба" (1982, 281). Меѓутоа, и покрај ваквата определба, Hoffman, при развивањето на својот модел посочува и други фактори за кои смета дека се значајно поврзани со емпатијата. Накусо, тој тврди дека децата во развојот се придвижуваат од состојба во која не прават диференцијација меѓу себеси и другите (реагирајќи на вознемиреноста на другите на начин како да се работи за нивна лична вознемиреност), кон понапредната состојба во која развојот на свесноста за себеси овозможува не само доживување на вознемиреност која е ориентирана кон себеси, туку и понапреднато доживување на

вознемиреноста за другите луѓе. Со развивањето на вештините за заземање туѓо гледиште, вознемиреноста што е ориентирана кон другите сè повеќе добива форма на вистинско сочувствување со нив. Што значи, при разгледувањето на развојните аспекти на емпатијата Hoffman се обидува да даде посеопфатна слика за нејзината природа и во својот модел вклучува повеќе нешта: когнитивно заземање туѓо гледиште, лични чувства на вознемиреност создадени од вознемиреноста на другите и чувства на симпатија или емпатиска грижа за другите. Ако развојот на емпатиското реагирање е исход и на емоционални и когнитивни придонеси и на нивното интерактивно влијание, тогаш оправдано би било да се постави прашањето дали емпатијата може да се посматра и определува само како афективен или когнитивен феномен, или како феномен што ги вклучува и едните и другите видови реакции. Токму ова прашање си го поставува Davis (1996), кој вели дека ако емпатијата се дефинира само како афективна реакција, тогаш заземањето туѓо гледиште не би претставувало емпатија и тоа би се сметало за нешто што е малку значајно. Или, пак, ако емпатијата се дефинира како доживување само на сличен афект, тогаш доживувањето на несличните чувства би останало надвор од областа на интересирањето. Ваквите ограничувачки дефиниции неминовно водат до распарчено проучување на емпатијата и затоа Davis претпочита емпатијата да ја посматра и испитува како сложен феномен кој вклучува различни конструкти. Тргнувајќи од постојните теоретски анализи и емпириски сознанија (меѓу кои значајно место имаат трудовите на Hoffman и Eisenberg и сор.) тој создава посебен модел на емпатијата кој го именува како „организациски модел". Овој модел е заснован на една широка определба на емпатијата како „збир на конструкти кои се однесуваат на реакциите на поединецот на доживувањата на друг" и согласно таквата определба, во него се разгледуваат четири поврзани конструкти што можат да се идентификуваат во една прототипска емпатиска епизода: антецеденти, процеси, интраперсонални и интерперсонални исходи. Поврзаноста на конструктите во моделот е таква што таа е повеќе изразена меѓу

соседните отколку оддалечените конструкти, односно меѓу антецедентите и процесите, меѓу процесите и интраперсоналните исходи и меѓу интраперсоналните и интерперсоналните исходи.

*Антецедентите* се однесуваат на карактеристиките на набљудувачот, набљудуваното лице или на ситуацијата. Во една емпатиска епизода, сите набљудувачи со себе носат одредени карактеристики кои се потенцијално влијателни врз процесите и исходите. Меѓу нив, како особено значајни би моежеле да се издвојат: емпатиските капацитети на набљудувачите (на пример, интелектуалната способност за заземање туѓо гледиште); нивните претходни социјализациски искуства; и диспозицискаta тенденција за впуштање во емпатиско-поврзани процеси или за доживување на емпатиски исходи. Во врска со потенцијалното влијание на особеностите на ситуацијата, Davis смета дека емпатиското реагирање може значајно да биде условено од силата на ситуацијата и степенот на сличноста меѓу набљудувачот и набљудуваното лице. На пример, тој тврди дека во случај на силна изложеност на негативни емоции, посебно при соочувањето со слаби или беспомошни лица, се појавуваат и силни реакции кај набљудувачите. Кога ситуациите се многу силни, мала е веројатноста да дојде до израз влијанието на други варијабли, било да се тие ситуациски или диспозициски. Што се однесува пак до ефектот на степенот на сличноста меѓу набљудувачот и набљудуваното лице, се сугерира дека со зголемувањето на сличноста се зголемува и веројатноста и/или интензитетот на емпатиската реакција на набљудувачот, без оглед дали е таа афективна или неафективна.

Вториот конструкт во организацискиот модел на Davis се однесува на *процесите* што генерираат емпатиски исходи кај набљудувачите. Во моделот се опишани три широки класи на специфични процеси - *некогнитивни*, *едноставни и напреди когнитивни процеси* - кои меѓусебно се диференцирани со оглед на степенот на нивната софистицираност и когнитивниот напор што е потребен за нивно оперирање. Некои процеси што водат до емпатиски исходи изгледа бараат многу мала когнитивна активност. На пример, малку е веројатно дека плачењето на малите деца како реакција на слушањето на плачот на другите деца е резултат на какво и да било учење. Оваа, по сè изгледа вродена тенденција на реагирање (која во развојниот модел на емпатијата на Hoffman е означена како „примарна циркуларна реакција") може да послужи како илустрација за некогнитивните процеси што доведуваат до афективни исходи кај „бебињата набљудувачи". Како друг некогнитивен процес Davis ја посочува „моторната мимикрија", или тенденцијата за автоматско и во голема мерка несвесно имитирање на набљудуваното лице. Се претпоставува дека таквата мимикрија кај набљудувачот може да резултира со емоционална состојба што е конзистентна на состојбата на набљудуваното лице. Емпатиските исходи исто така произлегуваат и од едноставните когнитивни процеси, како што е на пример „класичното условување". Ако се случи

набљудувачот претходно да перцепирал афективни знаци кај друго лице, во исто време кога и самиот тој го доживувал истото чувство (на пример, затоа што и обајцата биле истовремено изложени на непријатна дразба), тогаш подоцнежната појава на афективните знаци кај другите може да резултира со иста таква емоционална состојба кај набљудувачот. И конечно, емпатиските исходи се јавуваат и поради активација на напредни когнитивни процеси. Еден таков процес претставува „јазично-посредуваната асоцијација", каде реакцијата на набљудувачот на нечија неволја е предизвикана со активацијата на јазично-заснованите когнитивни мрежи кои побудуваат асоцијации што одат заедно со личните чувства и искуства на набљудувачот. На пример, ако некое лице соопштува дека било отпуштно од работа, а притоа не манифестира фацијални и говорни знаци дека се наоѓа во неволја, некој од набљудувачите може емпатиски да реагира кон него, само затоа што таквите зборови кај него побудуваат соодветни лични сеќавања. За најнапреден когнитивен процес Davis го смета „заземањето туѓо гледиште", односно настојувањето за разбирање на другиот со ставањето себеси во негова улога или со претставувањето на начинот на кој другиот ги гледа и доживува нештата. Се разбира, овој процес претпоставува вложување на поголем когнитивен напор затоа што вклучува инхибирање на сопственото егоцентрично гледање на нештата и активна приемчивост за туѓите гледишта.

Третиот конструкт во моделот на Davis се однесува на *интраперсоналните исходи*, односно на афективните и неафективните реакции на набљудувачот што не се манифестираат во видливото однесување кон набљудуваното лице. Овие исходи произлегуваат пред сè од претходно споменатите процеси. „Афективните исходи" се состојат од емоционалните реакции што ги доживува набљудувачот како реакција на набљудуваните доживувања на друг. Според Davis може да се говори за два вида на такви исходи, паралелни и реактивни. Паралелните афективни исходи обично се сметаат за прототипски емоционални реакции бидејќи станува збор за еден вид на емоционално споделување, односно за вистинско репродуцирање на она што го чувствува друг. Додека во случајот на реактивните афективни исходи не станува збор за едноставно пресликување на туѓите емоции туку за емоционални реакции што исто така произлегуваат од доживувањата на другите, но кои не се идентични на нив. Овие реакции се јавуваат во вид на грижа и жал за другите и како што е веќе споменато, некои автори нив ги означуваат како симпатија или емпатиска грижа, а други едоставно како емпатија. Во категоријата реактивни исходи Davis исто така ја сместува и личната вознемиреност. Реактивните исходи за разлика од паралелните исходи обично произлегуваат од пософистицирани когнитивни процеси. На пример, некоја паралелна емоционална реакција може да се јави како резултат на моторна мимикрија и/или на претходна условеност, додека доживувањето на емоција што е различна од онаа на набљудуваното лице бара повисок степен на процесирање за да може да се препознаат и интерпретираат знаците на доживувањето што во даден момент е предмет на

набљудување. Според Davis, сите исходи што резултираат од изложеноста на другите немаат афективна природа, некои од нив се и „когнитивни". Еден таков исход, на пример, претставува т.н. интерперсоналната точност, т.е. успешната проценка на мислите, чувствата и карактеристиките на другите луѓе.

Последниот конструкт во моделот се состои од *интерперсоналните исходи* кои се определуваат како однесувања насочени кон набљудуваното лице што се должат на претходната изложеност на лицето. Интерперсоналните исходи може да се јават во различни социјални контексти и не ретко се манифестираат како просоцијално однесување. Се претпоставува дека и когнитивните и афективните аспекти на емпатијата ја зголемуваат веројатноста на помагањето на лицата што се наоѓаат во неволја. Меѓутоа, овде би требало да се забележи дека според начинот на којшто е концептуализиран моделот на Davis, при разгледувањето на интерперсоналните исходи (на пример, просоцијалното однесување) треба да се има предвид дека тие се многу понепосредно поврзани со когнитивните и афективните интраперсонални исходи отколку со различните емпатиско-поврзани процеси и антецедентни услови.

Значи, според организацискиот модел на Davis, емпатијата е без сомнение сложен феномен, составен од повеќе когнитивни и афективни компоненти, така што за да може што посоодветно и посеопфатно да се осознае нејзината природа и потенцијална поврзаност со просоцијалното однесување, неопходна е примена на мултидимензионален пристап во нејзиното проучување. Токму таков пристап е применет и во нашето истражување што е изложено во вториот дел на овој труд. Поточно, при испитувањето на индивидуалните разлики во емпатиското реагирање е користен „Индексот на интерперсоналната реактивност" на Davis (1983), кој всушност претставува мултидимензионална мерка на емпатијата што зафаќа неколку нејзини аспекти: заземање туѓо гледиште, фантазија, емпатиска грижа и лична вознемиреност.

Како што е веќе споменато во повеќе наврати, многумина автори претпоставуваат дека емпатијата претставува еден од позначајните мотиватори или медијатори на просоцијалното однесување. Но, дали е тоа навистина така, односно што вели емпириската евиденција за тоа? Генерално гледано, емпириската поткрепа на претпоставената поврзаност меѓу емпатијата и просоцијалното однесување не е еднозначна. Во некои истражувања пронајдена е позитивна поврзаност меѓу нив, но во други не. Ако се суди, на пример, според мета-анализата

на повеќе релевантни истражувања, направена од Underwood & Moore (1982а), малку е веројатно дека би можело да се очекува значајна поврзаност меѓу емпатијата и просоцијалното однесување. Меѓутоа, непронаоѓањето поврзаност во рамките на оваа анализа сепак не би можело да се смета за конечно или заокружено сознание, затоа што во повеќето анализирани истражувања било испитувано само детското однесување. Според мислењето на повеќе автори, а исто така и на Underwood & Moore, силината на врската меѓу емпатијата и просоцијалното однесување изгледа дека се зголемува со возраста. Тоа што на помладите возрасти врската е помалку изразена или пак неа воопшто ја нема се објаснува на неколку начини. На пример, Hoffman (1976) смета дека неповрзаноста меѓу емпатијата и помагањето кај малите деца не произлегува од тоа што тие не емпатизираат, туку од тоа што тие не знаат како да помогнат или не се чувствуваат компетентни тоа да го сторат, Со текот на возраста се зголемува способноста за помагање, а емоционалните реакции сѐ почесто вклучуваат и симпатиска грижа. Според Eisenberg (1986), пак, причината за тоа веројатно лежи и во начинот на операционализирањето и мерењето на емпатијата. Имено, повеќето автори емпатијата кај децата ја операционализирале како едноставна викариска реакција, а не како симпатиска грижа, а токму симпатиската грижа е таа за која се претпоставува дека повеќе доведува до помагање на другите. Во прилог на претпоставеното зголемување на поврзаноста меѓу емпатијата и просоцијалното однесување со текот на возраста говорат и одреден број емпириски наоди. На пример, Eisenberg-Berg & Mussen (1978) откриле позитивна поврзаност меѓу емпатијата (мерена со „Скалата на емоционалната емпатичност“ на Mehrabian & Epstain, 1972) и доброволното помагање кај момчињата-адолесценти (но, не и кај девојчињата) при вршењето на здодевни задачи. Додека, Barnett и сор. (1981) евидентирале поврзаност меѓу емпатијата и помагањето при правењето брошури за инвалидизирани и ретардирани деца и кај момчињата и кај девојчињата. Оваа поврзаност уште подоследно е манифестирана при испитувањата на возрасните. Постојат мноштво

истражувања (корелациски и лабораториски) што го потврдуваат тоа (на пример, Mehrabian & Epstain, 1972; Coke и сор. 1978; Toi & Batson, 1981; Archer и сор. 1981; Batson et al., 1983; Eisenberg et al., 1989). Во овие истражувања, емпатијата е повеќе испитувана како ситуациски индуциран феномен (на пример, тоа е особено практикувано во истражувањата на Batson и неговите колеги), отколку како диспозициска тенденција. Но, иако и во едниот и во другиот случај, во повеќе наврати било утврдено дека просоцијалното или алтруистичкото однесување позитивно корелирало со емпатијата, ако се земат предвид објаснувањата содржани во моделот на Davis, а исто така и сугестиите на Eisenberg (1986), оваа поврзаност, веројатно, би требало да биде поизразена и подоследна во случајот на ситуациската отколку диспозициската емпатија. Според Eisenberg, „тоа е така затоа што во која и да било просоцијална ситуација може да постојат или да не постојат знаци што побудуваат емпатиско реагирање, а знаците пак можат или не можат да побудуваат емпатија кај секое лице со поизразена црта на емпатичност. ... поради причините што лежат во поединецот или во специфичноста на ситуацијата, нормалното или типичното емпатиско реагирање на поединецот може да биде ирелевантно за веројатноста на алтруизмот во дадената ситуација" (1986, 46). Како илустрација на можноста диспозициската емпатија да е поврзана со просоцијалното однесување само во одредени, но не и во сите ситуации, Eisenberg ги посочува наодите во истражувањето на Earle и сор. (1982). Имено, овие автори откриле дека диспозициската симпатија била позитивно поврзана со помагањето кај возрасните, само во ситуацијата што не била многу поттикнувачка, т.е. во ситуацијата кога помошта била барана преку пишуван апел. Додека, во ситуацијата во која испитаниците биле изложени на „жив" апел за помош (што веројатно предизвика симпатија кај повеќето луѓе) помагањето било поврзано со просоцијалните вредности, но не и со „цртата" на симпатијата. Но, и покрај ваквиот наод сè уште не може со сигурност да се тврди дека диспозициската емпатија е секогаш „инфериорен" предиктор на просоцијалното однесување во споредба со ситуациската емпатија, затоа

што засега се располага само со лимитирана евиденција. Во најголемиот број од истражувањата на возрасните е испитувана пред сè ситуациската емпатија, во далеку помал број е испитувана диспозициската емпатија, а само во неколку од нив е правена споредбена анализа.

Ако се прифати гледиштето дека емпатијата претставува сложен феномен што вклучува повеќе когнитивни и афективни компоненти, тогаш нужно се поставува прашањето, дали сите тие се подеднакво значајни за активацијата на просоцијалното однесување. Batson, на пример, при диференцирањето на емпатијата и личната вознемиреност како различно ориентирани емоционални реакции (првата, ориентирана кон другите, а втората кон себеси), тврди дека нужен предуслов за емпатијата, која понатаму резултира со алтруистичко помагање, претставува заземањето туѓо гледиште. Додека појавата на личната вознемиреност, која исто така може да доведе до помагање (но, до егоистичко помагање), не претпоставува заземање туѓо гледиште. Освен тоа, тој смета дека доживувањето на лична вознемиреност резултира со помагање на другите обично кога помагањето лесно може да доведе до редукција на сопствената вознемиреност. Тоа се случува, на пример, кога со помагањето на лесен начин се прекинува изложеноста на непријатните знаци што доаѓаат од лицето во неволја. Меѓутоа, емпириската евиденција на Batson и неговите колеги исто така покажува дека при доживувањето на личната вознемиреност, ако може лесно да се побегне од непријатниот стимулус, многу веројатно е дека тоа и ќе се стори, без да се помогне. Наспроти тоа, кога се доживува емпатиска грижа за лицето во неволја, се помога дури и во случаите кога бегството од ситуацијата е лесно изводливо. Накусо, изгледа дека доживувањето на емпатиската грижа (т.е. симпатијата) би требало да биде повеќе и подоследно поврзано со просоцијалното однесување отколку доживувањето на личната вознемиреност, особено во ситуациите во кои побудените поединци не се присилени на екстензивно справување со стимулусот што ја предизвикува побуденоста. Значи, ако се суди според емпириските наоди на Batson, можно е различните афективни и

когнитивни реакции што го чинат емпатиското реагирање да имаат поинакви единечни и заеднички ефекти врз појавата на просоцијалното однесување. Но, за жал во многу досегашни истражувања се користеле мерки на емпатијата кои не давале можност за еден подиференциран пристап во нејзиното проучување. (Повеќето индекси на емпатијата се базирале само на самоизвестувања за општата негативна состојба или на мерења на општите физиолошки и фацијални реакции.). Имајќи ја предвид сложената природа на емпатијата, се разбира, многу посоодветни би биле повеќеаспектните отколку едноаспектните мерки, затоа што со нивна примена, од една страна, би се намалила веројатноста за појава на неконзистентни наоди, а од друга страна, би се зголемила можноста за посеопфатно и попрецизно осознавање на нејзиното влијание врз просоцијалното однесување.

Емпатијата не е единствената емоционална реакција што е поврзана со просоцијалното однесување. Понекогаш, просоцијалното однесување може да биде посредувано и од чувството на вина, срам, гордост, задоволство со себеси и од општото расположение на потенцијалните помагачи. Вината, срамот, гордоста и задоволството се себеси се емоционални реакции на себевреднување и како такви тие се првенствено побудени од оценката или вреднувањето на сопственото однесување во дадена ситуација, а не од перцепираната состојба на лицето во неволја. Се претпоставува дека нивната појава е исход на свесноста за релевантните просоцијални норми и вредности и степенот на усогласеноста на сопственото однесување со нив. Освен тоа, овие емоционални реакции не се поврзуваат само со актуелното туку и со претпоставеното преземање или непреземање акции во прилог на лицето во неволја. Нивната значајност е согледана од повеќе автори, а како што може да се забележи за нив и експлицитно се говори во некои од претходно изложените модели на просоцијалното одлучување. На пример, Piliavin и сор. нив ги разгледуваат во контекстот на анализата на добивките и трошоците поврзани со помагањето и непомагањето, а според Schwartz & Howard, тие ја чинат емоционалната компонента на

чувствата на морална обврска (т.е. на личните норми), коишто претставуваат централен мотивациски конструкт во нивниот модел.

При разгледувањето на ефектите на различните емоционални реакции на себевреднување, најчесто се посочува улогата што ја има чувството на **вина**, за кое се смета дека ја зголемува мотивацијата за преземање на одредени просоцијални постапки. Ако се говори општо за вината, потребно е да се спомене дека вината како еден вид непријатно, а понекогаш и многу мачно доживување, била предмет на разнородни теоретски и емпириски анализи, при што нејзините антецеденти и консеквенци се разгледувани од различни аспекти. Wicker и сор. прегледувајќи ја литературата за вината заклучиле: „Општо земено, се смета дека вината произлегува од постапките што ги прекршуваат етичките норми, принципите на праведноста ... или моралните вредности. Вината е пропратена со чувството на лична одговорност“ (1983, 26). На сличен начин Izard заклучил дека „вината се јавува во ситуациите во кои некој се чувствува лично одговорен“ (1977, 423), а Hoffman расудувал попрецизно: „Обвинувањето на самиот себеси станува можно во оној момент кога се има когнитивен капацитет да се препознаат консеквенците од сопствената акција по другите и свесност дека се има избор и контрола на сопственото однесување“ (1976,139). За Hoffman (1982), вината, исто како и емпатијата, може да се смета за типичен просоцијален мотив, бидејќи таа може да го трансформира нечије страдање или болка како сопствено неспокојство и да доведе до чувство на делумна одговорност за неволјата на другиот, без оглед дали е нешто навистина сторено или не во нејзиното предизвикување.

Дека чувствувањето вина поради погрешното постапување, со што на некој начин се повредуваат другите или им се прави некоја штета, може да биде значаен мотиватор на просоцијалното однесување е потврдено во повеќе истражувања. Во овие истражувања, обично испитаниците најпрво се поттикнуваат да направат нешто погрешно, на пример, да излажат или да измамат друго лице (Freedman et al., 1967), да ја оштетат експерименталната апаратура (Walace &

Sadalla, 1966), да оштетат предмети што се сопственост на друг (Regan et al., 1972), или индиректно или директно да повредат друг (Darlington & Macker, 1966). По правењето на грешните дела ним им се дава можност да манифестираат одредено просоцијално однесување, на пример, да вложат дополнителен напор за да му помогнат на друг, да даруваат парични средства или крв, да волонтираат и сл. Резултатите од вака смислените истражувања, спроведени во лабораториски и теренски услови, покажале дека, општо земено, испитаниците што биле поттикнувани да се чувствуваат виновни многу почесто се впуштале во помагање отколку испитаниците што не биле поттикнувани да прават грешни дела. Тие не само што повеќе им помагале на лицата кои на одреден начин самите ги виктимизирале, туку тие така се однесувале и кон други лица кои имале потреба од помош. На пример, во теренскиот експеримент на Regan и сор. (1972) на испитаниците - жени, случајни минувачи во еден трговски центар - им било индивидуално пристапувано од страна на .соработникот на истражувачите, кој ги замолувал да го сликаат со неговиот фото-апарат. Меѓутоа, во моментот кога секоја од нив се обидувала да го слика соработникот, апаратот се расипувал. Во ситуацијата на вина, жените биле поттикнувани од страна на соработникот да поверуваат дека тие биле одговорни за расипувањето на апаратот, додека во контролната ситуација, ним им било укажувано дека тоа не било нивна грешка. По ваквата случка, сите тие биле соочувани со можноста да и помогнат на друга жена (исто така соработник на истражувачите) на која ненадејно и се кинела кесата со купени продукти кои потоа се растурале по плочникот. Добиените резултати во ова истражување во голема мерка го потврдиле она што и се очекувало: 55% од испитаниците кои биле поттикнувани да се чувствуваат виновни затоа што направиле „грешно дело" се обиделе да и помогнат на жената, додека истото тоа го сториле само 15% од испитаниците во контролната ситуација. Ефектот на грешните дела е регистриран во поширок опсег на ситуации, така што изгледа прилично веројатно луѓето да се повеќе приемчиви на можностите за помагање кога веруваат дека грешно

постапувале. Меѓутоа, иако често се смета дека ефектот на грешните дела се јавува поради чувството на вина, некои автори се на мислење дека зголеменото помагање во таквите случаи може да биде исход и на обидите да се поврати нарушената позитивна слика за себеси (Carlsmith & Gross, 1969), или на настојувањето за повторно воспоставување на праведноста (Walster et al., 1970).

Чувствувањето вина може да влијае на **општото расположение** на луѓето. Вината како непријатна или негативна емоционална реакција предизвикува *лошо (непријатно) расположение*, но се разбира лошото расположение не се јавува само поради чувството на вина. Некогаш тоа може да се јави поради тоа што се чувствуваме тажни, разочарани или поради тоа што ни се случило нешто непријатно. Се поставува прашање, дали и во тие случаи луѓето се повеќе подготвени да им помагаат на другите? Според постојните емпириски сознанија, ефектите што ги има непријатното расположение што се јавува поради тага или некој вид разочараност врз помагањето не се така еднозначни како во случајот со чувствувањето вина. Односно, во некои студии е утврдено дека тој тип непријатни расположенија го поттикнувале помагањето, во други дека го инхибирале, а во трети дека немале никаков ефект врз помагањето. Ако се има предвид дека ефектите на лошото расположение може да бидат различни, се чини оправдана сугестијата на Dovidio (1984) дека секое настојување за разбирање на начинот на кој негативните состојби влијаат врз помагањето треба да биде следено со јасна диференцијација меѓу различните типови на лоши расположенија. Според Salovey и сор. (1991), причината за нееднозначните ефекти на тагата врз помагањето би требало да се бара во фокусираноста на вниманието. Тагата што доведува до поголема фокусираност кон себеси помалку резултира со помагање отколку тагата што е фокусирана кон другите. Но, различната фокусираност на вниманието не е единствениот механизам со кој може да се објаснат наодите за поврзаноста, односно неповрзаноста меѓу лошото расположение и помагањето на другите. Cialdini и неговите колеги (1973, 1976, 1982, 1987) сметаат дека кога луѓето се лошо расположени тие

се впуштаат во помагање на другите затоа што сакаат да го поправат своето расположение и да се чувствуваат подобро. Ваквото толкување, изложено во рамките на нивниот „модел на ослободување од негативната состојба", се заснива на претпоставката дека луѓето низ процесот на социјализацијата научуваат дека просоцијалните постапки обично се наградуваат од другите (на пример, со одобрување или со друг вид на надворешни награди), така што со текот на времето нивната манифестација се јавува во улога на секундарен поткрепувач. Со други зборови, со возраста помагањето станува инструмент за ослободување од непријатните состојби и за доживување на пријатни чувства. Според Cialdini и неговите колеги, непријатната состојба што го мотивира поединецот да му помогне на друг може да произлезе од различни извори. На пример, таа може да се јави како чувство на вина поради личното повредување на друго лице, како чувство на жал поради набљудувањето на нечие страдање и сл. Освен тоа, важно е да се спомене дека овие автори сметаат дека помагањето не е единствениот начин на кој поединецот може да се ослободи од непријатната состојба. Ако во дадена ситуација, на пример, се јави некој друг настан што може да го подобри неговото лошо расположение, пред тој да се впушти во помагање, малку веројатно е дека тој ќе се обиде да помогне, затоа што нема да биде повеќе мотивиран да го стори тоа. Што значи, за Cialdini и неговите колеги, просоцијалните постапки во основа имаат хедонистичка функција и се првенствено насочени кон подобрување на сопствената благосостојба.

Просоцијалното однесување не е посредувано само од лошото, туку исто така и од *доброто (пријатното) расположение*, чие влијание по сè изгледа е далеку подоследно. Тоа го потврдуваат добиените наоди во речиси сите истражувања во кои биле проверувани ефектите на доброто расположение. Како што посочуваат Salovey и сор. (1991), во нив биле испитувани различни категории на испитаници, кај кои позитивните чувства биле индуцирани на повеќе начини (на пример: преку постигнување успех во игри и лабораториски задачи; со предизвикување

пријатни мисли; со наоѓање пари или добивање подароци; со слушање музика и сл.). Во истражувањата, општо земено, било утврдено дека предизвикувањето на позитивните чувства кај испитаниците било значајно поврзано со просоцијалното однесување кое било манифестирано на различни начини (на пример: помагање при собирање на испаднати предмети, барање изгубени контактни сочива, давање добротворни прилози, доброволно учество во повеќе експерименти, подучување на сиромашни ученици, дарување крв за Црвениот крст и сл.). Но, иако постојната евиденција за позитивната поврзаност меѓу доброто расположение и просоцијалното однесување е прилично конзистентна, при објаснувањето на оваа поврзаност не постои согласност меѓу истражувачите на кои механизми се заснива ефектот на доброто расположение. Salovey и сор. (1991) прегледувајќи ги истражувањата од оваа област идентификувале три различни објаснувања на поврзаноста меѓу доброто расположение и просоцијалното однесување. Некои автори, меѓу кои е и Salovey, сметаат дека оваа поврзаност се должи на фактот што позитивните расположенија вклучуваат позитивни когниции за себеси и што тие често го свртуваат вниманието кон себеси. Свртеноста на вниманието кон себеси може да има три консеквенци. Прво, тоа може да ја истакне релативната среќност на поединецот, што понатаму може да резултира со желба да им се помогне на другите, кои нему му изгледаат како помалку среќни. Второ, тоа може исто така да ја зголеми веројатноста за придржување кон истакнатите бихевиорални норми и идеали, но само ако се избегнуваат негативните афективни консеквенци што би произлегле од непрактикувањето на очигледната обврска за помагање. И трето, самата фокусираност кон себеси може да ја засили афективната сосотојба на поединецот, со што се интензивираат претходните два вида ефекти. Друго објаснување на врската меѓу доброто расположение и просоцијалното однесување претставува „хипотезата на пропратните ефекти“, изложена од Cialdini и сор., (1982) и Manucia и сор. (1984). Според оваа хипотеза, среќните луѓе повеќе помагаат од другите затоа што

добрите расположенија предизвикуваат соодветни просоцијални мисли, што го поттикнуваат просоцијалното однесување независно од самото расположение. Што значи, добрите расположенија немаат директен, туку индиректен ефект врз просоцијалното однесување. Луѓето што се во добро расположение се склони да ја гледаат позитивната страна на социјалните интеракции и повеќе да нудат помош. И конечно, ефектот на доброто расположение се објаснува со „хипотезата за одржување на расположението“, според која, причината за тоа што луѓето повеќе помагаат кога се среќни и задоволни со себе лежи во нивното настојување што подолго да останат во такво расположение. Ако се оценува веродостојноста и општоста на гореспоменатите објаснувања се чини дека секое од нив засебно може да важи за некои, но не и за сите манифестации на ефектот на доброто расположение. Но без оглед на тоа, важно е да се констатира дека кога луѓето се чувствуваат среќни и се во добро расположение тие се повеќе подготвени да им помогаат на другите.

## ПЕРСОНАЛНИТЕ КОРЕЛАТИ НА ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Од сето она што досега е изложено, јасно е дека просоцијалното однесување, исто како и другите сложени социјални однесувања, може да биде повеќекратно условено, така што во досегашните трагања по неговите антецедетни, вниманието било сосредоточено кон различни социјални и/или психолошки фактори, чии ефекти понекогаш се разгледувани изолирано едни од други, а понекогаш како интерактивни процеси. Но, според начинот на којшто се изложени постојните теоретски и емпириски сознанија за детерминираноста на просоцијалното однесување, можно е некој да заклучи дека ако во дадена ситуација постојат повеќето нужни предуслови за манифестирање на одредена просоцијална постапка, тогаш најверојатно таквата постапка и ќе биде манифестирана. Со други зборови, може да се стекне впечаток дека сите луѓе се подеднакво подготвени за помагање на другите, така што доволно е тие само да се најдат во ситуација која кај нив ќе поттикне соодветни просоцијални чувства и мисли, па тие неминовно да се впуштат во помагање. Но, дали е тоа така? Постојат многу случки во реалниот живот кои покажуваат дека луѓето различно реагираат на туѓите неволји. Понекогаш, на пример, при набљудувањето на нечија неволја, некои од потенцијалните помагачи може прилично да се возбудат, додека други да бидат сосема малку возбудени; некои може емпатиски да реагираат и да помогнат, додека други може исто така да реагираат, а сепак да не помогнат. Дури и во многу од споменатите експериментални истражувања, и покрај успешноста во контролирањето на експерименталните услови што резултирала со определен начин на реагирање на испитаниците, нивните реакции не само што не биле идентично манифестирани, туку понекогаш биле и прилично разнообразни.

Се разбира, неспорно е дека околностите често доведуваат до слично реагирање на луѓето и дека нивното менување може да резултира со поинакво однесување. Меѓутоа, за да може што поуспешно да се проникне во сложената природа на просоцијалното однесување, трагањето по сличностите во неговото манифестирање не би требало да биде следено со занемарување или маргинализирање на индивидуалните разлики во просоцијалните тенденции. Бидејќи како што истакнува Лазароски: „И тогаш кога ја препознаваме зависноста на однесувањето од надворешните стимулуси, ние сме, исто така, свесни дека не можеме да заклучуваме само врз основа на екстерната ситуација, туку и врз основа на персоналните карактеристики. Однесувањето на поединецот не е определено само со моменталната надворешна стимулација, туку, исто така, и со стабилните атрибути кои го опфаќаат (1992, 4, 88). За жал, ако внимателно се погледнат претходно изложените теоретски и емпириски сознанија, па дури и оние кои се однесуваат на ефектите на психолошките фактори, може да се забележи дека појавата и обликувањето на просоцијалното однесување е повеќе разгледувано и испитувано како ситуациски индуциран феномен, отколку како израз на одредени диспозициски својства.

Причините за доминантноста на ситуациската стратегија во проучувањето на просоцијалното однесување најверојатно би требало да се бараат: во бихевиористичката ориентираност на повеќето истражувачи кои се занимавале со овој проблем; во поголемата едноставност во контролирањето и следењето на ефектите на ситуациските варијабли; и во наодите до кои се дошло во некои од првичните истражувања, кои недвосмислено сугерирале дека ситуациските варијабли се далеку позначајни, па дури и пресудни при актуелизацијата на овој вид однесување. Во врска со последната можна причина, како особено влијателни би можеле да се издвојат резултатите на веќе прикажаните истражувања на Darley & Latane (1968) и Darley & Batson (1973). Во истражувањето на Darley & Latane (види стр. 101), спроведено со цел да се провери инхибиторниот ефект на присуството на другите луѓе врз

брзината и веројатноста на помагањето, покрај влијанието на бројот на присутните лица било испитувано и влијанието на повеќе личносни варијабли - аномија, авторитарност, макијавелизам, потреба за одобрување и социјална одговорност. Резултатите до кои дошле Darley & Latané покажале дека ниедна од овие варијабли не била поврзана со брзината на реагирањето или интервенирањето на испитаниците. Пројавените варијации во зависната варијабла биле единствено поврзани со бројот на присутните лица во експерименталните ситуации. Коментирајќи ги овие, а исто така и други слични наоди, Darley & Latane изразиле сериозно сомневање во предиктивната моќ на личносните варијабли и биле убедени дека помагањето на лицата во неволја е пред сè обусловено од специфичностите на ситуацијата, кои обично се толку влијателни што на одреден начин не даваат можност да дојдат до израз вредностите, нормите и личните особини на луѓето. За приврзаниците на ситуациските објаснувања на просоцијалното однесување уште позначајни претставуваат резултатите на истражувањето на Darley & Batson што е опишано на стр. 106. Да се потсетиме, сите испитаници во нивното истражување биле студенти по теологија кои требало да појдат до соседната зграда за да го изложат претходно прочитаниот текст. Пред да тргнат, еден дел од испитаниците биле инструирани да веруваат дека веќе доцнат, додека друг дел од нив верувале дека имаат доволно време на располагање. На влезот на соседната зграда тие наидувале на лице кое имало потреба од помош поради здравствени проблеми. Darley & Batson на самиот почеток од истражувањето на испитаниците им задавале прашалник за природата на нивните религиозни верувања. Врз основа на одговорите на прашалникот тие биле поделени во две групи. Едната група ја сочинувале испитаниците чии религиозни верувања биле примарно фокусирани кон обезбедување на лично спасение, а другата група ја сочинувале испитаниците чии верувања јасно ја имлицирале нивната ориентираност кон водење грижа за благосостојбата на другите и кон нивно помагање. И покрај тоа што тие очекувале различната религиска ориентираност на испитаниците да биде поврзана со помагањето на

лицето во неволја, резултатите што ги добиле тоа не го потврдиле. Помагањето било единствено детерминирано од степенот на брзањето на испитаниците. (Шеесет и три проценти од испитаниците кои не се брзале, запреле и му помогнале на лицето, додека истото тоа го сториле само десет проценти од оние кои се брзале.). Наодот дека различната религиска ориентираност на испитаниците (која според Darley & Batson би требало да соодветствува на ориентираноста и однесувањето на свештеникот и левитот, односно на самарјанинот во параболата за *Добриот самарјанин*) немала никакво влијание врз нивното однесување, ситуациски ориентираните теоретичари и истражувачи често го посочуваат како еден од клучните аргументи за исправноста на нивното гледиште. Според нив, ефектите на личносните варијабли се прилично лимитирани и нивната улога во социјалното однесување неоправдано се преценува. Секој оној кој верува дека карактеристиките на личноста би влијаеле повеќе на просоцијалното однесување отколку карактеристиките на ситуацијата всушност ја прави „фундаменталната атрибуциска грешка“, т.е. ја преценува значајноста на личните карактеристики како причини за човековото однесување (Ross & Nisbett , 1991).

Преферирањето на ситуациската стратегија во проучувањето на просоцијалното однесување е тесно поврзано со верувањето во специфичноста, а не во општоста на овој вид однесување. Односно, со верувањето дека постои мала доследност во начинот на однесувањето на луѓето од една до друга ситуација, што значи дека не би можело да се очекуваат конзистентни обрасци на индивидуални разлики во просоцијалното однесување низ ситуациите. Според Rushton (1981, 1984), ова верување има подолга традиција и се заснива на толкувањето на резултатите добиени во првото опсежно истражување на просоцијалното и моралното однесување, насловено како *„Истражување за образованието на карактерот“*. Ова истражување било спроведено од Hartshorne & May во 20-те години, а неговите резултати биле објавени во периодот меѓу 1928 год. и 1930 год. во три засебни книги: „Студии за мамењето“; „Студии за опслужувањето и себеконтролирањето“; и

„Студии за организацијата на карактерот“. Со истражувањето на Hartshorne & May биле опфатени 11 000 основци и средношколци, на кои им биле зададени 33 различни бихевиорални тестови за нивното просоцијално однесување (именувани како „тестови на опслужување“), себеконтролирање и за нивната чесност во различни социјални контексти (дома, на училиште, в црква, при играње и спортување). Во исто време, биле прибрани повеќе проценки за угледот или репутацијата на испитуваните ученици, дадени од страна на нивните наставници и соученици, во поглед на испитуваните облици на однесување. На тој начин, Hartshorne & May дошле до повеќе од 170 000 опсервации. Со пресметување на корелациите на скоровите што учениците ги добиле на сите применети тестови, било можно да се открие дали однесувањето на учениците во различните социјални контексти се карактеризирало со специфичност или општост. Ако нивното однесување било определено од ситуациите, тогаш би требало да се појават многу ниски корелации, па дури и да отсуствува каква и да било поврзаност меѓу однесувањето во различните ситуации. Ако, пак, нивното однесување низ ситуациите се карактеризирало со општост, тогаш би требало да бидат утврдени значајни корелации. Резултатите што се добиени во ова истражување покажуваат дека корелациите меѓу единечните бихевиорални мерки во просек биле ниски и се движеле од 0.20 до 0.30. Согласно на тоа, Hartshorne & May извеле заклучок што оди во прилог на гледиштето за специфичноста на однесувањето и, меѓу другото, напишале: „Ниту мамењето, ниту неговата спротивност `чесноста` се унифицирани карактерни црти, туку тие се пред сè специфични функции на животните ситуации. Повеќето деца ќе се впуштат во мамење во некои ситуации, но тоа нема да го сторат во други. Лажењето, мамењето и крадењето според мерењето со тест ситуациите применети во ова истражување се само лабаво поврзани“ (1928, 411; според Rushton, 1981). Наодите на Hartshorne & May за релативната недоследност на однесувањето низ ситуациите имале многу значајни импликации врз конципирањето на подоцнежните истражувања и објаснувања не само во однос на

просоцијалното однесување, туку и во однос на личноста воопшто. Многумина автори повикувајќи се на тие наоди едноставно не верувале, а некои сè уште не вуруваат, дека е можно да постојат алтруистички црти (или просоцијални диспозициски тенденции) кои би можеле да играат значајна улога во детерминирањето на просоцијалното однесување. Така, на пример, Krebs во 1978 год. го изнел следното тврдење: „Како што покажале Hartshorne & May пред педесетита години, речиси секој ќе помогне во некои ситуации; речиси никој не ќе помогне во други контексти; а истите оние луѓе кои помагаат во едни ситуации нема да помогнат во други" (1978, 142). Уште поопшта и далеку повлијателна претставува оценката на Walter Mischel (1968), авторот на еден од многу често цитираните прегледи на проучувањата на личноста, дека корелацијата меѓу две бихевиорални манифестации на една црта ретко кога би можела да изнесува над 0.30. Изразувајќи сериозно сомневање во корисноста на личносните концепти, Mischel е убеден дека поединците всушност манифестираат дискриминативна способност меѓу ситуациите, така што порелијабилни предикции може да се постигнат ако идното однесување се проценува врз основа на начинот на кој тие се однесувале во слични ситуации во минатото. Истото гледиште го застапува и Nisbett, кој тврди дека „цртолошкиот пристап во определувањето на однесувањето ... е сосема погрешен" (1980, 110).

Меѓутоа, одбраната на „ситуационизмот" заснована на степенот на поврзаноста на единечните мерки применети во истражувањето на Hartshorne & May се чини дека не е така убедлива како што сметаат приврзаниците на ова гледиште. Имено, извесен број автори сомневајќи се во начинот на интерпретирањето на добиените резултати, ги преиспитале оригиналните податоци и ги подложиле на пософистицирани статистички анализи. На пример, Burton, 1963 (според Rushton, 1981) со примена на факторска анализа открил општ фактор што објаснувал 35 до 40 проценти од општата варијанса, износ што упатува на можноста од постоење на „морален карактер". Исто така, Rushton (1981, 1984) преиспитувајќи ги податоците на Hartshorne & May установил дека кога сите

мерки (показатели) на просоцијалното однесување ќе се спојат во батерија тие многу повисоко корелираат (0.61) со мерките на репутацијата што учениците ја имале меѓу наставниците и соучениците во поглед на нивната просоцијалност. Слични поврзаности тој евидентирал и при комбинирањето на мерките на чесноста и себеконтролата (0.50 и 0.60). Ова зголемување на корелациските вредности, според Rushton, јасно ја сугерира можноста од погрешна интерпретација во случаите кога за доследноста на однесувањето се суди само врз основа на поврзаноста меѓу кои и да било две мерки на однесувањето. „Многу поточна претстава се добива со испитување на предиктабилноста што произлегува од изборот на повеќе бихевиорални примероци. Овие примероци се порелијабилни и следствено подобри предиктори ... (Rushton, 1984, 273). Како поткрепа на констатацијата дека со примената на комбинирани мерки се овозможува повисок степен на предвидливост Rushton посочува и друга емпириска евиденција. На пример, во едно истражување на Dlugokinski & Firestone (1973) биле применети четири различни мерки на 164 деца на возраст од 10 до 13 години: а) мерка од типот молив-хартија за начинот на разбирањето на значењето на добрината; б) мерка од типот молив-хартија за релативната значајност на алтруистичките наспроти себичните вредности; в) проценки на соучениците за обѕирноста или себичноста на испитуваните деца; и г) мерка на однесувањето во врска со нивното подарување пари во добротворни цели. Со обработката на добиените податоци во ова истражување било утврдено дека степенот на поврзаноста меѓу мерките бил помал кога била пресметувана корелација меѓу две единечни мерки, отколку кога мерките меѓусебно се комбинирале. Поточно, сите шест можни корелации биле позитивни и се движеле од 0.19 до 0.38, додека мултиплите корелации на кои да било три варијабли како предиктори на четвртата се дижеле од 0.42 до 0.51. Dlugokinski & Firestone истите овие поврзаности повторно ги пронашле и во друго истражување што го спровеле една година подоцна (1974). Rushton, како особено индикативни ги смета и резултатите што се добиени во истражувањето на Krebs & Sturrup (1974) за природно манифестираните

просоцијални постапки кај децата. Во ова истражување биле опсервирани 23 деца на возраст од 7 до 8 години, чии просоцијални постапки биле искодирани како нудење помош, нудење поддршка и сугерирање совесност. При пресметувањето на поврзаноста меѓу секоја од овие три постапки, било откриено дека таа се движела 0.09 до 0.24. Но, кога била проверувана поврзаноста меѓу композитниот скор, што бил изведен од нив, и независно дадените проценки од страна на наставникот, истражувачите евидентирале многу повисока корелација - 0.47. Овие, а исто така и други слични наоди за Rushton претставуваат доволно убедлива евиденција за постоење на поголема доследност во просоцијалното однесување од она што честопати е претпоставувано, и согласно на тоа, тој заклучил: „ ... изгледа дека постои црта на алтруизам. Некои луѓе се доследно повеликодушни, повеќе помагаат и се подобродушни од други. Освен тоа, таквите луѓе често се перцепирани како поалтруистични ...“ (1981, 259).

Покрај Rushton постојат и други автори кои сметаат дека при оценката на доследноста на однесувањето не треба да се раководиме само од поврзаностите меѓу единечните мерки. И Epstein (1979, 1980), на пример, има изложено убедлива евиденција дека ниските корелации низ ситуациите соопштени во литературата за просоцијалното однесување во голема мера биле *artefakt* на нерелијабилното мерење, поврзано со испитување на повеќе единечни отколку повеќекратни појави на однесувањето. Во неколку свои истражувања, тој утврдил дека со агрегација на добиените податоци се овозможува значително зголемување на коефициентите на доследноста. Меѓутоа, и покрај тоа што со подобрувањето на методите за обработка на податоците може да се зголемат коефициентите на доследноста, Krebs & Miller (1985) истакнуваат дека во повеќето случаи добиените корелации од повеќекратните мерки сè уште оставаат голем дел од необјаснетата варијанса. Ваквата констатација неминовно го наметнува прашањето, колку би требало да изнесуваат коефициентите на доследноста, за да би можеле да се третираат како релевантен наод. Rushton, на пример, смета

дека дури и во оние случаи кога корелацијата изнесува само 0.30, ако станува збор за повторлив наод, таа би можела во најмала рака да се третира како индикација за постоење на одредена конзистентност во просоцијалното однесување. Се разбира, малку е веројатно дека со ова би се согласиле ситуациски ориентираните истражувачи, а и не само тие.

Кога се разгледува и оценува доследноста на просоцијалното однесување, покрај гореспоменатото, треба да се имаат предвид уште неколку нешта. Прво, во повеќето истражувања во кои е проверувана доследноста и општоста на просоцијалното однесување биле испитувани само деца, а детското однесување може да биде помалку доследно од она на возрасните. Или, како што пишува Olport, „постои важен доказен материјал дека повозрасните луѓе стануваат се подоследни во своето социјализирано однесување. ... Не мислиме да кажеме дека секое лице е совршено доследно, туку само дека возрасните се подоследни од децата." (1969, 407). Второ, најголем дел од проверките на доследноста, т.е. недоследноста на просоцијалното однесување се базираат на резултати добиени во лабораториски услови. Просоцијалните постапки ретко се проучувани во природни услови, т.е. во ситуациите во кои тие вообичаено се манифестираат. Ако се има предвид сознанието дека луѓето обично не се едноставно „втурнати" во ситуациите, туку тие многупати самите нив ги бираат и креираат, многу посоодветно би било прашањето за доследноста да се анализира врз основа на порепрезентативни примероци на просоцијалното однесување. Оваа сугестија е согласна и со согледувањето на Bowers (1973), кој подложувајќи го ситуационизмот во психологијата на критичка анализа, меѓу другото, напишал дека бихевиоралните стабилности повеќе се јавуваат кога корелациските и интеракциските анализи се засниваат на натуралистички и клинички податоци. И трето, некои автори се на мислење дека не би можело да се изведуваат релевантни заклучоци за доследноста на просоцијалното однесување низ ситуациите, ако не се прави разлика меѓу она што може да се означи како фенотипска и генотипска доследност. Истражувачите обично доследноста ја дефинираат фенотипски, во смисла на видлив

ефект или исход на однесувањето. На пример, ако некое дете во една ситуација споделува повеќе слатки од другите деца, а во друга ситуација не дава, или многу ретко дава пари на питачи, се смета дека тоа не се однесува доследно. Меѓутоа, како што забележуваат Krebs & Miller (1985), детето можеби се однесува сосема доследно на генотипско или внатрешно ниво. На пример, тоа можеби верува дека е правилно она што се има да се споделува со другарите, но погрешно е ако им се дава на непознати, и соодветно на тоа така и да се однесува. Освен тоа, овие автори сметаат дека дури и во случаите кога доследноста се анализира само на фенотипско ниво, можно е таа повеќе да доаѓа до израз само во однос на одредени облици на просоцијално однесување (на пример, во однос на интервенирањето во итни или опасни ситуации, или во однос на давањето добротворни прилози и сл.). Што значи, за Krebs & Miller доследноста во однесувањето сепак има свои ограничувања и таа би требало помалку да се очекува низ една разнообразна група на ситуации.

Со примената на ситуациската стратегија секако дека се дошло до низа вредни сознанија за условите во кои може да се очекува подоследна манифестација на различни облици на просоцијалното однесување. Но, настојувањето тоа да се посматра и објаснува само како ситуациски индуциран феномен и да се минимизира значењето на личносните фактори, сепак, нужно води кон една парцијализирана и поедноставена слика за него и за човекот воопшто. Бидејќи, секој психолошки настан не зависи само од средината, туку тој истовремено зависи и од состојбата на личноста, иако нивната релативна значајност е различна во различни околности (Lewin, 1936). Или, како што истакнува Лазароски, во рамките на своето проучување на односот меѓу однесувањето и структурата на личноста: „... и покрај големата улога што ја имаат ситуациските фактори во определувањето на однесувањето, индивидуалните разлики во социјалното однесување често се поврзани со посебните црти, особини. Персоналните варијабли го репрезентираат тоа што индивидуата го внесува во ситуацијата, додека социјалните варијабли се содржат во

самата ситуација. Но, и двете групи варијабли се значајни за предикција на човековото однесување" (1992. 5, 67).

До значајно поместување на интересот на истражувачите од ситуациските кон персоналните корелати на просоцијалното однесувањето доаѓа во осумдесетите години, кога од одреден број истражувачи се соопштени значајни и повторливи наоди за постоењето на индивидуални разлики во подготвеноста за помагање на другите. Со зголемувањето на емпириската евиденција, постепено доаѓа до промена на мислењето на многумина автори кои творат во оваа област за ефектите на личносните варијабли, така што тие се помалку се сметаат за ирелевантни при настојувањето да се разбере и објасни зошто луѓето им помагаат, или не им помагаат на другите. Така, на пример, Piliavin и сор., кога во 1981 година го разгледувале статусот на личносните варијабли во објаснувањата на просоцијалното однесување, кусо резимирале дека „трагањето по ‘општата просоцијална личност‘ било јалово" (184). Но, истите тие автори, десет години подоцна, напишале: „ ... и покрај песимизмот во раните прегледи во областа ... зголемениот број на трудови во литературата ја сугерира значајноста на индивидуалните разлики во помагањето" (Dovidio et al. 1991, 101).

Ако за ситуациски ориентираните истражувања е карактеристично тоа што тие се најчесто експериментални, во кои обично се врши манипулација на различни аспекти на ситуациите, а потоа се опсервираат нивните ефекти врз однесувањето, истражувањата што трагаат по персоналните корелати на просоцијалното однесување најчесто се корелациски, во кои се настојува да се идентификуваат карактеристиките на лицата што коварираат со просоцијалното однесување и да се утврди степенот на нивната поврзаност. Во рамките на истражувањата на персоналните корелати на просоцијалното однесување испитувани се различни карактеристики на поединците кои, општо земено, би можеле да се класифицираат во две групи. Едната група ја чинат социодемографските карактеристики, а другата особините (или цртите) на личноста.

## СОЦИОДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ И ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

При испитувањето на поврзаноста меѓу социодемографските карактеристики и просоцијалното однесување, вниманието на истражувачите било главно сосредоточено кон ефектите на полот, возраста, социоекономскиот статус, големината на семејството и редоследот на раѓањето. Ако се суди според бројноста на емпириската евиденција, тогаш она за што истражувачите пројавиле најголем интерес меѓу овие варијабли е секако прашањето за **половите** разлики во просоцијалното однесување. Односно, прашањето за тоа дали мажите и жените се разликуваат во поглед на нивната подготвеност за помагање на другите, и ако се разликуваат, дали тие разлики се однесуваат на просоцијалноста воопшто или пак тие се поврзани со вршењето на одделни просоцијални постапки. Одговорот на ова прашање по сè изгледа не е така едноставен како што е самото негово поставување, бидејќи емпириските наоди не само што не се еднозначни туку често се и противречни. Имено, некои наоди покажуваат дека меѓу мажите и жените не постојат разлики во видот и фреквентноста на манифестираните просоцијални постапки, додека други сугерираат дека меѓу нив навистина постојат разлики, при што некогаш се открива дека повеќе помагаат мажите, а другпат дека повеќе помагаат жените. Во еден од раните прегледи на истражувањата на алтруизмот направен од Krebs (1970) се соопштува дека во 11 од 17 прегледани студии во кои биле испитувани деца од двата пола не биле пронајдени разлики меѓу момчињата и девојчињата, а во повеќето од останатите студии било утврдено дека девојчињата повеќе помагале од момчињата. Слични соодноси биле евидентирани и во прегледаните студии во кои биле испитувани возрасни лица (студенти). Додека, во поновите прегледи (кои се карактеризираат со поголем степен на сеопфатност во поглед на анализираните истражувања) е утврдено дека во оние истражувања во кои биле евидентирани полови разлики, мажите, општо земено, повеќе помагале отколку жените (Piliavin & Unger, 1985; Eagly & Crowley, 1986; Johnson et al.

1989). Неможноста да се утврди подоследна манифестација на половите разлики во просоцијалното однесување, веројатно е поврзана со фактот што во многу истражувања не е водено сметка за тоа дека покрај биолошките тие рефлектираат и други особености што се поврзани со половите улоги на мажите и жените. Со други зборови, при секое разгледување на влијанието на полот врз кое и да било социјално однесување (вклучително и врз просоцијалното однесување), не треба да се изуми дека полот претставува еден вид „носечка варијабла“ која рефлектира поширок опсег на физички, социјални и лични разлики. Тоа значи дека дури и во случаите кога мажите и жените се разликуваат во подготвеноста за помагање на другите, пројавените разлики може да се јават поради различни причини, така што не е можно секогаш точно да се прецизира на што всушност се должат тие. Некогаш, тие може да се јават поради биолошките разлики меѓу мажите и жените, другпат поради различните диспозициски склоности што се непосредно поврзани со начинот на кој мажите и жените се растени и социјализирани во општеството, а некогаш и поради разликите во поглед на она што се смета за соодветно или прифатливо однесување за мажите и жените во определени ситуации. Во многу култури, на пример, манифестирањето грижа и давањето емоционална подршка се смета за однесување што повеќе им прилега на девојчињата отколку на момчињата и согласно на тоа, кога девојчињата се однесуваат на таков начин тие многу почесто и посилно се поткрепувани од страна на социајлизаторите. Додека, момчињата почесто се поткрепуваат за оние просоцијални однесувања што вклучуваат ризичност или помагање на женските (Eisenberg & Mussen, 1989). Половите улоги на мажите и жените промовираат различни облици на просоцијално однесување. Тоа што во погоре споменатите прегледи било утврдено дека мажите почесто помагале од жените веројатно е поврзано со природата на испитуваните просоцијални активности. Односно, во повеќето од истражувањата било испитувано интервенирањето во итни или опасни ситуации, кое не само што вклучува одреден степен на ризичност, туку претпоставува и поседување на

определени физички способности и вештини. Дека мажите почесто се впуштаат во ваков тип помагања од жените, покажуваат и податоците што се прибираат во повеќе земји за херојските постапки на луѓето во различни животни околности. На пример, Eagly & Crowley (1986) соопштуваат дека според податоците на „Carnegie Hero Fund Commission" (Институција која ги евидентира и наградува луѓето кои се изложуваат на големи опасности и ризици при спасувањето на животот на други лица во САД и Канада) од 6 955 носители на медали за херојски потфати направени во периодот од 1904 до 1986 година, само 8.86% биле жени. Помалото помагање на жените во ризични или опасни ситуации, за Piliavin & Unger (1985) не значи дека жените, општо земено. помалку помагат од мажите, туку дека таквото помагање за жените има многу поголема цена отколку за мажите, затоа што тие, во просек, се физички помалку силни од мажите. Од друга страна, пак, жените за разлика од мажите, на пример, покажуваат поголема подготвеност за помагање на пријателите во смисла на правење лични услуги, емоционална поткрепа и неформално советување за лични и психолошки проблеми (Eagly & Crowley, 1986). Што значи, половите разлики или разликите во половите улоги не доведуваат автоматски до разлики во поглед на големината на помагањето на луѓето, туку тие можат да доведат до разлики во поглед на тоа кога ќе се помогне и каков вид помош ќе се даде.

Што се однесува, пак, до влијанието на **возраста**, досегашната емпириска евиденција за манифестациите на просоцијалните постапки во периодот на детството и адолесценцијата, упатува на заклучокот дека со текот на возраста, општо земено, се зголемува и обемот и фреквентноста на просоцијалното однесување. Меѓутоа, според иследувањата на Eisenberg & Mussen (1989), тоа зголемување веројатно не е секогаш праволиниско и подеднакво изразено кај сите облици на просоцијалното однесување. Во некои истражувања, на пример, се добиени резултати што покажуваат дека помагањето во итни ситуации (т.е. во ситуациите кога некој паѓа и се повредува) се зголемува од предучилишните години до 10-11 година, потоа тоа опаѓа, а повторно

отпочнува да се зголемува за време на средношколска возраст (Staub, 1970; Midlarsky & Hannah, 1985). Криволиниската поврзаност меѓу возраста и помагањето во испитуваните ситуации на прв поглед може да изгледа нелогична, но таа станува разбирлива ако се земат предвид одговорите што ги давале децата на прашањата за причините на непомагањето на лицето во неволја. Имено, според изјавите на помладите деца нивното неинтервенирање се должело на тоа што тие не се чувствувале способни да помогнат, додека постарите изјавувале дека биле инхибирани од стравот дека ќе направат нешто што е погрешно и што нема да наиде на одобрување кај истражувачите. Според тоа, резултатите добиени во овие истражувања сепак не можат да се третираат како сигурен показател за опаѓање на општата просоцијалната ориентираност, бидејќи тие претставуваат исход на пројавеното стравување од погрешно и несоодветно дејствување во дадените ситуации. Постојните наоди, исто така, сугерираат дека со текот на возраста се менуваат и мотивите за помагањето на другите. Постарите деца за разлика од помладите се впуштаат во помагање и споделување на она што се има и тогаш кога за тоа не се наградувани. Освен тоа, постарите деца, преземените просоцијални постапки повеќе ги оправдуваат со алтруистички отколку со неалтруистички побуди. Зголемувањето на просоцијалното однесување со возраста е тесно поврзано со развојните промени на когнитивните структури. Како што созреваат децата, така кај нив се јавуваат квантитативни и квалитативни промени во однос на начините на размислување и осмислување на физичкиот и социјалниот свет, кои се рефлектираат и на нивните размисли и постапки поврзани со помагањето на другите. Зголемувањето, исто така, се должи и на социјалното учење и социјализацијата, воопшто. Преку различните облици на социјалното учење, децата не само што научуваат дека општеството позитивно го вреднува преземањето акции во прилог на другите, туку тие со текот на возраста научуваат и различни начини на помагање и подобрување на благосостојбата на другите. Кога се говори за ефектот на возраста врз просоцијалното однесување, се чини неопходно да се спомене дека тој не

е евидентиран само кај децата и адолесцентите, туку исто така и кај возрасните лица. Како илустрација за тоа може да се посочат резултатите што се добиени во истражувањето на Rushton et al. (1986), во кое биле испитани 573 близначки двојки (монозиготни и дизиготни) на возраст меѓу 19 и 60 години. Во ова истражување, меѓу другото, било недвосмислено утврдено дека со текот на возраста континуирано се зголемувала фреквентноста на манифестираните просоцијалните постапки на испитаниците (идентификувани врз основа на одговорите на SRA-скалата, која подетално ќе биде прикажана на следните страници).

Покрај полот и возраста, во одреден број истражувања е проверувано и влијанието на социоекономскиот статус, големината на семејството и редоследот на раѓањето врз манифестирањето на различни видови просоцијални постапки. Слично како и во случајот со наодите за влијанието на полот и во однос на овие варијабли не постои еднозначна емпириска евиденција. На пример, според Eisenberg & Mussen (1989), во некои истражувања било утврдено дека не постоела поврзаност меѓу **социоекономскиот статус** на децата и нивното помагање, споделување и кооперативно однесување. Додека, во други истражувања е откриена таква поврзаност, при што некогаш повеќе помагале децата со повисок, а некогаш децата со понизок статус. Но, и покрај ваквата противречната евиденција, некои автори сепак се на мислење дека е оправдано да се очекува возрасните лица со различен социоекономски статус да се разликуваат во поглед на начинот на манифестирањето на одредени просоцијални постапки, и тоа особено во случајот на волонтирањето и дарувањето на парични и материјални средства во добротворни цели (Unger, 1991; Schroeder et al. 1995).

Слични недоследности се евидентирани и во однос на ефектите на **големината на семејството**. Некои истражувачи, откриле дека не постоела поврзаност меѓу големината на семејството во кое растеле испитуваните деца и споделувањето (на пример, Dreman & Greenbaum, 1973), додека други пронашле дека испитаниците кои растеле во поголеми семејства повеќе помагале од оние кои растеле во помали семејства (на

пример, Benson et al. 1980). Наспроти тоа, податоците од истражувањата на Staub (1971a,b) покажуваат дека детското помагање во итни ситуации е поврзано со помала бројност на семејствата.

Противречни се исто така и наодите за влијанието на **редоследот на раѓањето**. Raviv et al. (1980) соопштиле евиденција дека второродените деца биле поалтруистични од прворodените, додека Staub (1971b) открил дека прворoдените или постарите браќа или сестри повеќе им помагале на своите врсници кои биле во неволја и повеќе го споделувале она што го имале со нив, отколку што тоа го правеле средните или помладите деца. Во една друга студија, пак, во која биле опфатени деца од шест различни култури, било откриено дека само најмладото дете во семејството или детето единец се стреми да биде поегоистично од другите. Тоа, обично, бара поголема помош и внимание, а помалку им помага и им дава поддршка на другите (Whiting & Whiting, 1975). Нееднозначни резултати се појавуваат и во истражувањата на возрасните. Во едно од низата експериментални истражувања на Batson и сор. (1986), спроведено со цел да се провери поврзаноста меѓу мотивациската основа на помагањето и особините на алтруистичката личност (во кое биле испитувани само женски лица), било утврдено дека прворoдените и подоцнародените значајно се разликувале во поглед на помагањето. Поточно, во ситуациите кога испитаниците тешко можеле да ги избегнат негативните последици по себе поради непомагањето на лицето во неволја, прворoдените почесто помагале од подоцнародените. Според Batson и сор., ваквиот наод оди во прилог на претпоставката дека кај прворoдените постои поизразено интернализирано чувство на морална обврска и поголема навикнатост за чинење добри дела. Меѓутоа, во едно друго истражување на Eisenberg и сор. (1989), во кое била применета слична експериментална постапка, и во кое биле испитувани и женски и машки лица, во ниедна од експерименталните ситуации не била пронајдена разлика во помагањето меѓу прворoдените и подоцнародените.

Во врска со евидентираните противречности во емпириската евиденција за ефектите на повеќето од испитуваните социодемографски варијабли врз просоцијалното однесување, се чини неопходно да се нагласи дека при оценката на нивната значајност би требало да се има предвид фактот дека сепак станува збор за евиденција што произлегува од испитувања на различни облици на просоцијалното однесување, кои меѓусебно се разликуваат како во поглед на содржината, така и во поглед на траењето, потребната компетенција, вложувањето напор, ризикот и сл. Ако кон ова се додадат карактеристичните ограничувања поврзани со посредното влијание на социодемографските варијабли, тогаш не би требало да изненадува појавата на противречните наоди. Со други зборови, со испитување на различни просоцијални однесувања и без соодветно систематизирање на ефектите на социодемографските карактеристики, многу е поголема веројатноста да се дојде до противречни отколку до еднозначни наоди.

**ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА И ПРОСОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ**

Идејата за постоење индивидуални разлики во просоцијалното однесување, засновани на истакнатоста и заемната поврзаност на особините на личноста, е тесно поврзана со здраворазумските и теоретските согледувања за значајноста на диспозициската детерминираност на одделни облици на човековото однесување кои се карактеризираат со релативна фреквентност, стабилност и повторливост во повеќе или помалку различни околности. Многумина од нас, потпирајќи се на сопствените искуства, а исто така, и на искуствата на другите, се убедени дека луѓето се разликуваат во поглед на нивната загриженост и склоност за несебично постапување кон другите. Дека оваа убеденост не може секогаш да се толкува како рефлексија на „фундаменталната атрибуциска грешка" покажуваат и примерите за исклучително храбри, благородни и великодушни луѓе, кои во повеќе наврати се изложувале на лични жртви и сериозни опасности, а некои дури и го посветиле целиот свој живот, за подобрување на благосостојбата на другите, како на

пример, Albert Schweitzers, Oscar Schindler, и Мајка Тереза. Од друга страна, многумина психолози, трагајќи по причините за карактеристичните и повторливите однесувања на луѓето, го застапуваат цртолошкиот пристап и претпоставуваат дека луѓето поседуваат релативно трајни и општи диспозиции - особини или црти на личноста, кои се нормално дистрибуирани во популацијата и кои зависно од степенот на нивната истакнатост можат да вршат помало или поголемо динамичко влијание врз појавата и обликувањето на определени однесувања. Особините на личноста сфатени како релативно стабилни конфигурации на цели, мотиви, планови и навики, а исто така и како општи претпоставки за можностите за дејствување (Miller & Read, 1987), се сметаат одговорни за доследноста и разликите во однесувањето на поединците низ ситуациите и времето.

Иако идејата за диспозициската заснованост на просоцијалното однесување од здраворазумски и теоретски аспект на прв поглед може да изгледа прилично логична и прифатлива, нејзината емпириска верификација сепак не е така едноставна, бидејќи таа покренува низа прашања на кои не може секогаш да се дадат релевантни и еднозначни одговори. Ако навистина постои диспозициска склоност за преземање акции во прилог на другите, тогаш веднаш се поставува прашање на што се должи таа склоност. Дали постои една или пак постојат повеќе просоцијални (или алтруистички) особини? Ова прашање, со себе повлекува и други значајни прашања. Ако, на пример, постојат повеќе просоцијални особини, тогаш: Кои се тие особини и како да се идентификува нивното влијание? Каква е нивната заемна поврзаност и поврзаноста со ситуациските фактори? Дали се тие релативно независни личносни димензии или пак претставуваат составен дел на една повеќе или помалку организирана структура, која би можела да се означи како просоцијална личност? Дали тие доаѓаат до израз во сите просоцијални контексти или не? Дали некои особини се повеќе поврзани со едни отколку со други облици на просоцијалното однесување? Дали особеностите на ситуациите можат да го редуцираат потенцијалното

влијание на особините на личноста врз просоцијалните мисли и постапки, и ако можат, кога и зошто се случува тоа? итн. Се разбира, овие прашања не се единствените што можат да се поставаат при испитувањето на поврзаноста меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување. Постојат и други, уште посуптилни прашања, кои се однесуваат на поврзаноста на личносните варијабли со другите психолошки фактори и на нивните замени ефекти врз овој вид однесување.

Во досегашните емпириски трагања по личносните корелати на просоцијалното однесување применувани се два општи комплементарни пристапа. *Првиот пристап* се состои во испитување на поголем број луѓе, кои се повеќе или помалку случајно извлечени од популацијата. При ова испитување се настојува да се утврди дали испитаниците се разликуваат во манифестирањето на одредено просоцијално однесување и постои ли поврзаност на различните манифестации со една или повеќе особини на личноста. Вообичаено, идентификацијата на особините и степенот на нивната истакнатост се врши врз основа на одговорите што испитаниците ги даваат на одредени личносни мерки (тестови, инвентари, прашалници или скали на проценка). Ако се утврди дека појавата на просоцијалното однесување е позитивно поврзана со истакнатоста на одредена особина, се заклучува дека таа може да претставува значаен предиктор на тоа однесување. *Вториот пристап* се карактеризира со испитување на помали групи луѓе, за кои однапред се знае дека манифестирале една или повеќе просоцијални активности. При испитувањето на овие лица, најнапред се утврдува природата на манифестираното однесување, а потоа се проверува дали постои диспозициска основа за тоа однесување преку споредување на нивните личности со личностите на оние лица кои, исто така, имале можност (непосредна или посредна) така да реагираат, но не направиле ништо за подобрување на благосостојбата на другите. Ако се прави споредба меѓу овие пристапи, во смисла на бројноста на истражувањата во кои се применувани, може да се констатира дека истражувачите многу повеќе го преферирале првиот отколку вториот

пристап. Релативно малку истражувачи се обиделе испитувањето на личносните корелати на просоцијалното однесување да го вршат на лица кои би можеле условно да се означат како докажани „алтруисти". Причината за тоа, веројатно, лежи во фактот што инструментите за испитување на личносните варијабли најчесто се давани како додаток на експерименталните манипулации, кои во повеќето истражувања биле поприоритетни за истражувачите. Освен тоа, општо е познато дека истражувачите при планирањето на повеќето свои испитувања, настојуваат да бидат што поекономични, така што тие нив ги вршат на испитаници кои им се „при рака" или, пак, до кои најлесно можат да дојдат (на пример, на ученици, студенти, и сл.). Намерните примероци потешко се формираат и обично бараат вложување на дополнителни напори и средства, што понекогаш може да доведе до несакани проблеми и до оддоложување на планираното истражување.

***Емпириските наоди за поврзаноста на особините на личноста со просоцијалното однесување***

Во обидот да се дојде до просоцијалните особини или, пак, до особините што ја чинат т.н. просоцијална личност, истражувачите применувале различни стратегии. Некогаш тие користеле единечни, а некогаш композитни мерки. Некои истражувачи применувале веќе постоечки инструменти, други вршеле нивна адаптација, додека пак трети создавале нови. Притоа, биле испитувани повеќе личносни варијабли, на пример: себеценењето, локусот на контролата, потребата за социјално одобрување, социјалната одговорност, авторитарноста, макијавелизмот, аномијата, грижата за другите, вредностите, емпатијата итн. Во истражувањата, исто така, биле испитувани повеќе видови просоцијални постапки, кои биле идентификувани врз основа на различни показатели. Во некои од истражувањата била утврдена позитивна поврзаност меѓу испитуваните особини и просоцијалното однесување, но во други не била пронајдена таква поврзаност. Најголемиот број од сознанијата за ефектите на особините на личноста се утврдени во експериментални истражувања и во истражувања во кои евидентирањето на

просоцијалното однесување се базирало на самоизвестувања од страна на испитаниците за тоа дали тие манифестирале одредени просоцијални постапки во минатото и колку често тоа го правеле.

Како што е веќе споменато на почетокот од овој дел, наодите во првичните систематски истражувања на факторите што го определуваат просоцијалното однесување биле прилично обесхрабрувачки во однос на неговата диспозициска заснованост. На пример, ниту во истражувањето на Darley & Latané (1968), ниту во истражувањето на Darley & Batson (1973) не било утврдено дека врз основа на испитуваните личносни варијабли (аномијата, авторитарноста, макијавелизмот, потребата за одобрување, социјална одговорност и религиското верување) можеле да се предвидат просоцијалните реакции на испитаниците. Но, и покрај дестимулативноста на ваквите наоди, сите истражувачи не биле убедени дека овие варијабли навистина играат минорна улога во детерминирањето на просоцијалните реакции. Нивната убеденост не произлегувала само од теоретската ориентираност, туку и од резултатите што биле добиени во други истражувања, во кои било утврдено дека некои од варијаблите што ги испитувал Darley со своите колеги сепак се покажале како добри предиктори на просоцијалноста. На пример, во едно експериментално истражување на Satow (1975) било откриено дека донацијата на парични средства била значително определена од потребата за социјално одобрување. Имено, Satow, тргнувајќи од претпоставката дека луѓето со поизразена потреба за социјално одобрување (потреба за добивање признание и пофалба од другите за она што се прави) се повеќе склони да им помагаат на другите, на почетокот од истражувањето на испитаниците (95 студентки на Бостонскиот универзитет) им ја задавал „Скалата на социјалната пожелност“ на Crowne & Marlow (1960), а потоа, секој од нив единечно го соочувал со можноста за доброволно приложување парични средства за Универзитетскиот истражувачки фонд. Донациите на испитаниците, што изнесувале најмногу до 1,5$ по испитаник (пари заработени во текот на експериментот за успешно решени задачи), биле давани во две

експериментални ситуации: во ситуација на „приватност“ (кога не постоела никаква можност испитаниците да бидат видени од некој друг, колку пари издвојуваат за фондот) и во ситуација на „јавност“ (кога нивните донации биле набљудувани од страна на експериментаторот). Износот на донациите во ова истражување сосема соодветствувал со очекувањата на Satow. Прво, повеќе пари биле издвоени во ситуацијата на јавност, отколку во ситуацијата на приватност. Второ, оние испитаници кои имале повисоки скорови на „Скалата на социјалната пожелност“, т.е. кои имале поистакната потреба за социјално одобрување приложиле повеќе пари отколку испитаниците кај кои таквата потреба била малку истакната. И трето, ефектот на потребата за социјално одобрување врз донациите бил повеќе изразен во ситуацијата на јавност, отколку во ситуацијата на приватност.

Исто така, до сосема поинакви резултати од оние на Darley & Latané и на Darley & Batson дошле и Benson и сор. (1980), кои, меѓу другото, откриле дека неспонтаното (планираното) помагање е позитивно поврзано со социјалната одговорност и интринзичката религиска ориентација, а негативно со алиенацијата. Според овие автори, причината за непронаоѓањето на вакви поврзаности во истражувањата на Darley и колегите треба да се бара во природата на испитуваните случки на помагањето. Односно, и во двете студии било испитувано само спонтаното помагање кое, општо земено, инволвира поинакви процеси на одлучување од оние што доаѓаат до израз при неспонтаното помагање. Спонтаното помагање бара брзо донесување одлуки за лица кои обично потенцијалните помагачи воопшто не ги познаваат. Потоа, таквото помагање најчесто се врши во невообичаени ситуации, кои за потенцијалните помагачи можат да бидат сосема неочекувани и полни со двосмисленост. Сето тоа, нив ги прави подложни на влијанието на една сложена низа на интерни и екстерни (ситуациски) фактори што го определуваат нивното однесување. За разлика од спонтаното, неспонтаното помагање (на пример, прибирање пари за добротворни цели или помагање на инвалидизирани лица) бара значително повеќе

планирање, сортирање на приоритетите и усогласеност меѓу личните капацитети и интереси со типот на интервенцијата. Кај неспонтаното помагање нема изненадување и помалку е присутна двосмисленоста. Токму затоа, овие автори се на мислење дека е оправдано да се очекува интраперсоналните фактори, како што се минатото искуство и различните диспозициски својства, да бидат позначајни предиктори на неспонтаното отколку на спонтаното помагање. Согласно на ова очекување, тие се обиделе да ја испитаат поврзаноста на дваесетиедна интраперсонална варијабла со неспонтаното помагање кај 113 испитаници (69 студентки и 44 студенти) на просечна возраст од 19,8 години. Во нивното истражување неспонтаното помагање било операционализирано како вкупен број на часови што едно лице ги поминало во последната година доброволно помагајќи во рамките на 14 категории на помагање (самостојно подучување на други лица, правење друштво на лице кое било во неволја, помагање во несреќи, советување и посета на затвореници, стари лица и сл., поттикнување на јавна свесност за социјалните неправди, агитирање во полза на добротворни цели итн.). Додека, при испитувањето на интраперсоналните варијабли биле користени три типа мерки: демографски мерки (пол, возраст, занимање на таткото и мајката, големината на местото во кое испитаникот израснал, бројноста на неговото семејство и големината на местото во кое моментно живее неговото семејство); мерки на религиозноста (оценка на сопствената религиозност, фреквентноста на одењето в црква, оценка за значајноста на религијата, конзервативност-либералност, членство во религиски организации, интринзичка и екстрензичка религиска ориентација[7]); и мерки на личноста (себеценење, социјална пожелност, догматизам, интерно-екстерен локус на контролата, алиенација, социјална одговорност и задоволство од животот). Проверката на поврзаноста на

[7] Исто како и во истражувањето на Darley & Batson (1973), и во ова истражување, последните две мерки се засновани на двата главни пристапи кон религијата предложени од Allport & Ross (1967). Интринзичката религиска ориентација се однесува на отворен и флек-сибилен религиски систем каде однесувањето е раководено од интернализирани рели-гиски вредности, а екстринзичката се однесува на систем на верување кој е воден од утилитаристички и инструментални мотиви.

сите гореспоменати варијабли со неспонтаното помагање Benson и сор. ја вршеле во однос на две негови мерки: бројот на часовите поминати во помагање и бројот на категориите на помагањето. Притоа, тие утврдиле дека овие две зависни мерки, секоја засебно, значајно корелирала со десет варијабли, од кои девет биле идентични. Тоа биле следните варијабли: социјална одговорност, интринзичка религиска ориентација, оценка на значајноста на религијата, одење в црква, интерно-екстерната контрола (негативна корелација), задоволството од животот, алиенацијата (негативна корелација) и големината на местото во кое израснале испитаниците (негативна корелација). Десеттата варијабла што била поврзана само со првата мерка на помагањето била себецененењето, додека бројот на децата во семејството бил поврзан само со втората мерка. Освен тоа, Benson и сор. утврдиле дека кога сите овие поврзаности биле подложени на продлабочена анализа (со примена на мултипла регресија) како најмоќни предиктори на испитуваните категории на неспонтаното помагање се покажале социјалната одговорност, интринзичката религиска ориентација и интерно-екстерниот локус на контролата.

При разгледувањето на диспозициската заснованост на просоцијалното однесување, едно од централните прашања што претставува предизвик за истражувачите, а како што е веќе посочено и предмет на сериозни расправи меѓу нив е прашањето за доследноста на овој вид однесување низ ситуациите и времето. Значајноста на ова прашање се огледа во фактот што повеќето психолози се согласни со тврдењето на Olport дека „Научниот доказ за постоењето на некоја црта секогаш се заснива на *доследноста* на однесувањето на едно лице... (1969, 440). Токму затоа, Rushton во повеќе наврати се обидувал да ја сумира емпириската евиденција која говори во прилог на доследноста на просоцијалното однесување. Неговиот заклучок за постоење на алтруистичка црта, односно за тоа дека некои луѓе се доследно повеликодушни и повеќе помагаат од други, не се заснива само на емпириски сознанија стекнати од други автори, туку исто така и на негови

лични сознанија. Rushton заедно со своите соработници Chrisjohn и Fekken (1981a) е автор на една од најчесто користените скали на известување за сопствениот алтруизам - „The Self Report Altruism Scale“ (SRA)[8]. Оваа скала се состои од 20 ајтеми кои се однесуваат на различни просоцијални постаки (на пример: помагање на непознато лице за да се поттурне неговиот автомобил, дарување крв, раситнување пари на непознато лице, помагање во носењето работи на непознато лице, позајмување вредни предмети на соседи, отстапување место на друг во автобус или воз, дарување предмети и облека во добротворни цели, покажување пат на непознато лице, пуштање на други луѓе преку ред во продавница или на други места на кои се чека ред и сл.). На ајтемите испитаниците сами себеси се оценуваат во поглед на тоа колку често ја манифестирале секоја од наведените постапки во минатото, со користење на категориите 'никогаш', 'еднаш', 'повеќе од еднаш', 'често' и 'многу често'. Rushton и сор. известуваат дека според првичните анализи на прибраните податоци со SRA-скалата, таа се покажала како психометриски стабилен инструмент, со висока интерна конзистентност и непостоење на тенденција на давање социјално пожелни одговори. Предиктивната валидност на скалата била проверувана во три засебни студии. Во *првата студија* биле опфатени 118 испитаници (студенти) чии одговори на скалата се споредувале со процените на нивните врсници за алтруизмот на секој испитаник што тие го проценувале во поглед на однесувањата содржани во дваесетте ајтеми на скалата, а исто така и со процените што врсниците ги давале на четири општи мерки за алтруизмот на проценуваниот испитаник. Со пресметката на поврзаноста на добиените податоци било утврдено дека корелациите меѓу одговорите на испитаниците на SRA-скалата и првите и вторите процени на врсниците изнесувале 0.35 и 0.21, односно 0.56 и 0.33 по корекцијата на

---

[8] Иако Rushton и сор. скалата ја именуваат како „Скала на известување за соп-ствениот алтруизам“, таа само условно може да се нарече алтруистичка, бидејќи многу од однесувањата што се опфатени со неа се однесуваат на почитувањето на социјал-ните норми и одредени конвенции. Освен тоа, скалата не ја детектира мотивациската основа на однесувањата, така што согласно на определбата на алтруизмот во овој труд, многу посоодветно би било да се означи како просоцијална отколку како алтруистичка.

нерелијабилноста на мерките. Во *втората студија* била испитувана врската меѓу SRA-скалата и други мерки на алтруизмот. Односно, во неа биле испитани 146 студенти на кои, покрај SRA-скалата, им биле зададени и други осум мерки на алтруистички однесувања, што не се содржани во неа (на пример: доброволно прифаќање да му се чита на слепо лице, како одговор на побарана помош преку телефон; пополнување картон за дарување органи; помагање во измислени опасни ситуации; прашалник за мерење на 'сензитивни ставови' изготвен од Derman et al., 1979; скала за мерење на грижата за другите на Jakson, 1974 и сл.). Во оваа студија SRA-скалата позитивно корелирала само со четири од применетите осум дополнителни мерки, и тоа со пополнувањето картон за дарување органи (0.25), со 'сензитивните ставови' (0.33), со грижата за другите (0.28) и со помагањето во измислени опасни ситуации (0.33). Освен тоа, било утврдено дека SRA-скалата значајно ја предвидувала линеарната комбинација на осумте мерки - 0.40, вредност што по корекцијата на мерките се зголемила на .59. Во *третата студија*, пак, била проверувана конвергентната валидност, односно степенот на поврзаноста на скалата со мерки на личносни варијабли за кои авторите претпоставувале дека би можеле да претставуваат диспозициска основа на алтруистичноста. Испитувањето било извршено на 200 студенти, на кои им биле зададени следните скали: „Скалата на социјалната одговорност" на Berkowitz & Daniels (1964); „Скалата на емоционалната емпатија" на Mehrabian & Epstein (1972); „Скалата на социјалниот интерес" на Crandall (1975); „Скалата на емпатиската фантазија" на Stotland et al. (1978); „Скалата на макијавелизмот" на Christie & Geis (1968); „Прашалникот за вредностите" на Rokeach (1973); „Скалата на грижата за другите" на Jackson (1974); „Тестот на моралните дилеми" на Rest (1979); и „Скалата на социјалната пожелност" на Jackson (1974). Анализата на поврзаноста на одговорите на испитаниците на SRA-скалата и на овие личносни мерки покажала дека известувањата за сопствениот алтруизам позитивно корелирале со социјалната одговорност, емпатијата, грижата за другите, вредностите 'еднаквост' и 'помагање' и со повисоките нивоа на моралното

расудување, а негативно со макијавелизмот. Овие корелации, и покрај нивната значајност, во просек, биле ниски и се движеле од 0.14 до 0.28. Меѓутоа, кога била пресметана корелација меѓу SRA-скалата и агрегатниот композит изведен од применети личносни мерки, поврзаноста значително се зголемила - 0.44.

Добиените резултати во овие три студии за Rushton и сор. претставуваат убедлив доказ за конзистентноста на индивидуалните разлики во алтруистичкото однесување. Најнапред, тие откриле дека постоела извесна согласност меѓу самите врсници во однос на алтруизмот на лицето што го проценувале (кое всушност тие и лично го познавале), а исто така и согласност меѓу известувањата за сопствениот алтруизам на испитаниците и процените на нивните врсници. Потоа, известувањата за сопствениот алтруизам биле поврзани со различни алтруистички критериуми, а кога овие критериуми биле комбинирани се појавила уште посилна поврзаност. И конечно, алтруизмот мерен со SRA-скалата бил поврзан со повеќе личносни варијабли, кои земени заедно ја поткрепуваат идејата за една широко заснована алтруистичка, или поточно речено, просоцијална диспозиција. Значи, според наодите на Rushton и сор., оправдано е да се очекува луѓето кои поседуваат повисок степен на просоцијална предиспонираност, така и да се однесуваат во различни околности, без оглед на карактеристиките на ситуациите и на лицата на кои треба да им се помогне.

На крајот од од овој приказ на резултатите на истражувањата на Rushton и сор., во кои идентификацијата на просоцијалното однесување на испитаниците била вршена со SRA-скалата, неопходно е да се споменат и неколку критички забелешки и сугестии, дадени од самите автори на скалата, во врска со нејзината примена во испитувањата на просоцијалноста на луѓето. Имено, и покрај тоа што SRA-скалата се покажала како корисен инструмент за демонстрирање на широко заснованата црта на просоцијалното однесување, Rushton и сор. се на мислење дека таа сепак не може да се смета за најделотворен начин за мерење на оваа црта. Скалата е премногу специфична, бара многу

конкретни одговори, што обично не се практикува во инструментите за испитување на личноста. За да може поцелосно да се осознае широко заснованата црта на просоцијалноста можеби е покорисно да се примени поопшт или поглобален начин на одговарање. Како алтернативи, Rushton и сор. предлагаат две можности: едната можност се однесува на барањето испитаниците самите себеси да се замислуваат во одредени просоцијални контексти, а потоа да ја проценуваат веројатноста на сопствените просоцијални реакции; додека, втората можност подразбира примена на комбинација на повеќе личносни мерки за кои постојат емпириски докази дека претставуваат значајни предиктори на просоцијалното однесување.

Прегледот на достапната литература од оваа област по појавата на трудот на Rushton и сор. открива дека барем во најмалку два случаја овие две можности биле подложени на емпириска верификација. Како пример за посредна проверка на првата можност би можело да се посочи истражувањето на Joksimovic i Vasovic (1990), во кое била испитувана структурата на просоцијалната ориентација кај учениците и улогата на одделни фактори во развојот на оваа ориентација. Овие автори, просоцијалната ориентација ја определуваат како насоченост кон доброто на другите, која се изразува на ниво на свеста и низ однесувањето. Како показатели на просоцијалната свест во нивното истражување биле вклучени емпатијата, грижата за другите, социјалната одговорност (т.е. припишувањето на одговорноста), хуманитарното интересирање, алтруистичката вредносна ориентација и хуманитаризмот. (Покрај овие варијабли, како потенцијални корелати на просоцијалното однесување биле испитувани и довербата во луѓето, интерно-екстерниот локус на контролата и аномијата.). За идентификација на просоцијалното однесување на учениците биле користени две мерки: SRA-скалата на Rushton и сор. (скратена верзија од 12 ајтеми); и скала за подготвеноста за помагање во десет различни ситуации, изготвена од Joksimovic i Vasovic. При одговарањето на скалата за подготвеноста за помагање, од учениците се барало да замислат како тие би постапиле во секоја од

десетте ситуации, со избор на една од четири можни реакции, кои всушност би требало да ја рефлектираат веројатноста на нивното потенцијално просоцијално однесување (на пример: „Како би постапил кога во твоето училиште би се организирала доброволна акција /собирање на книги, облека, играчки и сл./ за помош на сиромашни деца? а) не би дал прилог бидејќи сметам дека таквиот начин на помагање не е добар; б) би дал прилог само ако имам нешто што мене не ми е потребно; в) секако дека би дал прилог; и г) друго /наведи што/: ). Еден од позначајните наоди во ова истражување е постоењето на значајна поврзаност меѓу испитуваните димензии на просоцијалната ориентација. Поточно, применетата факторска анализа открила постоење на латентна структура, која Joksimović i Vasović ја нарекле „мотивациски синдром на алтруистички предиспозиции", односно „синдром на просоцијална ориентација". Оваа структура ги вклучувала сите гореспоменати показатели на просоцијалната свест. Нејзин составен дел, исто така, претставувала и подготвеноста за помагање, со висок степен на факторска заситеност. За разлика од подготвеноста за помагање, просоцијалното однесување (мерено со SRA-скалата) било само делумно заситено со овој фактор, бидејќи припаѓало и на друга изолирана факторска структура. Освен тоа, и добиените линеарни корелации покажале дека повеќето од испитуваните единечни психолошки варијабли биле во поголем степен поврзани со подготвеноста за помагање отколку со исказите за манифестираното просоцијално однесување.

Втората сугерирана можност од Rushton и сор. за посоодветно и поцелосено испитување на диспозициската основа на просоцијалноста е оживотворена со појавата на скалата на Penner и сор. (1993, 1995), именувана како „Батерија на просоцијалната личност". При изработката на скалата, Penner и сор. најпрво ги прегледале сите расположливи личносни мерки што значајно корелирале со просоцијалните афекти, когниции и акции, а потоа, ја провериле теоретската заснованост на мерките и избрале неколку од нив со претпоставка дека избраните мерки би можеле да предвидат поширок опсег на просоцијални однесувања.

Конечната верзија на скалата била изготвена откако избраните мерки биле подложени на проверка на нивната релативна валидност, која на крајот резултирала со уште една, попрецизна, селекција на мерките. „Батеријата на просоцијалната личност" претставува композитна личносна мерка и содржи 56 ајтеми кои се однесуваат на припишувањето на одговорноста (преземени од Schwartz & Howard, 1981), емпатијата - емпатиската грижа, заземање туѓо гледиште и лична вознемиреност (преземени од Davis, 1983), моралното расудување - ориентираност кон другите и заемна грижа, и просоцијалното однесување (преземени од Rushton et al., 1981). Анализата на нејзината факторска структура открила постоење на два меѓусебно поврзани фактори, кои се карактеризираат со висок степен на интерна конзистентност и временска стабилност. Првиот фактор, означен како *емпатиска ориентираност кон другите*, се однесува на просоцијалните мисли и чувства, односно на тенденцијата за емпатизирање, чувствување одговорност и грижа за благосостојбата на другите. Овој фактор ги вклучува: емпатиската грижа, припишувањето на одговорноста, ориентираноста кон другите при моралното расудување, заземањето туѓо гледиште и заемната грижа при моралното расудување. Вториот фактор е наречен *помагање* и тој се однесува на бихевиоралните тенденции, односно на манифестираните просоцијални постапки во минатото (SRA-скала) и недоживувањето на лична вознемиреност при соочувањето со сериозни неволји. Penner и неговите колеги, „Батеријата на просоцијалната личност" ја примениле во повеќе истражувања и утврдиле дека скоровите и на двата фактора претставувале добри предиктори на различни просоцијални однесувања. На пример, тие откриле дека испитаниците кои имале повисоки скорови и на емпатиската ориентираност кон другите и на помагањето ги оценувале трошоците на помагањето на лицата во неволја како пониски, манифестирале поголема симпатија и грижа за нив, а исто така биле и повеќе подготвени да им помагаат на пријателите кои имале лични проблеми. Освен тоа, факторите ги диференцирале волонтерите од неволонтерите кои работеле на засолнување на бездомни семејства, а што е уште

поиндикативно, лицата кои подолго време работеле како волонтери имале повисоки скорови од лицата со краток волонтерски стаж. Накусо, според наодите во истражувањата на Penner и неговите колеги „Батеријата на просоцијалната личност" се покажала како релијабилна и валидна мерка на диспозициската основа на испитуваните просоцијални однесувања. За разлика од единечните личносни мерки, кои обично се поврзани само со едни, а не и со други аспекти на просоцијалните реакции, факторите или димензиите што ја чинат нејзината структура, по сè изгледа се поврзани со поширог опсег на просоцијални мисли, чувства и акции.

Кога се настојува да се открие диспозициската основа на кое и да било социјално однесување, вклучително и на просоцијалното однесување, пред истражувачите секогаш се поставува прашањето кои особини на личноста би можеле да бидат добри предиктори на однесувањето. Понекогаш, изборот на особините тие го вршат интуитивно, но во најголемиот број случаи нивниот избор се заснива на постојните теоретски и емпириски сознанија во областа. Како што може да се забележи во претходно изложените истражувања, вниманието на истражувачите било сосредоточено кон една не многу варијабилна група на особини, чие јадро го сочинуваат неколку особини испитувани во повеќе наврати, за кои истражувачите биле убедени дека би можеле да претставуваат значајни предиктори на повеќе просоцијалните реакции на луѓето. Идејата дека некои од нив се меѓусебно поврзани и чинат структура која има поголема предиктивна моќ во однос на која и да било единечна особина, за првпат е емпириски промовирана од Staub (1974), во едно сложено и обемно експериментално истражување за повеќефакторската условеност на помагањето на лицата во неволја. Ова истражување не е значајно само по тоа што во него е потврдена можноста дека зад специфичните аспекти на личноста стои поопшта просоцијална ориентација, врз основа на која може да се предвидат различни видови помагања, туку и по наодите дека личносните и ситуациските фактори може заемно да го определуваат помагањето.

Истражувањето на Staub било извршено во две сесии и во него учествувале 130 испитаници (студенти). Во првата сесија била проценувана просоцијалната ориентација на испитаниците, која според Staub вклучува грижа и чувство на одговорност за благосостојбата на другите и верување во моралните и просоцијалните вредности. За идентификација на просоцијалната ориентација биле користени неколку мерки: „ Скалата на припишувањето на одговорноста на Schwartz (1968); „Скалата на социјалната одговорност" на Berkowitz & Lutterman (1968); „Скалата на макијавелизмот" на Christie & Geis (1968); „Прашалникот за вредностите" на Rokeach (1973); „Тестот на моралното расудување на Kohlberg" - куса верзија (1969); и „Скалата на интерно-екстерниот локус на контролата на Rotter (1966). Три до шест седмици по завршувањето на првата сесија, испитаници биле повторно повикани да учествуваат во кобајаги ново истражување, во кое требало да проценуваат особини на ликови опишани во кратки приказни. Ова всушност претставувала втората, експерименталната сесија на истражувањето, во која испитаниците, за разлика од првата сесија, биле единечно испитувани. Во неа тие биле подложени на три експериментални ситуации, работно означени како „без инфомација", „дозволено" и „забрането". На почетокот на секоја од трите ситуации, експериментаторот, откако ќе го зададел општото упатство за начинот на проценувањето на ликовите во приказните, излегувал од просторијата и го оставал испитаникот сам да работи, со образложение дека мора да оди на друг кат во зградата за да заврши друга работа. Разликата меѓу ситуациите се состоела во тоа што на испитаниците во ситуацијата „без инфомација" не им било кажувано ништо друго освен основното упатство, додека во ситуациите „дозволено" и „забрането" им било давано дополнително упатство за нивно диференцирање. Поточно, во ситуацијата „дозволено" им било кажувано дека во соседната просторија има пијалок (кафе) и ако тие сакаат да се напијат, слободно може да влезат во неа и сами да се послужат. Во ситуацијата „забрането" им било предочувано дека нивната работа е временски ограничена (притоа им била давана и стоперица самите да си

го мерат времето) и од нив се барало брзо да работат, без прекини. Кратко време по излегувањето на експериментаторот од просторијата, испитаниците, во трите ситуации, биле изложувани на звуци на неволја, што доаѓале од соседната просторија. Овие звуци биле всушност извици на офкање, испуштани од соработник на експериментаторот кој се преправал дека има силни стомачни болки. Истражувањето било така замислено, ако по извесно време на слушање на извиците, испитаникот не влезел во просторијата каде што се наоѓал соработникот, тогаш самиот соработник доаѓал во просторијата на испитаникот и со намален глас ја кажувал својата мака. Однесувањето на испитаникот било набљудувано преку еднонасочно огледало и притоа се бележеле повеќе видови реакции. Кога соработникот се наоѓал во другата просторија, првичните реакции на испитаникот на слушнаните извици биле кодирани како „активна помош“ (одење или неодење во просторијата) и „реакција на неволјата“ (различни видови реакции, степенувани од отсуство на каква и да било реакција, свртување на поглед, ... до влегување во просторијата). Додека, во случајот кога соработникот влегувал во просторијата на испитаникот, неговите првични реакции биле бележани како „реакција кон соработникот“ (продолжување со работа, ... до нудење помош) и „обид за напуштање на просторијата“ (постоење или непостоење на таков обид). Во понатамошниот тек на експериментот се бележеле уште три вида реакции, непосредно поврзани со бараната помош од страна на соработникот: „вербален одговор на 15-кат“ - на овој кат се наоѓала просторија предвидена за одмор, во која можело подолго време да се лежи и да се одмара (никаков одговор, ... до многу силен одговор); „реакција како одговор“ (непреземање ништо, ... до нудење помош за полесно качување на 15-кат) и „акција на испитаникот“ (одбивање да помогне, ... до одење в аптека, надвор од зградата, за да се набават лекови). Како дополнение на овие мерки на помагањето на испитаниците, биле пресметувани и скорови на нивното „просечно помагање“ (средни вредности на реакцијата на неволјата, реакцијата кон

соработникот, вербалната реакција на 15-кат, реакцијата како одговор и акцијата на испитаникот) и на „сомневањето" во реалноста на настаните.

Во ова истражување се добиени повеќе резултати, меѓу кои како особено индикативни би можеле да се издвојат следните: Прво, само 33 испитаници активно помогнале, додека другите не го сториле тоа. Оние испитаници кои повеќе реагирале на неволјата на соработникот, понатаму продолжиле и повеќе да помагаат. Активната помош најчесто била давана во ситуацијата „дозволено", додека во ситуациите „без информација" и „забрането" се јавила речиси идентична манифестација на овој вид помош. Второ, применетата факторска анализа на скоровите на личносните мерки резултирала со идентификување на факторска структура која Staub ја нарекол *композитна просоцијална ориентација*, составена од особините: припишување на одговорност (со факторска заситеност 0.59); социјална одговорност (0.51); макијавелизам (-0.70); морално расудување (0.46); и вредностите - помагање (0.58), еднаквост (0.56), удобен живот (-0.58), чистота (-0.33). Овој фактор на композитна просоцијална ориентација корелирал од 0.40 до 0.55 со просечното помагање на испитаниците низ трите експериментални ситуации. И трето, ниедна од експерименталните ситуации немала значаен ефект на која и да било бихевиорална мерка на помагањето. Значајни ефекти се јавиле само кога ситуациите биле во интеракција со некои од особините на просоцијалната ориентација. Имено, во ситуацијата „дозволено" било евидентирано зголемено помагање од страна на испитаниците со највисоко ниво на морално расудување на мерките „реакција на неволјата", „акција на испитаникот" и „просечно помагање". Исто така, во ситуацијата „дозволено", испитаниците кои имале високи скорови на „Скалата на припишувањето на одговорноста" и „Скалата на социјалната одговорност", и ниски скорови на „Скалата на макијавелизмот", повеќе помогнале на мерката „акција на испитаникот".

Значи, резултатите до кои дошол Staub јасно сугерираат дека примената на повеќе диспозициски предиктори дава можност за идентификација на една поопшта просоцијална ориентираност која би

можела да биде поврзана со поширок опсег на просоцијални однесувања. Идентификуваниот фактор на композитната просоцијална ориентација, општо земено, се покажал како подобар предиктор на помагањето во споредба со која и да било единечна личносна мерка. Според Staub, просоцијалната ориентација „веројатно репрезентира, пред сè, начин на гледање и на размислување за благосостојбата на другите луѓе и за сопствената одговорност кон нив" (1974, 335). Меѓутоа, мора да се напомене дека неговите резултати сугерираат и друга можност која ги надминува границите на строгиот персонолошки пристап. Тој открил дека личноста и околностите здружено влијаеле на однесувањето. Односно, и покрај тоа што попросоцијалните испитаници повеќе помагале, врските биле под влијание на самата ситуација, на природата на личносните карактеристики и на природата на бараната помош.

Последниот наод на Staub повторно го актуелизира прашањето за доследноста во просоцијалното однесување и за степенот на предиктивната моќ на личносните варијабли, затоа што тие обично не дејствуваат изолирано, туку во содејство со други психолошки и ситуациски фактори. Овој наод всушност оди во прилог на тврдењето на Krebs & Miller дека доследноста повеќе би дошла до израз при манифестирањето на исти или слични просоцијални однесувања, односно дека таа помалку би требало да се очекува низ една разнообразна група на ситуации. Со други зборови, наодот на Staub, од една страна, имлицира дека одделни особини на личноста може да бидат добри предиктори на некои, но не и на сите просоцијални однесувања, а од друга страна, упатува на важноста на природата на ситуацијата која понекогаш може да го определи влијанието на особините на личноста.

Значајноста на овие имликации е потврдена и во други истражувања. Едно од нив, на пример, претставува истражувањето на Gergen и сор. (1972), спроведено со цел да се испита поврзаноста на одреден број особини на личноста со различни видови помагања. Како и во повеќето други истражувања, и во ова истражување, на испитаниците (37 студенти и 35 студентки) најпрво им биле зададени неколку личносни

мерки, а потоа тие биле изложувани на можноста за помагање. Испитувањето на особините на личноста било вршено со: „Инвентарот на личната преференција“ на Edwards (1954) (Инвентарот содржи 225 ajтеми кои се однесуваат на повеќе особини, на пример, на независноста, грижата за другите, потребата да се биде помаган и воден од другите и сл.); „Скалата на конзистентноста на себеперцепцијата“ на Gergen & Morse (1967); „Тестот' на склоноста кон возбудливи искуства и активности“ на Zuckerman (1964); и „Тестот на себецененьето на deCharms & Rosenbaum (1960). По одговарањето на овие инструменти, од испитаниците било побарано да направат избор меѓу пет просоцијални активности (од ниедна, па до сите пет), кои тие би ги вршеле доброволно и без каква и да било награда. Изборот бил вршен анонимно и се однесувал на следните активности: а) помагање во советување на ученици (средношколци), кои имале лични проблеми и кои самите барале таква помош; б) помагање во советување на ученички, кои исто така имале лични проблеми и барале помош; в) помагање во спроведување на истражување за дедуктивното мислење, за кое немало доволно материјални средства; г) помагање во спроведување на истражување за невообичаени состојби на свеста, кое исто така не можело да се реализира поради ограниченост на средствата; и д) помагање во подготовката и средувањето на материјалите што би се користеле на часовите. При обработката на добиените податоци, Gergen и сор. ја пресметувале поврзаноста меѓу секоја од испитуваните особини на личноста (вкупно десет) и секоја од петте просоцијални активности, одвоено за машките и женските испитаници. Притоа, тие откриле дека 1/4 од пресметаните корелации (од вкупно сто) се покажале значајни, 13 за машките и 16 за женските испитаници. Интересно е да се спомене дека меѓу машките и женските испитаници се јавило совпаѓање само во однос на пет утврдени корелации меѓу особините и помагањето. Но, она што е уште позначајно, е откритието дека утврдените корелации покажале постоење на мала конзистентност во врска со особините што успешно ги предвидувале испитуваните форми на помагање. Ова особено било забележливо во поглед на особините „грижа за другите“ и „склоност кон

возбудливи искуства и активности". Имено, и покрај оправданоста на претпоставката дека грижата за другите би можела да претставува значаен предиктор на повеќе просоцијални постапки, во ова истражување се покажало дека грижата за другите позитивно корелирала (и кај машките и кај женските испитаници) само со еден вид помагање, т.е. со советувањето на учениците кои имале лични проблеми. Од друга страна, пак, испитаниците од двата пола кои имале високи скорови на „Тестот на склоноста кон возбудливи искуства и активности", биле најмногу подготвени да помагаат при спроведувањето на истражувањето на невообичаените состојби на свеста. Освен тоа, склоноста кон возбудливи искуства и активности кај машките испитаници не само што позитивно корелирала со овој вид помагање, туку таа исто така била и негативно поврзана со помагањето во врска со истражувањето на дедуктивното мислење. Накусо, резултатите добиени во истражувањето на Gergen и сор. покажале дека и покрај тоа што сите десет испитувани особини биле поврзани со петте вида помагања, пројавените поврзаности не биле само диспозициски засновани, туку тие биле истовремено и значајно ситуациски условени. Или, понаку кажано, манифестираната подготвеност на испитаниците за просоцијалните активности претставувала исход на интеракцијата на одредени нивни особини (на пример, склоноста кон возбудливи искуства и активности) со одредени видови ситуации (на пример, истражувањето што ветувало возбудливо искуство).

Ако влијанието на особините на личноста врз просоцијалното однесување може значајно да биде детерминирано од природата на ситуацијата, тогаш се поставува прашање, на што се должи тоа и во кои случаи таквата детерминираност би дошла најмногу до израз. Snyder & Ickes (1985) сугерираат дека врската меѓу личносните варијабли и однесувањето варира како функција на силината на ситуациската „навала" врз однесувањето. Во *силна* средина, ситуациските фактори (т.е. ситуациските барања, или, на пример, експерименталните манипулации) што влијаат на однесувањето се толку силни што

влијанието на диспозициските тенденции на поединците е лимитирано, односно поклопено од истакнатоста на ситуациските фактори. Наспроти тоа, во *слаба* средина (т.е. ситуација што малку условува, или, на пример, неманипулативна ситуација) постои многу поголема можност за слободно манифестирање на карактеристичните тенденции на однесување на поединците. (Да се потсетиме, слични образложенија даваат Piliavin et al.,1981 и Benson et al., 1980 кога говорат за нееднаквата значајност на диспозициските варијабли при спонтаното и неспонтаното помагање.). Значајноста на силината на ситуациските барања била недвосмислено потврдена во експерименталното истражување на Carlo и сор. (1991) за контекстите во кои би можела да дојде до израз алтруистичката личност. При изборот на личносните мерки, Carlo et al. постапиле исто како и некои други истражувачи, односно тргнале од претходните истражувања и се одлучиле за веќе проверени скали: „Скалата на припишувањето на одговорноста на Schwartz (1968); „Скалата на социјалната одговорност“ на Berkowitz & Lutterman (1968); „Скалата на социјалната пожелност“ на Crowne & Marlowe (1974); „Скалата на афективниот интензитет“ на Larsen & Diener (1987); и „Индексот на интерперсоналната реактивност“ (т.е. субскалите: ‘емпатиска грижа’, ‘заземање туѓо гледиште’ и ‘лична вознемиреност’) на Davis (1983). Во првиот дел од истражувањето, испитаниците (57 студенти и 52 студентки) одговарале на скалите, а во вториот, (реализиран две недели подоцна), тие биле подложени на експериментални манипулации. Применетата факторска анализа на скоровите на испитаниците на скалите (со исклучок на „Скалата на социјална пожелност“, затоа што според Carlo и сор., особината што ја мери оваа скала не ја одразува ниту алтруистичноста, ниту емоционалноста) резултирала со двофакторско решение. Првиот фактор ги вклучувал особините ‘припишување на одговорност’, ‘заземање туѓо гледиште’, ‘социјална одговорност’ и ‘емпатиска грижа’, а вториот ‘афективен интензитет’ и ‘лична вознемиреност’. Врз основа на резултатите на факторската анализа биле создадени две композитни мерки: индекс на просоцијалноста и индекс на афективноста. Во експерименталниот дел од

истражувањето, секој од испитаниците бил ставан во ситуација да набљудува друго лице - девојка на слична возраст како и испитаниците - која работела на непријатна задача (читање на прилично детализирани случки на насилни напади). Девојката била всушност соработничка на експериментаторите и требало да прочита вкупно 15 описи на напади. Меѓутоа, со текот на читањето таа станувала сè повознемирена од бруталноста содржана во описите, така што во еден момент, поради преголема вознемиреност, таа го прекинувала читањето. За време на прекинот, на испитаникот индиректно му било сугерирано да и помогне на девојката т.е. му било кажувано дека, ако сака, тој може наместо неа да продолжи со читање на останатите описи. По ова, испитаниците биле изложувани на манипулацијата „тешко" и „лесно" бегство од ситуацијата. Еден дел од нив биле подложени на силно ситуациско барање за помагање - ако одбиеле да помогнат, ќе морале и понатаму да останат да го набљудуваат страдањето на девојката при читањето на останатите 13 описи („тешко бегство"). Додека останатите биле подложени на слаби ситуациски барања - ако не сакале да го заземат нејзиното место, тие не морале да го набљудуваат понатамошното читање и можеле веднаш да си заминат („лесно бегство").

Carlo и сор. претпоставиле дека испитуваните особини на личноста т.е. индексите на композитната просоцијалност и афективност многу посилно би корелирале со одлуката за помагање при слабите ситуациските барања, бидејќи, согласно на сугестијата на Snyder & Ickes при силните ситуациски барања, повеќето луѓе би реагирале на сличен начин т.е би помогнале. Добиените резултати ја потврдиле оваа претпоставка. Имено, повеќето од испитаниците (78%) помогнале кога ситуациските барања биле силни, а само половина од нив (49%) кога барањата биле слаби. Освен тоа, било утврдено дека испитаниците кои имале високи скорови на двете композитни диспозициски мерки многу повеќе се одлучувале да ја заменат вознемирената девојка при „лесното" отколку при „тешкото" бегство. Значи, според резултатите во ова истражување, оправдано е да се очекува ефектите на личносните

варијабли врз просоцијалното однесување некогаш да бидат нагласени, а некогаш ослабени во зависност од специфичните карактеристики на ситуацијата.

Во овој контекст, се чини значајно да се спомене и наодот на Smith, 1992, (соопштен од Davis, 1996) за улогата што ја има диспозициската емпатија во подготвеноста да се влегува во емоционално побудливи ситуации. Smith утврдил дека испитаниците кои имале високи скорови на субскалата 'емпатиска грижа' од „Индексот на интерперсоналната реактивност" на Davis, биле повеќе подготвени да влегуваат во ситуации во кои постоела можност да се доживее емпатиска грижа за друг, но само тогаш кога тие би имале одредена контрола над ситуацијата (т.е. кога би имале можност да му помогнат на лицето во неволја). Значи, според овој наод, лицата кои имаат поизразена диспозициска емпатиска грижа, во одредени околности, може почесто да настојуваат да бидат во близина на друг кој е во неволја, отколку лицата кај кои е помалку изразена таа особина.

Овие резултатите јасно ја сугерираат потребата од примена на интеракциски пристап при проучувањето на овој вид однесување, со што би се зголемиле можностите за негово поцелосно објаснување. Меѓутоа, мора да се напомене дека иако поборниците на овој пристап го застапуваат гледиштето дека однесувањето на луѓето е функција и на она што тие се и на ситуациите во кои тие се наоѓаат, повеќето од нив, кога ја оценуваат улогата и значајноста на личноста и ситуацијата во обликувањето на однесувањето, како поприоритетни ги истакнуваат ситуациските фактори. Односно, се верува дека силината на ситуациските барања е она што детерминира колку ќе бидат влијателни личносните разлики. Ова верување веројатно се заснива на сознанијата стекнати во повеќе експериментални истражувања, во кои обично се настојува што е можно попрецизно и појасно да се профилираат експерименталните ситуации, со што се овозможува многу поедноставно и повидливо следење на ситуациските придонеси во дадена интеракција, отколку придонесите на личносните варијабли, кои не се подложни на такви

манипулации. Се разбира, несомнено е дека изложеноста на силни ситуациски барања може да ја определи фокусираноста на вниманието и да доведе до активирање на други психолошки механизми, кои може да бидат поодлучувачки од особините на личноста при донесувањето на одлуката дали да се помогне или не. Но, сепак поради неможноста понепосредно да се следат ефектите на личносните варијабли останува отворено прашањето за степенот и општоста на нивната ситуациска обусловеност, особено во поглед на однесувањата што се јавуваат во реални животни околности. Веќе посочивме дека луѓето не се едноставно „втурнати" во ситуациите, туку многупати тие самите нив ги бираат и креираат согласно на нивните диспозициски склоности. Magaro & Ashbrook, 1985, (според Hampson, 1993) посочуваат и евиденција дека луѓето кои поседуваат одредени особини на личноста гравитираат кон компатибилни ситуации. Особините на личноста може да влијаат на начинот на интерпретирањето на особеностите на ситуацијата. Некои особини овозможуваат луѓето да бидат поприлагодени кон одредени аспекти на потенцијалните просоцијални ситуации. На пример, личносните димензии што се поврзани со возбудувањето, емоционалноста и подготвеноста за преземање ризици имаат значајно влијание во итните или опасните ситуации (Huston et al., 1976; Wilson, 1976).

Добра илустрација за улогата на личноста во обликувањето на перцепциите на ситуациите претставува истражувањето на Marks и сор., 1982, (соопштено од Schroeder et al., 1995). Овие автори, имајќи го предвид сознанието дека при набљудувањето на нечија неволја луѓето кои доживуваат поизразена викариска или емпатиска возбуденост се повеќе склони кон помагање, се обиделе да испитаат дали личносните разлики може да продуцираат разлики во степенот на таквата возбуденост. Тие ги испитувале ефектите на социопатијата, која како личносна карактеристика е речиси поларен опозит на ориентираноста кон другите луѓе што е поврзана со подготвеноста за помагање. (Се смета дека социопатите се антисоцијални, егоцентрични и себични лица, кои малку се грижат за потребите на другите и малку или воопшто не се

чувствуваат виновни за повредувањето на другите.). Во истражувањето, испитаниците најпрво одговарале на скала што ја мери социопатијата, а неколку недели подоцна учествувале во експеримент, во кој набљудувале лице кое кобајаги примало електрични шокови. Се покажало дека испитаниците кои имале високи скорови на скалата на социопатијата доживеале значајна помала емпатиска возбуденост во споредба со испитаниците со ниски скорови на скалата. Освен тоа, Marks и сор. откриле дека социопатијата дошла до израз и при помагањето во експерименталните услови. Соочувањето на испитаниците со лицето кое „примало" електрични шокови било вршено во услови на контингенија (испитаниците можеле да го сопрат давањето на понатамошните шокови со притискање на копче) и во услови на неконтингенција (понатамошното давање на шоковите не можело да се сопре со притискање на копчето). Брзината на реагирањето на испитаниците во овие две ситуации (т.е. запирањето на давањето на шоковите), била во склад со очекувањата за ефектите на ситуациските варијабли. Испитаниците, општо земено, побрзо реагирале во контингентната отколку неконтингентната ситуација. Но, кога се направила споредба меѓу испитаниците кои имале високи и ниски скорови на скалата на социопатијата, било утврдено дека тие различно реагирале на можноста за заштита на лицето од понатамошните шокови. Испитаниците со ниски скорови многу побрзо го запирале давањето на шоковите во контингентната отколку во неконтингентната ситуација. Додека, испитаниците со високи скорови многу побавно го запирале давањето на шоковите во контингентната (кога можеле да му помогнат на лицето) отколку во неконтингентната ситуација (кога не можеле да му помогнат на лицето). Според тоа, резултатите во ова истражување покажуваат дека личносните и ситуациските варијабли може здружено да влијаат врз помагањето, при што некогаш може да биде поизразено влијанието на едните, а некогаш влијанието на другите варијабли.

Гореспоменатите истражувања не се единствените во кои е утврдено дека просоцијалното однесување може да биде значајно

определено од личносните варијабли. Постојат и други емпириски докази за тоа. На пример, Krebs (1970) во првиот исцрпен преглед на емпириските студии од областа, соопштува дека според дотогашната расположлива евиденција за просоцијалното однесување кај децата и адолесцентите, „алтруистичките" деца се разликувале во однос на другите по тоа што биле социјално поприлагодливи, емоционално постабилни и помалку агресивни и компетитивни. Во однос на адолесцентите било утврдено дека девојките што почесто помагале поседувале социјални, а не политички и економски вредности, покажувале поголема грижа за другите и имале помалку изразени потреби за постигнување и доминација. Додека, за просоцијално ориентираните момчиња било карактеристично тоа што не биле невротични, што повеќе верувале во контролата над сопствената судбина (внатрешен локус на контрола), дека биле омилени и дека покажувале тенденција на не многу изразена авторитарност и конзервативност.

Според Baron & Byrne (1987), подготвеноста за помагање некому може понекогаш да биде значајно определена и од разликите меѓу поединците во поглед на нивниот страв од засрамување. Како поткрепа на таквата можност тие ги наведуваат наодите на McGovern (1976) за помалата подготвеност кај испитаниците со повисоки скорови на меркатата на овој вид страв за помагање на непознато лице во неволја. Освен тоа, тие го посочуваат и истражувањето на Tice & Baumeister (1985), во кое е утврдено дека испитаниците (и машки и женски) кои имале повисоки скорови во поглед на маскулиноста исто така биле помалку подготвени за помагање на непознато лице во неволја. Овој наод, како што сугерираат Baron & Byrne, веројатно се должи на можноста крајно маскулините лица да имаат поизразен страв од засрамување. Што значи, манифестациите на просоцијалните реакции може да варираат во зависност од степенот на стравувањето да не се испадне смешен или недоветен во очите на другите.

Miller (1977) ја испитувал поврзаноста меѓу верувањето во праведноста на светот и просоцијалното однесување и открил дека

испитаниците кои повеќе верувале во праведноста на светот биле поподготвени за доброволно помагање, но само кога неволјата на жртвата била видена како изолиран пример. Во случајот кога жртвата била опишана како член на група луѓе со слични маки, овие испитаници не биле подготвени за помагање. Според Miller ваквите наоди се должат на тоа што луѓето кои силно веруваат дека живеат во праведен свет (во кој се заслужува она што добива или се добива она што се заслужува), кога имаат можност тоа верување да го зацврстат (или обноват) преку помагање на друг, тоа и ќе го сторат. Меѓутоа, кога тие се соочуваат со жртва која е само една од многуте, се стремат да ја избегнат таквата ситуацијата за таа да не му противречи на нивното верување (бидејќи не ќе можат ништо да сторат за да го ублажат страдањето на другите).

Неодмана, Стоиљковиħ (1997) ја проверувала поврзаноста меѓу осетливоста за другите и просоцијалното однесување, кај 70 девојки и 32 момчиња на возраст од 16-20 години. Осетливоста за другите таа ја определила како отвореност и заинтересираност за потребите и проблемите на другите луѓе и потенцијална подготвеност за преземање активности со кои се придонесува за нивната благосотојбата. Степенот на осетливоста за другите бил проценуван посредно, врз основа на изразеноста на емпатијата и грижата за другите. Во ова истражување емпатијата била испитувана со скратена верзија на скалата на Mehrabian & Epstein (1972), а грижата за другите, со, исто така, скратена верзија на скалата на Jackson (1974). Просоцијалното однесување на испитаниците било идентификувано со прашалник, многу сличен на SRA-скалата на Rushton, што значи самите испитаници известувале за фреквентноста на просоцијални постапки што ги манифестирале во минатото. Резултатите покажале дека од двете особини, за кои Стоиљковиħ претпоставува дека ја чинат осетливоста за другите, само грижата за другите позитивно корелирала со фреквентноста на манифестираните просоцијални постапки и тоа кај испитаниците од двата пола. Емпатијата не била поврзана со нив ниту кај момчињата ниту кај девојките.

Емпатијата, или поточно речено, диспозициската емпатија е една од почесто испитуваните варијабли во истражувањата за личносната детерминираност на просоцијалното однесување. За разлика од претходното истражување, во многу други истражувања (некои се веќе споменати) е евидентирано дека таа може да претставува значаен предиктор на повеќе просоцијални постапки. На пример, Mehrabian & Epstein (1972), авторите на „Скалата на емоционалната емпатија", при нејзината прва примена утврдиле дека испитуваните студенти, кои имале повисоки скорови на скалата, биле подготвени да издвојат повеќе време за доброволно помагање на колега на кого му била потребна помош за довршување на започнатата задача. Schroeder и сор. (1995) соопштуваат дека Davis, авторот на другата најчесто користена мерка за испитување на диспозициската емпатија - „Индексот на интерперсоналната реактивност", открил значајна поврзаност меѓу емпатијата и подготвеноста на студентите за доброволно дарување пари на лица болни од мускулна дистрофија.

Batson и сор. (1986), во едно од многуте експериментални истражувања во кои е проверувана емпатиско-алтруистичката хипотеза, ја испитувале и диспозициската емпатија со „Индексот на интерперсоналната реактивност", со цел да утврдат дали таа исто како и ситуациски индуцираната емпатија може да доведе до алтруистичко мотивирано помагање. Во истражувањето биле проверувани ефектите и на други особини (т.е. на себеценењето, социјалната одговорност и припишувањето на одговорноста) кои во литературата често се означуваат како алтруистички. Резултатите покажале дека од четирите компоненти на емпатијата, само емпатиската грижа била значајно поврзана со помагањето (т.е. со подготвеноста да се затеме местото на лицето што примало електрични шокови). Помагањето исто така позитивно корелирало и со себеценењето и припишувањето на одговорноста. Меѓутоа, она што за Batson и сор. било уште позначајно е откритието дека ниедна од евидентираните поврзаности не се јавила кога испитаниците можеле лесно да побегнат од ситуацијата, туку сите тие се

јавиле во услови на тешко бегство. Што значи, според толкувањето на истражувачите, тие не довеле до алтруистичко туку егоистичко мотивирано помагање. Или, поинаку кажано, испитаниците кои биле повеќе склони кон емпатиска грижа и прифаќање на лична одговорност и кои повеќе себеси се ценеле помагале затоа што помагањето им овозможувало да се чувствуваат подобро.

Меѓутоа, оправданоста на ваквото толкување била доведена под знак прашање, неколку години подоцна, затоа што Eisenberg и сор. (1989) применувајќи слична експериментална постапка (сите испитаници можеле прилично лесно да побегнат од ситуацијата), откриле дека помагањето значајно корелирало со некои од испитуваните личносни варијабли, што имлицира дека тие варијабли сепак може да доведат до манифестација на вистински алтруизам. Во ова истражување за испитување на емпатичноста на испитаниците се користеле и двете гореспоменати мерки на емпатијата и притоа било утврдено дека помагањето позитивно корелирало со високите скорови на „Скалата на емоционалната емпатија" и на субскалите 'емпатиска грижа' и 'заземање туѓо гледиште' од „Индексот на интерперсоналната реактивност". Исто така, како значајни предиктори на помагањето на лицето во неволја се покажале и социјалната одговорност и припишувањето на одговорноста.

Според тоа, и во овие две истражувања е потврдено дека диспозициската емпатија (а исто така и некои од другите испитувани личносни варијабли) може да игра значајна улога во просоцијалното однесување, но, поради малубројната евиденција сè уште е отворено прашањето, дали и кога личносните варијабли сами по себе може да доведат до алтруистичко мотивирано помагање, согласно на определбите на алтруизмот на Batson и неговите колеги.

Во овој преглед на емпириските наоди за поврзаноста на особините на личноста со просоцијалното однесување се изложени пред сè истражувања во кои е евидентирано дека една или повеќе особини

значајно корелирале со испитуваните просоцијални постапки. Меѓутоа, мора да се напомене дека истражувачите не биле секогаш успешни во потрагата по диспозициската основа на овој вид однесување, особено во случаите кога се испитувало т.н. спонтано помагање. Darley & Latane (1968) и Darley & Batson (1973) не се единствените што не пронашле дека помагањето на испитаниците би можело да биде определено од нивните особини. Тоа, на пример, не било утврдено ниту во истражувањата на Korte (1969), Staub (1971a) и Yakimovich & Saltz (1971), во кои биле испитувани различни особини на испитаниците: автономност, послушност и попустливост; потреба за одобрување; доверливост и независност. Но, ако непронаоѓањето на значајна поврзаност меѓу одделни особини на личноста и просоцијалното однесување, во овие, а исто така и во некои од претходно изложените истражувања, може да се припише на можноста тие особини навистина да не се релевантни за просоцијалноста, изненадува неконзистентноста на наодите во поглед на особините што се покажале како добри предиктори. Дури и со бегло разгледување на резултатите на истражувањата може да се забележи дека исти особини на личноста (некои мерени и со идентични инструменти) некогаш биле, а некогаш не биле поврзани со просоцијалното однесување. Ваквата неконзистентност веројатно се должи на тоа што во истражувањата не само што се испитувани различни видови на просоцијални постапки, туку тие се идентификувани и врз основа на различни показатели. Освен тоа, ако е точна сугестијата на Eisenberg (1986), дека особините на личноста се поврзани со помагањето само кога тие се релевантни за дадена ситуација, тогаш причината за неконзистентноста можеби треба да се бара и во разновидноста на контекстите во кои се манифестирани просоцијални постапки.

Покрај противречноста на наодите, проучувањето на поврзаноста меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување се соочува и со друг проблем, а тоа се релативно ниските евидентирани поврзаности, со што се доведува под сомнение можноста за јавување на поголема доследност при манифестирањето на просоцијалното однесување.

Појавата на ниските корелации, особено во експерименталните истражувања (а тие се и најбројни), веројатно е поврзана, меѓу другото, и со самата природа на овој вид истражувања. Лимитирачките ефекти на експерименталните истражувања, според Krebs & Miller (1985) произлегуваат од тоа што тие се планирани за испитување на ефектите на ситуациските вријабли, а личносните мерки се давани како додаток на експерименталните манипулации, со идеја да се направи дополнително испитување. За нив е карактеристична примената на постапки со кои се максимизира ситуациската варијанса, а минимизира варијансата што произлегува од индивидуалните разлики. Што значи, со внимателното структурирање на експерименталните ситуации, многу веројатно е дека се елиминира голем дел од варијансата на индивидуалните разлики. Но, ниските значајни корелации не се јавуваат само во експерименталните, туку и во неексперименталните истражувања. Видовме дека проблемот со ниските корелации би можел да се разреши ако се применува принципот на агрегација сугериран од Rushton, а исто така и од други автори. Да се потсетиме, примената на овој принцип претпоставува користење не на единечни туку на повеќекратни предиктори на просоцијалното однесување. Неодамна, Knight и сор. (1994) сугерирале и друга можност за надминување на проблемот со ниските корелации. Оваа можност се состои во примена на мултипликативен, а не на едноставен адитивен модел при проучувањето на поврзаноста меѓу одреден број диспозициски варијабли и просоцијалното однесување. Со други зборови, Knight и сор. ја промовираат идејата дека ако одредено просоцијално однесување има повеќекратни диспозициски антецеденти тогаш можно е тие со него да се поврзани на еден мултипликативен начин. Што значи, ако отсуствува и еден од неопходните антецеденти тогаш значително може да се намали веројатноста на јавувањето на просоцијалното однесување (ова намалување би можело да биде и поголемо отколку што би се очекувало со едноставните адитивни модели). Како поткрепа на оправданоста на мултипликативниот модел на диспозициските антецеденти на просоцијалното однесување, овие истражувачи обезбедиле и соодветна

емпириска евиденција. Имено, тие испитале 86 деца на возраст од 6 до 9 години, со цел да проверат каква е природата на поврзаноста меѓу неколку диспозициски варијабли (разбирањето на афективната состојба на другите, сочувствувањето со другите и познавањето на вредноста на паричните единици) и дарувањето пари во добротворни цели. Согласно на очекувањата, децата кои постигнале високи скорови на мерките на разбирањето на афективноста, сочувствувањето и познавањето на парите, дарувале значајно повеќе од оние деца кои имале пониски скорови на која и да било од овие диспозициски варијабли.

Меѓутоа, и покрај тоа што примената на адитивни и мултиликативни модели може да овозможи зголемување на степенот на поврзаноста меѓу личносните варијабли и просоцијалното однесување, сепак таа не може да го отстрани проблемот со репрезентативноста на испитуваните примероци на просоцијалното однесување во однос на она што се случува во реалните животни околности. Проблемот со репрезентативноста не се јавува само во експерименталните истражувања, туку и во истражувањата во кои просоцијалното однесување е испитувано со инструменти од типот на SRA-скалата на Rushton и сор. Ретки се истражувањата во кои испитуваните облици на просоцијалното однесување не се фрагментирани. Односно, во повеќето од нив, вниманието на истражувачите било сосредоточено кон многу тесни сегменти на испитуваното однесување, така што, од една страна, прашање е дали и во кој степен тие може да се третираат како негови релевантни показатели, а од друга страна, со фрагментираноста се намалува можноста за воопштување на добиените резултати и за изведување на непротивречни заклучоци. Потенцијалната лимитираност на истражувањата на поврзаноста меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување поради проблемот со репрезентанивноста на испитуваните примероци на однесувањето, би можела да се ублажи или отстрани, ако се испитуваат личностите на оние лица кои поизразено или пофреквентно просоцијално се однесуваат во секојдневниот живот. Токму

тоа и е направено во одреден број истражувања, чии резултати ќе бидат соопштени на страниците што следуваат.

***Емпириските наоди за особините на личноста на докажаните „алтруисти"***

Обидите за доаѓање до репрезентативни примероци на просоцијалното однесување најчесто резултираат со избор на одредена група луѓе, за кои постојат непосредни или посредни докази дека еднаш или повеќепати манифестирале една или повеќе просоцијални активности во реалните животни околности. При испитувањето на личностите на овие лица (кои не ретко луѓето што ги познаваат ги сметаат за „алтруисти" или за лица кои секогаш се подготвени да им помогнат на другите), обично се практикува нивните постигнувања на применетите личносни мерки да се компарираат со постигнувањата на други лица кои за разлика од првите не се однесувале просоцијално, иако и тие имале можност така да се однесуваат. На тој начин се идентификуваат карактеристичните личносни особини што ги диференцираат „алтруистите" од „неалтруистите" и се утврдува степенот на нивната предиктивна моќ во однос на испитуваното просоцијално однесување.

Но, иако и овој пристап, исто како и претходно изложениот, ветува обезбедување на релевантни сознанија за видот и степенот на диспозициската заснованост на различни облици на просоцијалното однесување, релативно малку истражувачи покажале интерес, испитувањето на персоналните корелати на просоцијалното однесување да го вршат на лица - докажани „алтруисти". Освен тоа, увидот во литературата открива дека дури и тогаш кога истражувачите се одлучувале за овој пристап, многумина од нив не се придржувале секогаш до барањето за висок степен на систематичност при изборот и споредувањето на испитуваните лица, а тоа всушност претставува неопходен предуслов за негова успешна примена.

Еден од посистематските обиди за идентификација на „алтруистичките" црти кај лицата кои им помогнат на другите, претставува истражувањето на брачната двојка Samuel & Pearl Oliner за

спасувањето на Евреите за време на Холокаустот, изложено во нивната книга „Алтруистичка личност“ (1988). Овие автори, многу години по завршувањето на втората светска војна, се обиделе да ги пронајдат и испитаат луѓето кои изложувајќи се на сериозни опасности по сопствениот живот и животот на членовите на своите семејства се впуштале во помагање и засолнување на многумина Евреи, кои ако не биле спасени сигурно би завршиле во нацистичките концентрациони логори каде што биле вршени масовни егзекуции. Во нивното истражување алтруистичноста на спасувањето била определена врз основа на четири критеримуи: прво, спасувањето требало да биде високо ризично по спасителот; второ, тоа не требало да биде следено со некоја надворешна награда; трето, тоа требало да било доброволно; и четврто, тоа да било насочено кон помагање на Евреин. Oliner-ови успеале да пронајдат 231 лице-спасител (повеќето од нив жители на Полска, Франција, Холандија и Германија) чие помагање на Евреите ги вклучувало четирите алтруистички критериуми. Лицата-спасители биле споредени со 126 други лица кои имале исти социодемографски карактеристики (т.е тие биле изедначени во поглед на полот, возраста, образованието и местото на живеење за време на војната), но кои не се обиделе да им помогнат на Евреите да се спасат од нацистите. Утврдувањето на карактеристиките што ги диференцирале спасителите од неспасителите било вршено со прашалник што содржел околу 450 ајтеми, распределени во шест дела. Ајтемите од првиот дел се однесувале на карактеристиките на семејството во кое израснале испитаниците. Во вториот дел биле сместени прашања за повеќе карактеристики на нивните родители и за воспитните постапки што тие ги применувале. Третиот дел се однесувал на особеностите на детството и адолесцентскиот период на испитаниците, а исто така и на нивните себеоценки во поглед на неколку личносни карактеристики: независност, самодоверба, водство, патриотизам и чесност. Четвртиот дел се состоел од прашања за животот на испитаниците во годините пред војната, т.е. за нивната брачна состојба, занимање, политички и религиозни верувања итн. Петтиот дел се

однесувал на годините непосредно пред војната и во него биле вклучени прашања за нивната вработеност, ставовите кон нацистите, за тоа дали во нивното соседство живееле Евреи и за нивниот однос кон нив, и за свесноста за намерите на нацистите спрема Евреите. Со последниот дел биле опфатени годините по војната, вклучувајќи го и периодот во кој е вршено испитувањето (почетокот на осумдесеттите години). Во него имало прашања за вклученоста на испитаниците во разни просоцијални активности, а покрај нив биле сместени и неколку личносни мерки: „Скалата на социјалната одговорност“ на Berkowitz & Lutterman; модифицирана верзија на “Скалата на интерно-екстерниот локус на контролата“ на Rotter; „Скалата на себеценењето“ на Rosenberg; и модифицирана верзија на „Скалата на емоционалната емпатија“ на Mehrabian & Epstein.

Со помош на овој обемен прашалник Oliner & Oliner прибрале мноштво податоци во врска со претпоставените влијанија на социопсихолошките фактори врз алтруистичкото однесување на спасителите. Анализата на податоците открила постоење на повеќе разлики меѓу спасителите и неспасителите. Некои од евидентираните разлики не биле поврзани со нивните личносни карактеристики. На пример, спасителите во споредба со неспасителите, соопштиле поголем степен на перцепирана сличност меѓу себеси и луѓето од еврејско потекло. Исто така, било утврдено дека во случаите кога била барана помош, таа била многу понепосредно барана од спасителите отколку од неспасителите. Меѓу спасителите и неспасителите постоеле и разлики во социјализациските искуства, т.е. во начинот на кој тие биле воспитувани од страна на родителите. Спасителите ги опишале своите родители како лица кои повеќе се грижеле и кои многу малку користеле физичко казнување при контролирањето на однесувањето на децата. Тие биле повеќе подучувани за значењето на етичките вредности и за водењето грижа и имањето одговорност кон другите. Освен тоа, спасителите за разлика од неспасителите повеќе се идентификувале со родителот кој бил опишан како многу морален и кој за нив претставувал модел за морално

однесување. Кога станува збор, пак, за разликите во поглед на испитуваните особини на личноста, тие намногу дошле до израз кај социјалната одговорност и интерно-екстерниот локус на контролата. Кај спасителите било поизразено чувството на одговорност во односите со другите луѓе. Тие не се чувствувале одговорни само за своите семејства туку и за пошироката заедница, и биле подготвени повеќе да даваат отколку што можат да примат за возврат. Покрај тоа, спасителите за разлика од неспасителите биле повеќе интерно ориентирани. Ваквата ориентираност на спасителите се должела пред сè на нивното целосно согласување со тврдењата на “Скалата на интерно-екстерниот локус на контролата“, што се однесуваат на чувството на лична делотворност (успешност). Токму затоа, Oliner & Oliner нив ги опишуваат како луѓе кои чувствуваат дека можат да ги контролираат настаните и да ги обликуваат сопствените судбини, кои себеси се перцепираат како актери, способни за планирање и за реализација на планираното и кои се подготвени на ризици[9]. Спасителите и неспасителите не се разликувале во однос на себеценењето, а истото тоа било уврдено и во однос на вкупните скорови што тие ги постигнале на „Скалата на емоционалната емпатија“. Меѓутоа, кога биле анализирани одговорите на единечните ајтеми на скалата, било утврдено дека спасителите имале значајно повисоки скорови на ајтемите што ја репрезентирале емоционалната емпатија за болката или страдањето на другите (овој вид емпатија бил проценуван со четири ајтеми од скалата, на пример: „Не можам да се чувствувам добро ако другите околу мене се тажни“; „Се вознемирувам кога гледам беспомошни луѓе“; итн.). Според Oliner & Oliner, овој вид емпатија, сама по себе, не мора нужно да резултира со помагање. Понекогаш таа може да доведе до бегство од вознемирувачката ситуација, до негирање на проблемот на другите или до нивно омаловажување. Но, кога таа е

---

[9] За поврзаноста меѓу чувството на лична делотворност и просоцијалното однесување постојат и други докази. На пример, Schroeder и сор. (1995) соопштуваат дека Colby & Damon (1992) интервјуирале 23 исклучителни поединци (кои во подолг временски период значајно придонесувале за подобрување на благосостојбата на другите) и утврдиле дека нивна најистакната карактеристика била тоа што тие речиси и ги посакувале ризиците за постигнување на своите цели и не се обесхрабрувале од препреките што се јавувале при нивното помагање на другите.

поврзана со чувството на лична одговорност за ублажување на болката на лицето што страда, многу е веројатно дека ќе биде преземена акција за подобрување на неговата благосостојба. Здружениот ефект на емоционалната емпатија за страдањето на другите и на личната одговорност, што Oliner & Oliner ја означиле како *просоцијална ориентација кон акција*, кај спасителите се рефлектирал во поголема истрајност при исполнувањето на ветеното, во поголема подготвеност за инволвирање во проблемите на пријателите и во преземање обврски за подобрување на благосостојбата во поширокатa заедница.

Иако истражувањето на Oliner-ови било прилично систематски спроведено, како во однос на изборот на испитаниците така и во однос на податоците што биле прибирани, сепак и тоа било подложено на критички забелешки. Batson (1991), на пример, изразил сомневање во оправданоста на тврдењата на Oliner-ови дека спасувањето на Евреите било вршено исклучиво од алтруистички побуди. Тој ги прегледал образложенијата на спасителите за мотивите на нивното помагање и според негова оценка, некои навистина упатувале на алтруистичност, но повеќето од нив рефлектирале егоистичко мотивирано помагање. Се разбира, оваа забелешка Batson ја дава согласно на неговата прилично строга определба на алтруизмот и со неа најверојатно не би се согласиле оние истражувачи кои преферираат помалку рестриктивни определби. За разлика од Batson, Schroeder et al. (1995) се сосредоточуваат на друг потенцијален проблем што може да има негативни реперкусии по веродостојноста на изведените заклучоци за пројавените личносни разлики. Имено, овие автори нагласуваат дека спасителите многу порано пред да бидат испитани, веќе биле јавно идентификувани (и одликувани) како херои или „вистински алтруисти". Таквите доживеани искуства можно е да имале влијание врз нивното одговарање на личносните мерки во смисла на давање одговори онака како што, според нивно мислење, би требало да одговара еден алтруист. Според тоа, нивните претходни постапки би можеле повеќе да бидат причина за откриените личносни разлики отколку самите нивни личности што го предизвикале нивното

просоцијално однесување. Оваа забелешка секако дека би можела да се упати и на многу други истражувања од овој тип, но сепак таа останува во доменот на веројатноста, затоа што прашање е како би можело да се диференцира и потврди тоа влијание.

Во едно друго истражување, спроведено неколку години подоцна во рамките на проектот „Проучување на сцената на несреќата“, што бил реализиран на Медицинскиот универзитет во Хановер, Германија, Bierhoff и сор. (1991) се обиделе да ја проверат валидноста на концептот на „алтруистичката личност“ кај лица кои исклучиво спонтано помагале во реални животни околности. Овие автори испитале 34 лица (26 мажи и 8 жени, на возраст од 13 до 65 години) за кои имале објективна потврда дека дале прва помош на унесреќени во сообраќајни несреќи (целна група) и 36 други лица (26 мажи и 10 жени) кои биле очевидци на сообраќајни несреќи, но кои за разлика од првите не се обиделе да дадат каква и да било помош (контролна група). Испитаниците од целната и контролната група биле избрани од поголема група на испитани лица и тие меѓусебно биле изедначени во поглед на половата припадност, возраста и социјалниот статус. Испитувањето било извршено преку задавање на прашалник што на испитаниците им бил испраќан по пошта, неколку дена по случените сообраќајни несреќи. Прашалникот содржел повеќе личносни скали кои се однесувале на локусот на контролата, несигурноста, емпатијата, верувањето во праведноста на светот, социјалната одговорност, ориентацијата во половите улоги и селф-концептот (емпатиски и инструментално ориентиран селф-концепт). При обработката на добиените податоци Bierhoff и сор. примениле мултиваријантна анализа на варијансата и коваријансата и откриле дека докажаните давачи на прва помош се разликувале од испитаниците од контролната група во поглед на неколку димензии. Тие себеси се опишале како лица кои се повеќе интерно ориентирани, кои повеќе веруваат во праведноста на светот и кај кои повеќе е изразена социјалната одговорност и емпатиско ориентираниот селф-концепт.

Во најголемиот дел од истражувањата во кои е применуван пристапот на докажани „алтруисти“ се испитувани личносните особини на лицата кои вршат разноводни волонтерски активности во локалните заедници. Волонтерите во локалните заедници по сопствена волја и без финансиски надомест се вклучени во работата на повеќе волонтерски сервиси чија главна цел е подобрувањето на благосостојбата на оние луѓе на кои им е потребна помош, а исто така и на самите заедници во кои тие живеат. Allen & Rushton (1983), обидувајќи се да пронајдат доплонителна евиденција за постоењето на алтруистичката личност, прегледале деветнаесет студии (објавени во периодот од 1965 до 1980 година) во кои се соопштени наоди за карактеристиките на волонтерите кои работеле во сервисите за подобрување на менталното здравје во локалните заедници. Нивната анализа на прегледаните истражувања открила дека во нив биле применети различни личносни мерки од типот молив-хартија, кои на волонтерите им биле задавани или на самиот почеток од нивното волонтирање или по извесно време откако тие веќе почнале да работат. Личносните мерки исто така им биле задавани и на неволонтери, така што во сите нив се правела споредбена анализа за да се утврди кои се особините што волонтерите ги диференцираат од неволонтерите. Според наодите во прегледаните истражувања Allen & Rushton заклучиле дека би можеле да се издвојат неколку карактеристични особини на овој тип волонтери. Прво, тие биле поемпатични и имале повисоки морални стандарди од неволонтерите. Освен тоа, тие имале попозитивни ставови кон себеси и кон другите и повеќе чувствувале дека се лично делотворни. И конечно, овие лица, за разлика од неволонтерите, манифестирале повисок степен на емоционална стабилност.

На ова место, да се потсетиме и на претходно споменатиот наод на Pener & Fritzche (1993) дека факторите *емпатиска ориентираност кон другите* и *помагање* успешно ги диференцирале волонтерите од неволонтерите кои работеле на засолнување на бездомни семејства. Во нивното истражување била применета „Батеријата на просоцијалната личност“, која заедно со други прашања што се однесувале на

социодемографските карактеристики и работењето во добротворни цели, им била испраќана по пошта на лица кои моментно работеле како волонтери во службата за засолнување на бездомни семејства и на лица кои не вршеле никаква волонтерска активност во времето на испитувањето, а исто така и одредено време пред тоа. Pener & Fritzche откриле дека волонтерите имале значајно повисоки скорови и на двата фактора од неволонтерите. Но, она што е уште позначајно се наодите што тие ги добиле по дополнителната анализа на одговорите на испитаниците што го сочинувале примерокот на волонтерите. Тие ги поделиле испитаниците според два критериума во по две групи: а) волонтери кои напорно работеле во добротворни цели помалку од шест месеци и волонтери кои напорно работеле повеќе од шест месеци; и б) волонтери кои учествувале само во оваа добротворна активност и волонтери кои учествувале и во други слични активности. Резултатите од ваквата поделба покажале дека волонтерите кои работеле повеќе од шест месеци имале значајно повисоки скорови и на двата фактора на батеријата во споредба со оние кои работеле помалку од шест месеци. Додека, оние волонтери кои учествувале во повеќе добротворни активности имале повисоки скорови на факторот „помагање" од волонтерите кои за првпат работеле во добротворни цели.

Покрај обидите за идентификација на личносните профили на волонтерите, во литературата се сопштуваат и наоди за карактеристичните особини на крводарителите. Piliavin & Callero, во книгата *„Крводарителство: Развој на алтруистичкиот идентитет"*, објавена во 1991, посочуваат неколку такви наоди. На пример, во истражувањето на Burnett, 1982 било утврдено дека типичниот крводарител во споредба со лицата што не даруваат крв помалку се цени себеси и е подготвен да презема малку ризици. Освен тоа, тој е повеќе загрижен за сопственото здравје и за здравјето на семејството и е повеќе религиозен и конзервативен. Во едно друго истражување, пак, не била пронајдена ниедна карактеристична особина на крводарителите освен, што тие биле значајно помалку макаијавелистички ориентирани во однос на

некрводарителите (Cataldo et. al., 1976). И конечно, во прегледната статија на истражувањата за разликите меѓу крводарителите и некрводарителите на Boe & Ponder (1981), било констатирано дека она што ги карактеризира крводарителите е нивниот алтруистички пристап кон животот, желбата за себежртвување и силната потреба за признание и престиж.

Значи, во истражувањата во кои бил применуван пристапот на докажани „алтруисти", истражувачите се обиделе да ја испитаат диспозициската основа како на спонтаното така и на неспонтаното просоцијално однесување. Притоа, она за што тие покажале најголем интерес биле особините на лицата кои вршат волонтерски активности во локалните заедници. Со овие истражувања секако дека се обезбедува дополнителна евиденција за улогата на личноста во просоцијалното однесување но, за жал, тие малку придонесуваат за разрешување на дилемите околу специфичните и општите диспозициски антецеденти на овој вид однесување.

II дел

# ИСТРАЖУВАЊЕ

## ПРОБЛЕМ

Според претходно изложените сознанија за диспозициската заснованост на просоцијалното однесување, оправдано е да се заклучи дека неговото манифестирање може да биде значајно определено не само од социјалните и ситуациските влијанија, туку исто така и од особините на личноста. Меѓутоа, ваквиот заклучок не може да се смета за завршен чин во потрагата по персоналните корелати на просоцијалното однесување, затоа што и покрај убедливоста на некои емпириски наоди, сè уште остануваат отворени повеќе значајни прашања кои бараат дополнителни проверки. Некои од нив се подложуваат на проверка во ова истражување, со цел да се придонесе за појасно специфицирање на улогата и значајноста на особините на личноста при појавата и обликувањето на постапките со кои се подобрува благосостојбата на другите.

Основен проблем на истражувањето е: **Дали постои поврзаност и каква е структурата на поврзаноста меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување што се манифестира во реални животни околности?**

Со вака формулираниот проблем, очигледно е дека истражувањето се надоврзува на постојните истражувачи напори за идентификација на личносните одредници на просоцијалното однесување, и неговото осмислување и реализирање, општо земено, не отстапува многу од она што е практикувано во некои од досегашните истражувања. Она што е карактеристично само за ова истражување е истовременото испитување на диспозициската основа на неколку вида просоцијални однесувања што

се манифестираат во реални животни околности. Што значи, во истражувањето се применува пристапот на докажани „алтруисти“, или поточно речено, во него се испитуваат особините на личноста на лица кои манифестирале едно (или, пак, повеќето) од следните просоцијални однесувања: *крводарување, интервенирање* во итни или опасни ситуации, *дарување* на материјални и/или парични средства во добротворни цели и *волонтирање* во хуманитарни организации.

Изборот на четирите вида просоцијални однесувања не е случаен, затоа што, од една страна, се сака да се испита диспозициската основа на повеќе просоцијални однесувања, а од друга страна, да се опфати како спонтаното (интервенирање во итни или опасни ситуации), така и неспонтаното (планираното) просоцијално однесување (крводарување, дарување на парични и/или материјални средства и волонтирање). Освен тоа, овие однесувања (со исклучок на интервенирањето во итни или опасни ситуации) се релативно ослободени од лимитирачките влијанија на ситуациските фактори. Тие не само што се општетствено позитивно вреднувани, туку на нив луѓето и постојано се поттикнувани, така што секој оној кој сака да се однесува на таков начин, тоа може и да го стори. Со други зборови, повеќето од луѓето имаат релативно еднакви можности за практикување на овие активности, што се разбира не е случај со интервенирањето во итни или опасни ситуации, за кои е карактеристична неочекуваноста и врзаноста за конкретни настани, со кои обично се соочуваат ограничен број луѓе. Затоа, во случајот на интервенирањето во итни или опасни ситуации, можноста за неговото манифестирање е контролирана преку избор на испитаници кои биле очевидци на такви ситуации, но кои не се впуштиле во помагање на лицето/а што било/е во неволја.

Истовременото испитување на диспозициската основа на различни видови просоцијални однесувања, манифестирани во реални животни околности, дава можност за одговор на неколку прашања што се тесно поврзани со основниот проблем на истражувањето:

1. *Дали постои поврзаност и каква е структурата на поврзаноста меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување во сите негови испитувани манифестни видови?*

2. *Дали постои поврзаност и каква е структурата на поврзаноста меѓу особините на личноста и различните видови просоцијални однесувања?*

3. *Дали постојат особини што се поврзани само со одделни видови просоцијални однесувања?*

4. *Дали постојат особини на личноста што се поврзани со повеќе видови просоцијални однесувања? и*

5. *Каква е структурата на поврзаноста меѓу особините на личноста што се покажуваат релевантни за манифестираноста на просоцијалните однесувања?*

Со поставувањето на овие пет прашања (кои всушност ја определуваат и основната хипотетска рамка на истражувањето), се има за цел не само да се идентификува потенцијалнита поврзаност меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување, туку и да се утврди дали постојат специфични и/или општи личносни одредници на испитуваните однесувања.

Како што може да се забележи од претходно прикажаните истражувања на персоналните корелати на просоцијалното однесување, во некои од нив биле испитувани и ефектите на одредени социодемографски карактеристики, а исто така и на воспитните постапки што биле практикувани од родителите на испитаниците. Истото тоа се прави и во ова истражување, но проверката на ефектите на овие варијабли не е непосредно поврзана со основниот проблем на истражувањето и затоа прашањата кои се поставуваат во врска со нив имаат статус на *дополнителни прашања*. Односно, со испитувањето на ефектите на овие варијабли се сака да се провери дали манифестирањето на просоцијалното

однесување во реални животни околности, би можело да биде поврзано и со други особености на лицата, докажани „алтруисти“. Дополнителните прашања се однесуваат на поврзаноста на просоцијалното однесување со:

- **редоследот на раѓањето** на испитаниците - *Дали постои разлика меѓу лицата кои се однесуваат просоцијално и лицата кои не се однесуваат просоцијално во поглед на редоследот на раѓањето?*
- **големината на семејството** во кое израснале испитаниците - *Дали постои разлика меѓу лицата кои се однесуваат просоцијално и лицата кои не се однесуваат просоцијално во поглед на големината на семејствато во кое тие израснале?*
- **начините на однесување**, на кои, според самоизвестувањата на испитаниците, тие биле **поттикнувани** од своите родители - *Дали постои разлика меѓу лицата кои се однесуваат просоцијално и лицата кои не се однесуваат просоцијално во поглед на начините на однесување на кои тие биле индиректно или директно поттикнувани од своите родители?*
- **начините на однесување**, кои според самоизвестувањата на испитаниците, тие едноставно ги „**наследиле**“ од своите родители - *Дали постои разлика меѓу лицата кои се однесуваат просоцијално и лицата кои не се однесуваат просоцијално во поглед на „наследените“ начини на однесување од родителите?*

## ХИПОТЕЗИ

Со оглед на тоа што во истражувањето се поставуваат две групи прашања, во него се проверуваат и две групи хипотези: **А** и **Б** хипотези. **А** - хипотезите се однесуваат на основниот проблем на истражувањето или поточно речено на прашањата преку кои тој е конкретизиран, додека **Б** - хипотезите се однесуваат на дополнителните прашања.

**А - хипотези**

Ако се има предвид дека во многу од досегашните истражувања, без оглед на пристапот што бил применет во нив, се утврдени значајни поврзаности меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување, а исто така и дека повеќето од особините што се испитуваат во ова истражување веќе се покажале како добри предиктори на просоцијалноста, сосема е логично да се претпостави дека и во овој случај ќе биде пронајдена поврзаност меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување. Според тоа, **првата** од трите **А** - хипотези што се проверуваат во истражувањето гласи:

*А. 1. Лицата кои се однесуваат просоцијално (т.е. крводарителите, спасителите, дарителите и волонтерите) поседуваат особини што ги прават различни од лицата кои не се однесуваат просоцијално во реалните животни околности (т.е. кои никогаш не дарувале крв, не интервенирале во некоја итна или опасна ситуација, не дарувале материјални и/или парични средства во добротворни цели и не волонтирале во некоја хуманитарна организација).*

Разликите меѓу лицата кои се однесуваат просоцијално и лицата кои не се однесуваат просоцијално се очекува да се појават во однос на

повеќето од испитуваните личносни варијабли, а тоа очекување е специфицирано преку следната потхипотеза:

*А. 1. а. Во споредба со лицата кои не се однесуваат просоцијално, лицата кои се однесуваат просоцијално се: поемпатични (т.е. повеќе се склони кон заземање туѓо гледиште, емпатиска грижа и емпатиска фантазија); имаат поизразена потреба за одобрување од другите; покажуваат поголема грижа за проблемите и потребите на другите; повеќе водат сметка како за интересите на другите, така и за интересите на сите инволвирани страни при донесувањето на моралните одлуки; помалку ја негираат личната одговорност за интерперсоналните последици од сопствените постапки; имаат поголема доверба во луѓето; помалку се екстерно ориентирани; повеќе веруваат во праведноста на светот; и покажуваат тенденција на различно преферирање на одделни вредности.*

За разлика од првата хипотеза, која би можела да се означи и како основна или појдовна хипотеза, затоа што се однесува на поврзаноста меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување во сите негови манифестни видови, со **втората хипотеза** се оди чекор понатаму во анализата на диспозициската основа на просоцијалното однесување:

*А. 2. Поврзаноста меѓу одделни особини на личноста и просоцијалното однесување варира во зависност од неговата природа. Некои особини на личноста се поврзани само со еден вид просоцијално однесување, додека други особини на личноста се поврзани со повеќе видови просоцијални однесувања.*

Значи, втората хипотеза се однесува на потенцијалните разлики во поврзаноста на особините на личноста со различните видови просоцијални однесувања. Нејзиното поставување е тесно поврзано со емпириските наоди и теоретските согледувања на некои автори (Gergen et al.,

1972; Staub, 1974; Krebs & Miller, 1985), според кои, оправдано е да се очекува особините за кои постои емпириска потврда дека се значајно поврзани со одреден вид просоцијално однесување да не бидат подеднакво релавантни и за други видови просоцијални однесувања.

Освен тоа, со проверката на втората хипотеза би требало да се одговори и на прашањето дали постојат особини на личноста кои се поврзани со сите или, пак, со повеќето од испитуваните просоцијални однесувања.

Идејата за поврзаноста на некои особини со повеќе просоцијални однесувања ја имлицира можноста од постоење на просоцијална личносна структура од која се очекува да има подоследна улога во детреминирањето на просоцијалноста на луѓето. Веќе е посочено дека во неколку наврати е направен обид за идентификација на таквата личносна структура (Staub, 1974; Joksimović i Vasović 1990; Pener et al., 1995), така што интересно би било да се испита дали и при истовременото разгледување на повеќе просоцијални однесувања што се манифестираат во реални животни околности би се појавила поврзаност и усогласеност меѓу одделни особини кои би можеле да се третираат како диспозициска основа на повеќето од испитуваните однесувања. Согласно на тоа, **третата хипотеза** што претставува предмет на проверка во истражувањето гласи:

*А. 3. Постои меѓусебна поврзаност и усогласеност на одделни особини на личноста кои претставуваат јадро на диспозициската основа на повеќе видови просоцијални однесувања.*

Во врска со проверката на оваа хипотеза треба да се појасни дека целта не е да се создаде колку што е можно повалидна композитна просоцијална личносна мерка (како, на пример, во случајот на истражувањата на Pener et al.), туку да се детектираат можните заеднички личносни одредници на испитуваните просоцијални однесувања.

**Б - хипотези**

Во однос на дополнителните прашања се поставуваат четири хипотези. Првите две хипотези се однесуваат на редоследот на раѓањето и бројноста на семејството. Противречноста на постојните наоди за ефектите на овие варијабли го оневозможува попрецизното определување на насоката на нивната поврзаност со просоцијалното однесување, така што за нив не се очекува да бидат поврзани со испитуваните однесувања. Додека, во случајот на поттикнуваните и „наследените" начини на однесување се претпоставува дека ќе се појават разлики меѓу лицата кои се однесувале просоцијално и лицата кои не се однесувале просоцијално.

*Б. 1. Лицата кои се однесуваат просоцијално не се разликуваат од лицата кои не се однесуваат просоцијално во поглед на редоследот на нивното раѓање.*

*Б. 2. Лицата кои се однесуваат просоцијално не се разликуваат од лицата кои не се однесуваат просоцијално во поглед на големината на семејството во кое израснале.*

*Б. 3. Лицата кои се однесуваат просоцијално се разликуваат од лицата кои не се однесуваат просоцијално во поглед на некои од начините на однесување на кои тие биле индиректно или директно поттикнувани од своите родители.*

*Б. 3. Лицата кои се однесуваат просоцијално се разликуваат од лицата кои не се однесуваат просоцијално во поглед на некои од „наследените" начини на однесување од своите родители.*

## ВАРИЈАБЛИ

Изборот на варијаблите е направен согласно со постојните теоретски и емпириски сознанија за персоналните корелати на просоцијалното однесување. Во истражувањето се испитуваат повеќе особини на личноста, сфатени како релативно стабилни конфигурации на цели, мотиви, планови и навики, а исто така и како општи претпоставки за можностите за дејствување: *емпатија (емпатиска грижа, заземање туѓо гледиште, емпатиска фантазија и лична вознемиреност), потреба за одобрување, грижа за другите, морално расудување (ориентираност кон другите и заемна грижа), припишување одговорност, амбициозност, конформизам, доверба во луѓето, локус на контролата, верување во праведноста на светот, себеценење и вредности*. Ефектите на повеќето од овие особини се веќе проверувани во досегашните истражувања, во кои, општо земено, е утврдено дека некои од нив се покажале како повеќе, а некои, како помалку доследни предиктори на проучуваните просоцијални однесувања. Испитуваните особини на личноста имаат статус на **НЕЗАВИСНИ ВАРИЈАБЛИ** и тие се операционализирни според природата на употребените инструменти за нивна идентификација.

**Емпатијата** се определува како сложен или повеќеаспектен феномен што вклучува и когнитивни и афективни реакции на доживувањата на другите: *заземање туѓо гледиште (ЗТГ)* - тенденција на спонтано прифаќање на психолошката гледна точка на другите; *емпатиска фантазија (ЕФ)* - тенденција на замислено внесување во чувствата и активностите на имагинарните ликови од книгите, филмовите и игрите; *емпатиска грижа (ЕГ)* - тенденција на доживување чувство на грижа и жал за неволјите на другите; и *лична вознемиреност (ЛВ)* - тенденција на доживување лична непријатност и вознемиреност како реакција на неволјите на другите и на напнати интерперсонални односи.

Заземањето туѓо гледиште и емпатиската фантазија се когнитивните, а емпатиската грижа и личната вознемиреност афективните компоненти на емпатијата. Емпатијата е операционализирана преку постигнувањата на „Индексот на интерперсоналната реактивност" („Interpersonal Reactivity Index") на Davis (1983), односно преку постигнувањата на потскалите што него го сочинуваат, а кои се однесуваат на четирите компоненти на емпатијата. Високите скорови на потскалите укажуваат на поистакната тенденција на заземање туѓо гледиште, емпатиска фантазија, емпатиска грижа и лична вознемиреност.

**Потребата за одобрување** (ПО) и добивање признание и пофалба од другите за она што се прави е операционализирана преку скоровите на „Скалата на социјалната пожелност", која преставува скратена верзија на „Social Desirability Scale" на Crowne & Marlow (1960). Високите скорови на скалата се показател за постоење на поистакната потреба за одобрување.

**Грижата за другите** (ГД) се определува како заинтересираност за проблемите и потребите на другите и подготвеност за подобрување на нивната благосостојба, која може да се манифестира на различни начини (на пример, преку помагање, давање подршка, обезбедување храна, заштита и сл. на блиските, помладите, постарите или беспомошните). Оваа варијабла е операционализирана преку постигнувањата на „Скалата на грижата за другите", која претставува скратена верзија на „Nurturance Scale" на Jackson (1974). Високите скорови на скалата се показател на поголема грижа за другите.

**Моралното расудување** е испитувано со ајтеми преземени од „Батеријата на просоцијалната личност" („The Prosocial Personality Battery") на Penner и сор., кои се однесуваат на ориентираноста кон другите и заемната грижа при донесувањето на моралните одлуки. *Ориентираноста кон другите (МР-ОД)* при донесувањето на моралните одлуки се однесува на тенденцијата за повеќе водење грижа за потребите и интересите на другите отколку за себеси, додека *заемната грижа (МР-ЗГ)* се однесува на тенденцијата за водење сметка како за потребите и интересите на

другите така и за сопствените потреби и интереси т.е. за она што во даден случај е најдобро за сите инволвирани страни. Високите скорови на ајтемите со кои се идентификува ориентираноста кон другите и заемната грижа покажуваат висок степен на изразеност на овие тенденции при донесувањето на моралните одлуки.

**Припишувањето на одговорноста** (ПРО) се однесува на тенденцијата на негирање, односно прифаќање на личната одговорност за интерперсоналните последици од сопствените постапки. Оваа тенденција е испитувана со „Скалата на припишување на одговорност", која претставува скратена верзија на „Ascription of Responsibility Scale" на Schwartz (1968). Високите скорови на скалата се показател на негирањето или неприфаќањето на личната одговорност за сопствените постапки и нивните последици.

**Амбициозноста** (АМ) е дефинирана како тенденција за постигнување вертикална социјална мобилност манифестирана преку незадоволството од постоечката состојба на нештата и вложување напор за постигнување потешко остварливи цели. Амбициозноста е операционализирана преку скоровите на „Скалата на амбициозноста" („Skala ambicioznosti") на Pantic (1977). Високите скорови на скалата се показател на поголема амбициозност.

**Конформизмот** (КО) е определен како општа склоност за прифаќање на мислењето на мнозинството и настојување сопственото однесување да не се разликува од однесувањето на повеќето други луѓе, и е операционализиран преку скоровите на „Скалата на конформизмот" („Skala konformizma") на Pantic (1977). Високите скорови означуваат повисок степен на конформирање.

**Довербата во луѓето** (ДЛ) се однесува на општите верувања за човековата природа и за природата на намерите на луѓето во меѓусебните односи. Оваа варијабла е операционализирана преку постигнувањата на „Скалата на доверба во луѓето", која претставува скратена и делумно

изменета верзија на „Skala poverenja u ljude“ на Hrnjica (1982). Високите скорови на скалата репрезентираат поголем степен на доверба во луѓето.

**Локусот на контролата** (ЛК) се однесува на степенот во кој луѓето веруваат во екстерната (надворешната) односно интерната (внатрешната) контрола на она што им се случува. Верувањето во екстерната контрола значи придавање на поголема значајност на силите што се вон наша контрола (на среќата, судбината, случајноста, моќта на другите и сл.), кои се перцепираат како клучни одредници на исходите на сопствените постапки и на она што ни се случува во животот. Додека, верувањето во интерната контрола значи придавање на поголема значајност на себеси, во смисла на контролирање и детерминирање на исходите на сопственото однесување. Локусот на контролата е операционализиран преку постигнувањата на „Скалата на локусот на контролата“. Високите скорови на скалата се показател на верувањето во екстерниот локус на контролата.

**Верувањето во праведноста на светот** (ВПС) се определува како верување дека светот во кој живееме е место на праведност, каде постои систематска поврзаност меѓу постапките на луѓето и нивните исходи и каде, општо земено, луѓето го добиваат она што го заслужуваат. Ова верување е операционализирано преку одговорите на тврдењата содржани во „Скалата на праведноста на светот“, која претставува скратена верзија на „ Just World Scale“ на Rubin & Peplau (1975). Високите скорови на скалата се показател на поголема верба во праведноста на светот.

**Себеценењето** (СЦ) како емоционално-вредносен однос кон себеси е операционализирано преку постигнатите скорови на „Скалата себеценењето“ чии ајтеми се однесуваат на општата себеоценка, на загриженоста за оценките што другите ги даваат за нас и на себеоценката за успешноста во комуникацијата со другите. Оваа скала, слично како и повеќето од применетите скали во ова истражување, претставува скратена верзија на оригиналната скала - „The feelings of

Inadequacy Scale“, првично изготвена од Janis & Field (1959), а подоцна на двапати ревидирана. Високите скорови на скалата се показател на помало себеценење.

**Вредностите** се дефинираат како релативно трајни верувања дека одредени животни цели или начини на однесување се лично или општествено попреферирани во споредба со други начини на однесување или животни цели. Нивното испитување е вршено со „Прашалникот за вредностите“, кој претставува скратена и делумно изменета верзија на „The Value Survey“ на Rokeach (1973). Со прашалникот се идентификувани два вида вредности: терминални (ТВ) и инструментални вредности (ИВ) (т.е. преферирани животните цели и начини на однесување). Преферираноста на терминалните, односно инструменталните вредности е утврдувана преку рангирање на 16 животни цели и 16 начини на однесување, со оглед на нивната значајност како водечки принципи во животот. Попреферирани вредности се оние кои повисоко се рангираат.

Покрај гореспоменатите, во категоријата на независни варијабли спаѓаат и варијаблите: редослед на раѓање, бројност на семејството, поттикнувани и „наследени“ начини на однесување од родителите. Идентификацијата на овие варијабли е вршена преку одговорите на четири прашања што се однесуваат на нив. Во поглед на **редоследот на раѓањето**, испитаниците се класифицирани како првородени (единец, првороден) и подоцнародени (второроден, терероден итн.). **Бројноста на семејството** во кое израснале испитаниците е утврдувана врз основа на одговорот на отвореното прашање: Колку членови броело семејството во кое сте израснале? Додека, идентификацијата на начините на однесување на кои испитаниците биле индиректно или директно **поттикнувани** од своите родители (поради важноста што тие им ја придавале на нив) е вршена врз основа на самоизвестувања на испитаниците, т.е. преку нивниот избор на најмногу три од седумнаесет посочени и еден самостојно наведен начин на однесување (да се биде амбициозен, уреден, чувствителен кон другите, снаодлив, претпазлив во

односите со другите, одговорен за сопствените постапки, решителен, праведен, искрен, независен, чесен, воздржан во покажувањето на чувствата, и цврст (нeранлив), да се има почит кон родителите и возрасните, и разбирање за другите, да им се помага на другите и да се води грижа прво за себеси, па потоа за другите,. На истиот начин се утврдувани и „**наследените**" начини на однесување, т.е. начините на однесување за кои испитаниците известиле дека едноставно ги „наследиле" или „презеле" од своите родители.

**ЗАВИСНА ВАРИЈАБЛА** во ова истражување претставува **просоцијалното однесување** дефинирано како однесување што се врши доброволно и со намера да се подобри благосостојбата на другите (без оглед на видот и степенот на личните добивки и трошоци), и кое може да се манифестира на различни начини. Просоцијалното однесување е операционализирано преку манифестираноста на *крводарувањето* (повеќекратно дарување крв за непознати лица, над 20 пати), *интервенирањето* во итни или опасни ситуации (помагање на непознати, или малку познати лица, на кои им е загрозен животот), *дарувањето* на материјални и/или парични средства во добротворни цели (самоиницијативно и самостојно дарување), или *волонтирањето* во хуманитарни организации (доброволно вршење активности, без паричен надомест и материјална добивка). Овие видови просоцијални однесувања се манифестирани во реални животни околности, а нивното утврдување е вршено врз основа на самоизвестувања на испитаниците, односно преку потврдните одговори што се давани на прашањата за нивна идентификација.

# МЕТОД

## ИСПИТАНИЦИ И ПОСТАПКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Имајќи предвид дека на поставените прашања и хипотези може да се одговори само ако се испитаат личносните особини на лицата кои се однесуваат просоцијално и лицата кои не се однесуваат просоцијално во реални животни околности, во ова истражување посебно внимание се обрна на изборот на испитаниците. Како лица кои се однесуваат просоцијално се избрани оние кои манифестирале едно (или, пак, повеќето) од следните однесувања: крводарување *(крводарители)*, интервенирање во итни или опасни ситуации *(спасители)*, дарување на материјални и/или парични средства во добротворни цели *(дарители)* и волонтирање во хуманитарни организации *(волонтери)*. Додека, пак, како лица кои не се однесуваат просоцијално се избрани оние кои до моментот на испитувањето не манифестирале ниедно од овие просоцијални однесувања.

Пронаоѓањето и изборот на испитаниците кои се однесуваат просоцијално всушност претставуваше „најпроблематичниот" дел при спроведувањето на истражувањето. Имено, не беше ни малку лесно да се пронајдат лицата кои манифестирале едно од испитуваните просоцијални однесувања (ова особено се однесува на лицата кои интервенирале во итни или опасни ситуации), затоа што, од една страна, дел од нив никаде не се евидентираат, а од друга страна, дури и тогаш кога ќе се пронајдеа, тоа не значеше дека тие веднаш ќе бидат вклучени во примерокот. Нивното вклучување во примерокот беше обусловено не само од манифестираноста на едно, туку и од неманифестираноста на другите три испитувани просоцијални однесувања. Освен тоа, за да можеа да добијат статус на испитаници, тие требаше да задоволат и други барања што се поврзани со начинот на нивното известување за кое и да било од

однесувањата што го манифестирале. И конечно, како испитаници не можеа да бидат избрани оние лица кои професионално се обврзани да им помагаат на другите (на пример: лекари, полицајци, пожарникари и сл.)

Утврдувањето на манифестираноста на четирите просоцијални однесувања беше вршено преку самоизвестувањата на испитуваните лица, т.е. врз основа на нивните одговори дадени на прашањата што се однесуваат на нив, а кои претставуваат составен дел на Прашалникот со кој се прибираа податоците.

Првата подгрупа испитаници кои се однесувале просоцијално ја сочинуваат **крводарителите**. Како крводарители се бирани оние лица кои на прашањето за крводарувањето (прашање бр. 10) одговорија дека повеќе пати дарувале крв за непознати лица, со експлицитно наведување на бројот на крводарувањата. (Лицата кои одговорија дека се повеќекратни крводарители, а притоа не го наведоа бројот на крводарувањата, не беа земани предвид.). Покрај тоа, за да можеа да бидат вклучени во подгрупата крводарители, тие требаше да имаат дарувано крв над 20 пати. Овој број, како критериум за манифестираноста на крводарувањето, можеби се чини превисок, но тој произлезе од потребата, што е можно повеќе да се намали веројатноста дека крводарувањето било исход на случајност или на различни социјални влијанија. Со други зборови, со примената на овој критериум се сакаше како крводарители да се изберат лица кои многу подоследно го манифестираат овој вид однесување.

Во врска со изборот на крводарителите треба да се спомене и тоа дека тие во споредба со останатите испитаници беа најдостапни, затоа што се евидентираат на неколку места. Дел од нив беа идентификувани врз основа на податоците добиени од ЈЗО „Републички завод за трансфузиологија“ - Скопје, а другите од општинските организации на “Црвениот крст“ во Виница и Куманово. Вкупниот број на испитани крводарители изнесуваше 92. Сите тие доброволно прифатија

Табела 2. Структурата на крводарителите според полот, возраста и образованието

| | машки | | женски | |
|---|---|---|---|---|
| **ПОЛ** | 25 | | 8 | |
| | опсег | | просечна возраст | |
| **ВОЗРАСТ** | од 27 - 59 год. | | 41 год. | |
| | основно училиште | две. или триг. средно училиште | четиригод. средно училиште | виша школа или факултет |
| **ОБРАЗОВАНИЕ** | 1 | 3 | 20 | 9 |

да учествуваат во истражувањето. Некои од нив беа испитувани индивидуално, а некои групно, во општинските организации на „Црвениот крст“ или во претпријатијата каде што се вработени (ОКТА, „Македонски железници“ и „Типо“). Од вкупно 92-та испитани крводарители само 33 ги задоволија гореспоменатите критериуми и тие всушност ја сочинуваат подгрупата крводарители во ова истражување. Бројот на нивните крводарувања се движи од 20 до 65, односно во просек тие дарувале крв 30 пати. Како што може да се забележи од Табелата 2, повеќето од нив се од машки пол и имаат завршено четиригодишно средно училиште, а нивната просечна возраст изнесува 41 година. Освен тоа, тие имаат најразлични занимања (од шивач, фризер, техничар, столар па до инженер и професор), најголем дел од нив се жители на Скопје (18), а другите живеат во Виница (9) и Куманово (6).

Ако крводарителите беа најдостапни, **спасителите** беа најмалку достапни и најтешко пронаоѓани испитаници во ова истражување. За жал, иако овие лица некогаш го изложуваат на сериозна опасност и сопствениот живот за да спасат други, за нив малку се води сметка во

нашата средина, така што тие никаде официјално не се евидентираат, ниту пак добиваат пошироко општествено признание.

При пронаоѓањето на спасителите се применија три стратегии: *прво*, беа прегледани изданијата на неколку дневни весници во периодот од 1996 до 1998 година („Нова Македонија", „Вечер" и „Дневник") за да се провери дали во нив евентуално се регистрирани актерите на различни случки на интервенирање во итни или опасни ситуации, кои ја побудиле новинарската љубопитност; *второ*, се оствари контакт со претставници на сообраќајната полиција кои вршат увид при сообраќајни несреќи, со цел да се идентификуваат лицата кои им помагаат на настраданите во сообраќајни несреќи;[10] и *трето*, се консултираа многу лица (мои лични пријатели и познаници) за од нив да се добие некоја информација за случки на помагање во итни или опасни ситуации, што тие ги знаат или, пак, имаат само слушнато за нив. Од трите применети стратегии, како најплодотворна се покажа третата, која иако бараше многу време, резултираше со идентификација на најголем дел од спасителите. Успешноста на оваа стратегија се должи на фактот што многу од лицата кои се консултираа побараа информации за овој вид помагање и од други лица што тие ги познаваат. Со примената на сите три стратегии на пронаоѓање на спасители се идентификуваа 88 потенцијални испитаници. Откако беа добиени податоци за нив, со секој спасител се воспостави непосреден контакт (преку телефон или преку писмо) и притоа сите тие доброволно прифатија да учествуваат во истражувањето. Сите 88 спасители беа индивидуално испитувани.

Вклучувањето на испитаните спасители во примерокот, не беше определено само од неманифестираноста на ниедно од другите испитувани просоцијални однесувања, туку и од нивниот одговор на прашањето кое се однесува на помагањето на унесреќените лица

---

[10] Неколку сообраќајни полицајци непосредно се ангажираа при идентификацијата на лицата кои им дале прва помош на настраданите во сообраќајните несреќи што се случија по воспоставениот контакт со нив. Инаку, интересно е да спомене дека, сообраќајната полиција во Извештаите за сообраќајните несреќи, не ги регистрира лицата кои им помагаат на настраданите.

Табела 3. Структурата на спасителите според полот, возраста и образованието

| | машки | | женски | |
|---|---|---|---|---|
| **ПОЛ** | 29 | | 5 | |
| | опсег | | просечна возраст | |
| **ВОЗРАСТ** | од 20 - 58 год. | | 35 год. | |
| | основно училиште | две. или триг. средно училиште | четиригод. средно училиште | виша школа или факултет |
| **ОБРАЗОВАНИЕ** | 1 | 1 | 23 | 9 |

(прашање бр. 12). Ако во одговорот на ова прашање не беше јасно прецизиран начинот на нивното помагање, тогаш тие не беа земани предвид. Примената на овие критериуми резултираше со избор на 34 спасители како испитаници. Најголем дел од нив интервенирале во сообраќајни несреќи (притоа тие не само што ги извлекувале настраданите од судрените возила, туку им давале и прва помош и ги пренесувале до болница), а помал дел спасиле давеници, им помогнале на лица на кои ненадејно им се слошило и се онесвестиле на улица, извлекле лице од опожарена куќа, или спасиле лица кои биле нападнати од натрапници. Структурата на спасителите, според полот, возраста и образованието е прикажана во Табела 3. Спасителите исто како и крводарителите имаат најразлични занимања, на пример, бравар, продавач, студент, инспектор, службеник, наставник итн. Повеќето од нив се од Скопје (25), а другите од Куманово (3), Велес (2), Штип (1), Кочани (1), с. Бардовци (1) и с. Брвеница (1).

**Дарителите** на материјални и/или парични средства во добротворни цели беа идентификувани преку неколку вработени лица во централата на Црвениот крст на Македонија или во неговите општински организации.

Врз основа на добиената евиденција од нив за уплатите на парични средства во Фондот на солидарноста и за дарувањата на материјални добра во рамките на Собирните акции на Црвениот крст, се изготви список на дарители со кои подоцна се оствари непосреден контакт. За жал, евиденцијата на дарителите не беше секогаш целосна (недостасуваа домашни адреси), така што до дел од нив се дојде откако вработените во Црвениот крст, по извесно време, ги дознаа претпријатијата или установите во кои тие се вработени. Исто така, во списокот на дарителите влегоа и лица, кои не беа евидентирани, но кои беа посочени дека често земаат учество во Собирните акции. На овој начин беа идентификувани 95 дарители. На повеќето од нив Прашалникот им беше непосредно задаван, додека на другите им беше испраќан по пошта, со кусо општо образложение за целта на истражувањето (70% од испратените Прашалници беа пополнети и вратени).

И во овој случај, само дел од испитаните лица беа избрани, вкупно 33, и тоа оние кои освен дарувањето на материјални и/или парични средства не манифестирале ниедно од другите три испитувани просоцијални однесувања и кои на прашањето за дарувањето (прашање бр. 13) прецизирале дека тоа го направиле самоиницијативно и

Табела 4. Структурата на дарителите според полот, возраста и образованието

| | машки | женски |
|---|---|---|
| **ПОЛ** | 8 | 25 |

| | опсег | просечна возраст |
|---|---|---|
| **ВОЗРАСТ** | од 19 - 58 год. | 32 год. |

| | основно училиште | две. или триг. средно училиште | четиригод. средно училиште | виша школа или факултет |
|---|---|---|---|---|
| **ОБРАЗОВАНИЕ** | - | 1 | 16 | 16 |

самостојно, а не како дел на некоја групна активност (на пример, на училиште или на работа) и експлицитно го навеле она што го подариле и кога го сториле тоа. Како што може да се забележи од Табелата 4, повеќето од избраните дарители се од женски пол (сличен сооднос меѓу женските и машките постоеше и кај неизбраните дарители) и тие за разлика од крводарителите и спасителите се и помлади. Но, според податоците добиени за нивното занимање и место на постојано живеење, тие исто како нив имаат различни занимања (на пример: новинар, правник, студент, економист, сликар, металострукар) и повеќето живеат во Скопје (22). Останатите дарители се од Куманово (8), Велес (1), Битола (1) и Берово (1).

При пронаоѓањето на **волонтерите** повторно беа консултирани лица кои работат во Црвениот крст на Македонија и во неколку негови општински организации (Чаир, Куманово, Велес). Следствено, повеќето од пронајдените и испитани волонтери се т.н. „активисти“ на Црвениот крст. Освен нив, беа испитани и одреден број други волонтери кои беа ангажирани во активностите на хуманитарната организација „Мајка“ од Куманово и првата детска амбасада „Меѓаши“. Општо земено, волонтерите во овие организации вршат најразлични активности: организирање на собирни акции, распределба на социјална помош, организирање на крводарителски акции, давање информации, дистрибуирање на пропаганден материјал, организирање на семинари, дежурства на S.O.S. телефон и сл. Сите овие активности тие ги вршат по сопствена волја, т.е. доброволно без паричен надоместок и материјална добивка.

Речиси сите идентификувани волонтери (вкупно 104) беа испитувани групно, кога тие се собираа по различни поводи во општинските организации и во централата на Црвениот крст на Македонија. Од 104-те испитани волонтери беа избрани 34, кои освен што волонтирале, не дарувале материјални и/или парични средства, ниту интервенирале во некоја итна или опасна ситуација, ниту, пак, некогаш дарувале крв. Исто така, избраните волонтери јасно ги имаа прецизирано

активностите што ги вршат во рамките на хуманитарната организација. Слично како и дарителите повеќето од волонтерите се од женски пол,

Табела 5. Структурата на волонтерите според полот, возраста и образованието

| | машки | | женски | |
|---|---|---|---|---|
| ПОЛ | 10 | | 24 | |
| | опсег | | просечна возраст | |
| ВОЗРАСТ | од 18 - 63 год. | | 29 год. | |
| | основно училиште | две. или триг. средно училиште | четиригод. средно училиште | виша школа или факултет |
| ОБРАЗОВАНИЕ | 1 | - | 21 | 12 |

додека, пак, во однос на занимањето, исто како и другите испитаници тие имаат многу различни занимања. Деветнаесет од нив се жители на Скопје, осум на Куманово, а преостанатите седум се од исто толку други градови (Битола, Гостивар, Охрид, Крушево, Радовиш, Виница, Велес).

Според тоа, во потрагата по лицата кои манифестирале едно од четирите вида проучувани просоцијални однесувања, беа испитани вкупно 379 лица, од кои само 134 ги задоволија општите и специфичните критериуми за добивање статус на испитаници во ова истражување. Значајно е да се спомене дека дел од испитуваните лица кои не се вклучени во подгрупите крводарители, спасители, дарители и волонтери имаат манифестирано две, три, па дури и сите четири просоцијални однесувања. Имајќи предвид дека одговорите на поставени прашања во ова истражување може да бидат поцелосни ако се проучат и особините на личноста на лицата кои ги манифестирале повеќето од испитуваните просоцијални однесувања, покрај четирите се формира и петта просоцијална подгрупа. Во оваа подгрупа, именувана како „мултипла

просоцијална подгрупа“ се вклучени оние испитувани лица кои манифестирале три или четири просоцијални однесувања. Поточно, оваа подгрупа се состои од 33 испитаници, од кои 8 ги манифестирале сите четири однесувања, додека другите манифестирале по три однесувања во различни комбинации: интервенирање, дарување и волонтирање (13); крводарување, дарување и волонтирање (4); крводарување, интервенирање и волонтирање (1); и крводарување, интервенирање и дарување (7). Се разбира, секој од испитаниците вклучен во оваа подгрупа ги задоволува и специфичните критериуми, кои се применувани и при изборот на испитаниците во сите четири подгрупи на единечно манифестираните просоцијални однесувања.

Табела 6. Структурата на испитаниците од „мултиплата просоцијална подгрупа“ според полот, возраста и образованието

| | машки | | женски | |
|---|---|---|---|---|
| **ПОЛ** | 23 | | 10 | |
| | опсег | | просечна возраст | |
| **ВОЗРАСТ** | од 18 - 64 год. | | 42 год. | |
| | основно училиште | две. или триг. средно училиште | четиригод. средно училиште | виша школа или факултет |
| **ОБРАЗОВАНИЕ** | 1 | 4 | 15 | 13 |

Што се однесува, пак, до социодемографски обележја на испитаниците од оваа подгрупа, е карактеристично тоа што повеќето од нив се машки и што во просек се повозрасни од испитаниците во другите подгрупи (со исклучок на крводарителите). Но, во поглед на занимањето и местото на живеење, тие, исто како и другите испитаници, имаат најразлични занимања и најголем дел од нив живеат во Скопје (20), додека другите се

жители на Куманово (6), Виница (3), Крива Паланка (2) Берово (1) и с. Кадино (1).

Со оформувањето на „мултиплата просоцијална подгрупа" се заокружи групата испитаници идентификувани како лица кои се однесувале просоцијално во реални животни околности. Според тоа, вкупниот број испитаници во оваа група изнесува **167**, од кои 33 се крводарители, 34 се спасители, 33 се дарители, 34 се волонтери, а 33 се лица кои се истовремено крводарители, спасители, дарители и волонтери или пак лица кои во различни комбинации манифестирале три од четирите испитувани просоцијални однесувања.

**Групата за споредба** (или **контролната група**) во ова истражување ја сочинуваат испитаници кои не манифестирале ниедно од испитуваните просоцијални однесувања. Утврдувањето на неманифестираноста на крводарувањето, интервенирањето, дарувањето и волонтирањето е вршено преку самоизвестувања на испитуваните лица т.е. врз основа на нивните негативни одговори дадени на соодветните прашања содржани во Прашалникот. Пронаоѓањето и на овие испитаници не беше едноставно, бидејќи однапред се немаа на располагање податоци кои би послужиле како ориентир за нивно полесно идентификување, така што мораше да се испитаат поголем број лица, па потоа од нив да се изберат оние кои би ја сочинувале групата за споредба. Освен тоа, избраните испитаници во оваа група требаше да бидат во доволен број за да можеше испитаниците кои се однесувале просоцијално да бидат спарени со нив, т.е. изедначени по однос на неколку релевантни карактеристики.

Во обидот за пронаоѓање испитаници кои неманифестирале ниедно од проучуваните просоцијални однесувања беа испитани вкупно 315 лица. Сите тие доброволно се согласија да учествуваат во истражувањето. Повеќето од нив беа вработени во различни претпријатија и установи во Скопје („Стопанска банка", „Завод за платен промет", ОКТА, „Македонски железници", ОУ „Св. Климент Охридски" и ОУ „Партение Зографски"), Куманово (ФА „30 јули", ФЗЦ „11 октомври"), Виница („Винка"), а помал дел беа студенти на Филозофскиот и Правниот факултет во Скопје. На

некои од нив, Прашалникот им беше задаван индивидуално а на некои групно, во просториите каде што тие работат или учат. По проверката на одговорите дадени на прашањата за манифестираноста, т.е. неманифестираноста на просоцијалните однесувања (прашање бр. 10, 12, 13 и 14) беа избрани **134** испитаници, кои никогаш не дарувале крв, никогаш не му помогнале некому на кого му бил загрозен животот (иако некои биле и очевидци на такви ситуации), никогаш не дарувале материјални и/или парични средства во добротворни цели и никогаш не волонтирале во некоја хуманитарна организација. Од овие испитаници потоа беа формирани пет подгрупи за споредба со испитаниците кои се однесувале просоцијално. Подгрупите за споредба се формирани врз основа на изедначувањето на испитаниците по однос на полот, возраста и образованието со испитаниците од подгрупите кои се однесувале просоцијално. Изборот на полот, возраста и образованието како релевантни карактеристики за изедначување на подгрупите не е случаен, затоа што според постојните сознанија тие може, од една страна, да бидат поврзани со истакнатоста на одделни личносни особини, а од друга страна, може да имаат и значајни ефекти врз појавата на одредени просоцијални однесувања. Овде треба да се спомне дека единствено во случајот на спарувањето на испитаниците од подгрупата „спасители“ со испитаниците кои не се однесувале просоцијално беше вклучен и дополнителен услов. Имено, при формирањето на подгрупата за споредба покрај тоа што беа бирани испитаници кои се од ист пол, на иста возраст и со исто образованите како спасителите, во неа се вклучени само оние испитаници кои биле очевидци на некоја итна или опасна ситуација во која биле загрозени други луѓе, но кои, од која и да било причина, не се обиделе да помогнат. Примената на овој дополнителен услов имаше за цел овие подгрупи да бидат изедначени и во поглед на можноста за манифестирање на овој вид просоцијално однесување.

Според тоа, со вака направениот избор на испитаниците во групата за споредба (т.е во контролната група) и применетиот начин на

формирање на подгрупите, се овозможува споредувањето меѓу испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално да се врши на две нивоа, на ниво на групи и на ниво на подгрупи.

Истражувањето се изврши во втората половина на 1997 година и првата половина на 1998 година и неговата динамика беше во голема мерка определена од самото пронаоѓање на испитаниците (особено на испитаниците кои се однесувале просоцијално). Во спроведувањето на истражувањето беа вклучени и неколку дипломирани и недипломирани психолози, кои значајно придонесоа како во поглед на пронаоѓањето на дел од испитаниците, така и во поглед на прибирањето на податоците.

## ИНСТРУМЕНТИ

Прибирањето на податоците се вршеше со Прашалник составен од 156 ајтеми, кои според она што со нив се испитува би можеле да се поделат во четири дела. Првиот дел го сочинуваат прашања за **социодемографските карактеристики**, односно за *полот, возраста, образованието, занимањето, постојаното место на живеење, редоследот на раѓањето и бројноста на семејството* во кое израснале испитаниците.

По нив следуваат две прашања за начините на однесување на кои испитаниците биле **поттикнувани** од своите родители и за начините на однесување за кои тие сметаат дека ги „**наследиле**“ од нив. На овие прашања се одговара со избор на најмногу три од седумнаесет наведени начини на однесување и една отворена можност за самостојно наведување на некое друго однесување.

Третата група прашања се однесува на манифестираноста на четирите вида просоцијални однесувања што се испитуваат во ова истражување. Првото од нив е за **крводарувањето** и тоа гласи: „Дали сте дарувале некогаш крв за непознати лица? а) не; б) да, еднаш; в) да, два-трипати; г) да, повеќе пати (колку пати: ____ ).“ На следните две прашања

се даваат одговори во врска со **интервенирањето** во итни или опасни ситуации. Со едното прашање се утврдува можноста за манифестирање на овој вид однесување и тоа е формулирано на следниот начин: „Дали сте се нашле некогаш во ситуација кога на друго лице, или на повеќе лица (кои не сте ги познавале или, пак, сосема малку сте ги познавале) им бил загрозен животот (на пример, сообраќајна несреќа, пожар, давење, елементарна непогода, нападнато лице, срцев удар и слично)? а) не; б) да, еднаш; в) да, два-трипати; г) да, повеќе пати." Додека, со другото прашање се идентификува однесувањето на оние испитаници кои се нашле во таква ситуација, и тоа гласи: „Ако сте се нашле во таква ситуација, дали сте се обиделе да им помогнете на унесреќените лица? а) не сум се обидел, затоа што помагањето било ризично; б) не сум се обидел, затоа што имало други лица кои веќе помогнале; в) не сум се обидел, затоа што не сум се чувствувал способен и компетентен да дадам помош; г) не сум се обидел, поради друга причина: ____ ; д) да, сум се обидел да помогнам (накратко опишете како сте помогнале: ____ ); ѓ) не сум се нашол во таква ситуација." По овие прашања следуваат прашањата за **дарувањето** материјални и/или парични средства во добротворни цели и **волонтирањето** во хуманитарни организации: „Дали сте подариле *самоиницијативно и самостојно* парични средства и/или материјални добра (облека, прехранбени артикли и слично) во добротворни цели? а) не; б) да (кога сте го сториле тоа, и што сте подариле: ____ )." ; и „Дали сте учествувале *доброволно*, без паричен надомест и материјална добивка, во активностите на некоја хуманитарна организација? а) не; б) да (каква активност сте вршеле и во која хуманитарна организација: ____ )."

Во четвртиот, најобемниот, дел од прашалникот се содржани инструментите кои се однесуваат на испитуваните личносните варијабли. Овие инструменти ќе ги опишеме по истиот редослед по кој се појавуваат во прашалникот.

**Прашалник за вредности**. Со овој прашалник се испитуваат два вида вредности: терминални (животни цели) и инструментални (начини на

однесување), така што тој е составен од два дела, или поточно речено од две листи на вредности, на кои се одговара засебно. Првата листа содржи 16 терминални, а втората 16 инструментални вредности. Вредностите и на двете листи се едноподруго наведени, по случаен редослед, и сите тие се кусо прецизирани (на пример: „душевен мир“ - душевно спокојство, отсуство на какви и да било внатрешни конфликти /терминална вредност/; „учтивост“ - внимателно постапување кон другите, имање добри манири /инструментална вредност/). При одговарањето на секоја од листите, вредностите се рангираат според значајноста што тие ја имаат како водечки принципи во животот на лицето што го врши рангирањето. Вредноста што се смета за најзначајна и која најмногу се цени се рангира како прва (1), вредноста што се смета како помалку значајна се рангира како втора (2), и се така до најмалку значајната вредност, која се рангира како последна (16).

Прашалникот за вредностите всушност претставува скратена и делумно модифицирана верзија на „The Value Survey“ на Rokeach (1973). Во прашалникот е намален бројот на испитуваните терминални и инструментални вредности, од 18 на 16. Освен тоа, по шест од оригиналните терминални и инструментални вредности се заменети со други вредности, преземени од инструментот на Braithwaite & Law (1983), именуван како „The Goal and Mode Values Inventories“.[11]

**Индекс на интерперсоналната реактивност.** Овој инструмент е развиен од Mark Davis (1983), авторот на „организацискиот модел“ на емпатијата, и со него се испитуваат диспозициските тенденции на емпатиското реагирање. Тој е заснован на мултидимензионалниот пристап, односно на идејата дека емпатијата може најдобро да се

[11] Намалувањето на бројот на вредностите се должи на моето повеќегодишно искуство поврзано со примената на „The Value Survey“ како на студентска, така и на повозрасна популација, кое покажа дека истовременото разгледување на 18-те вредности кај одреден број испитаници создава тешкотии при нивното рангирање. Освен тоа, сите испитувани возрасни групи имаа недиференциран однос кон некои вредности, така што тие секогаш беа ниско рангирани (на пример, терминалната вредност „спасение“). Што се однесува пак до замената на некои од оригиналните со нови вредности, таа е повеќе интуитивна отколку искуствена. Замената се направи со цел во прашалникот да се внесат вредности кои би можеле да бидат порелевантни за актуелизацијата на просоцијалното однесување (на пример, терминалната вредност „национална сигурност“ беше заменета со „социјална правда“, инструменталната вредност „веселост“ со „великодушност“).

разбере како сет на јасно одвоени конструкти чија меѓусебна поврзаност се огледа во тоа што сите тие се однесуваат на реагирањето на доживувањата на другите.

„Индексот на интерперсоналната реактивност“ се состои од четири потскали (заземање туѓо гледиште, емпатиска фантазија, емпатиска грижа и лична вознемиреност) со по седум ајтеми, или вкупно 28 ајтеми. Со потскалата *заземање туѓо гледиште (perspective taking)* се проценува тенденцијата за спонтаното прифаќање на психолошката гледна точка на другите во секојдневниот живот (на пример: „Понекогаш, кога сакам подобро да ги разберам своите пријатели, се обидувам работите да си ги претставам онака како што тие ги гледаат.“). Потскалата *емпатиска фантазија (fantasy scale)* се однесува на тенденцијата на замисленото внесување во чувствата и активностите на имагинарните ликови од книгите, филмовите. игрите и сл. (на пример: „Кога читам некоја интересна приказна или роман, си замислувам како би се чувствувал јас ако мене ми се случува она што го читам.“). Потскалата *емпатиска грижа (empatic concern)* ја мери тенденцијата на доживувањето на чувство на грижа и жал за неволјите на другите (на пример: „Често ме обзема жал и загриженост за луѓето кои во животот поминале полошо од мене.“). Потскалата *лична вознемиреност (personal distress)* исто како и емпатиската грижа се однесува на емоционалното реагирање, но за разлика од неа таа ги мери ‘кон себеси ориентираните‘ чувства на лична вознемиреност и непријатност јавени како реакција на неволјите на другите и на напнатите интерперсонални односи (на пример: „Ме фаќа страв кога ќе се најдам во емоционално напната ситуација.“).

За утврдување на степенот на точноста со која ајтемите (тврдењата) на секоја од потскалите ги опишуваат лицата кои на нив одговараат се користи петтостепена скала од Ликертов тип (од ‘сосема е точно‘ до ‘воопшто не е точно‘). Одговорите на ајтемите се бодираат од 5 до 1 или од 1 до 5, зависно од тоа дали станува збор за позитивно или негативно тврдење. Скорот на секоја потскала се добива со собирање на добиените бодови за одговорите на ајтемите кои неа ја сочинуваат.

Проверките на „Индексот на интерперсоналната реактивност" извршени од Davis говорат дека станува збор за инструмент што поседува стабилни психометриски својства. Davis (1996) соопштува дека сите четири потскали имаат задоволителни внатрешни и тест-ретест релијабилности (алфа коефициентите, кои се показатели на внатрешната конзистентност, се движеле од 0.70 до 0.78, додека тест-ретест поврзаностите од 0.61 до 0.81 за двомесечен период, односно од 0.50 до 0.62 за период од две години).

Меѓутоа, проверката на внатрешните релијабилности на потскалите во ова истражување откри дека не сите ајтеми во нив се значајно меѓусебно поврзани, така што за да се подобри нивната хомогеност од секоја потскала беа изоставени по два ајтеми, што резултираше со следните Cronbach α коефициенти: ЗТГ - 0.63; ЕФ - 0.77; ЕГ - 0.65; ЛВ - 0.73. Според тоа, при обработката на податоците во ова истражување се земени предвид само одговорите на задржаните ајтемите, по пет во секоја потскала, или вкупно дваесет ајтеми. Минималниот можен скор на секоја потскала изнесува 5, додека максималниот 25.

**Скала на социјалната пожелност**. Во ова истражување, исто како и во други истражувања, индивидуалните разлики во однос на потребата за одобрување и добивање признание и пофалба од другите за она што се прави се испитувани со „Скалата на социјалната пожелност" („Social Desirability Scale") на Crowne & Marlow (1960).

Интересно е да се спомене дека Marlow & Crowne скалата првично ја создале со намера таа да се користи како мерка на давањето социјално пожелни одговори при самоизвесувањата. Меѓутоа, нејзината подоцнежна примена во мноштво истражувања покажала дека ајтемите што неа ја сочинуваат допираат до многу поопшт мотив, кој од Crowne & Marlow е именуван како *„потреба за одобрување" („need for approval")*. Paulhus (1991) опишувајќи ги психометриските својства на скалата соопштува дека таа претставува прилично релијабилен инструмент (коефициентите на внатрешната конзистентност се движат од 0.73 до 0.88, додека тест-ретест коефициентите од 0.84 до 0.88). Што се однесува, пак,

до конвергентната валидност, постоечката евиденција покажува дека лицата кои имаат повисоки скорови во споредба со оние кои имаат пониски скорови на скалата повеќе ја инхибираат агресивноста и повеќе се подложни на социјалното влијание. Освен тоа, тие преферираат помалку ризични однесувања и обично избегнуваат да бидат оценувани од другите.

Оригиналната скала содржи 33 ајтеми кои опишуваат пожелни, но ретки однесувања (на пример: „Секогаш сум подготвен да признам кога ќе погрешам.“) или непожелни, но вообичаени однесувања (на пример: „Сакам да озборувам од време на време“), на кои се одговара со избор меѓу две алтернативи - „точно“ или „неточно“.

За разлика од оригиналната скала, во ова истражување „Скалата на социјалната пожелност“ содржи 16 ајтеми. Намалувањето на бројот на ајтемите произлезе од потребата да се располага со што похомоген инструмент, бидејќи прелиминарната проверка на скалата на 210 студенти на Филозофскиот и Правниот факултет во Скопје (направена во 1996 година) покажа дека таа не поседува задоволителен степен на внатрешна релијабилност ако се задржат сите 33 ајтеми.[12] Коефициентот на внатрешната релијабилност (Cronbach $\alpha$) на скалата применета во ова истражување изнесува 0.74. Покрај намалувањето на бројот на ајтемите се направи промена и во начинот на одговарањето на нив. Оваа промена имаше за цел да се изедначи начинот на одговарањето на сите скали во Прашалникот. Наместо две алтернативи, користена е петостепена скала (од 'сосема е точно' до 'воопшто не е точно'). Одговорите на ајтемите се бодираат од 5 до 1 или од 1 до 5, зависно од тоа дали станува збор за ајтем со позитивен или негативен предзнак. Минималниот можен скор изнесува 16, а максималниот 80.

**Скала на грижата за другите**. Оригиналниот назив на оваа скала е „Nurturance Scale“, нејзин автор е Jackson (1974). „Nurturance Scale“ се состои од 16 тврдења кои се однесуваат на заинтересираноста за проблемите,

[12] Во истото прелиминарно истражување беа проверени и повеќето од останатите скали вклучени во Прашалникот.

потребите на другите и подготвеноста да се земе учество во нивното разрешавување. Дел од тврдењата се афирмативни (на пример: „Понекогаш кога некој мој пријател е во неволја, не можам мирно да спијам од што сакам да му помогнам."), а дел негативни (на пример: „Кога гледам дека некој е во неволја, обично не сакам да се мешам".). Согласноста или несогласноста со тврдењата се изразува преку две можности за одговор - „точно" или „неточно".

„Скалата на грижата за другите" што се користи во ова истражување има 12 наместо 16 тврдења (Cronbach $\alpha = 0.80$). Исто како и во случајот со претходната скала, покрај намалувањето на бројот на тврдењата променет е и начинот на одговарањето на нив. Утврдувањето на согласноста или несогласноста со тврдењата се врши преку петтостепена скала (од 'сосема е точно' до 'воопшто не е точно'), и одговорите се бодираат од 5 до 1 или од 1 до 5, зависно од тоа дали станува збор за позитивно или негативно тврдење. Минималниот можен скор изнесува 12, а максималниот 60.

По скалата на грижата за другите, во Прашалникот се поместени осум ајтеми за **моралното расудување**, што се преземени од „Батеријата на просоцијалната личност" („The Prosocial Personality Battery") на Penner и сор. Четири од нив се однесуваат на *Ориентираноста кон другите* (на пример: „Кога треба да одлучам како да постапам, ја избирам онаа постапка со која ќе се овозможи што повеќе да им се помогне на другите.") а другите четири на *заемната грижа* при донесувањето на моралните одлуки (на пример: „Одлуките што ги донесувам, обично се базираат на она што изгледа дека е најправедно и најфер да се направи.").[13] Одговорите на ајтемите се даваат на петтостепена скала (од 'сосема е точно' до 'воопшто не е точно') и се бодираат од 5 до 1. Со собирање на бодовите добиени на четирите ајтеми што се однесуваат на ориентираноста кон другите се утврдува скорот на оваа тенденција при

[13] Според известувањето на Penner и сор. овие ајтеми се конципирани согласно на гледиштето на Carol Gilligan (1982) за развојот на моралното расудување.

моралното одлучување. На ист начин се утврдува и скорот на тенденцијата на заемна грижа при моралното одлучување. Минималнот можен скор за секоја од тенденциите изнесува 4, а максималниот 20.

**Скала на припишувањето на одговорноста**. Оваа скала претставува скратена верзија на „Ascription of Responsibility Scale" на Schwartz (1968). За разлика од оригиналната скала, која има 28, таа се состои од 14 тврдења (Cronbach $\alpha = 0.80$). Со скалата се мери тенденцијата на негирање, односно прифаќање на личната одговорност за интерперсоналните последици од сопствените постапки (на пример: „Не би се чувствувал обврзан да го изработам својот дел во некоја заедничка работа ако сите останати во групата се покажат мрзливи."). Одговорите на тврдењата се даваат на петтостепена скала (од 'сосема се согласувам' до 'воопшто не се согласувам'). Целосната согласност (негирање на одговорноста) со кое и да било тврдење се бодира со 5, а целосната несогласност (прифаќање на одговорноста) со 1. Според тоа, минималниот можен скор на скалата изнесува 14, а максималниот 70.

Следните две скали кои во Прашалникот се заедно зададени се **Скалата на амбициозноста** и **Скалата на конформизмот**. Овие скали се создадени од Pantić во 1977 година за потребите на неговото истражување на поврзаноста меѓу вредносните ориентации, особините на личноста и класната припадност. И двете скали содржат по пет тврдења. Тврдењата на „Скалата на амбициозноста" се однесуваат на тенденцијата за постигнување вертикална социјална мобилност (на пример: „Често ме привлекуваат работи кои многумина во мојата средина или струка ги сметаат за тешко остварливи."). Додека, пак, тврдењата на „Скалата на конформизмот" се однесуваат на општата склоност за прифаќање на мислењето на мнозинството (на пример: „Човек најмалку ќе згреши ако го прави она што го прави мнозинството."). Одговорите на скалите се даваат на петтостепена скала (од 'сосема се согласувам' до 'воопшто не се согласувам') и се бодираат од 5 до 1 или од 1 до 5, зависно од тоа дали станува збор за позитивно или негативно тврдење. Проверката на нивната

хомогеност, направена врз основа на податоците добиени во ова истражување, покажа дека скалите поседуваат задоволителен степен на внатрешна конзистентност само ако од нив се исклучи по едно тврдење (Cronbach $\alpha$ с.амб.= 0.61 ; Cronbach $\alpha$ с.кон.= 0.71). Според тоа, кога се анализираат постигнувањата и на двете скали (минималниот можен скор изнесува 4, а максималниот 20) се земаат предвид само одговорите на задржаните четири тврдења.

**Скала на довербата во луѓето**. Тврдењата што ја сочинуваат оваа скала се преземени од „Skala poverenja u ljude" на Hrnjica (1982). Поголемиот дел од нив (8 од вкупно 12) се исцело преземени, а останатите се делумно модифицирани. Изборот и модификацијата на тврдењата е направен за да се детектираат општите верувања за човековата природа и за природата на намерите на луѓето во меѓусебните односи (на пример: „Секој оној кој има голема доверба во друг, самиот си бара неволја"). Коефициентот на внатрешната конзистентност на вака конципираната скала изнесува 0.84. Одговорите на тврдењата се даваат на петтостепена скала (од 'сосема се согласувам' до 'воопшто не се согласувам') и се бодираат од 1 до 5 или од 5 до 1, зависно од тоа дали станува збор за негативно или позитивно тврдење (во скалата има само две позитивни тврдења). Минималниот можен скор изнесува 12, а максималниот 60.

**Скала на локусот на контролата**. Скалата содржи 14 тврдења преку кои се проценува степенот на верувањето во екстерно-интерниот локус на контролата. Дел од тврдењата се преземени од „Adult Nowicki-Strickland Internal-External Control Scale" (1974), а дел од „Internality, Powerful Others, and Chance Scale" na Levenson (1981). Исто како и во случајот со поголемиот дел од вклучените скали во Прашалникот, и оваа скала е проверувана во два наврати и притоа е утврдено дека таа поседува висок степен на внатрешна конзистенотост - Cronbach $\alpha$ = 0.87. Сите тврдења во скалата се афирмативни во поглед на екстерниот локус на контролата (на пример: „Луѓето не можат да се сметаат одговорни за својата судбина бидејќи малку нешта зависат од нивната волја."). Одговорите на нив се даваат на

петтостепена скала - од 'сосема се согласувам'(5) до 'воопшто не се согласувам'(1). Минималниот можен скор изнесува 14, а максималниот 70.

**Скала на праведноста на светот**. Тврдењата на оваа скала (вкупно 10) се преземени од „ Just World Scale" на Rubin & Peplau (1975). Во споредба со другите мерки, „Скалата на праведноста на светот" се покажа како како најмалку стабилна. Оригиналната верзија на скалата содржи 20 тврдења кои по прелиминарната проверка беа сведени на 10. Меѓутоа, кога врз основа на податоците добиени во ова истражување, повторно се провери внатрешната релијабилност на скалата се установи дека нејзината хомогеност може да се зачува само ако од неа се изостават уште три тврдења (Cronbach $\alpha = 0.60$). Според тоа, постигнатите скорови на оваа скала се изведени само од одговорите на седум тврдења. Некои од тврдењата се однесуваат на праведноста воопшто (на пример: „Општо земено, луѓето го заслужуваат она што го добиваат".), додека други се однесуваат на праведноста во различни домени од општественото живеење - образование, политика, судство (на пример: „Иако може да се случи на власт да дојде некој зол политичар, историски гледано, доброто сепак победува."). На тврдењата се одговара на петтостепена скала (од 'сосема се согласувам' до 'воопшто не се согласувам'), а одговорите се бодираат од 5 до 1 или од 1 до 5, зависно од тоа дали станува збор за позитивно или негативно тврдење. Минималниот можен скор изнесува 7, а максималниот 35.

**Скала на себеценењето**. Оваа скала е последната личносна мерка во Прашалникот. Таа се состои од 16 прашања и поседува висок степен на внатрешна релијабилност - Cronbach $\alpha = 0.85$. Прашањата содржани во неа се преземени од „The Feelings of Inadequacy Scale", која првично била изготвена од Janis & Field (1959), а подоцна на двапати ревидирана од Fleming и неговите колеги Watts i Courtney (1980, 1984). Оригиналната верзија на скалата содржи 36 прашања.

„Скалата на себеценењето“ вклучува прашања кои се однесуваат на општата себеоценка (на пример: „Дали некогаш се чувствувате помалку вреден во однос на повеќето луѓе што ги познавате?“), на загриженоста за оценките што другите ги даваат за нас (на пример: „Колку често сте загрижени за тоа дали другите ќе ве сметаат за успешен или неуспешен во она што го работите или учите?“) и на себеоценката за успешноста во комуникацијата со другите (на пример: „Колку често ве измачува срамежливоста?“). На прашањата се одговара со избор на една од следните пет алтернативи: ‘никогаш’, ‘ретко’, ‘повеќе често отколку ретко’, ‘често’ и ‘многу често’. Одговорите се бодираат од 1 (за ‘никогаш’) до 5 (за ‘многу често’). Минималниот можен скор изнесува 16, а максималниот 80.

# РЕЗУЛТАТИ

Согласно со природата и редоследот на прашањата преку кои е конкретизиран основниот проблем на истражувањето, а исто така и на начинот на поставеноста на хипотезите, прикажувањето на резултатите се врши во неколку дела. Најпрво, се соопштуваат резултатите во врска со споредбите меѓу сите испитаници кои се однесувале просоцијално (независно од природата на манифестираното однесување) и сите испитаници кои не се однесувале просоцијално. Потоа, следуваат резултатите од споредбите меѓу подгрупите испитаници кои се однесувале просоцијално и подгрупите испитаници кои не се однесувале просоцијално. Во третиот дел се поместени резултатите за меѓусебната поврзаност на испитуваните особини на личноста. И конечно, во четвртиот дел се соопштуваат резултатите од факторската анализа на особините на личноста. Во рамките на секој од овие делови се презентираат и начините на кои се добиени резултатите, односно статистичките постапки што се применети при обработката на изворните податоци.[14]

## СПОРЕДБИ МЕЃУ ГРУПАТА ИСПИТАНИЦИ КОИ СЕ ОДНЕСУВАЛЕ ПРОСОЦИЈАЛНО И ГРУПАТА ИСПИТАНИЦИ КОИ НЕ СЕ ОДНЕСУВАЛЕ ПРОСОЦИЈАЛНО

Со оглед на тоа што групата испитаници кои се однесувале просоцијално е составена, всушност, од два вида испитаници – испитаници кои манифестирале само едно од испитуваните просоцијални однесувања и испитаници кои ги манифестирале повеќето од нив – споредбите со контролната група (т.е. со испитаниците кои не манифестирале ниедно од испитуваните просоцијални однесувања), се вршени во два наврата.

[14] Обработката на податоците е вршена компјутерски, со статистичкиот програмски пакет „Statistica“ (1993).

Во едниот случај, групата испитаници кои се однесувале просоцијално ја сочинуваат само оние кои манифестирале едно просоцијално однесување (крводарување, интервенирање, дарување или волонтирање), додека, во другиот случај, во оваа група се вклучени и лицата кои ги манифестирале повеќето од овие однесувања (мултипла просоцијална подгрупа). Според тоа, во рамките на оваа категорија на споредби се вршени две анализи на изворните податоци, чии резултати напоредно се соопштуваат за да може појасно да се идентификуваат евентуалните разлики меѓу нив.

Споредбите меѓу испитаниците се вршени во поглед на сите испитувани варијабли, т.е. во однос на сите личносни варијабли, редоследот на раѓањето, бројноста на семејството, поттикнуваните и „наследените" начини на однесување.

*а) Особини на личноста*

Пред да бидат изложени резултатите за постигнувањата на личносните мерки и за утврдените сличности и разлики во постигнувањата меѓу двете групи испитаници, треба да се појасни дека поради различната природа на изворните податоци и начинот на нивната статистичка обработка, резултатите се прикажуваат во две целини. Едната целина ја сочинуваат резултатите за рангирањата на вредностите и разликите во рангирањата на вредностите меѓу испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално, а другата целина ја сочинуваат резултатите за просечните постигнувања на испитаниците на сите други применети личносни мерки (вкупно шеснаесет) и, се разбира, за евидентираните разлики меѓу нив.

Бидејќи со „Прашалникот за вредностите" се испитуваат два вида вредности – терминални и инструментални, кои одвоено се рангираат според значајноста што тие ја имаат како водечки принципи во животот и резултатите за преферираноста на вредностите се соопштуваат засебно. Вообичаено, првиот чекор при обработката на изворните податоци (ранговите на вредностите) се состои во пресметување на медијани на ранговите за секоја вредност засебно, а потоа следува утврдување на значајноста на разликите во рангирањето на вредностите (да се

потсетиме, пониска нумеричка вредност на рангот, т.е. на медијаната на ранговите означува повисоко преферирање или рангирање на одредена терминална или инструментална вредност).

Медијаните на ранговите на терминалните вредности на испитаниците се прикажани во Табелата 7. Општо земено, испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално речиси идентично ги рангирале терминалните вредности. Значајни разлики во нивното рангирање на овој вид вредности се појавуваат единствено во однос на вредностите *мир во светот* и *задоволство*, и тоа само при втората споредба. За утврдување на значајноста на разликите во рангирањето на вредностите е применет Медијана-тестот, кој всушност се заснова на Хи-квадрат тестот, и кој прво претпоставува идентификување на заедничката медијана на сите споредувани рангови, а потоа создавање на 2 x 2 табела, во чиј горен дел се внесуваат фреквенциите на ранговите над заедничката медијана, а во долниот дел фреквенциите на ранговите под заедничката медијана. Со примената на Медијана-тестот се откри дека во случајот на втората споредба испитаниците кои се однесувале просоцијално повисоко ја рангираат вредноста *мир во светот* [ $\chi^2_{\text{II сп.}}$ (1; N=301) = 6,77 p < 0,01], а пониско вредноста *задоволство* [$\chi^2_{\text{II сп.}}$ (1; N=301) = 4,14 p < 0,05] од испитаниците кои не се однесувале просоцијално.

Проверката, пак, на разликите во рангирањето на инструменталните вредности покажа дека и при двете споредби се појавуваат значајни разлики во однос на рангирањето на вредностите *помагање*, *чисто* и *великодушност*. Имено, испитаниците кои се однесувале просоцијално значајно повисоко го рангирале *помагањето* [$\chi^2_{\text{I сп.}}$ (1; N=268) = 8,63 p < 0,01; $\chi^2_{\text{II сп.}}$ (1; N=301) = 12,07 p < 0,01] и *великодушноста* [$\chi^2_{\text{I сп.}}$ (1; N=268) = 6,64 p < 0,01; $\chi^2_{\text{II сп.}}$ (1; N=301) = 11,53 p < 0,01], а пониско *чисто* [$\chi^2_{\text{I сп.}}$ (1; N=268) = 9,35 p < 0,01; $\chi^2_{\text{II сп.}}$ (1; N=301) = 7,48 p < 0,01] од испитаниците кои ја сочинуваат контролната група.

Табела 7. Медијани на ранговите на терминалните и инструменталните вредности на испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| ТЕРМИНАЛНИ ВРЕДНОСТИ | I СПОРЕДБА | | II СПОРЕДБА | |
|---|---|---|---|---|
| | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к,с,д,в)* (N=134) | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=134) | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к,с,д,в,мпп)* (N=167) | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=134) |
| | Mdn | Mdn | Mdn | Mdn |
| 1. Општествен углед | 10,50 | 10,80 | 10,67 | 10,80 |
| 2. Возбудлив живот | 12,27 | 12,62 | 12,61 | 12,62 |
| 3. Вистинско пријателство | 6,64 | 6,15 | 6,32 | 6,15 |
| 4. Мир во светот | 5,10 | 7,21 | 4,41 | 7,21 |
| 5. Себепочитување | 7,33 | 6,42 | 7,70 | 6,42 |
| 6. Хармоничен семеен живот | 2,47 | 3,10 | 2,61 | 3,10 |
| 7. Душевен мир | 5,50 | 5,20 | 5,75 | 5,20 |
| 8. Рамноправност | 10,50 | 10,36 | 9.47 | 10,36 |
| 9. Мудрост | 7,07 | 7,87 | 7,05 | 7,87 |
| 10. Економска благосостојба | 9,10 | 9,60 | 9,65 | 9,60 |
| 11. Вистинска љубов | 5,57 | 4,90 | 5,81 | 4,90 |
| 12. Подобрување на самиот себеси | 9,50 | 9,36 | 9,59 | 9,36 |
| 13. Сигурност за саканите лица | 5,67 | 5,90 | 5,47 | 5,90 |
| 14. Задоволство | 13,78 | 13,00 | 14,18 | 13,00 |
| 15. Социјална правда | 11, 50 | 11,67 | 11, 00 | 11,67 |
| 16. Свет на убавина | 12,31 | 12,59 | 12,39 | 12,59 |

| ИНСТРУМЕНТАЛНИ ВРЕДНОСТИ | I СПОРЕДБА | | II СПОРЕДБА | |
|---|---|---|---|---|
| | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к,с,д,в)* (N=134) | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=134) | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к,с,д,в,мпп)* (N=167) | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=134) |
| | Mdn | Mdn | Mdn | Mdn |
| 1. Амбициозност | 6,50 | 6,00 | 6,67 | 6,00 |
| 2. Соработка | 7,72 | 8,57 | 7,29 | 8,57 |
| 3. Самоконтрола | 6,92 | 6,50 | 6,96 | 6,50 |
| 4. Независност | 6,80 | 6,80 | 7,29 | 6,80 |
| 5. Чесност | 3,35 | 4,21 | 3,32 | 4,21 |
| 6. Решителност | 6,67 | 6,50 | 7,11 | 6,50 |
| 7. Снаодливост | 7,32 | 7,50 | 7,58 | 7,50 |
| 8. Способност | 6,58 | 5,90 | 6,88 | 5,90 |
| 9. Помагање | 8,95 | 11,30 | 8,69 | 11,30 |
| 10. Чисто | 12,40 | 10,21 | 12,04 | 10,21 |
| 11. Великодушност | 11,00 | 12,67 | 10,53 | 12,67 |
| 12. Логичност | 8,70 | 9,57 | 9,42 | 9,57 |
| 13. Совесност | 7,35 | 7,50 | 7,03 | 7,50 |
| 14. Учтивост | 9,33 | 9,11 | 9,46 | 9,11 |
| 15. Натпреварување | 14,44 | 14,77 | 14,75 | 14,77 |
| 16. Тактичност | 10,00 | 9,72 | 9,85 | 9,72 |

Резултатите за просечните постигнувања на другите личносни мерки и за значајноста на разликите меѓу нив, што е утврдувана со t-тестот, се содржани во Табелата 8, од која може јасно да се забележи дека и во случајот и на двете споредби постојат значајни разлики во истакнатоста на повеќето личносни варијабли. Освен тоа, е евидентно дека овие разлики стануваат уште позабележливи при втората споредба кога во групата испитаници кои се однесувале просоцијално (т.е. кои манифестирале само едно однесување) се вклучуваат и испитаниците од мултиплата просоцијална подгрупа (т.е. испитаниците кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања). Значајни разлики во просечните постигнувања на мерките во рамките и на двете споредби постојат во однос на следните девет варијабли: *заземање туѓо гледиште, емпатиска фантазија, емпатиска грижа; грижа за другите; ориентираност кон другите при моралното расудување, заемна грижа при моралното расудување; припишување одговорност; доверба во луѓето;* и *верување во праведноста на светот*. Или, попрецизно кажано, ако се има предвид насоката на евидентираните разлики, испитаниците кои се однесувале просоцијално при емпатиското реагирање на доживувањата на другите се повеќе склони кон спонтано прифаќање на гледиштето на другите, кон доживување чувство на грижа и жал за нивните неволји и кон замислено внесување во чувствата на имагинарните ликови, отколку испитаниците кои не манифестирале ниедно од испитуваните просоцијални однесувања. Освен тоа, тие повеќе се грижат за проблемите и потребите на другите и повеќе водат сметка, како за интересите на другите, така и за сите засегнати лица кога донесуваат морални одлуки. Тие, исто така, помалку се стремат да ја негираат личната одговорност за интерперсоналните последици од сопствените постапки, имаат поголема доверба во луѓето и повеќе веруваат во праведноста на светот.

Резултатите од t-тестот покажуваат дека меѓу испитаниците од двете групи постојат значајни разлики и во однос на други две испитувани особини – *потребата за одобрување* и *локусот на контролата* (во смисла што испитаниците кои се однесувале просоцијално имаат поголема

Табела 8, Просечни постигнувања на испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално на личносните мерки и значајноста на разликите меѓу нив

| ОСОБИНИ | I СПОРЕДБА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к,с,д,в)* (N=134) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=134) | | | | |
| | M | SD | M | SD | t | df | p |
| ЕМПАТИЈА - ЗАЗЕМАЊЕ ТУЃО ГЛЕДИШТЕ | 20,18 | 3,27 | 18,17 | 3,63 | 4,75 | 266 | 0,000* |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ФАНТАЗИЈА | 17,25 | 4,75 | 15,36 | 5,31 | 3,08 | 266 | 0,002* |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ГРИЖА | 19,20 | 3,31 | 17,01 | 3,70 | 5,12 | 266 | 0,000* |
| ЕМПАТИЈА - ЛИЧНА ВОЗНЕМИРЕНОСТ | 15.58 | 4.64 | 15,77 | 4,60 | 0,33 | 266 | 0,741 |
| ПОТРЕБА ЗА ОДОБРУВАЊЕ | 57.62 | 9,26 | 55,59 | 9,04 | 1,81 | 266 | 0,071 |
| ГРИЖА ЗА ДРУГИТЕ | 44,06 | 7,59 | 38,58 | 7,02 | 6,13 | 266 | 0,000* |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ-ОРИЕНТИРАНОСТ КОН ДРУГИ | 15,73 | 2,98 | 13,65 | 3,26 | 5,45 | 266 | 0,000* |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ - ЗАЕМНА ГРИЖА | 17,35 | 2,34 | 16,70 | 2,66 | 2,12 | 266 | 0,035* |
| ПРИПИШУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ | 42,33 | 10,41 | 46,44 | 9,33 | 3,41 | 266 | 0,001* |
| АМБИЦИОЗНОСТ | 13,51 | 3,61 | 13,37 | 3,96 | 0,32 | 266 | 0,748 |
| КОНФОРМИЗАМ | 12,13 | 4,08 | 12,41 | 4,39 | 0,55 | 266 | 0,584 |
| ДОВЕРБА ВО ЛУЃЕТО | 27,84 | 8,62 | 24,75 | 7,32 | 3,16 | 266 | 0,002* |
| ЛОКУС НА КОНТРОЛАТА | 40,21 | 12,29 | 42,77 | 11,00 | 1,80 | 266 | 0,074 |
| ВЕРУВАЊЕ ВО ПРАВЕДНОСТА НА СВЕТОТ | 22,69 | 4,44 | 21,45 | 5,02 | 2,13 | 266 | 0,034* |
| СЕБЕЦЕНЕЊЕ | 34,85 | 7,51 | 35,66 | 8,57 | 0,83 | 266 | 0,409 |

(продолжува на следната страница)

| ОСОБИНИ | II СПОРЕДБА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к,с,д,в,мпп)* (N=167) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=134) | | | | |
| | M | SD | M | SD | t | df | p |
| ЕМПАТИЈА - ЗАЗЕМАЊЕ ТУЃО ГЛЕДИШТЕ | 20,43 | 3,19 | 18,17 | 3,63 | 5,72 | 299 | 0,000* |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ФАНТАЗИЈА | 17,26 | 4,93 | 15,36 | 5,31 | 3,21 | 299 | 0,001* |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ГРИЖА | 19,85 | 3,39 | 17,01 | 3,70 | 6,94 | 299 | 0,000* |
| ЕМПАТИЈА - ЛИЧНА ВОЗНЕМИРЕНОСТ | 15,50 | 4,69 | 15,77 | 4,60 | 0,49 | 299 | 0,622 |
| ПОТРЕБА ЗА ОДОБРУВАЊЕ | 58,89 | 9,34 | 55,59 | 9,04 | 3,09 | 299 | 0,002* |
| ГРИЖА ЗА ДРУГИТЕ | 45,96 | 8,07 | 38,58 | 7,02 | 8,35 | 299 | 0,000* |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ-ОРИЕНТИРАНОСТ КОН ДРУГИ | 16,17 | 3,03 | 13,65 | 3,26 | 6,93 | 299 | 0,000* |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ - ЗАЕМНА ГРИЖА | 17,62 | 2,31 | 16,70 | 2,66 | 3,19 | 299 | 0,002* |
| ПРИПИШУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ | 41,72 | 10,18 | 46,44 | 9,33 | 4,15 | 299 | 0,000* |
| АМБИЦИОЗНОСТ | 13,57 | 3,66 | 13,37 | 3,96 | 0,47 | 299 | 0,635 |
| КОНФОРМИЗАМ | 12,42 | 4,08 | 12,41 | 4,39 | 0,02 | 299 | 0,986 |
| ДОВЕРБА ВО ЛУЃЕТО | 28,00 | 8,36 | 24,75 | 7,32 | 3,54 | 299 | 0,000* |
| ЛОКУС НА КОНТРОЛАТА | 40,04 | 12,00 | 42,77 | 11,00 | 2,03 | 299 | 0,043* |
| ВЕРУВАЊЕ ВО ПРАВЕДНОСТА НА СВЕТОТ | 23,12 | 4,58 | 21,46 | 5,02 | 3,00 | 299 | 0,003* |
| СЕБЕЦЕНЕЊЕ | 34,83 | 7,73 | 35,66 | 8,57 | 0,89 | 299 | 0,374 |

потреба за признание и пофалба од другите и помалку се екстерно ориентирани од испитаниците кои не се однесувале просоцијално). Но, мора да се забележи дека овие разлики доаѓаат до израз само во случајот на втората споредба.

И конечно, резултатите исто така покажуваат дека двете групи испитаници меѓусебно не се разликуваат во поглед на истакнатоста на *личната вознемиреност, амбициозноста, конформизмот* и *себецененењето*. Сличностите во степенот на истакнатоста на овие диспозициски тенденции кај двете групи испитаници се појавуваат и при двете споредби.

*б) Редослед на раѓање*

Редоследот на раѓањето на испитаниците е утврдуван врз основа на нивните одговори на прашањето бр. 6 во Прашалникот, кое содржи пет алтернативи: а). единец б) првороден, в) второроден, г) третороден и д) ____ . Бидејќи во сите досегашни проучувања на ефектите на редоследот на раѓањето, вниманието на истражувачите било сосредоточено само на потенцијалните разлики меѓу првородените и подоцнародените, и во овој случај се практикува таквата поделба. Фреквенциите и процентите на првородените (единец, првороден) и подоцнародените испитаници (второроден, третороден итн.) се прикажани во Табелата 9. Во горниот дел од Табелата, означен како „I споредба“, се поместени податоците за испитаниците кои манифестирале само едно просоцијално однесување и за сите испитаници од контролната група. Во долниот дел од табелата, означен како „II споредба“, се наоѓаат податоците за сите испитаници кои се однесувале просоцијално (т.е. во неа се вклучени и испитаниците од мултиплата просоцијална подгрупа) и за сите испитаници од контролната група. Проверката на поврзаноста меѓу редоследот на раѓањето и манифестираноста на просоцијалните однесувања, направена со Хи-квадрат тестот, покажа дека и во случајот на двете споредби не постои значајна разлика во редоследот на раѓањето меѓу испитаниците кои се однесувале и испитаниците кои не се однесувале просоцијално [$\chi^2_{\text{I сп.}}$ (1; N=268) = 1,53 p > 0,05; $\chi^2_{\text{II сп.}}$ (1; N=301) = 2,85 p > 0,05].

Табела 9. Фреквенции и проценти на првородените и подоцнародените испитаници кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| I СПОРЕДБА | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к, с, д, в)** | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* | |
|---|---|---|---|---|
| *редослед на раѓање* | f | % | f | % |
| првородени | 51 | 38.06 | 61 | 45,52 |
| подоцнародени | 83 | 61,94 | 73 | 54,48 |
| ВКУПНО | 134 | 100 | 134 | 100 |

| II СПОРЕДБА | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к, с, д, в, мпп)*** | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* | |
|---|---|---|---|---|
| *редослед на раѓање* | f | % | f | % |
| првородени | 60 | 35.93 | 61 | 45,52 |
| подоцнародени | 107 | 64,07 | 73 | 54,48 |
| ВКУПНО | 167 | 100 | 134 | 100 |

* *к - крводарители, с - спасители, д - дарители и в - волонтери*
** *к - крводарители, с - спасители, д - дарители, в - волонтери и мпп - мултипла просоцијална подгрупа*

## *в) Бројност на семејството*

Податоците за бројноста на семејствата во кои израснале испитаниците се прикажани во Табелата 10, од која може јасно да се забележи дека најголемиот дел од нив, без оглед на тоа дали манифестирале некое од просоцијалните однесувања или не, израснале во четиричлени и петчлени семејства. Што значи, и на прв поглед е малку веројатно дека двете групи испитаници живееле во различни по број семејства. Тоа го потврдуваат и резултатите од применетиот Хи-квадрат тест, според кои, испитаниците кои се однесувале просоцијално (во

рамките на двете споредби) не се разликуваат значајно во поглед на големината на семејствата во кои израснале од испитаниците кои не се однесувале на таков начин [$\chi^2_{I\ сп.}$ (8; N=268) = 3,49 $p > 0,05$; $\chi^2_{II\ сп.}$ (8; N=301) = 2,78 $p > 0,05$].

Табела 10. Бројноста на семејствата во кои израснале испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| I СПОРЕДБА | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к, с, д, в)* | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* | |
|---|---|---|---|---|
| *број на членови во семејството* | f | % | f | % |
| два | 3 | 2,24 | 2 | 1,49 |
| три | 5 | 3,73 | 9 | 6,72 |
| четири | 74 | 55,22 | 64 | 47,76 |
| пет | 34 | 25,37 | 37 | 27,61 |
| шест | 12 | 8,96 | 14 | 10,45 |
| седум | 3 | 2,24 | 4 | 2,98 |
| осум | 2 | 1,49 | 2 | 1,49 |
| девет | 0 | 0.00 | 1 | 0,75 |
| десет | 1 | 0,75 | 1 | 0,75 |
| ВКУПНО | 134 | 100 | 134 | 100 |
| **II СПОРЕДБА** | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к, с, д, в, мпп)* | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* | |
| *број на членови на семејството* | f | % | f | % |
| два | 3 | 1,80 | 2 | 1,49 |
| три | 8 | 4,79 | 9 | 6,72 |
| четири | 84 | 50,30 | 64 | 47,76 |
| пет | 43 | 25,75 | 37 | 27,61 |
| шест | 16 | 9,58 | 14 | 10,45 |
| седум | 7 | 4,19 | 4 | 2,98 |
| осум | 4 | 2,39 | 2 | 1,49 |
| девет | 0 | 0,00 | 1 | 0,75 |
| десет | 2 | 1,20 | 1 | 0,75 |
| ВКУПНО | 167 | 100 | 134 | 100 |

*г) Поттикнувани и „наследени“ начини на однесување*

Податоците (фреквенции и проценти) за начините на однесување на кои испитаниците биле индиректно или директно поттикнувани од своите родители се прикажани во Табелата 11. Да се потсетиме, овие податоци се засновани на самоизвестувањата на испитаниците, односно на нивниот избор на најмногу три од седумнаесет посочени и еден самостојно наведуван начин на однесување. Вкупниот број поттикнувани начини на однесување кај испитаниците кои манифестирале само едно просоцијално однесување (к, с, д, в) изнесува 365, или во просек 2,72, а кај сите испитаници кои се однесувале просоцијално (к, с, д, в, мпп) 484, или во просек 2,90. Испитаниците, пак, од контролната прупа вкупно посочиле 379, или во просек 2,83 поттикнувани начини на однесување. Статистичката обработка на разликите во фреквентноста на поттикнуваните начини на однесување открива дека во случајот на првата споредба, испитаниците кои се однесувале просоцијално (к, с, д, в), за разлика од испитаниците од контролната група, биле поретко поттикнувани на *амбициозност* [$\chi^2_{\text{I сп.}}$ (1; N=268) = 6,80 p < 0,01] и на *претпазливост во односите со другите* [$\chi^2_{\text{I сп.}}$ (1; N=268) = 4,18 p < 0,05], а почесто на *помагање на другите* [$\chi^2_{\text{I сп.}}$ (1; N=268) = 6,80 p < 0,05]. Речиси идентични резултати се добиени и при втората споредба, т.е. и во овој случај испитаниците кои се однесувале просоцијално (к, с, д, в, мпп) биле помалку поттикнувани на *амбициозност* [$\chi^2_{\text{II сп.}}$ (1; N=301) = 8,04 p < 0,01] и на *претпазливост во односите со другите* [$\chi^2_{\text{II сп.}}$ (1; N=301) = 4,32 p < 0,05], а повеќе на *помагање на другите* [$\chi^2_{\text{II сп.}}$ (1; N=301) = 8,11 p < 0,01]. Но, при оваа споредба се појавува уште една значајна разлика во известувањата за поттикнуваните начини на однесување. Имено, испитаниците кои се однесувале просоцијално известиле дека биле почесто поттикнувани и на *преземање одговорност за сопствените постапки* [$\chi^2_{\text{II сп.}}$ (1; N=301) = 4,09 p < 0,05].

Известувањата на испитаниците за начините на однесување што тие ги „наследиле“ од своите родители, се давани на идентичен начин како и поттикнуваните однесувања. Податоците за фреквентноста на овој

Табела 11. Фреквенции и проценти на поттикнуваните и „наследените" начини на однесување кај испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| ПОТТИКНУВАНИ НАЧИНИ НА ОДНЕСУВАЊЕ | I СПОРЕДБА | | | | II СПОРЕДБА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к,с,д,в)* (N=134) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=134) | | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к,с,д,в,мпп)* (N=167) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=134) | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 1. Амбициозност | 22 | 16,42 | 40 | 29,85 | 27 | 16,17 | 40 | 29,85 |
| 2. Уредност | 26 | 19,40 | 34 | 26,13 | 29 | 17,36 | 34 | 26,13 |
| 3. Чувствителност кон другите | 7 | 5,22 | 2 | 1,49 | 8 | 4,79 | 2 | 1,49 |
| 4. Почит кон родители и возрасни | 61 | 45,52 | 61 | 45,52 | 79 | 47,31 | 61 | 45,52 |
| 5. Снаодливост | 31 | 23,13 | 29 | 21,64 | 36 | 21,56 | 29 | 21,64 |
| 6. Имање разбирање за другите | 11 | 8,21 | 5 | 3,73 | 12 | 7,18 | 5 | 3,73 |
| 7. Претпазливост во односите со другите | 6 | 4,48 | 15 | 11,19 | 8 | 4,79 | 15 | 11,19 |
| 8. Помагање на другите | 15 | 11,19 | 6 | 4,78 | 24 | 14,37 | 6 | 4,78 |
| 9. Одговорност за сопствените постапки | 55 | 41,04 | 41 | 30,59 | 70 | 41,92 | 41 | 30,59 |
| 10. Решителност | 8 | 5,97 | 10 | 7,46 | 11 | 6,59 | 10 | 7,46 |
| 11. Праведност | 40 | 29,85 | 30 | 22.39 | 46 | 27,54 | 30 | 22.39 |
| 12. Искреност | 15 | 11,19 | 8 | 5,97 | 16 | 9,58 | 8 | 5,97 |
| 13. Водење грижа прво за себеси, а потоа за другите | 6 | 4,48 | 7 | 5,22 | 8 | 4,79 | 7 | 5,22 |
| 14. Независност | 16 | 11,94 | 21 | 15,67 | 19 | 11,38 | 21 | 15,67 |
| 15. Чесност | 52 | 38,81 | 55 | 41,04 | 70 | 41,92 | 55 | 41,04 |
| 16. Воздржаност во покажување на чувствата | 7 | 5,22 | 6 | 4,48 | 9 | 5,39 | 6 | 4,48 |
| 17. Цврстина и нeранливост | 10 | 7,46 | 7 | 5,22 | 10 | 5,99 | 7 | 5,22 |
| 18. Нешто друго: ____ | 1 | 0,75 | 2 | 1,49 | 2 | 1,98 | 2 | 1,49 |

| „НАСЛЕДЕНИ" НАЧИНИ НА ОДНЕСУВАЊЕ | I СПОРЕДБА | | | | II СПОРЕДБА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к, с, д, в)* (N=134) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=134) | | *Испитаници кои се однесувале просоцијално (к, с, д, в, мп)* (N=167) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=134) | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 1. Амбициозност | 24 | 17,91 | 23 | 17,16 | 28 | 16,77 | 23 | 17,16 |
| 2. Уредност | 25 | 18,66 | 27 | 20,15 | 33 | 19,76 | 27 | 20,15 |
| 3. Чувствителност кон другите | 12 | 8,95 | 15 | 11,19 | 17 | 10,18 | 15 | 11,19 |
| 4. Почит кон родители и возрасни | 32 | 23,88 | 27 | 20,15 | 41 | 24,55 | 27 | 20,15 |
| 5. Снаодливост | 19 | 14,18 | 20 | 14,92 | 24 | 14,37 | 20 | 14,92 |
| 6. Имање разбирање за другите | 19 | 14,18 | 15 | 11,19 | 23 | 13,76 | 15 | 11,19 |
| 7. Претпазливост во односите со другите | 6 | 4,48 | 10 | 7,46 | 7 | 4,19 | 10 | 7,46 |
| 8. Помагање на другите | 32 | 23,88 | 4 | 2,98 | 47 | 28,14 | 4 | 2,98 |
| 9. Одговорност за сопствените постапки | 29 | 21,64 | 28 | 20,89 | 38 | 22,75 | 28 | 20,89 |
| 10. Решителност | 17 | 12,69 | 17 | 12,68 | 18 | 10,78 | 17 | 12,68 |
| 11. Праведност | 53 | 39,55 | 40 | 29,85 | 65 | 38,92 | 40 | 29,85 |
| 12. Искреност | 12 | 8,95 | 18 | 13,43 | 17 | 10,18 | 18 | 13,43 |
| 13. Водење грижа прво за себеси, а потоа за другите | 3 | 2,24 | 8 | 5,97 | 3 | 1,80 | 8 | 5,97 |
| 14. Независност | 11 | 8,21 | 17 | 12,68 | 16 | 9,58 | 17 | 12,68 |
| 15. Чесност | 47 | 35,07 | 47 | 35,07 | 61 | 36,56 | 47 | 35,07 |
| 16. Воздржаност во покажување на чувствата | 10 | 7,46 | 14 | 10,45 | 10 | 5,99 | 14 | 10,45 |
| 17. Цврстина и нeранливост | 11 | 8,21 | 9 | 6,72 | 12 | 7,18 | 9 | 6,72 |
| 18. Нешто друго: ____ | 3 | 2,24 | 0 | 0,00 | 3 | 1,80 | 0 | 0,00 |

вид однесувања се, исто така, прикажани во Табелата 11, и, според нив, испитаниците кои манифестирале само едно од испитуваните просоцијални однесувања вкупно посочиле 365, или во просек по 2,72 однесувања. Кога кон оваа група испитаници се додаваат и оние кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања, тогаш бројот на вкупно наведените однесувања изнесува 374, или во просек 2,24. Испитаниците, пак, од контролната група вкупно навеле 339, или во просек секој од нив навел по 2,53 „наследени“ однесувања. Резултатите од Хи-квадрат тестот покажуваат дека значајни разлики меѓу споредуваните групи постојат само во поглед на едно однесување, а тоа е *помагањето на другите*. И во рамките на првата, а уште повеќе во рамките на втората споредба, помагањето на другите е значително почесто посочувано како „наследен“ начин на однесување од испитаниците кои се однесувале просоцијално [$\chi^2_{I\,сп.}$ (1; N=268) = 25,16 p < 0,01]; $\chi^2_{II\,сп.}$ (1; N=301) = 33,44 p < 0,01].

## СПОРЕДБИ МЕЃУ ПОДГРУПИТЕ ИСПИТАНИЦИ КОИ СЕ ОДНЕСУВАЛЕ ПРОСОЦИЈАЛНО И ПОДГРУПИТЕ ИСПИТАНИЦИ КОИ НЕ СЕ ОДНЕСУВАЛЕ ПРОСОЦИЈАЛНО

За разлика од претходните споредби, во кои прибраните податоци се анализирани на глобално ниво, без да се води сметка за посебноста на манифестираните просоцијални однесувања, во оваа низа на споредби разликите и сличностите меѓу испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално се анализираат со оглед на видот, единечноста и повеќекратноста на манифестираните однесувања. Со други зборови, изворните податоци се обработуваат на ниво на подгрупи составени од испитаници кои манифестирале само еден вид просоцијално однесување или, пак, кои ги манифестирале повеќето од нив (просоцијални подгрупи) и испитаници кои не манифестирале ниедно од испитуваните однесувања (подгрупи за споредба). Да се потсетиме, подгрупите за споредба се оформени од контролната група и се составени од испитаници изедначени во поглед на бројот, полот, возраста и образованието со испитаниците што ги сочинуваат петте просоцијални подгрупи (крводарители, спасители, дарители, волонтери и мултипла просоцијална подгрупа).

Но, пред да ги изложиме резулатите од засебните споредби меѓу подгрупите испитаници кои се однесувале просоцијално и подгрупите испитаници кои не се однесувале просоцијално, треба да предочиме дека во нив не се поместени наодите во врска со редоследот на раѓањето и бројноста на семејството. Овие наоди ги соопштуваме на ова место, заедно, поради тоа што во ниту еден случај не е утврдена значајна разлика меѓу споредуваните подгрупи во поглед на:

*редоследот на раѓањето*

1. крводарители – испитаници кои не се однесувале просоцијално
   $\chi^2$ (1; N=66) = 0,58 p > 0,05
2. спасители – испитаници кои не се однесувале просоцијално
   $\chi^2$ (1; N=68) = 0,94 p > 0,05
3. дарители – испитаници кои не се однесувале просоцијално
   $\chi^2$ (1; N=66) = 0,00 p > 0,05
4. волонтери – испитаници кои не се однесувале просоцијално
   $\chi^2$ (1; N=68) = 0,62 p > 0,05

5. мултипла просоцијална подгрупа – испитаници кои не се однесувале просоцијално
   $\chi^2$ (1; N=66) = 2,36 p > 0,05; и

*бројноста на семејствата во кои израснале испитаниците*

1. крводарители – испитаници кои не се однесувале просоцијално
   $\chi^2$ (7; N=66) = 4,03 p > 0,05
2. спасители – испитаници кои не се однесувале просоцијално
   $\chi^2$ (6; N=68) = 2,50 p > 0,05
3. дарители – испитаници кои не се однесувале просоцијално
   $\chi^2$ (5; N=66) = 3,62 p > 0,05
4. волонтери – испитаници кои не се однесувале просоцијално
   $\chi^2$ (7; N=68) = 5,28 p > 0,05
5. мултипла просоцијална подгрупа – испитаници кои не се однесувале просоцијално
   $\chi^2$ (6; N=66) = 4,59 p > 0,05.

## 1. КРВОДАРИТЕЛИ И ИСПИТАНИЦИ КОИ НЕ СЕ ОДНЕСУВАЛЕ ПРОСОЦИЈАЛНО

### *а) Особини на личноста*

Исто како и во случајот со претходните споредби и овде резултатите од рангирањата на терминалните и инструменталните вредности се соопштуваат одвоено од резултатите за просечните постигнувања на останатите личносни мерки.

Медијаните на ранговите на 16-те терминални и 16-те инструментални вредности на крводарителите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално се прикажани во Табелата 12. Проверката на значајноста на разликите во рангирањата на вредностите, направена со Медијана-тестот, покажа дека испитаниците од двете подгрупи на многу сличен начин ги рангирале како терминалните така и инструменталните вредности. Единствената разлика меѓу нив се појавува по однос на рангирањето на инструменталната вредност *чисто*. Иако оваа вредност, општо земено, испитаниците од двете подгрупи ја рангираат прилично ниско (како петнаесетта и четиринаесетта), сепак за крводарителите *чисто* е понепрефериран начин на однесување отколку за испитаниците кои не се однесувале просоцијално [$\chi^2$ (1; N=66) = 7,33 p < 0,01].

Табела 12. Медијани на ранговите на терминалните и инструменталните вредности на крводарителите и на испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| ТЕРМИНАЛНИ ВРЕДНОСТИ | *Крводарители* (N=33) | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) |
|---|---|---|
| | Mdn | Mdn |
| 1. ОПШТЕСТВЕН УГЛЕД | 11,00 | 11,00 |
| 2. ВОЗБУДЛИВ ЖИВОТ | 11,25 | 11,30 |
| 3. ВИСТИНСКО ПРИЈАТЕЛСТВО | 6,25 | 6,19 |
| 4. МИР ВО СВЕТОТ | 3,62 | 5,75 |
| 5. СЕБЕПОЧИТУВАЊЕ | 7,87 | 7,40 |
| 6. ХАРМОНИЧЕН СЕМЕЕН ЖИВОТ | 2,36 | 2,67 |
| 7. ДУШЕВЕН МИР | 6,75 | 4,87 |
| 8. РАМНОПРАВНОСТ | 10,00 | 10,00 |
| 9. МУДРОСТ | 7,67 | 7,40 |
| 10. ЕКОНОМСКА БЛАГОСОСТОЈБА | 9,00 | 9,67 |
| 11. ВИСТИНСКА ЉУБОВ | 6,08 | 5,00 |
| 12. ПОДОБРУВАЊЕ НА САМИОТ СЕБЕСИ | 8,93 | 9,00 |
| 13. СИГУРНОСТ ЗА САКАНИТЕ ЛИЦА | 4,66 | 5,40 |
| 14. ЗАДОВОЛСТВО | 14,00 | 13,87 |
| 15. СОЦИЈАЛНА ПРАВДА | 11,75 | 11,00 |
| 16. СВЕТ НА УБАВИНА | 13,00 | 12,40 |

| ИНСТРУМЕНТАЛНИ ВРЕДНОСТИ | *Крводарители* (N=33) | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) |
|---|---|---|
| | Mdn | Mdn |
| 1. АМБИЦИОЗНОСТ | 6,40 | 6,75 |
| 2. СОРАБОТКА | 5,67 | 8,33 |
| 3. САМОКОНТРОЛА | 6,37 | 7,75 |
| 4. НЕЗАВИСНОСТ | 6,25 | 6,12 |
| 5. ЧЕСНОСТ | 3,29 | 3,58 |
| 6. РЕШИТЕЛНОСТ | 5,12 | 8,75 |
| 7. СНАОДЛИВОСТ | 6,83 | 7,37 |
| 8. СПОСОБНОСТ | 7,33 | 5,87 |
| 9. ПОМАГАЊЕ | 8,31 | 10,67 |
| 10. ЧИСТО | 13,12 | 10,71 |
| 11. ВЕЛИКОДУШНОСТ | 11,00 | 12,60 |
| 12. ЛОГИЧНОСТ | 10,00 | 8,86 |
| 13. СОВЕСНОСТ | 8,80 | 7,70 |
| 14. УЧТИВОСТ | 10,00 | 9,62 |
| 15. НАТПРЕВАРУВАЊЕ | 13,43 | 14,62 |
| 16. ТАКТИЧНОСТ | 10,25 | 9,10 |

Меѓу крводарителите и испитаниците со кои се тие споредувани постојат мал број разлики и во поглед на просечните постигнувања на другите личносни мерки (Табела 13). Значајни разлики меѓу нив се појавуваат само по однос на *ориентираноста кон другите при моралното расудување* и *верувањето во праведноста на светот*, при што овие диспозициски тенденции се повеќе истакнати кај крводарителите отколку кај испитаниците кои не се однесувале просоцијално.

*б) Поттикнувани и „наследени" начини на однесување*

Фреквентноста на поттикнуваните и „наследените" начини на однесување што се наведувани од страна на крводарителите и подгрупата испитаници кои не се однесувале просоцијално е прикажана во Табелата 14. Според податоците содржани во Табелата е очигледно дека бројот на поттикнуваните и „наследените" начини на однесување наведени од двете подгрупи е речиси идентичен. Единствената значајна разлика меѓу нив се појавува по однос на *амбициозноста* и тоа само како поттикнуван начин на однесување [$\chi^2$ (1; N=66) = 5,35 p < 0,05]. Од вкупно 33 само двајца крводарители навеле дека нивните родители ги поттикнувале на амбициозност, додека истото тоа го сториле деветмина испитаници кои не се однесувале просоцијално.

Табела 13. Просечни постигнувања на крводарителите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално на личносните мерки и значајноста на разликите меѓу нив

| ОСОБИНИ | *Крводарители* (N=33) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | M | SD | M | SD | t | df | p |
| ЕМПАТИЈА - ЗАЗЕМАЊЕ ТУЃО ГЛЕДИШТЕ | 19,33 | 3,85 | 19,36 | 2,50 | 0,04 | 64 | 0,970 |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ФАНТАЗИЈА | 15,33 | 5,94 | 14,24 | 5,72 | 0,76 | 64 | 0,450 |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ГРИЖА | 18,45 | 2,97 | 17,24 | 2,95 | 1,66 | 64 | 0,101 |
| ЕМПАТИЈА - ЛИЧНА ВОЗНЕМИРЕНОСТ | 15,58 | 4,79 | 15,73 | 4,72 | 0,13 | 64 | 0,897 |
| ПОТРЕБА ЗА ОДОБРУВАЊЕ | 59,24 | 8,65 | 57,09 | 9,26 | 0,97 | 64 | 0,333 |
| ГРИЖА ЗА ДРУГИТЕ | 42,12 | 8,43 | 38,67 | 6,12 | 1,91 | 64 | 0,061 |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ-ОРИЕНТИРАНОСТ КОН ДРУГИ | 15,52 | 2,77 | 13,94 | 3,40 | 2,06 | 64 | 0,043* |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ - ЗАЕМНА ГРИЖА | 17,33 | 2,64 | 16,91 | 2,34 | 0,69 | 64 | 0,492 |
| ПРИПИШУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ | 46,12 | 10,56 | 46,27 | 8,19 | 0,07 | 64 | 0,948 |
| АМБИЦИОЗНОСТ | 11,42 | 4,18 | 12,61 | 4,27 | 1,14 | 64 | 0,260 |
| КОНФОРМИЗАМ | 13,33 | 4,12 | 13,06 | 4,72 | 0,25 | 64 | 0,803 |
| ДОВЕРБА ВО ЛУЃЕТО | 26,03 | 8,92 | 23,09 | 7,16 | 1,48 | 64 | 0,145 |
| ЛОКУС НА КОНТРОЛАТА | 44,82 | 11,91 | 44,48 | 12,68 | 0,11 | 64 | 0,913 |
| ВЕРУВАЊЕ ВО ПРАВЕДНОСТА НА СВЕТОТ | 23,82 | 4,84 | 21,00 | 5,01 | 2,33 | 64 | 0,023* |
| СЕБЕЦЕНЕЊЕ | 34,39 | 7,15 | 34,67 | 7,69 | 0,15 | 64 | 0,882 |

Табела 14. Фреквенции и проценти на поттикнуваните и „наследените" начини на однесување кај крводарителите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| ПОТТИКНУВАНИ НАЧИНИ НА ОДНЕСУВАЊЕ | *Крводарители* (N=33) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| 1. Амбициозност | 2 | 6,06 | 9 | 27,27 |
| 2. Уредност | 8 | 24,24 | 7 | 21,21 |
| 3. Чувствителност кон другите | 1 | 3,03 | 0 | 0,00 |
| 4. Почит кон родители и возрасни | 15 | 45,45 | 20 | 60,61 |
| 5. Снаодливост | 8 | 24,24 | 10 | 30,30 |
| 6. Имање разбирање за другите | 2 | 6,06 | 1 | 3,03 |
| 7. Претпазливост во односите со другите | 0 | 0,00 | 4 | 12,12 |
| 8. Помагање на другите | 4 | 12,12 | 2 | 6,06 |
| 9. Одговорност за сопствените постапки | 11 | 33,33 | 8 | 24,24 |
| 10. Решителност | 4 | 12,12 | 2 | 6,06 |
| 11. Праведност | 10 | 30,30 | 9 | 27,27 |
| 12. Искреност | 4 | 12,12 | 2 | 6,06 |
| 13. Водење грижа прво за себеси, а потоа за другите | 1 | 3,03 | 1 | 3,03 |
| 14. Независност | 2 | 6,06 | 3 | 9,09 |
| 15. Чесност | 14 | 42,42 | 18 | 54,55 |
| 16. Воздржаност во покажување на чувствата | 3 | 9,09 | 1 | 3,03 |
| 17. Цврстина и нерanливост | 1 | 3,03 | 0 | 0,00 |
| 18. Нешто друго: ____ | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |

| „НАСЛЕДЕНИ" НАЧИНИ НА ОДНЕСУВАЊЕ | *Крводарители* (N=33) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| 1. Амбициозност | 3 | 9,09 | 7 | 21,21 |
| 2. Уредност | 5 | 15,15 | 6 | 18,18 |
| 3. Чувствителност кон другите | 1 | 3,03 | 1 | 3,03 |
| 4. Почит кон родители и возрасни | 6 | 18,18 | 9 | 27,27 |
| 5. Снаодливост | 9 | 27,27 | 4 | 12,12 |
| 6. Имање разбирање за другите | 3 | 9,09 | 4 | 12,12 |
| 7. Претпазливост во односите со другите | 0 | 0,00 | 2 | 6,06 |
| 8. Помагање на другите | 6 | 18,18 | 2 | 6,06 |
| 9. Одговорност за сопствените постапки | 7 | 21,21 | 8 | 24,24 |
| 10. Решителност | 4 | 12,12 | 5 | 15,15 |
| 11. Праведност | 15 | 45,45 | 10 | 30,30 |
| 12. Искреност | 3 | 9,09 | 5 | 15,15 |
| 13. Водење грижа прво за себеси, а потоа за другите | 0 | 0,00 | 1 | 3,03 |
| 14. Независност | 5 | 15,15 | 4 | 12,12 |
| 15. Чесност | 11 | 33,33 | 12 | 36,36 |
| 16. Воздржаност во покажување на чувствата | 1 | 3,03 | 5 | 15,15 |
| 17. Цврстина и нерanливост | 5 | 15,15 | 1 | 3,03 |
| 18. Нешто друго: ____ | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |

## 2. СПАСИТЕЛИ И ИСПИТАНИЦИ КОИ НЕ СЕ ОДНЕСУВАЛЕ ПРОСОЦИЈАЛНО

### *а) Особини на личноста*

Спасителите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално на многу сличен начин ги рангирале како терминалните, така и инструменталните вредности. Иако според вредностите на медијаните на ранговите, прикажани во Табелата 15, може да се стекне впечаток дека кај испитаниците од двете подгрупи постои тенденција за различно рангирање на одредени вредности (на пример, медијаната на ранговите на терминалната вредност *рамноправност* кај спасителите изнесува 8,16, а кај испитаниците кои не се однесувале просоцијално 10,50 или, пак, во случајот на инструменталната вредност *независност* медијаната на ранговите кај спасителите изнесува 4,50, а кај испитаниците кои не се однесувале просоцијално 7,00), сепак, според резултатите на Медијана-тестот, ниедна од овие тенденции не се покажува како статистички значајна.

Ако при рангирањето на терминалните и инструменталните вредности, спасителите и испитаниците од подгрупата за споредба манифестирале слични тенденции, тоа не е случај со постигнувањата на останатите личносни мерки (Табела 16). Т-тестот на значајноста на разликите меѓу просечните постигнувања на мерките открива дека тие имаат различни постигнувања на осум од вкупно петнаесет мерки. Поточно, спасителите во споредба со испитаниците кои не се однесувале просоцијално при емпатиското реагирање на доживувањата на другите повеќе се склони *да се ставаат во улога на друг* ($M_с$ = 20,18 – $M_{пс}$ = 17,91) и *замислено да се пренесуваат во фиктивни ситуации* ($M_с$ = 17,76 – $M_{пс}$ = 14,24). Тие се и повеќе *загрижени за проблемите и потребите на другите* ($M_с$ = 42,97 – $M_{пс}$ = 37,18), и кога се во дилема чии интереси да ги ставаат во преден план повеќе се *одлучуваат за интересите на другите отколку за сопствените* ($M_с$ = 15,29 – $M_{пс}$ = 12,97). Освен тоа, тие имаат поголема *доверба во луѓето* ($M_с$ = 30,94 – $M_{пс}$ = 23,68), помалку се склони да ја отфрлаат *личната одговорност* во социјалните односи ($M_с$ = 39,94 – $M_{пс}$= 49,97), помалку се *екстерно ориентирани* ($M_с$ = 36,24 – $M_{пс}$ = 42,62) и повеќе

*веруваат во праведноста на светот* ($M_с$ = 22,91 - $M_{пс}$ = 20,24). Исто така, е важно да се спомне дека повеќето од овие евидентирани разлики меѓу спасителите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално се значајни на ниво повисоко од 0,01.

*б) Поттикнувани и „наследени" начини на однесување*

Според соопштената фреквентност на поттикнуваните и „наследените" начини на однесување (Табела 17) од страна на испитаниците од двете подгрупи, спасителите посочиле речиси идентичен број однесувања и во едниот и во другиот случај како испитаниците со кои се споредувани. Единствената значајна разлика меѓу нив постои само во однос на *помагањето* како „наследен" начин на однесување [$\chi^2$ (1; N=68) = 13,12 $p < 0{,}01$]. Оваа разлика е евидентна и на прв поглед, бидејќи помагањето е наведено од единаесет од вкупно триесет и четири спасители, а од друга страна, ниту еден од испитаниците кои не се однесувале просоцијално не известил дека овој начин на однесување го споделува со своите родители.

Табела 15. Медијани на ранговите на терминалните и инструменталните вредности на спасителите и на испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| ТЕРМИНАЛНИ ВРЕДНОСТИ | *Спасители* (N=34) | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=34) |
|---|---|---|
| | Mdn | Mdn |
| 1. ОПШТЕСТВЕН УГЛЕД | 11,17 | 10,01 |
| 2. ВОЗБУДЛИВ ЖИВОТ | 11,75 | 11,83 |
| 3. ВИСТИНСКО ПРИЈАТЕЛСТВО | 6,17 | 7,50 |
| 4. МИР ВО СВЕТОТ | 6,50 | 6,50 |
| 5. СЕБЕПОЧИТУВАЊЕ | 7,83 | 7,17 |
| 6. ХАРМОНИЧЕН СЕМЕЕН ЖИВОТ | 2,30 | 2,90 |
| 7. ДУШЕВЕН МИР | 6,50 | 5,25 |
| 8. РАМНОПРАВНОСТ | 8,16 | 10,50 |
| 9. МУДРОСТ | 6,83 | 7,00 |
| 10. ЕКОНОМСКА БЛАГОСОСТОЈБА | 9,50 | 9,50 |
| 11. ВИСТИНСКА ЉУБОВ | 5,30 | 5,50 |
| 12. ПОДОБРУВАЊЕ НА САМИОТ СЕБЕСИ | 8,70 | 9,83 |
| 13. СИГУРНОСТ ЗА САКАНИТЕ ЛИЦА | 5,50 | 5,67 |
| 14. ЗАДОВОЛСТВО | 13,83 | 12,17 |
| 15. СОЦИЈАЛНА ПРАВДА | 11,70 | 11,83 |
| 16. СВЕТ НА УБАВИНА | 12,25 | 12,50 |

| ИНСТРУМЕНТАЛНИ ВРЕДНОСТИ | *Спасители* (N=34) | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=34) |
|---|---|---|
| | Mdn | Mdn |
| 1. АМБИЦИОЗНОСТ | 6,50 | 6,73 |
| 2. СОРАБОТКА | 7,50 | 8,90 |
| 3. САМОКОНТРОЛА | 6,00 | 6,70 |
| 4. НЕЗАВИСНОСТ | 4,50 | 7,00 |
| 5. ЧЕСНОСТ | 3,17 | 4,37 |
| 6. РЕШИТЕЛНОСТ | 5,67 | 6,50 |
| 7. СНАОДЛИВОСТ | 7,50 | 6,90 |
| 8. СПОСОБНОСТ | 6,50 | 5,80 |
| 9. ПОМАГАЊЕ | 9,50 | 11,70 |
| 10. ЧИСТО | 13,00 | 10,75 |
| 11. ВЕЛИКОДУШНОСТ | 11,00 | 12,93 |
| 12. ЛОГИЧНОСТ | 9,50 | 9,90 |
| 13. СОВЕСНОСТ | 7,30 | 7,10 |
| 14. УЧТИВОСТ | 9,21 | 8,93 |
| 15. НАТПРЕВАРУВАЊЕ | 14,00 | 15,10 |
| 16. ТАКТИЧНОСТ | 9,90 | 10,00 |

Табела 16. Просечни постигнувања на спасителите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално на личносните мерки и значајноста на разликите меѓу нив

| ОСОБИНИ | *Спасители* (N=34) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=34) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | M | SD | M | SD | t | df | p |
| ЕМПАТИЈА - ЗАЗЕМАЊЕ ТУЃО ГЛЕДИШТЕ | 20,18 | 2,69 | 17,91 | 4,22 | 2,64 | 66 | 0,010* |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ФАНТАЗИЈА | 17,76 | 4,38 | 14,24 | 4,40 | 3,32 | 66 | 0,001* |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ГРИЖА | 18,21 | 3,36 | 16,50 | 4,23 | 1,66 | 66 | 0,070 |
| ЕМПАТИЈА - ЛИЧНА ВОЗНЕМИРЕНОСТ | 13,41 | 4,70 | 13,29 | 4,41 | 0,11 | 66 | 0,916 |
| ПОТРЕБА ЗА ОДОБРУВАЊЕ | 56,91 | 11,00 | 55,00 | 9,80 | 0,76 | 66 | 0,452 |
| ГРИЖА ЗА ДРУГИТЕ | 42,97 | 6,97 | 37,18 | 8,75 | 3,02 | 66 | 0,004* |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ-ОРИЕНТИРАНОСТ КОН ДРУГИ | 15,29 | 3,40 | 12,97 | 3,84 | 2,64 | 66 | 0,010* |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ - ЗАЕМНА ГРИЖА | 17,18 | 2,14 | 16,06 | 3,43 | 1,61 | 66 | 0,112 |
| ПРИПИШУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ | 39,94 | 10,12 | 49,97 | 9,34 | 4,25 | 66 | 0,000* |
| АМБИЦИОЗНОСТ | 14,94 | 2,93 | 13,21 | 4,14 | 1,99 | 66 | 0,051 |
| КОНФОРМИЗАМ | 11,97 | 4,55 | 12,38 | 4,60 | 0,37 | 66 | 0,712 |
| ДОВЕРБА ВО ЛУЃЕТО | 30,94 | 9,01 | 23,68 | 6,75 | 3,76 | 66 | 0,000* |
| ЛОКУС НА КОНТРОЛАТА | 36,24 | 12,52 | 42,62 | 10,75 | 2,27 | 66 | 0,026* |
| ВЕРУВАЊЕ ВО ПРАВЕДНОСТА НА СВЕТОТ | 22,91 | 5,14 | 20,24 | 4,97 | 2,18 | 66 | 0,033* |
| СЕБЕЦЕНЕЊЕ | 31,50 | 6,24 | 33,15 | 8,43 | 0,92 | 66 | 0,363 |

Табела 17. Фреквенции и проценти на поттикнуваните и „наследените“ начини на однесување кај спасителите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| ПОТТИКНУВАНИ НАЧИНИ НА ОДНЕСУВАЊЕ | *Спасители* (N=34) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=34) | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| 1. Амбициозност | 6 | 17,65 | 9 | 26,47 |
| 2. Уредност | 8 | 23,53 | 8 | 23,53 |
| 3. Чувствителност кон другите | 2 | 5,88 | 0 | 0,00 |
| 4. Почит кон родители и возрасни | 18 | 52,94 | 12 | 35,29 |
| 5. Снаодливост | 4 | 11,76 | 9 | 26,47 |
| 6. Имање разбирање за другите | 2 | 5,88 | 1 | 2,94 |
| 7. Претпазливост во односите со другите | 1 | 2,94 | 4 | 11,76 |
| 8. Помагање на другите | 7 | 20,59 | 1 | 2,94 |
| 9. Одговорност за сопствените постапки | 14 | 41,18 | 14 | 41,18 |
| 10. Решителност | 0 | 0,00 | 3 | 8,82 |
| 11. Праведност | 12 | 35,29 | 8 | 23,53 |
| 12. Искреност | 3 | 8,82 | 2 | 5,88 |
| 13. Водење грижа прво за себеси, а потоа за другите | 2 | 5,88 | 3 | 8,82 |
| 14. Независност | 7 | 20,59 | 3 | 8,82 |
| 15. Чесност | 11 | 32,25 | 13 | 38,24 |
| 16. Воздржаност во покажување на чувствата | 1 | 2,94 | 0 | 0,00 |
| 17. Цврстина и неранливост | 4 | 11,76 | 2 | 5,88 |
| 18. Нешто друго: ____ | 0 | 0,00 | 1 | 2,94 |

| „НАСЛЕДЕНИ“ НАЧИНИ НА ОДНЕСУВАЊЕ | *Спасители* (N=34) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=34) | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| 1. Амбициозност | 3 | 8,82 | 8 | 23,53 |
| 2. Уредност | 5 | 14,71 | 7 | 20,59 |
| 3. Чувствителност кон другите | 2 | 5,88 | 2 | 5,88 |
| 4. Почит кон родители и возрасни | 10 | 29,41 | 7 | 20,59 |
| 5. Снаодливост | 5 | 14,71 | 7 | 20,59 |
| 6. Имање разбирање за другите | 7 | 20,59 | 3 | 8,82 |
| 7. Претпазливост во односите со другите | 1 | 2,94 | 2 | 5,88 |
| 8. Помагање на другите | 11 | 32,25 | 0 | 0,00 |
| 9. Одговорност за сопствените постапки | 11 | 32,25 | 9 | 26,47 |
| 10. Решителност | 4 | 11,76 | 5 | 14,71 |
| 11. Праведност | 10 | 29,41 | 6 | 17,65 |
| 12. Искреност | 2 | 5,88 | 4 | 11,76 |
| 13. Водење грижа прво за себеси, а потоа за другите | 1 | 2,94 | 3 | 8,82 |
| 14. Независност | 4 | 11,76 | 4 | 11,76 |
| 15. Чесност | 11 | 32,25 | 11 | 32,25 |
| 16. Воздржаност во покажување на чувствата | 5 | 14,71 | 3 | 8,82 |
| 17. Цврстина и неранливост | 2 | 5,88 | 3 | 8,82 |
| 18. Нешто друго: ____ | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |

## 3. ДАРИТЕЛИ И ИСПИТАНИЦИ КОИ НЕ СЕ ОДНЕСУВАЛЕ ПРОСОЦИЈАЛНО

### *а) Особини на личноста*

Во врска со рангирањето на терминалните и инструменталните вредности (медијаните на ранговите на вредностите се прикажани во Табела 18) дарителите манифестирале слични тенденции како и испитаниците кои не се однесувале просоцијално. Според резултатите на Медијана-тестот не постои значајна разлика во рангирањето на ниту една терминална и инструментална вредност меѓу двете подгрупи испитаници.

Единствените разлики меѓу нив се појавуваат само по однос на просечните постигнувања на три личносни мерки (Табела 19). Имено, кај дарителите постои поистакната тенденција за *заземање туѓо гледиште* ($M_д$ = 20,64 - $M_{пс}$ = 18,21), *емпатиска грижа* ($M_д$ = 19,79 - $M_{пс}$ = 17,33), и *грижа за благосостојба на другите* ($M_д$ = 44,18 - $M_{пс}$ = 39,09).

### *б) Поттикнувани и „наследени" начини на однесување*

Ако можеше во претходните случаи да се евидентира дека меѓу споредуваните просоцијални подгрупи и подгрупите за споредба постои разлика барем по однос на еден поттикнуван и еден „наследен" начин на однесување, во случајот на споредбата меѓу дарителите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално (Табела 20) не се појавува ниту една значајна разлика. Што значи, и двете подгрупи испитаници биле подложени на слично или идентично влијание од родителите во поглед на секој од предочените поттикнувани и „наследени" начини на однесување.

Табела 18. Медијани на ранговите на терминалните и инструменталните вредности на дарителите и на испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| ТЕРМИНАЛНИ ВРЕДНОСТИ | *Дарители* (N=33) Mdn | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) Mdn |
|---|---|---|
| 1. ОПШТЕСТВЕН УГЛЕД | 10,75 | 11,12 |
| 2. ВОЗБУДЛИВ ЖИВОТ | 11,75 | 12,37 |
| 3. ВИСТИНСКО ПРИЈАТЕЛСТВО | 6,10 | 6,65 |
| 4. МИР ВО СВЕТОТ | 5,67 | 7,75 |
| 5. СЕБЕПОЧИТУВАЊЕ | 7,00 | 6,67 |
| 6. ХАРМОНИЧЕН СЕМЕЕН ЖИВОТ | 2,71 | 2,87 |
| 7. ДУШЕВЕН МИР | 4,00 | 4,25 |
| 8. РАМНОПРАВНОСТ | 11,12 | 10,14 |
| 9. МУДРОСТ | 7,40 | 7,50 |
| 10. ЕКОНОМСКА БЛАГОСОСТОЈБА | 9,12 | 10,75 |
| 11. ВИСТИНСКА ЉУБОВ | 5,62 | 4,37 |
| 12. ПОДОБРУВАЊЕ НА САМИОТ СЕБЕСИ | 9,75 | 9,08 |
| 13. СИГУРНОСТ ЗА САКАНИТЕ ЛИЦА | 5,20 | 5,25 |
| 14. ЗАДОВОЛСТВО | 13,00 | 12,40 |
| 15. СОЦИЈАЛНА ПРАВДА | 11,37 | 11,75 |
| 16. СВЕТ НА УБАВИНА | 12,25 | 13,10 |

| ИНСТРУМЕНТАЛНИ ВРЕДНОСТИ | *Дарители* (N=33) Mdn | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) Mdn |
|---|---|---|
| 1. АМБИЦИОЗНОСТ | 5,33 | 6,50 |
| 2. СОРАБОТКА | 8,67 | 8,75 |
| 3. САМОКОНТРОЛА | 8,20 | 7,67 |
| 4. НЕЗАВИСНОСТ | 8,25 | 7,25 |
| 5. ЧЕСНОСТ | 4,33 | 4,00 |
| 6. РЕШИТЕЛНОСТ | 8,00 | 6,93 |
| 7. СНАОДЛИВОСТ | 6,75 | 7,00 |
| 8. СПОСОБНОСТ | 5,75 | 5,67 |
| 9. ПОМАГАЊЕ | 9,12 | 11,75 |
| 10. ЧИСТО | 9,87 | 9,93 |
| 11. ВЕЛИКОДУШНОСТ | 11,20 | 12,92 |
| 12. ЛОГИЧНОСТ | 9,00 | 10,00 |
| 13. СОВЕСНОСТ | 5,67 | 7,87 |
| 14. УЧТИВОСТ | 9,10 | 10,01 |
| 15. НАТПРЕВАРУВАЊЕ | 15,53 | 14,25 |
| 16. ТАКТИЧНОСТ | 11,50 | 10,20 |

Табела 19. Просечни постигнувања на дарителите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално на личносните мерки и значајноста на разликите меѓу нив

| ОСОБИНИ | *Дарители* (N=33) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | M | SD | M | SD | t | df | p |
| ЕМПАТИЈА - ЗАЗЕМАЊЕ ТУЃО ГЛЕДИШТЕ | 20,64 | 3,36 | 18,21 | 3,76 | 2,76 | 64 | 0,007* |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ФАНТАЗИЈА | 17,18 | 4,50 | 16,03 | 5,55 | 0,93 | 64 | 0,358 |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ГРИЖА | 19,79 | 3,38 | 17,33 | 3,89 | 2,73 | 64 | 0,008* |
| ЕМПАТИЈА - ЛИЧНА ВОЗНЕМИРЕНОСТ | 17,61 | 3,89 | 16,33 | 4,71 | 1,20 | 64 | 0,236 |
| ПОТРЕБА ЗА ОДОБРУВАЊЕ | 54,15 | 8,65 | 55,85 | 7,27 | 0,86 | 64 | 0,391 |
| ГРИЖА ЗА ДРУГИТЕ | 44,18 | 6,83 | 39,09 | 6,04 | 3,21 | 64 | 0,002* |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ-ОРИЕНТИРАНОСТ КОН ДРУГИ | 15,39 | 2,95 | 13,85 | 3,41 | 1,97 | 64 | 0,053 |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ - ЗАЕМНА ГРИЖА | 16,67 | 2,35 | 16,91 | 2,28 | 0,43 | 64 | 0,672 |
| ПРИПИШУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ | 42,52 | 10,19 | 44,00 | 9,89 | 0,60 | 64 | 0,550 |
| АМБИЦИОЗНОСТ | 13,67 | 3,21 | 14,30 | 3,54 | 0,77 | 64 | 0,447 |
| КОНФОРМИЗАМ | 12,09 | 3,69 | 11,79 | 4,57 | 0,30 | 64 | 0,768 |
| ДОВЕРБА ВО ЛУЃЕТО | 26,52 | 7,56 | 26,55 | 8,21 | 0,02 | 64 | 0,988 |
| ЛОКУС НА КОНТРОЛАТА | 41,76 | 11,84 | 40,82 | 11,10 | 0,33 | 64 | 0,741 |
| ВЕРУВАЊЕ ВО ПРАВЕДНОСТА НА СВЕТОТ | 21,55 | 4,12 | 22,27 | 5,70 | 0,59 | 64 | 0,554 |
| СЕБЕЦЕНЕЊЕ | 37,64 | 8,03 | 37,30 | 9,16 | 0,16 | 64 | 0,876 |

Табела 20. Фреквенции и проценти на поттикнуваните и „наследените" начини на однесување кај дарителите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| ПОТТИКНУВАНИ НАЧИНИ НА ОДНЕСУВАЊЕ | *Дарители* (N=33) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| 1. Амбициозност | 10 | 30,30 | 12 | 36,36 |
| 2. Уредност | 6 | 18,18 | 11 | 33,33 |
| 3. Чувствителност кон другите | 1 | 3,03 | 1 | 3,03 |
| 4. Почит кон родители и возрасни | 13 | 39,39 | 16 | 48,48 |
| 5. Снаодливост | 8 | 24,24 | 3 | 9,09 |
| 6. Имање разбирање за другите | 2 | 6,06 | 1 | 3,03 |
| 7. Претпазливост во односите со другите | 1 | 3,03 | 3 | 9,09 |
| 8. Помагање на другите | 1 | 3,03 | 2 | 6,06 |
| 9. Одговорност за сопствените постапки | 13 | 39,39 | 10 | 30,30 |
| 10. Решителност | 2 | 6,06 | 2 | 6,06 |
| 11. Праведност | 7 | 21,21 | 5 | 15,15 |
| 12. Искреност | 6 | 18,18 | 1 | 3,03 |
| 13. Водење грижа прво за себеси, а потоа за другите | 3 | 9,09 | 2 | 6,06 |
| 14. Независност | 2 | 6,06 | 6 | 18,18 |
| 15. Чесност | 12 | 36,36 | 12 | 36,36 |
| 16. Воздржаност во покажување на чувствата | 2 | 6,06 | 0 | 0,00 |
| 17. Цврстина и неранливост | 2 | 6,06 | 3 | 9,09 |
| 18. Нешто друго: _____ | 1 | 3,03 | 1 | 3,03 |

| „НАСЛЕДЕНИ" НАЧИНИ НА ОДНЕСУВАЊЕ | *Дарители* (N=33) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| 1. Амбициозност | 11 | 33,33 | 6 | 18,18 |
| 2. Уредност | 6 | 18,18 | 8 | 24,24 |
| 3. Чувствителност кон другите | 5 | 15,15 | 7 | 21,21 |
| 4. Почит кон родители и возрасни | 10 | 30,30 | 5 | 15,15 |
| 5. Снаодливост | 2 | 6,06 | 7 | 21,21 |
| 6. Имање разбирање за другите | 3 | 9,09 | 4 | 12,12 |
| 7. Претпазливост во односите со другите | 4 | 12,12 | 2 | 6,06 |
| 8. Помагање на другите | 4 | 12,12 | 0 | 0,00 |
| 9. Одговорност за сопствените постапки | 4 | 12,12 | 7 | 21,21 |
| 10. Решителност | 3 | 9,09 | 2 | 6,06 |
| 11. Праведност | 13 | 39,39 | 12 | 36,36 |
| 12. Искреност | 3 | 9,09 | 3 | 9,09 |
| 13. Водење грижа прво за себеси, а потоа за другите | 1 | 3,03 | 1 | 3,03 |
| 14. Независност | 2 | 6,06 | 4 | 12,12 |
| 15. Чесност | 14 | 42,42 | 15 | 45,45 |
| 16. Воздржаност во покажување на чувствата | 4 | 12,12 | 2 | 6,06 |
| 17. Цврстина и неранливост | 3 | 9,09 | 4 | 12,12 |
| 18. Нешто друго: _____ | 2 | 6,06 | 0 | 0,00 |

## 4. ВОЛОНТЕРИ И ИСПИТАНИЦИ КОИ НЕ СЕ ОДНЕСУВАЛЕ ПРОСОЦИЈАЛНО

*а) Особини на личноста*

Медијаните на ранговите на терминалните и инструменталните вредности на волонтерите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално се прикажани во Табелата 21. Општо земено, двете подгрупи испитаници на многу сличен начин ги рангирале и едните и другите вредности. Резултатите на Медијана-тестот покажуваат дека меѓу нив не постојат значајни разлики во рангирањата на ниту една терминална и инструментална вредност.

Меѓутоа, кога овие две подгрупи испитаници се споредуваат по однос на просечните постигнувања на другите личносни мерки, резултатите на t-тестот покажуваат дека меѓу нив постојат значајни разлики во истакнатоста на повеќето диспозициски тенденции (Табела 22).

Прво, тие се разликуваат по однос на три од вкупно четирите испитувани аспекти на емпатиското реагирање на доживувањата на другите. Волонтерите покажуваат поголема склоност за *спонтано прифаќање на гледиштето на другите* ($M_в$ = 20,53 - $M_{пс}$ = 17,24) и за *емпатиска грижа* ($M_в$ = 20,47 - $M_{пс}$ = 16,97), а помалку се склони да доживуваат *лична вознемиреност* како реакција на непријатните доживувања на другите ($M_в$ = 15,50 - $M_{пс}$ = 17,74). Покрај тоа, волонтерите имаат поизразена *потреба за признание и пофалба од другите* за она што го прават ($M_в$ = 60,32 - $M_{пс}$ = 54,47) и тие се повеќе *загрижени за благосостојбата на другите* ($M_в$ = 47,15 - $M_{пс}$ = 39,41). Волонтерите, исто така, имаат значајно повисоки скорови и по однос на двете тенденции при *моралното одлучување - ориентираност кон други* ($M_в$ = 16,65 - $M_{пс}$ = 13,85) и *заемна грижа* ($M_в$ = 18,09 - $M_{пс}$ = 16,94). И конечно, тие за разлика од испитаниците кои не се однесувале просоцијално помалку ја негираат *личната одговорност* за последиците од сопствените постапки во социјалните односи ($M_в$ = 40,62 - $M_{пс}$ = 45,44) и помалку *се екстерно ориентирани* ($M_в$ = 37,44 - $M_{пс}$ = 43,15).

Табела 21. Медијани на ранговите на терминалните и инструменталните вредности на волонтерите и на испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| ТЕРМИНАЛНИ ВРЕДНОСТИ | *Волонтери* (N=34) | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=34) |
|---|---|---|
| | Mdn | Mdn |
| 1. ОПШТЕСТВЕН УГЛЕД | 10,28 | 10,12 |
| 2. ВОЗБУДЛИВ ЖИВОТ | 12,00 | 12,50 |
| 3. ВИСТИНСКО ПРИЈАТЕЛСТВО | 5,50 | 6,50 |
| 4. МИР ВО СВЕТОТ | 6,50 | 7,50 |
| 5. СЕБЕПОЧИТУВАЊЕ | 7,70 | 6,50 |
| 6. ХАРМОНИЧЕН СЕМЕЕН ЖИВОТ | 2,50 | 2,50 |
| 7. ДУШЕВЕН МИР | 5,50 | 3,83 |
| 8. РАМНОПРАВНОСТ | 9,25 | 10,50 |
| 9. МУДРОСТ | 6,50 | 7,75 |
| 10. ЕКОНОМСКА БЛАГОСОСТОЈБА | 9,75 | 9,75 |
| 11. ВИСТИНСКА ЉУБОВ | 5,50 | 4,25 |
| 12. ПОДОБРУВАЊЕ НА САМИОТ СЕБЕСИ | 8,70 | 9,00 |
| 13. СИГУРНОСТ ЗА САКАНИТЕ ЛИЦА | 5,30 | 6,37 |
| 14. ЗАДОВОЛСТВО | 14,10 | 13,10 |
| 15. СОЦИЈАЛНА ПРАВДА | 11,50 | 12,00 |
| 16. СВЕТ НА УБАВИНА | 13,00 | 11,75 |

| ИНСТРУМЕНТАЛНИ ВРЕДНОСТИ | *Волонтери* (N=34) | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=34) |
|---|---|---|
| | Mdn | Mdn |
| 1. АМБИЦИОЗНОСТ | 5,33 | 6,50 |
| 2. СОРАБОТКА | 6,65 | 8,15 |
| 3. САМОКОНТРОЛА | 7,00 | 6,83 |
| 4. НЕЗАВИСНОСТ | 8,00 | 7,20 |
| 5. ЧЕСНОСТ | 3,50 | 4,50 |
| 6. РЕШИТЕЛНОСТ | 7,50 | 7,50 |
| 7. СНАОДЛИВОСТ | 8,00 | 7,83 |
| 8. СПОСОБНОСТ | 6,90 | 5,70 |
| 9. ПОМАГАЊЕ | 9,50 | 11,00 |
| 10. ЧИСТО | 12,50 | 10,85 |
| 11. ВЕЛИКОДУШНОСТ | 11,00 | 11,83 |
| 12. ЛОГИЧНОСТ | 8,70 | 8,75 |
| 13. СОВЕСНОСТ | 7,16 | 7,70 |
| 14. УЧТИВОСТ | 9,00 | 9,70 |
| 15. НАТПРЕВАРУВАЊЕ | 15,00 | 15,50 |
| 16. ТАКТИЧНОСТ | 9,50 | 9,30 |

Табела 22. Просечни постигнувања на волонтерите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално на личносните мерки и значајноста на разликите меѓу нив

| ОСОБИНИ | *Волонтери* (N=34) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=34) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | M | SD | M | SD | t | df | p |
| ЕМПАТИЈА - ЗАЗЕМАЊЕ ТУЃО ГЛЕДИШТЕ | 20,53 | 3,09 | 17,24 | 3,65 | 4,02 | 66 | 0,000* |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ФАНТАЗИЈА | 18,65 | 3,45 | 16,91 | 5,12 | 1,62 | 66 | 0,110 |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ГРИЖА | 20,47 | 3,26 | 16,97 | 3,69 | 4,15 | 66 | 0,000* |
| ЕМПАТИЈА - ЛИЧНА ВОЗНЕМИРЕНОСТ | 15,50 | 4,57 | 17,74 | 3,49 | 2,26 | 66 | 0,027* |
| ПОТРЕБА ЗА ОДОБРУВАЊЕ | 60,32 | 7,55 | 54,47 | 9,73 | 2,77 | 66 | 0,007* |
| ГРИЖА ЗА ДРУГИТЕ | 47,15 | 7,69 | 39,41 | 6,89 | 4,37 | 66 | 0,000* |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ-ОРИЕНТИРАНОСТ КОН ДРУГИ | 16,65 | 2,64 | 13,85 | 2,25 | 4,70 | 66 | 0,000* |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ - ЗАЕМНА ГРИЖА | 18,09 | 2,02 | 16,94 | 2,44 | 2,11 | 66 | 0,038* |
| ПРИПИШУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ | 40,62 | 10,02 | 45,44 | 9,15 | 2,07 | 66 | 0,042* |
| АМБИЦИОЗНОСТ | 14,32 | 3,21 | 13,35 | 3,85 | 1,13 | 66 | 0,263 |
| КОНФОРМИЗАМ | 11,12 | 3,76 | 12,41 | 3,74 | 1,42 | 66 | 0,159 |
| ДОВЕРБА ВО ЛУЃЕТО | 27,71 | 8,48 | 25,71 | 6,85 | 1,07 | 66 | 0,289 |
| ЛОКУС НА КОНТРОЛАТА | 37,44 | 11,60 | 43,15 | 9,68 | 2,20 | 66 | 0,031* |
| ВЕРУВАЊЕ ВО ПРАВЕДНОСТА НА СВЕТОТ | 22,06 | 4,28 | 22,32 | 4,21 | 0,26 | 66 | 0,798 |
| СЕБЕЦЕНЕЊЕ | 35,56 | 7,58 | 37,56 | 8,48 | 1,03 | 66 | 0,309 |

Волонтерите, исто како и другите просоцијални подгрупи, не се разликуваат од испитаниците со кои се споредувани по однос на *амбициозноста, конформизмот* и *себеценењето*, а освен тоа и по *емпатиската фантазија* и *довербата во луѓето*.

Значи, ако се суди според бројноста на особините што се во различен степен истакнати кај испитаниците кои манифестирале само едно просоцијално однесување во споредба со испитаниците кои не се однесувале просоцијално, волонтерите слично како и спасителите се лица кои поседуваат поголем број карактеристични особини, што ги прават поинакви од лицата кои не манифестирале ниедно од просоцијалните однесувања што се опфатени со ова истражување.

*б) Поттикнувани и „наследени" начини на однесување*

Проверката на значајноста на разликите во фреквентноста на поттикнуваните и „наследените" начини на однесување, што се наведувани од страна на волонтерите и подгрупата испитаници со кои се споредувани, открива дека меѓу нив постои разлика само по однос на еден поттикнуван (*да се биде одговорен за сопствените постапки*) и еден „наследен" начин на однесување (*да им се помага на другите*). (Фреквенциите и процентите на посочуваните начини на однесување се прикажани во Табела 23). Половина од испитаниците волонтери навеле дека нивните родители ги поттикнувале да бидат одговорни за сопствените постапки, а истото тоа го сториле само девет од триесет и четирите испитаници кои не се однесувале просоцијално [$\chi^2$ (1; N=68) = 3,99 $p < 0,05$]. Исто така, и помагањето на другите како „наследен" начин на однесување е значајно почесто наведувано од волонтерите отколку од испитаниците кои не се однесувале просоцијално (единаесет наспроти два) [$\chi^2$ (1; N=68) = 6,48 $p < 0,01$].

Табела 23. Фреквенции и проценти на поттикнуваните и „наследените" начини на однесување кај волонтерите и испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| ПОТТИКНУВАНИ НАЧИНИ НА ОДНЕСУВАЊЕ | *Волонтери* (N=34) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=34) | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| 1. Амбициозност | 4 | 11,76 | 10 | 29,41 |
| 2. Уредност | 4 | 11,76 | 8 | 23,53 |
| 3. Чувствителност кон другите | 3 | 8,82 | 1 | 2,94 |
| 4. Почит кон родители и возрасни | 15 | 41,42 | 13 | 38,24 |
| 5. Снаодливост | 10 | 29,41 | 7 | 20,59 |
| 6. Имање разбирање за другите | 5 | 14,71 | 2 | 5,88 |
| 7. Претпазливост во односите со другите | 4 | 11,76 | 4 | 11,76 |
| 8. Помагање на другите | 3 | 8,82 | 1 | 2,94 |
| 9. Одговорност за сопствените постапки | 17 | 50,00 | 9 | 26,47 |
| 10. Решителност | 2 | 5,88 | 3 | 8,82 |
| 11. Праведност | 11 | 32,35 | 8 | 23,53 |
| 12. Искреност | 2 | 5,88 | 3 | 8,82 |
| 13. Водење грижа прво за себеси, а потоа за другите | 0 | 0,00 | 1 | 2,94 |
| 14. Независност | 5 | 14,71 | 9 | 26,47 |
| 15. Чесност | 15 | 44,12 | 12 | 35,29 |
| 16. Воздржаност во покажување на чувствата | 1 | 2,94 | 5 | 14,71 |
| 17. Цврстина и неранливост | 3 | 8,82 | 2 | 5,88 |
| 18. Нешто друго: ____ | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |

| „НАСЛЕДЕНИ" НАЧИНИ НА ОДНЕСУВАЊЕ | *Волонтери* (N=34) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=34) | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| 1. Амбициозност | 7 | 20,59 | 2 | 5,88 |
| 2. Уредност | 9 | 26,47 | 6 | 17,65 |
| 3. Чувствителност кон другите | 4 | 11,76 | 5 | 14,71 |
| 4. Почит кон родители и возрасни | 6 | 17,65 | 6 | 17,65 |
| 5. Снаодливост | 4 | 11,76 | 2 | 5,88 |
| 6. Имање разбирање за другите | 6 | 17,65 | 4 | 11,76 |
| 7. Претпазливост во односите со другите | 1 | 2,94 | 4 | 11,76 |
| 8. Помагање на другите | 11 | 32,35 | 2 | 5,88 |
| 9. Одговорност за сопствените постапки | 7 | 20,59 | 4 | 11,76 |
| 10. Решителност | 6 | 17,65 | 5 | 14,71 |
| 11. Праведност | 15 | 44,12 | 12 | 35,29 |
| 12. Искреност | 4 | 11,76 | 6 | 17,65 |
| 13. Водење грижа прво за себеси, а потоа за другите | 1 | 2,94 | 3 | 8,82 |
| 14. Независност | 0 | 0,00 | 5 | 14,71 |
| 15. Чесност | 11 | 32,35 | 9 | 26,47 |
| 16. Воздржаност во покажување на чувствата | 0 | 0,00 | 4 | 11,76 |
| 17. Цврстина и неранливост | 1 | 2,94 | 1 | 2,94 |
| 18. Нешто друго: ____ | 1 | 2,94 | 0 | 0,00 |

## 5. ИСПИТАНИЦИ КОИ МАНИФЕСТИРАЛЕ ПОВЕЌЕ ПРОСОЦИЈАЛНИ ОДНЕСУВАЊА И ИСПИТАНИЦИ КОИ НЕ СЕ ОДНЕСУВАЛЕ ПРОСОЦИЈАЛНО

Петтата просоцијална подгрупа која е споредувана со испитаниците кои не манифестирале ниедно од испитуваните просоцијални однесувања е т.н. мултипла просоцијална подгрупа, која е составена од испитаници кои манифестирале не едно туку повеќе просоцијални однесувања. Да се потсетиме, неа ја сочинуваат 33 лица, од кои осуммина ги манифестирале сите четири просоцијални однесувања, додека другите манифестирале по три однесувања во различни комбинации (тринаесет од нив се истовремено спасители, дарители и волонтери, седум се крводарители, спасители и дарители, четири се крводарители, дарители и волонтери, а еден е крводарител, спасител и волонтер). Исто како и во случајот со претходните просоцијални подгрупи и оваа подгрупа е споредувана со дел од испитаниците од контролната група, кои се „извлечени" од неа согласно со применетите критериуми за изедначување на подгрупите.

*а) Особини на личноста*

Во поглед на рангирањата на вредностите (Табела 24), испитаниците од мултиплата просоцијална подгрупа манифестирале поинакви тенденции од испитаниците кои не се однесувале просоцијално во преферирањето на три терминални и две инструментални вредности. Тие значително повисоко го ценат *мирот во светот* [$\chi^2$ (1; N=66) = 4,91 p < 0,01] и *социјалната правда* [$\chi^2$ (1; N=66) = 3,91 p < 0,05], а пониско *задоволството* [$\chi^2$ (1; N=66) = 8,80 p < 0,01]. Што се однесува, пак, до разликите во преферираноста на инструменталните вредности, резултатите на Медијана-тестот покажуваат дека тие доаѓаат до израз при рангирањето на *помагањето* [$\chi^2$ (1; N=66) = 6,20 p < 0,01] и *великодушноста* [$\chi^2$ (1; N=66) = 10,24 p < 0,01], при што и двете вредности се повисоко рангирани од испитаниците кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања.

Табела 24. Медијани на ранговите на терминалните и инструменталните вредности на испитаниците кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања и испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| ТЕРМИНАЛНИ ВРЕДНОСТИ | *Испитаници кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања* (N=33) | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) |
|---|---|---|
| | Mdn | Mdn |
| 1. ОПШТЕСТВЕН УГЛЕД | 11,33 | 11,25 |
| 2. ВОЗБУДЛИВ ЖИВОТ | 12,80 | 12,60 |
| 3. ВИСТИНСКО ПРИЈАТЕЛСТВО | 5,08 | 6,08 |
| 4. МИР ВО СВЕТОТ | 3,25 | 7,00 |
| 5. СЕБЕПОЧИТУВАЊЕ | 6,75 | 7,10 |
| 6. ХАРМОНИЧЕН СЕМЕЕН ЖИВОТ | 3,00 | 3,00 |
| 7. ДУШЕВЕН МИР | 6,75 | 4,37 |
| 8. РАМНОПРАВНОСТ | 8,12 | 10,25 |
| 9. МУДРОСТ | 7,00 | 7,00 |
| 10. ЕКОНОМСКА БЛАГОСОСТОЈБА | 10,75 | 8,75 |
| 11. ВИСТИНСКА ЉУБОВ | 5,80 | 4,75 |
| 12. ПОДОБРУВАЊЕ НА САМИОТ СЕБЕСИ | 9,80 | 10,25 |
| 13. СИГУРНОСТ ЗА САКАНИТЕ ЛИЦА | 5,00 | 5,50 |
| 14. ЗАДОВОЛСТВО | 15,00 | 12,80 |
| 15. СОЦИЈАЛНА ПРАВДА | 8,67 | 11,00 |
| 16. СВЕТ НА УБАВИНА | 12,67 | 13,58 |

| ИНСТРУМЕНТАЛНИ ВРЕДНОСТИ | *Испитаници кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања* (N=33) | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) |
|---|---|---|
| | Mdn | Mdn |
| 1. АМБИЦИОЗНОСТ | 6,62 | 6,25 |
| 2. СОРАБОТКА | 5,87 | 7,75 |
| 3. САМОКОНТРОЛА | 7,75 | 7,12 |
| 4. НЕЗАВИСНОСТ | 9,25 | 6,12 |
| 5. ЧЕСНОСТ | 3,25 | 3,00 |
| 6. РЕШИТЕЛНОСТ | 7,00 | 6,37 |
| 7. СНАОДЛИВОСТ | 8,12 | 8,37 |
| 8. СПОСОБНОСТ | 6,00 | 6,10 |
| 9. ПОМАГАЊЕ | 7,25 | 11,62 |
| 10. ЧИСТО | 11,00 | 9,50 |
| 11. ВЕЛИКОДУШНОСТ | 8,20 | 12,20 |
| 12. ЛОГИЧНОСТ | 10,00 | 9,20 |
| 13. СОВЕСНОСТ | 5,87 | 7,75 |
| 14. УЧТИВОСТ | 10,00 | 8,80 |
| 15. НАТПРЕВАРУВАЊЕ | 15,53 | 14,33 |
| 16. ТАКТИЧНОСТ | 9,37 | 9,80 |

Според тоа, испитаниците од оваа просоцијална подгрупа, споредени со испитаниците од другите просоцијални подгрупи, се карактеризираат со различна преферираност на поголем број вредности од испитаниците кои не се однесувале просоцијално. Оваа тенденција на зголемена диференцираност доаѓа до израз и во поглед на постигнувањата на другите личносни мерки.

Проверката на значајноста на разликите во просечните постигнувања на 16-те личносни мерки открива дека испитаниците кои ги манифестирале повеќето испитувани просоцијални однесувања се разликуваат во истакнатоста на 10 особини од испитаниците кои не се однесувале просоцијално (Табела 25). Имено, кај нив е поистакната тенденцијата при емпатиското реагирање на доживувањата на другите *спонтано да го прифаќаат нивното гледиште* ($M_{мпп}$ = 21,42 - $M_{пс}$ = 19,21) и да *сочувствуваат со нивните неволји* ($M_{мпп}$ = 22,48 - $M_{пс}$ = 17,42). Тие, исто така, имаат поголема *потреба за одобрување*, т.е. за признание и пофалба од другите ($M_{мпп}$ = 64,06 - $M_{пс}$ = 56,52) и повеќе се *загрижени за благосотојбата на другите* ($M_{мпп}$ = 53,70 - $M_{пс}$ = 40,18). За нив е карактеристично и тоа што имаат и повисоки скорови и на двете мерки на *моралното одлучување - ориентираност кон други* ($M_{мпп}$ = 17,94 - $M_{пс}$ = 14,88) и *заемна грижа* ($M_{мпп}$ = 18,70 - $M_{пс}$ = 17,00), а освен тоа се и *поамбициозни* ($M_{мпп}$ = 13,82 - $M_{пс}$ = 11,73) и повеќе *веруваат во праведноста на светот* ($M_{мпп}$ = 24,88 - $M_{пс}$ = 22,03). И конечно, испитаниците од мултиплата просоцијална подгрупа, за разлика од испитаниците кои не се однесувале просоцијално, се стремат помалку да ја негираат *личната одговорност* за интерперсоналните последици од сопствените постапки ($M_{мпп}$ = 39,24 - $M_{пс}$ = 46,00) и покажуваат тенденција на помала *екстерна ориентираност* ($M_{мпп}$ = 39,36 - $M_{пс}$ = 45,09).

Табела 25. Просечни постигнувања на испитаниците кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања и испитаниците кои не се однесувале просоцијално на личносните мерки и значајноста на разликите меѓу нив

| ОСОБИНИ | *Испитаници кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања* (N=33) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | M | SD | M | SD | t | df | p |
| ЕМПАТИЈА - ЗАЗЕМАЊЕ ТУЃО ГЛЕДИШТЕ | 21,42 | 2,67 | 19,21 | 2,63 | 3,39 | 64 | 0,001* |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ФАНТАЗИЈА | 17,27 | 5,67 | 15,88 | 5,07 | 1,05 | 64 | 0,297 |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ГРИЖА | 22,48 | 2,29 | 17,42 | 3,73 | 6,65 | 64 | 0,000* |
| ЕМПАТИЈА - ЛИЧНА ВОЗНЕМИРЕНОСТ | 15,18 | 4,93 | 16,58 | 4,09 | 1,25 | 64 | 0,215 |
| ПОТРЕБА ЗА ОДОБРУВАЊЕ | 64,06 | 7,83 | 56,52 | 9,46 | 3,53 | 64 | 0,001* |
| ГРИЖА ЗА ДРУГИТЕ | 53,70 | 4,65 | 40,18 | 6,48 | 9,73 | 64 | 0,000* |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ-ОРИЕНТИРАНОСТ КОН ДРУГИ | 17,94 | 2,54 | 14,88 | 3,14 | 4,36 | 64 | 0,000* |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ - ЗАЕМНА ГРИЖА | 18,70 | 1,88 | 17,00 | 2,38 | 3,21 | 64 | 0,002* |
| ПРИПИШУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ | 39,24 | 8,90 | 46,00 | 8,57 | 3,14 | 64 | 0,003* |
| АМБИЦИОЗНОСТ | 13,82 | 3,90 | 11,73 | 4,37 | 2,05 | 64 | 0,044* |
| КОНФОРМИЗАМ | 13,61 | 3,91 | 12,73 | 4,60 | 0,84 | 64 | 0,407 |
| ДОВЕРБА ВО ЛУЃЕТО | 28,67 | 7,31 | 25,12 | 8,13 | 1,86 | 64 | 0,067 |
| ЛОКУС НА КОНТРОЛАТА | 39,36 | 11,86 | 45,09 | 12,02 | 2,03 | 64 | 0,046* |
| ВЕРУВАЊЕ ВО ПРАВЕДНОСТА НА СВЕТОТ | 24,88 | 4,79 | 22,03 | 5,02 | 2,36 | 64 | 0,021* |
| СЕБЕЦЕНЕЊЕ | 34,73 | 8,69 | 35,45 | 9,22 | 0,33 | 64 | 0,743 |

*б) Поттикнувани и „наследени" начини на однесување*

Бројот и процентите на поттикнуваните и „наследените" начини на однесување, што се наведени од испитаниците од мултиплата просоцијална подгрупа и од испитаниците со кои се споредувани, се прикажани во Табелата 26. Проверката на статистичката значајност на разликите во фреквентноста на наведуваните начини на однесување покажува дека двете подгрупи меѓу себе се разликуваат по однос на два поттикнувани начина на однесување [*да им се помага на другите* - $\chi^2$ (1; N=66) = 5,78 $p < 0.05$ и *да се биде одговорен за сопствените постапки* - $\chi^2$ (1; N=66) = 4,36 $p < 0.05$] и еден „наследен" начин на однесување [*да им се помага на другите* - $\chi^2$ (1; N=66) = 16,17 $p < 0,01$]. Сите три начини на однесување се почесто наведувани од испитаниците од мултиплата просоцијална подгрупа (во првиот случај односот е 9 спрема 1, во вториот 15 спрема 7, а во третиот 15 спрема 1).

Табела 26. Фреквенции и проценти на поттикнуваните и „наследените" начини на однесување кај испитаниците кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања и испитаниците кои не се однесувале просоцијално

| ПОТТИКНУВАНИ НАЧИНИ НА ОДНЕСУВАЊЕ | *Испитаници кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања* (N=33) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| 1. Амбициозност | 5 | 15,15 | 10 | 30,30 |
| 2. Уредност | 3 | 9,09 | 9 | 27,27 |
| 3. Чувствителност кон другите | 1 | 3,03 | 0 | 0,00 |
| 4. Почит кон родители и возрасни | 18 | 54,55 | 14 | 42,42 |
| 5. Снаодливост | 5 | 15,15 | 8 | 24,24 |
| 6. Имање разбирање за другите | 1 | 3,03 | 2 | 6,06 |
| 7. Претпазливост во односите со другите | 2 | 6,06 | 5 | 15,15 |
| 8. Помагање на другите | 9 | 27,27 | 1 | 3,03 |
| 9. Одговорност за сопствените постапки | 15 | 45,45 | 7 | 21,21 |
| 10. Решителност | 3 | 9,09 | 2 | 6,06 |
| 11. Праведност | 6 | 18,18 | 7 | 21,21 |
| 12. Искреност | 1 | 3,03 | 3 | 9,09 |
| 13. Водење грижа прво за себеси, а потоа за другите | 2 | 6,06 | 0 | 0,00 |
| 14. Независност | 3 | 9,09 | 6 | 18,18 |
| 15. Чесност | 18 | 54,55 | 18 | 54,55 |
| 16. Воздржаност во покажување на чувствата | 2 | 6,06 | 3 | 9,09 |
| 17. Цврстина и неранливост | 0 | 0,00 | 1 | 3,03 |
| 18. Нешто друго: ____ | 1 | 3,03 | 1 | 3,03 |

| „НАСЛЕДЕНИ" НАЧИНИ НА ОДНЕСУВАЊЕ | *Испитаници кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања* (N=33) | | *Испитаници кои не се однесувале просоцијално* (N=33) | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| 1. Амбициозност | 4 | 12,12 | 5 | 15,15 |
| 2. Уредност | 8 | 24,24 | 7 | 21,21 |
| 3. Чувствителност кон другите | 5 | 15,15 | 2 | 6,06 |
| 4. Почит кон родители и возрасни | 9 | 27,27 | 4 | 12,12 |
| 5. Снаодливост | 5 | 15,15 | 2 | 6,06 |
| 6. Имање разбирање за другите | 4 | 12,12 | 4 | 12,12 |
| 7. Претпазливост во односите со другите | 1 | 3,03 | 3 | 9,09 |
| 8. Помагање на другите | 15 | 45,45 | 1 | 3,03 |
| 9. Одговорност за сопствените постапки | 9 | 27,27 | 4 | 12,12 |
| 10. Решителност | 1 | 3,03 | 4 | 12,12 |
| 11. Праведност | 12 | 36,36 | 9 | 27,27 |
| 12. Искреност | 5 | 15,15 | 10 | 30,30 |
| 13. Водење грижа прво за себеси, а потоа за другите | 0 | 0,00 | 3 | 9,09 |
| 14. Независност | 5 | 15,15 | 5 | 15,15 |
| 15. Чесност | 14 | 42,42 | 19 | 57,58 |
| 16. Воздржаност во покажување на чувствата | 0 | 0,00 | 3 | 9,09 |
| 17. Цврстина и неранливост | 1 | 3,03 | 3 | 9,09 |
| 18. Нешто друго: ____ | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |

* * *

На крајот од овој приказ на резултатите од втората низа споредби меѓу испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално се чини неопходно, заради подобра прегледност, да се даде сумарен приказ на сите евидентирани разлики во истакнатоста на особините на личноста кај испитаниците на ниво на групи и подгрупи.

Сите пројавени разлики се поместени во Табелата 27, од која може јасно да се забележи дека кога споредбите се правени на ниво на групи, разлики се појавуваат во однос на истакнатоста на девет, односно единаесет, од вкупно петнаесет особини. Меѓутоа, кога споредбите се вршени на ниво на подгрупи овие разлики не само што не доаѓаат секогаш до израз, туку се појавуваат и разлики во однос на други особини.

Покрај тоа, е евидентно дека со споредбите на ниво на подгрупи се идентификуваат различен број карактеристични особини кај испитаниците кои манифестирале само едно од четирите просоцијални однесувања или, пак, кои ги манифестирале повеќето од нив. Крводарителите и дарителите се карактеризираат со две, односно три особини, а спасителите и волонтерите со осум, односно девет особини, по кои тие се разликуваат од испитаниците кои не се однесувале просоцијално. Уште поголема диференцираност во истакнатоста на особините се појавува во случајот на испитаниците кои ги манифестирале повеќето просоцијални однесувања. Овие испитаници се разликуваат по однос на десет особини од испитаниците кои не се однесувале просоцијално.

Табела 27. Сумарен приказ на разликите во истакнатоста на особините на личноста меѓу испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално, на ниво на групи и подгрупи

| ОСОБИНИ | прос. група (к,с,д,в) - група за споредба | прос. група (к,с,д,в, мпп) - група за споредба | крвода-рители - подгрупа за споредба | спасите-ли - подгрупа за споредба | дарите-ли - подгрупа за споредба | волонте-ри - подгрупа за споредба | мул.прос подгру-па - подгрупа за споредба |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕМПАТИЈА - ЗАЗЕМАЊЕ ТУЃО ГЛЕДИШТЕ | * | * | | * | * | * | * |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ФАНТАЗИЈА | * | * | | * | | | |
| ЕМПАТИЈА - ЕМПАТИСКА ГРИЖА | * | * | | | * | * | * |
| ЕМПАТИЈА - ЛИЧНА ВОЗНЕМИРЕНОСТ | | | | | | * | |
| ПОТРЕБА ЗА ОДОБРУВАЊЕ | | * | | | | * | * |
| ГРИЖА ЗА ДРУГИТЕ | * | * | | * | * | * | * |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ - ОРИЕНТИРАНОСТ КОН ДРУГИ | * | * | * | * | | * | * |
| МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ - ЗАЕМНА ГРИЖА | * | * | | | | * | * |
| ПРИПИШУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ | * | * | | * | | * | * |
| АМБИЦИОЗНОСТ | | | | | | | * |
| КОНФОРМИЗАМ | | | | | | | |
| ДОВЕРБА ВО ЛУЃЕТО | * | * | | * | | | |
| ЛОКУС НА КОНТРОЛАТА | | * | | * | | * | * |
| ВЕРУВАЊЕ ВО ПРАВЕДНОСТА НА СВЕТОТ | * | * | * | * | | | * |
| СЕБЕЦЕНЕЊЕ | | | | | | | |

Забелешка: Разликите во истакнатоста на особините на личноста се означени со ѕвездичка

## МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА

При описот на личносните варијабли е нагласено дека нивната вклученост во ова истражување не е случајна, бидејќи потенцијалните ефекти на повеќето од нив врз просоцијалното однесување се веќе проверувани и потврдени во повеќе досегашни истражувања. Токму затоа за очекување е дека меѓу нив би требало да постојат значајни поврзаности врз основа на кои би можело да се добие појасна слика за диспозициската заснованост на просоцијалните однесувања што се испитувани во ова истражување.

Меѓусебната поврзаност на личносните варијабли е утврдувана со пресметување линеарни корелациски коефициенти. Матрицата на интеркорелациите е прикажана во Табелата 28, од која може да се види дека постојат голем број значајни корелации меѓу особините. Бројот на значајните корелации по особини се движи од осум (амбициозност, верување во праведноста на светот и себеценење) до тринаесет (потреба за одобрување и ориентираност кон други при моралното расудување). Најголем број високи и умерени корелации остваруваат особините: *емпатиска грижа*, *грижа за другите*, *ориентираност кон други при моралното расудување* и *локус на контролата.* За првите три особини е карактеристично и тоа што тие меѓусебно високо корелираат, така што може да се каже дека се веројатно донекаде и заемно условени. Имено, коефициентите на линеарната корелација на емпатиската грижа со грижата за другите и ориентираноста кон другите при моралното одлучување изнесуваат 0,67 и 0,51. Поврзаноста, пак, на грижата за другите со ориентираноста кон другите при моралното одлучување изнесува 0,52.

Имајќи предвид дека при споредбите на испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално (на ниво на групи и подгрупи) е утврдено дека овие особини

Табела 28. Матрица на корелациите меѓу особините на личноста

| | Е-ЗТГ | Е-ЕФ | Е-ЕГ | Е-ЛВ | ПО | ГД | МР-ОД | МР-ЗГ | ПРО | АМ | КО | ДЛ | ЛК | ВПС | СЦ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Е-ЗТГ | | 0.28** | 0,35** | 0,09 | 0,34** | 0,47** | 0,41** | 0,39** | -0,18** | -0,03 | 0,07 | 0,14* | -0,06 | 0,28** | 0,08 |
| Е-ЕФ | 0.28** | | 0,25** | 0,17** | -0,00 | 0,26** | 0,19** | 0,16** | -0,18** | 0,06 | -0,16** | 0,04 | -0,01 | 0,05 | 0,17** |
| Е-ЕГ | 0,35** | 0.25** | | 0,19** | 0,35** | 0,67** | 0,51** | 0,32** | -0,26** | -0,07 | 0,11* | 0,10 | 0,00 | 0,10 | 0,12* |
| Е-ЛВ | 0,09 | 0,17** | 0,19** | | -0,16** | -0,03 | 0,21** | 0,20** | 0,31** | -0,36** | 0,32** | -0,13* | 0,43** | 0,03 | 0,48** |
| ПО | 0,34** | -0,00 | 0,35** | -0,16** | | 0,42** | 0,44** | 0,36** | -0,19** | -0,03 | 0,16** | 0,16** | -0,14* | 0,35** | -0,28** |
| ГД | 0,47** | 0,26** | 0,67** | -0,03 | 0,42** | | 0,52** | 0,34** | -0,39** | 0,10 | -0,02 | 0,20** | -0,17** | 0,27** | 0,02 |
| МР-ОД | 0,41** | 0,19** | 0,51** | 0,21** | 0,44** | 0,52** | | 0,63** | -0,10 | -0,15** | 0,30** | 0,08 | 0,16** | 0,31** | 0,11* |
| МР-ЗГ | 0,39** | 0,16** | 0,32** | 0,20** | 0,36** | 0,34** | 0,63** | | -0,05 | -0,13* | 0,24** | 0,03 | 0,14* | 0,24** | 0,10 |
| ПРО | -0,18** | -0,18** | -0,26** | 0,31** | -0,19** | -0,39** | -0,10 | -0,05 | | -0,39** | 0,39** | -0,38** | 0,57** | -0,08 | 0,07 |
| АМ | -0,03 | 0,06 | -0,07 | -0,36** | -0,03 | 0,10 | -0,15** | -0,13* | -0,39** | | -0,53** | 0,28** | -0,52** | -0,01 | -0,11* |
| КО | 0,07 | -0,16** | 0,11* | 0,32** | 0,16** | -0,02 | 0,30** | 0,24** | 0,39** | -0,53** | | -0,21** | 0,49** | 0,14* | 0,13* |
| ДЛ | 0,14* | 0,04 | 0,10 | -0,13* | 0,16** | 0,20** | 0,08 | 0,03 | -0,38** | 0,28** | -0,21** | | -0,53** | 0,40** | -0,09 |
| ЛК | -0,06 | -0,01 | 0,00 | 0,43** | -0,14* | -0,17** | 0,16** | 0,14* | 0,57** | -0,52** | 0,49** | -0,53** | | -0,10 | 0,17** |
| ВПС | 0,28** | 0,05 | 0,10 | 0,03 | 0,35** | 0,27** | 0,31** | 0,24** | -0,08 | -0,01 | 0,14* | 0,40** | -0,10 | | 0,03 |
| СЦ | 0,08 | 0,17** | 0,12* | 0,48** | -0,28** | 0,02 | 0,11* | 0,10 | 0,07 | -0,11* | 0,13* | -0,09 | 0,17** | 0,03 | |

* p = 0.05     ** p = 0.01

во повеќето случаи ја определуваат диференцираноста меѓу испитаниците, се чини неопходно да се посочат и нивните значајни поврзаности со другите испитувани особини.

Емпатиската грижа и ориентираноста кон другите при моралното одлучување позитивно корелираат и со другите три компоненти на емпатиското реагирање на доживувањата на другите, т.е со заземањето туѓо гледиште (0,35 и 0.41), емпатиската фантазија (0.25 и 0,19) и личната вознемиреност (0.19 и 0.21), додека грижата за другите е поврзана само со заземањето туѓо гледиште (0.47) и емпатиската фантазија (0,26), но не и со личната вознемиреност. За сите три особини е карактеристична умерена позитивна поврзаност со потребата за одобрување (0,35, 0,42, и 0,44). Тие исто така позитивно корелираат и со заемната грижа при моралното расудување, при што поврзаноста на емпатиската грижа и грижата за другите е умерена (0,32 и 0.34), а на ориентираноста кон другите при моралното одлучување е прилично висока (0.63). Емпатиската грижа и грижата за другите се негативно поврзани со припишувањето на одговорноста (-0.26 и -0,39), што значи дека истакнатоста на тие особини почесто оди со прифаќање отколку со негирање на личната одговорност за интерперсоналните последици од сопствените постапки.

Како други карактеристични поврзаности на овие диспозициски тенденции би можеле да се издвојат позитивните корелации на грижата за другите и ориентираноста кон другите при моралното одлучување со верувањето во праведноста на светот (0,27 и 0,31) и позитивната корелација на ориентираноста кон другите при моралното одлучување со конформизмот (0,30), и нејзината ниска, но сепак значајно негативна поврзаност со амбициозноста (-0,15).

Петтата диспозициска тенденција што остварува поголем број високи поврзаности е локусот на контролата. Истакнатоста на оваа тенденција (којашто всушност значи повисок степен на верување во екстерната контрола) е позитивно поврзана со припишувањето на одговорноста, односно со негирањето на личната одговорност за

интерперсоналните последици од сопствените постапки (0,57), конформизмот (0,49) и тенденцијата за доживување на лична вознемиреност при емпатиското реагирање на неволјите на другите (0,43), а негативно со довербата во луѓето (-0,53) и амбициозноста (-0,52). Екстерната ориентираност исто така значајно корелира и со две од трите гореразгледувани особини (ориентираноста кон другите при моралното одлучување и грижата за другите), но овие поврзаности не се толку високи како претходно споменатите (0,16 и -0,17).

На ова место како покарактеристични би ги издвоиле и пројавените поврзаности на варијаблите заземање туѓо гледиште и припишување одговорност. *Заземањето туѓо гледиште*, или попрецизно кажано тенденцијата за спонтано прифаќање на психолошката гледна точка на другите, позитивно корелира со осум диспозициски тенденции, а негативно само со припишувањето одговорност. Интересно е да се спомене дека меѓу заземањето туѓо гледиште и другите компоненети на емпатиското реагирање постои поврзаност со емпатиската фантазија и емпатиската грижа, но не и со личната вознемиреност.

*Припишувањето одговорност* значајно корелира со десет варијабли, при што седум од пројавените корелации се негативни, а три позитивни. Веќе споменавме дека оваа варијабла негативно корелира со емпатиската грижа, грижата за другите и заземањето туѓо гледиште. Освен со нив, припишувањето одговорност е негативно поврзано и со емпатиската фантазија, потребата за одобрување, амбициозноста, и довербата во луѓето. Овие негативни поврзаности значат дека тенденцијата на помало негирање, односно поголемо прифаќање на личната одговорност за последиците по другите од сопствените постапки оди со поголема истакнатост на гореспоменатите особини. Поврзаноста, пак, на припишувањето одговорност со личната вознемиреност, конформизмот и локусот на контролата е позитивна, што значи дека поединците кои почесто ја негираат личната одговорност се склони да доживуваат и поголема лична вознемиреност кога се соочуваат со

неволјите на другите, повеќе да се конформираат и да се во поголем степен екстерно ориентирани.

Во рамките на овој дел, покрај резултатите за меѓусебната поврзаност на особините на личноста прикажани во Табелата 28, ги поместуваме и резултатите за поврзаноста меѓу секоја од испитуваните особини и *просоцијалното однесување во сите негови манифестни видови*. Оваа поврзаност е утврдувана со пресметување на поинт-бисеријални коефициенти на корелација, при што манифестираноста на просоцијалното однесување е означувана со 1, а неманифестираноста со 0. Утврдените поврзаности се всушност еден вид репликација на претходно соопштените наоди за разликите во истакнатоста на особините кај сите испитаници кои се однесувале просоцијално и сите испитаници кои не се однесувале просоцијално. Имено, просоцијалното однесување е значајно поврзано со единаесет од петнаесетте испитувани особини (позитивно со девет, а негативно со две). Или, попрецизно, манифестираноста на просоцијалното однесување позитивно корелира со грижата за другите (0,43), емпатиската грижа (0,37), ориентираноста кон другите при моралното одлучување (0,37), заземањето туѓо гледиште (0,31), довербата во луѓето (0,20), заемната грижа при моралното одлучување (0,18) и верувањето во праведноста на светот (0,17), а негативно со негирањето на личната одговорност (-0,20) и екстерниот локус на контролата (-0,12). Особините, пак, што не се поврзани со просоцијалното однесување се амбициозноста (0,03), конформизмот (0,00), личната вознемиреност (-0,03) и себеценењето (-0,05).

## ФАКТОРСКА АНАЛИЗА НА ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА

Прегледот на матрицата на корелациите меѓу особините на личноста и корелациите на просоцијалното однесување со секоја особина засебно не само што открива дека постојат голем број значајни поврзаности меѓу анализираните варијабли туку и тоа дека тие се во различен степен меѓусебно поврзани. Тоа упатува на можноста варијаблите да бидат сведени на помал број латентни структури или фактори кои нив би ги обединиле и осмислиле. За проверка на ваквата можност е применета факторска анализа која ги опфаќа петнаесетте личносни варијабли и просоцијалното однесување.

Екстракцијата (издвојувањето) на факторите е вршена со методата на главни компоненти, а како критериум за запирање на екстракцијата е применет т.н. Kaiser критериумот, според кој се задржуваат само оние фактори чии eigen-вредности (латентни корени) се поголеми од 1.00.

Методата на главни компоненти претпоставува издвојување на онолку фактори колку што изнесува бројот на варијаблите во корелациската матрица, така што во овој случај се издвоени вкупно 16 фактори, чии eigen-вредности се прикажани во Табелата 29. Eigen-вредностите се поместени во втората колона од табелата, додека во следните колони се прикажани процентите на вкупната варијанса, кумулативните eigen-вредности и кумулативните проценти на вкупната варијанса. Од табелата се гледа дека од шеснаесетте фактори, само кај првите четири eigen-вредностите се повисоки од 1.00, што значи само тие фактори се земени предвид во натамошната анализа. Првиот фактор објаснува 24.51% од варијансата, вториот 20.12%, третиот 9.85%, а четвртиот 7.46%. Според тоа, сите четири фактори заедно објаснуваат 61.94% од варијансата, а преостанатите дванаесет фактори 38,06%.

Табела 29. Eigen-вредности на екстрахираните фактори

| Фактори | Eigen-вредности | % на вкупната варијанса | Кумул. eigen-вред. | Кумул. % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 3.9218 | 24.511 | 3.922 | 24,51 |
| 2 | 3.2198 | 20.124 | 7.142 | 44,63 |
| 3 | 1.5752 | 9.845 | 8.717 | 54,48 |
| 4 | 1.1934 | 7.459 | 9.910 | 61,94 |
| 5 | .8596 | 5.373 | 10.770 | 67,31 |
| 6 | .7861 | 4.913 | 11.556 | 72,22 |
| 7 | .6855 | 4.284 | 12.241 | 76,51 |
| 8 | .6447 | 4.029 | 12.886 | 80,54 |
| 9 | .5683 | 3.552 | 13.454 | 84,09 |
| 10 | .5260 | 3.287 | 13.980 | 87,38 |
| 11 | .4234 | 2.646 | 14.404 | 90,02 |
| 12 | .4010 | 2.506 | 14.805 | 92,53 |
| 13 | .3615 | 2.260 | 15.166 | 94,79 |
| 14 | .3135 | 1.959 | 15.480 | 96,75 |
| 15 | .2723 | 1.702 | 15.752 | 98,45 |
| 16 | .2480 | 1.550 | 16.000 | 100,00 |

Матрицата на заситувањата на варијаблите со четирите екстрахирани фактори чии eigen-вредности се поголеми од 1,00 е прикажана во Табелата 30. Во последната колона од матрицата се поместени комуналитетите на варијаблите, односно пропорциите на

Табела 30. Матрица на факторските заситувања на варијаблите

| Варијабли | Фактор 1 | Фактор 2 | Фактор 3 | Фактор 4 | Комуна-литет |
|---|---|---|---|---|---|
| Е-ЗТГ | -.65663 | -.09218 | .03183 | -.03828 | .44224 |
| Е-ЕФ | -.34032 | -.01704 | .58192 | .11007 | .46685 |
| Е-ЕГ | -.70769 | -.15605 | .19353 | .28521 | .64397 |
| Е-ЛВ | -.05418 | -.66126 | .42468 | -.27870 | .69821 |
| ПО | -.60791 | .02431 | -.54636 | .09136 | .67701 |
| ГД | -.81070 | .07333 | .09781 | .21464 | .71825 |
| МР-ОД | -.74662 | -.36552 | -.07765 | .04008 | .69868 |
| МР-ЗГ | -.59898 | -.35020 | -.09449 | -.01708 | .49066 |
| ПРО | .44107 | -.62449 | -.19173 | -.07539 | .62697 |
| АМ | -.05106 | .71711 | .19126 | -.00674 | .55348 |
| КО | -.08045 | -.72101 | -.34848 | -.11827 | .66176 |
| ДЛ | -.36666 | .49818 | -.04899 | -.57114 | .71123 |
| ЛК | .19653 | -.81805 | -.02913 | .17235 | .73838 |
| ВПС | -.47776 | .00159 | -.27132 | -.65306 | .72835 |
| СЦ | -.03797 | -.37604 | .64670 | -.36454 | .69396 |
| ПР. ОД. | -.56717 | .06532 | .06968 | .17177 | .36032 |

заедничката варијанса на секоја варијабла со другите варијабли, добиени со собирање на сите квадрирани заситувања на секоја варијабла.

За да се подобри интерпретабилноста на матрицата на факторските заситувања таа е трансформирана во матрица на едноставна факторска структура. Трансформацијата, или поточно речено ротацијата на факторите е извршена со Varimax методот. Ротирањето со овој метод е ортогонално и има за цел да овозможи колку што е можно појасен склоп на заситувањата. Односно со него се постигнува редуцирање на бројот на варијаблите што се заситени од секој фактор и се оптимализира неговата посебност во однос на другите изолирани фактори. Ротираната факторска матрица е прикажана во Табелата 31.

Табела 31. Ортогонално ротирана факторска матрица (Varimax)

| Варијабли | Фактор 1 | Фактор 2 | Фактор 3 | Фактор 4 |
|---|---|---|---|---|
| Е-ЗТГ | .618745* | -.004672 | .076810 | .231010 |
| Е-ЕФ | .390833 | -.238313 | .476473* | -.174010 |
| Е-ЕГ | .786926* | -.019380 | .123102 | -.095850 |
| Е-ЛВ | .093197 | .459743 | .689464* | .052984 |
| ПО | .559950* | .098143 | -.513252* | .300668 |
| ГД | .819717* | -.207390 | -.010008 | .056549 |
| МР-ОД | .763260* | .274321 | .043952 | .197301 |
| МР-ЗГ | .603945* | .285743 | .043654 | .205728 |
| ПРО | -.350351 | .702008* | .062572 | -.086634 |
| АМ | -.054537 | -.737861* | -.066900 | .039846 |
| КО | .129714 | .785788* | -.023126 | .164124 |
| ДЛ | .084755 | -.470904* | .000884 | .694470* |
| ЛК | -.004412 | .785622* | .181112 | -.297264 |
| ВПС | .227131 | .057202 | .000966 | .820664* |
| СЦ | .020416 | .120497 | .819877* | .082645 |
| ПР. ОД. | .578084* | -.159120 | -.018301 | .021697 |

Ако се направи споредба меѓу ротираната и неротираната факторска матрица лесно може да се забележи дека со ротацијата се изменети вредностите и насоката на факторските заситувања и е намален бројот на варијаблите заситени со повеќе од еден фактор.

Пред да се разгледаат издвоените фактори треба да се појасни дека при обликувањето на четирифакторското Varimax ротациско решение, како значајни се сметани факторските заситувања поголеми од 0,47 (вредностите на значајните заситувања во матрицата се означени со ѕвездичка).

Општо земено, факторската слика е интерпретабилна бидејќи изолираните фактори се релативно еднозначни, само две варијабли (ПО и ДЛ) се појавуваат на два фактора (ПО на првиот и третиот, а ДЛ на вториот и четвртиот фактор). Првиот издвоен фактор учествува во вкупната варијанса со 22.70% и на него се проектирани седум варијабли, чие факторско заситување се движи од 0,82 до 0,56. Забележливо е дека

| *Варијабли* | *факторски заситувања* |
|---|---|
| ГД (грижа за другите) | 0,82 |
| Е-ЕГ (емпатија - емпатиска грижа) | 0,79 |
| МР-ОД (морално расудување - ориентираност кон други) | 0,76 |
| Е-ЗТГ (емпатија - заземање туѓо гледиште) | 0,62 |
| МР-ЗГ (морално расудување - заемна грижа) | 0,60 |
| ПР. ОД. (просоцијално однесување) | 0,58 |
| ПО (потреба за одобрување) | 0,56 |

овој фактор ги вклучува оние варијабли за кои обично се претпоставува дека ја определуваат природата на диспозициската заснованост на повеќе видови просоцијални однесувања. Варијаблите во основа ја имплицираат ориентираноста кон другите манифестирана преку емпатиското реагирање, моралното расудување и преземањето акции во прилог на другите. Согласно на тоа, за овој фактор може да се каже дека ги обединува критичните когнитивни, афективни и акциони компоненти на

просоцијалноста, чиј заеднички именител претставува грижата за проблемите и потребите на другите и подготвеноста за подобрување на нивната благосостојба. Токму затоа, факторот се именува како **грижа за благосостојбата на другите** и според природата на неговата обликуваност многу веројатно е дека тој претставува диспозициското јадро на повеќето просоцијални однесувања што се испитувани во ова истражување. Единствената варијабла од овој фактор што се појавува и на друг фактор претставува потребата за одобрување, и за неа може да се каже дека само делумно припаѓа на првата изолирана факторска структура. Поделеноста на оваа варијабла во две факторски структури по се изгледа рефлектира две различни тенденции поврзани со актуелизацијата на потребата за одобрување од другите кои ќе бидат претставени при изложувањето на третиот фактор.

Вториот фактор објаснува 18,84% од вкупната варијанса и на него се наоѓаат пет варијабли со факторски заситувања од 0,79 до 0,47.

| *Варијабли* | *факторски заситувања* |
|---|---|
| КО (конформизам) | 0,79 |
| ЛК (локус на контролата) | 0,79 |
| АМ (амбициозност) | -0,74 |
| ПРО (припишување одговорност) | 0,70 |
| ДЛ (доверба во луѓето) | -0,47 |

Високата позитивна заситеност на овој фактор со конформирањето, екстерниот локус на контролата, негирањето на личната одговорност за последиците од сопствените постапки во социјалните односи и високата негативна заситеност со амбициозноста, може да се третираат како различни аспекти на една поширока диспозициска подготвеност - тенденција на лоцирање на одговорноста надвор од себе, односно на придавање поголема значајност на надворешните отколку на внатрешните фактори во обликувањето и толкувањето на исходите на сопствените постапки. Затоа, се чини оправдано овој фактор да се

именува како **верување во екстерен локус на контролата**. На овој фактор исто така се наоѓа и варијаблата доверба во луѓето, но со далеку послабо (негативно) заситување. Имајќи предвид дека оваа варијабла е лоцирана и на четвртата факторска структура, со повисок степен на заситеност, изгледа дека таа има само посредна улога во профилирањето на овој фактор.

На третиот фактор, кој објаснува 10,66% од вкупната варијанса, се наоѓаат четири варијабли со факторски заситувања од 0,82 до 0,48.

| *Варијабли* | *факторски заситувања* |
|---|---|
| СЦ (себеценење) | 0,82 |
| Е-ЛВ (емпатија - лична вознемиреност) | 0,69 |
| ПО (потреба за одобрување) | -0,51 |
| Е-ЕФ (емпатија - емпатиска фантазија) | 0,48 |

Очигледно, овој фактор го определува високата позитивна заситеност на варијаблата себеценење, а оваа варијабла, да се потсетиме, е мерена со скала на која високите скорови не се показател на поголемо туку на помало себеценење. Според тоа, заситеноста на овој фактор со себеценењето всушност значи заситеност со помало себеценење. Овој фактор исто така го дефинираат и две од четирите испитувани тенденции на емпатиското реагирање: тенденцијата на доживување на лична вознемиреност како реакција на неволјите на другите и на напнатите интерперсонални односи и тенденцијата на замислено внесување во чувствата и активностите на имагинарни ликови. Лоцираноста на овие две варијабли во оваа факторска структура, од една страна, упатува на можноста тие да се тесно поврзани со негативните себеоценки за успешноста во социјалните интеракции, а од друга страна, пак, укажува дека овие емпатиски реакции, за разлика од заземањето туѓо гледиште и емпатиската грижа може да имаат сосема мал придонес во диспозициската детерминираност на просоцијалните однесувања. На третиот фактор е проектирана и потребата за одобрување (негативно

заситување), која, како што е веќе утврдено, делумно припаѓа и на првиот изолиран фактор. Поделеноста на оваа варијабла во две факторски структури, кои всушност не се меѓусебно поврзани, веројатно се должи на детекцијата на две различни тенденции во однос на потенцијалните евалуации од страна на другите. Првата тенденција подразбира „отвореност“ кон другите и подготвеност за практикување на социјално пожелни однесувања за кои би се добила и соодветна социјална поткрепа. Оваа тенденцијата по се изгледа е проектирана на првиот фактор. Втората тенденција, пак, подразбира „затвореност“ кон другите и подготвеност за избегнување на потенцијалните негативни евалуации заради заштита на ранливото себепочитување, и таа веројатно е лоцирана на третиот фактор. Бидејќи основен белег на овој фактор претставува помалото себеценење, најсоодветно би било тој да се означи како **негативна себеоценка**.

Четвртиот фактор објаснува 9,74% од вкупната варијанса и него го дефинираат две варијабли. Иако проектираноста само на две варијабли

| *Варијабли* | *факторски заситувања* |
|---|---|
| ВПС (верување во праведноста на светот) | 0,82 |
| ДЛ (доверба во луѓето) | 0,69 |

на еден фактор обично дава мали можности за негово соодветно толкување, во овој случај станува збор за комплементарни варијабли кои се однесуваат на општите верувања за природата на луѓето и праведноста на светот во кој живееме. Имајќи ја предвид општоста и позитивната заситеност на двете варијабли, овој фактор би можел да се нарече **верба во луѓето**.

## ДИСКУСИЈА

При разгледувањето и толкувањето на резултатите ќе се држиме до групираноста и редоследот на поставените прашања и хипотези, така што прво ќе бидат дискутирани резултатите во врска со проверките на А-хипотезите, кои се однесуваат на основниот проблем на истражувањето и на прашањата преку кои е тој конкретизиран, а потоа резултатите од проверките на Б-хипотезите кои, пак, се поврзани со дополнителните прашања поставени во истражувањето.

### Поврзаноста меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување

Испитувањето на диспозициската основа на просоцијалното однесување во ова истражување се карактеризира со две општи особености. Прво, тоа се надоврзува на досегашните истражувачки концепти и емпириски сознанија за личносните одредници на просоцијалноста, во поглед на изборот на релевантните варијабли и видот на испитуавните однесувања. На изборот на варијаблите му претходеше проучување на сета достапна литература од оваа област со цел да се детектираат оние особини на личноста за кои истражувачите верувале дека се најрелевантни за овој вид однесување и, се разбира, за кои постои соодветна емпириска потврда дека значајно ја определуваат нивната манифестираност. Според тоа, изборот на испитуваните особини на личноста не е случаен. Исклучок претставуваат само осбините амбициозност и конформизам, чие вклучување во групата релевантни особини е повеќе интуитивно отколку систематично.

Втората општа особеност на истражувањето е примената на пристапот на докажани „алтруисти“, кој подразбира испитувањето на диспозициската основа на просоцијалноста да се врши на лица за кои

постојат непосредни или посредни докази дека еднаш или повеќе пати во нивното секојдневие самостојно и доброволно практикувале активности кои биле насочени кон подобрување на благосостојбата на другите. Се разбира, според она што е изложено во последниот дел од теоретската рамка на истражувањето, овој пристап не е едиствениот што се применува во потрагата по личносните корелати на просоцијалноста. Одлуката за да се врши испитувањето на лица кои манифестирале едно или повеќе просоцијални однесувања во реални животни околности, произлезе од потребата да се опфатат колку што е можно порепрезентативни и понефрагметирани бихевиорални примероци. Примената на овој пристап претпоставува не само идентификување и испитување на лица кои се однесувале просоцијално, туку исто така и пронаоѓање и испитување на лица кои имале непосредни или посредни можности истото тоа да го направат, но кои сепак не постапиле на таков начин. Токму поради тоа со истражувањето покрај лицата кои практикувале одреден вид просоцијално однесување – крводарителство, интервенирање во итни или опасни ситуации, дарување материјални и/или парични средства во добротворни цели и/или волонтирање во хуманитарни организации – се опфатени и лица кои до моментот на испитувањето не манифестирале ниедно од овие однесувања.

Кога станува збор, пак, за видот на испитуваните просоцијални однесувања треба да се нагласи дека и нивниот избор, исто како и изборот на личносните варијабли, беше определен од неколку однапред поставени барања: прво, со истражувањето да се опфатат како спонтани така и неспонтани просоцијални однесувања; второ, да се опфатат однесувања чија диспозициска основа е веќе проучувана во други студии; и трето, однесувањата да се ослободени колку што е можно повеќе од лимитирачките влијанија на ситуациските фактори, во смисла сите потенцијални испитаници да имаат релативно еднакви можности за нивно манифестирање. Од трите барања особено важно беше задоволувањето на третото, затоа што постои општа убеденост дека ако е некое однесување помалку зависно од овој вид ситуациски или социјални ограничувања, тогаш

е поголема веројатноста тоа да биде израз на слободната волја и доброволноста, а со тоа, се разбира, и израз на одделни диспозициски тенденции. Од друга страна, со задоволувањето на ова барање во извесна смисла се олеснува и постапката на пронаоѓање и споредбата меѓу лицата кои манифестирале и лицата кои не манифестирале одредено однесување. За трите од четирите избрани просоцијални однесувања може да се каже дека во принцип го задоволуваат третото барање. Крводарителството, дарувањето материјални и/или парични средства во добротворни цели и волонтирањето во хуманитарни организации не само што се активности кои се позитивно вреднувани во нашето општество, туку повеќето од луѓето на нив се индиректно или директно поттикнувани во повеќе наврати и во различни околности. Според тоа, повеќето од нас имаат релативно еднакви можности за нивно практикување и секој оној којшто сака нив да ги практикува, тоа може и да го стори. За разлика од овие активности, можноста за интервенирање во итни или опасни ситуации е сепак ограничена и е повеќе врзана за конкретни настани, со кои обично се соочуваат помал број луѓе. Затоа, за да се надмине разликата во можноста на манифестирањето меѓу интервенирањето во итни или опасни ситуации и другите три вида просоцијални однесувања, а со тоа и да се обезбеди поголема споредливост меѓу нив, со испитувањето беа опфатени не само лица кои го манифестирале ова однесување туку и лица кои имале можност така да се однесуваат, т.е. лица кои се нашле во такви ситуации, но сепак не се впуштиле во помагање на оние кои биле во сериозна неволја.

Истовременото испитување на повеќе видови просоцијални однесувања манифестирани во реални животни околности, избрани согласно со горенспомнатите барања, може да се смета за специфичност на ова истражување. Освен тоа, негова специфичност претставува и тоа што диспозициската основа на просоцијалноста е испитувана на две нивоа, на ниво на едно и на ниво на повеќе манифестирани однесувања. И конечно, за истражувањето е карактеристично и тоа што компаративната анализа на диспозициската основа на четирите просоцијални однесувања е заснована на примена на идентичен инструментариум. Со вака концепираното истражување се имаше за цел не само да се изврши проверка на постојните наоди за

поврзаноста меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување, туку, што е уште позначајно, да се проникне во структурата на таквата поврзаност и да се утврди дали може поврзаноста да варира во зависност од видот на просоцијалното однесување.

Имајќи предвид дека во повеќето претходни истражувања се пронајдени значајни поврзаности меѓу особините на личноста и различни просоцијални однесувања, а исто така дека повеќето од испитуваните особини во ова истражување веќе се покажале како добри предиктори на просоцијалноста, оправдано е да се очекува дека *лицата кои се однесуваат просоцијално во реални животни околности (т.е. крводарителите, спасителите, дарителите и волонтерите) да поседуваат особини што ги прават различни од лицата кои не се однесуваат на таков начин (т.е. кои никогаш не дарувале крв, не интервенирале во итна или опасна ситуација, не дарувале материјални и/или парични средства во добротворни цели и не волонтирале во некоја хуманитарна организација).* Според резултатите на истражувањето, оправданоста на ова очекување, формулирано како основна или А-1 хипотеза, е целосно потврдено. Споредбите меѓу испитаниците кои се однесувале просоцијално (просоцијална група) и испитаниците кои не се однесувале просоцијално (контролна група) покажуваат дека меѓу нив постојат разлики во истакнатоста на повеќето од испитуваните особини. При првата споредба (кога просоцијалната група е составена само од испитаници кои манифестирале едно од четирите просоцијални однесувања) се појавуваат разлики во рангирањето на три инструментални вредности и во однос на други девет особини. Во случајот, пак, на втората споредба (кога во просоцијалната група се вклучуваат и испитаниците кои ги манифестирале повеќето од испитуваните просоцијални однесувања) разликите меѓу двете споредувани групи стануваат уште поизразени. Имено, при оваа споредба, покрај разликите во преферираноста на трите инструментални вредности и деветте особини, се појавуваат разлики и во преферираноста на уште две терминални вредности и две други особини.

Евидентираните разлики во истакнатоста на особините меѓу испитаниците од просоцијалната и контролната група речиси целосно соодветствуваат на очекувањата содржани во А-1-а потхипотезата. Да се пот-

сетиме, со оваа потхипотеза се прецизирани особините кои во различен степен би требало да ги поседуваат испитаниците од двете групи, а исто така и насоката на нивната диференцираност. Поточно, според А-1-а потхипотезата *испитаниците кои се однесувале просоцијално, во споредба со испитаниците кои не се однесувале просоцијално, би требало: да се поемпатични (т.е. да бидат повеќе склони кон заземање туѓо гледиште, емпатиска грижа и емпатиска фантазија); да имаат поизразена потреба за одобрување од другите; да покажуваат поголема грижа за проблемите и потребите на другите; да водат повеќе сметка како за интересите на другите, така и за интересите на сите инволвирани страни при донесувањето на моралните одлуки; да ја негираат помалку личната одговорност за интерперсоналните последици од сопствените постапки; да имаат поголема доверба во луѓето; да бидат помалку екстерно ориентирани; повеќе да веруваат во праведноста на светот; и да покажуваат тенденција на различно преферирање на одделни вредности.* Како што е веќе во неколку наврати посочено сите овие претпоставени разлики во истакнатоста на особините меѓу испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално, се тесно поврзани со теоретските и емпириските сознанија за можните диспозициски одредници на просоцијалното однесување. Тие, генерално, ја имплицираат идејата дека диспозициската основа на просоцијалното однесување веројатно треба да се бара во „ориентираноста кон другите", како една повеќеаспектна личносна димензија која ја вклучува грижата за благосостојбата и водењето сметка за проблемите и потребите на другите, подготвеноста за поизразено емпатиско реагирање на неволјите на другите, подготвеноста за прифаќање на личната одговорност во социјалните односи и имањето позитивен однос кон луѓето воопшто.

Резултатите од споредбите меѓу испитаниците од просоцијалната и контролната група целосно ја потврдуваат А-1-а потхипотезата во случајот кога во просоцијалната група се вклучени сите испитаници кои се однесувале просоцијално (втора споредба). Сите претпоставени разлики во истакнатоста на посочените особини се појавени и тоа во насоки идентични на очекувањата содржани во потхипотезата. Со оглед на тоа што со

потхипотезата не се специфицирани само вредностите по однос на кои се претпоставува дека ќе се јават разлики во нивната преферираност, овде треба да се прецизира дека при втората споредба се евидентирани разлики во преферираноста на следните вредности: мир во светот, задоволство (терминални вредности), помагање, великодушност и чисто (инструментални вредности). Вредностите мир во светот, помагање и великодушност се повеќе преферирани, а вредностите задоволство и чисто се помалку преферирани од страна на испитаниците кои се однесувале просоцијално.

За разлика од втората споредба, резултатите добиени при првата споредба делумно отстапуваат од она што е содржано во А-1-а потхипотезата. Резултатите покажуваат дека се потврдени сите претпоставени разлики во истакнатоста на посочените особини, освен во случајот на особините: потреба за одобрување и локус на контролата. Во однос на овие особини не постојат разлики меѓу испитаниците кои манифестирале само по едно од четирите просоцијални однесувања и испитаниците кои не манифестирале ниедно од нив. Тенденцијата на редуцирање на разликите е изразена и при рангирањата на вредностите. Разликите се појавуваат само во поглед на трите гореспомнати инструментални вредности, додека при рангирањето на терминалните вредности, не постои ниедна значајна разлика меѓу испитаниците.

Врз основа на резултатите од проверките на првата А-хипотеза и потхипотеза би можеле да се изведат три општи заклучоци:

*прво,* според утврдените разлики во истакнатоста на особините, за испитаниците крводарители, спасители, дарители и/или волонтери (земени заедно) се карактеристични повеќе особини по кои тие се разликуваат од испитаниците кои никогаш не дарувале крв, не интервенирале во итна или опасна ситуација, не дарувале материјални и/или парични средства во добротворни цели и не волонтирале во некоја хуманитарна организација;

*второ,* кога ќе се приклучат кон испитаниците кои манифестирале само едно просоцијално однесување и испитаниците кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања, постои тенденција на зголемување на бројот на особините по кои тие се диференцираат од испитаниците кои ниту еднаш не ги манифестирале тие однесувања; и

*трето,* имајќи предвид дека особините по однос на кои се диференцираат испитаниците кои се однесувале просоцијално, од испитаниците кои не се однесувале просоцијално, биле поврзани и со манифестираноста на различни видови просоцијални однесувања, во други спроведени истражувања, се чини дека тие особини (или, пак, дел од нив) би можеле да претставуваат диспозициска основа на повеќе видови просоцијални однесувања.

Со идентификацијата на особините што ги диференцираат лицата кои се однесуваат просоцијално од лицата кои не се однесуваат просоцијално, независно од природата на манифестираните однесувања, секако дека се добиваат вредни сознанија за диспозициската основа на просоцијалноста, но прашање е дали сите идентификувани особини се подеднакво релевантни за различни видови просоцијални однесувања. Ако се задржиме само на ова ниво на анализа, можно е да се стекне впечаток дека имплицитно се дава потврден одговор на прашањето, т.е. дека се прифаќа можноста сите идентификувани особини да имаат значаен придонес во определувањето на однесувањето во различни просоцијални контексти. Од друга страна, тоа би можело да значи и дека малку се верува во можноста, значајноста на одделни особини да биде определена од самата природа на просоцијалните контексти. Меѓутоа, според одредени теоретски согледувања и емпириски наоди, прашање е, колку се оправдани ваквите импликации. Krebs & Miller (1985), на пример, разгледувајќи го проблемот на доследноста во просоцијалното однесување заклучуваат дека е многу поверојатно таа повеќе да доаѓа до израз во слични отколку во разнообразни просоцијални контексти. Според резултатите, пак, на истражувањето на Gergen и сор. (1972), поврзаностите што биле идентификувани меѓу десет испитувани особини и подготвеноста за пет вида помагања не биле само диспозициски, туку и ситуациски определени. Подготвеноста на испитаниците за манифестирање на петте вида помагања претставувала исход на интеракцијата на одредени нивни особини со одредени видови просоцијални ситуации. Исто така, во истражувањето на

Staub (1974), меѓу другото, било откриено дека личноста и околностите здружено влијаеле на просоцијалните постапки, т.е. и покрај тоа што просоцијалните испитаници повеќе помагале, врските биле под влијание на самата ситуација, природата на личносните карактеристики и природата на бараната помош.

Ваквите согледувања и наоди ја наложуваат потребата од дополнителна анализа на прибраните податоци, која би се однесувала на поврзаноста меѓу особините на личноста и секое од четирите единечно манифестирани просоцијални однесувања. Поточно речено, со анализата треба да се даде одговор на прашањата дали постојат особини што се поврзани само со одделни и дали постојат особини што се поврзани со повеќето испитувани однесувања. Во прилог на оправданоста на овие прашања треба да се посочи и фактот дека крводарителството, интервенирањето, дарувањето и волонтирањето, се однесувања кои меѓусебно се разликуваат не само по својата содржина, туку и по други значајни карактеристики (на пример, по спонтаноста, непосредноста на контактот со лицата на кои им се помага, вложениот напор, ризичноста, себежртвувањето, фреквентноста и времетраењето), така што е можно тие и навистина да претпоставуваат различна диспозициска предиспонираност. Согласно со тоа, во врска со гореспомнатите прашања се постави хипотезата дека *поврзаноста меѓу одделни особини на личноста и просоцијалното однесување ќе варира во зависност од неговата природа. Некои особини на личноста ќе бидат поврзани само со еден вид просоцијално однесување, додека други особини на личноста ќе бидат поврзани со повеќе просоцијални однесувања* (А-2 хипотеза).

Резултатите од споредбите меѓу просоцијалните подгрупи и контролните подгрупи во поглед на истакнатоста на особините на личноста (кои се сумарно изложени во Табелата 27) ги потврдуваат очекувањата содржани во А-2 хипотезата. Пројавените разлики во истакнатоста на особините меѓу испитаниците кои манифестирале одредено просоцијално однесување и испитаниците со кои се споредувани варираат во зависност од видот на однесувањето. Некои особини доаѓаат до израз само во случајот на едно од четирите

однесувања, додека други се поврзани со манифестираноста на две или три однесувања. На пример, разликите во истакнатоста на емпатиската фантазија и довербата во луѓето се појавуваат само во поглед на интервенирањето, додека разликите во истакнатоста на личната вознемиреност, потребата за одобрување и заемната грижа при моралното расудување доаѓаат до израз само во врска со волонтирањето. Од друга страна, истакнатоста на заземањето туѓо гледиште, грижата за другите и ориентираноста кон другите при моралното одлучување е карактеристична за манифестираноста на три однесувања, за интервенирањето, дарувањето и волонтирањето, односно за крводарувањето, интервенирањето и волонтирањето.

Кога станува збор, пак, за бројноста на особините што според степенот на својата истакнатост се врзуваат за манифестираноста на одреден вид просоцијално однесување, може да се констатира дека крводарувањето и дарувањето се релативно малку диспозициски засновани, додека интервенирањето и волонтирањето се поврзани со истакнатоста на повеќе особини.

Единствените разлики во истакнатоста на особините меѓу **крводарителите** и „непросоцијалните" испитаници со кои се споредувани, се појавуваат во поглед на „ориентираноста кон другите при моралното одлучување", „верувањето во праведноста на светот" и преферираноста на инструментална вредност „чисто". Или, попрецизно кажано, во овој контекст на испитувани особини, за крводарителите се карактеристични тенденциите на давање приоритет на потребите и интересите на другите за сметка на сопствените при донесувањето на моралните одлуки, на поголема верба во праведноста на светот и на помала преферираност на вредноста „чисто".

Идентификацијата само на три карактеристични особини на крводарителите, на прв поглед повеќе збунува отколку што разјаснува, бидејќи едно од диференцијалните обележја на крводарувањето во однос на трите други просоцијални однесувања претставува неговата многукратна манифестираност (да се потсетиме, со истражувањето се

опфатени лица кои дарувале крв најмалку 20 пати). Ако е крводарувањето најдоследното манифестирано просоцијално однесување што е опфатено со ова истражување, тогаш нужно се поставува прашањето дали доследноста може да се должи само на истакнатоста на трите идентификувани диспозициски тенденции, или пак постојат и други особини кои неа ја определуваат, а кои во свој случај не се испитувани. Се разбира, таквата можност останува отворена, затоа што целта на ова истражување не е да овозможи што посеопфатно идентификување на сите карактеристични особини на крводарителите, туку да покаже дека кога се настојува да се идентификува диспозициската основа на одредено просоцијално однесување е неопходно да се води сметка и за неговата природа, што подразбира негово поимско специфицирање и диференцирање од другите видови просоцијални однесувања. Ако се суди, на пример, според наодите во некои други истражувања, соопштени во последниот дел од теоретската рамка на истражувањето, веројатно би можеле да постојат и други личносни одредници на крводарувањето. Меѓутоа, овде се чини неопходно, исто така, да се спомене дека прашањето за доследноста во манифестирањето токму на овој вид просоцијално однесување, не се врзува секогаш за истакнатоста на одредени особини на личноста. Некои автори се на мислење дека доследноста или повеќекратна манифестираност на крводарувањето е далеку позначајно определена од други фактори. На пример, Piliavin & Callero (1991), потпирајќи се на резултатите од нивното долгогодишно проучување на причините за некрводарувањето, еднократното и повеќекратното крводарување, дошле до заклучок дека доследноста во крводарувањето може да се должи на повеќе социопсихолошки фактори, меѓу кои, како најзначајна се издвојува појавата и развојот на улогата на крводарител, која со текот на времето станува дел од идентитетот на секој оној што повеќепати се одлучил да ја дарува својата крв. Обврзаноста кон улогата на крводарител, доведува до развивање на стабилни намери за дарување на крвта, кои во голема мерка го определуваат натамошното и континуираното крводарување. Според тоа,

со ваквото објаснување, кое всушност се заснова на поставките на теоријата на улогите, се намалува или негира значајноста на диспозициските варијабли во определувањето на крводарувањето. Тенденцијата на минимизирање на значењето на овој вид варијабли за крводарувањето, се огледа и во фактот што и во рамките на истражувањата што ги спровеле Piliavin & Callero воопшто не се проучувани нивните ефекти. Инаку, кога станува збор за идентификувањето и анализата на причините за некрводарувањето и за првичното крводарување, овие автори, слично како и повеќето други автори кои се занимаваат со проучувањето на природата на крводарувањето, главно се потпираат на единечни искази или на одговори на директни прашања што ги даваат испитуваните лица. Според постојните наоди, најчесто наведувани причини за некрводарувањето се стравот од игла, крв или боцкање, здравствените проблеми и разни рационализации поврзани со нив. Причините, пак, за првичното крводарување се лоцираат обично во надворешните фактори, како што е изложеноста на одреден социјален притисок, непосредното соочување со барањето да се дарува крв за одредено лице, крводарителската традиција во семејството и сл.[15]

Исто како и во случајот со крводарителите, резултатите од споредбите меѓу **дарителите** на материјални и/или парични средства во добротворни цели и испитаниците од контролната подгрупа покажуваат дека меѓу нив постојат разлики во истакнатоста на мал број диспозициски тенденции. Разликите се појавуваат во однос на тенденциите на заземање туѓо гледиште, емпатиска грижа и грижа за другите, при што

[15] Сличен пристап е применет и во едно од ретките истражувања на оваа тема во нашата средина, спроведено од Едровска (1992) за потребите на Републичкиот завод за трансфузиологија. Едровска го испитувала односот кон крводарителството кај 118 крводарители и 76 некрводарители со два засебни прашалника, и по анализата на добиените податоци изготвила и нивни профили. Според нејзините наоди, типичниот крводарител се карактеризира со добра информираност за значењето на крвта за животот на човекот и за крводарителството воопшто, потекнува од семејство со крводарителска традиција, почнува да дарува крв уште во средно училиште, главно е повеќекратен крводарител и дарува крв без оглед за кого е таа наменета. Наспроти него, некрводарителот е недоволно информиран за крводарителството, не дарува крв поради здравствени проблеми или страв и не потекнува од семејство со крводарителска традиција.

сите три тенденции се значајно поистакнати кај дарителите. Според тоа, врз основа на видот и бројноста на карактеристиките што ги диференцираат дарителите од „непросоцијалните“ испитаници, може да се констатира дека диспозициската основа на овој вид однесување ја сочинуваат мал број личносни варијабли, но варијабли кои се меѓусебно значајно поврзани, чие главно исходиште претставува сензитивноста и грижата за проблемите и потребите на луѓето кои се нашле во неволја.

При разгледувањето и толкувањето на бројноста и видот на особините што ги диференцираат дарителите од испитаниците со кои се споредувани, не треба да се изуми фактот дека во ова истражување е испитувана само една форма на дарување материјални и/или парични средства во добротворни цели. Со истражувањето е опфатено само дарувањето што се врши во рамките на собирните акции на Црвениот крст, а не и дарувањата што се манифестираат во други околности и по други поводи. За овој вид дарување е карактеристично непостоењето на личен контакт меѓу дарителите и лицата кои ја примаат помошта, минимално влијание на непосредните околности при донесувањето на одлуката за дарување и планирање и преземање повеќе активности при реализирањето на донесената одлука. Интересно е да се спомне дека иако дарителите не се случајно избрани, сепак е забележливо тоа што повеќето од нив (т.е. 25 од вкупно 33) се од женски пол, што на одреден начин соодветствува со здраворазумските согледувања дека оваа форма на дарување во нашата средина е повеќе карактеристична за жените отколку за мажите. Освен тоа, иако е за очекување лицата кои обично даруваат материјални средства и/или пари во добротворни цели да бидат мотивирани и од желбата за добивање признание и пофалба од другите, во овој случај дарителите не се разликуваат од „непросоцијалните“ испитаници во поглед на истакнатоста на потребата за одобрување. Непројавувањето разлики во истакнатоста на оваа диспозициска тенденција би можело да се протолкува како нејзина нерелевантност за оваа форма на дарување која веројатно е поврзана со „анонимната“ природа на дарувањето. Според тоа, евидентираните особини на

дарителите по се изгледа не би требало да се сметаат за диспозициска основа на дарителството воопшто, туку пред сѐ како личносна определеност само на оваа форма на дарување.

За разлика од крводарителите и дарителите на материјални и/или парични средства, за спасителите и волонтерите се карактеристични поголем број особини што ги диференцираат од испитаниците со кои се споредувани. Резултатите од споредбите меѓу **спасителите** и испитаниците кои не се однесувале просоцијално во поглед на истакнатоста на испитуваните особини покажуваат дека спасителите имаат различни постигнувања на осум личносни мерки: заземање туѓо гледиште, емпатиска фантазија, грижа за другите, морално расудување - ориентираност кон други, припишување одговорност, доверба во луѓето, локус на контрола и верување во праведноста на светот. Според насоката на пројавените разлики, спасителите се повеќе склони кон спонтано прифаќање на психолошката гледна точка на другите и кон замислено пренесување во фиктивни ситуации. Тие се повеќе загрижени за проблемите и потребите на другите и кога се во дилема чии интереси да ги стават во преден план, повеќе се одлучуваат за интересите на другите отколку за сопствените. Исто така, тие имаат и поголема доверба во луѓето, помалку се склони да ја негираат личната одговорност за интерперсоналните последици од сопствените постапки, помалку се екстерно ориентирани и повеќе веруваат во праведноста на светот.

Ако во случајот на крводарителите, „изненадување“ беше тоа што беа утврдени мал број особини по кои тие се разликуваат од „непросоцијалните“ испитаници, бидејќи станува збор за лица кои многу доследно го практикувале крводарувањето, во случајот, пак, на спасителите, како „изненадување“ може да се смета тоа што се утврдени повеќе особини по однос на кои тие се разликуваат од лицата со кои се споредувани, затоа што постои убеденост дека интервенирањето во итни или опасни ситуации е повеќе ситуациски отколку диспозициски условено. Да се потсетиме, Latané & Darley и Pilliavin и сор., авторите на двата модела кои се однесуваат на (не)интервенирањето во итни или опасни

ситуации, при специфицирањето на клучните фактори што го определуваат овој вид просоцијално однесување, малку значење им придаваат на ефектите на диспозициските тенденции. Ова особено се однесува на Latané & Darley. додека Pilliavin и сор., и покрај маргинализацијата на ефектите на личносните карактеристики, сепак ја прифаќаат можноста во одделни околности тие да имаат одредено влијание, но само во содејство со други психолошки и ситуациски фактори. Поточно, Pilliavin и сор. сметаат дека личносните карактеристики би можеле да дојдат до израз во случаите кога очевидците заклучуваат дека помагањето или непомагањето вклучува ниска цена и кога самата ситуација има мала „побудувачка моќ“. Со зголемувањето на итноста или опасноста на ситуацијата, и со зголемувањето на потенцијалните трошоци поврзани со непомагањето на лицето во неволја, се намалува значајноста и придонесот на личносните карактеристики во детерминирањето на просоцијалната реакција на очевидецот. Значи, според Pilliavin и сор. личносните карактеристики поврзани со анализата на трошоците и добивките би можеле да бидат добри предиктори на просоцијалните реакции само во случаите кога станува збор за не многу итни или опасни ситуации. За жал, податоците со кои располагаме за самата природа на ситуациите (т.е. за степенот на нивната итност, „побудувачка моќ“, јасност и сл.) и за начинот и брзината на интервенирањето во нив не се толку прецизни и опсежни (ниту пак се добиени во експериментални услови) за да би можела да се провери точноста на ваквите претпоставки. Но, тоа и не е цел на ова истражување. Истражувањето не оди понатаму од идентификацијата и испитувањето на особините на лицата кои во нивното секојдневие се нашле во ситуација/ии кога на други, за нив непознати лица, им бил загрозен животот, и кои, или се впуштиле или не се впуштиле во помагање. Освен тоа, и самата споредба меѓу спасителите и неспасителите, заснована само на нивно изедначување во поглед на полот, возраста и образованието, има свои ограничувања, затоа што тие не биле инволвирани во идентични ситуации. Односно, нивното помагање

или непомагање било манифестирано во различни просоцијални контексти. Затоа, не може и со сигурност да се суди за тоа колкав е придонесот на разликите во истакнатоста на идентификуваните особини врз одлуката да се помогне или не во дадените ситуации и како всушност течел процесот на одлучувањето. Идентификуваните особини на спасителите, исто како и во случајот на крводарителите, дарителите и волонтерите, се третираат само како потенцијални диспозициски одредници на одделно просоцијално однесување, кои не значи дека се и единствени и дека секогаш или во повеќето случаи би можеле да имаат пресудно влијание при неговото манифестирање. Секој просоцијален чин е несомнено исход на интеракцијата на мноштво психолошки и ситуациски фактори, кои во даден момент може да имаат различен придонес во донесувањето на одлуката дали да се преземе или да не се преземе нешто во прилог на другите.

Меѓутоа, во овој контекст, сепак, се чини важно да се спомене дека повеќето од спасителите (25 од вкупно 34) не навеле само еден, туку навеле два, три, па дури и четири случаи на нивно помагање на непознати лица, што може да се протолкува и како постоење на одредена доследност во манифестирањето на овој вид однесување, која, пак, упатува на можноста идентификуваните диспозициски тенденции да имале позначаен придонес во процесот на просоцијалното одлучување. Во прилог на таквата можност говори и фактот што пројавената диференцираност меѓу спасителите и неспасителите во поглед на истакнатоста на одделни особини кореспондира со одредени наоди во други истражувања. На пример, Schwartz & Clausen (1970) и Schwartz & Ben David (1976) во две засебни студии откриле дека помагањето во ургентни ситуации било позитивно поврзано со тенденцијата на помало негирање на личната одговорност (мерена со истата скала применета во нашето истражување). Потоа, во веќе прикажаното истражување на Bierhoff и сор. (1991), во кое биле испитувани лица кои им помогнале на унесреќени во сообраќајни несреќи (спасители) и лица кои иако биле очевидци на такви несреќи не се обиделе да им помогнат на унесреќените (неспасители),

било утврдено дека спасителите во споредба со неспасителите биле помалку екстерно, односно повеќе интерно ориентирани и повеќе верувале во праведноста на светот. Исто така, тие имале поизразено чувство на социјална одговорност и емпатиско ориентиран селф-концепт. До слични наоди дошле и Oliner & Oliner (1988), кои ги испитувале диференцијалните карактеристики на спасителите и неспасителите на Евреите за време на холокаустот. Имено, овие автори утврдиле дека спасителите имале поизразено чувство на одговорност во односите со другите луѓе и биле повеќе интерно ориентирани од неспасителите. Освен тоа, тие констатирале дека веројатноста за преземање одредени просоцијални акции била детерминирана од поврзаноста на емоционалната емпатија со чувството на лична одговорност за ублажување на болката на луѓето кои страдале. Според тоа, и во овие истражувања исто како и во нашето истражување е утврдено дека спасителите се разликувале од неспасителите во поглед на емпатиското реагирање, чувството на лична одговорност во социјалните односи и локусот на контролата. Меѓутоа, кога станува збор за сличностите во наодите за разликите во емпатиското реагирање, треба да се појасни дека поради различната операционализираност на емпатијата (т.е. користењето на различни мерки) прашање е колку се споредливи добиените наоди. Имено, иако „нашите“ спасители се разликуваат од неспасителите по однос на емпатиското реагирање, тие разлики доаѓаат до израз само во поглед на двете когнитивни компоненти на емпатијата - заземањето туѓо гледиште и емпатиската фантазија, но, не и во поглед на емпатиската грижа. А емпатиската грижа, заедно со емпатиската фантазија, се компонентите кои, според наодите на Davis (1983), најмногу корелираат со мерката на емпатијата („Скалата на емоционалната емпатија“ на Mehrabian & Epstain) што, на пример, е користена во истражувањето на Oliner & Oliner.

Во врска со пројавените разлики меѓу спасителите и неспасителите во поглед на истакнатоста на емпатиската фантазија (спасителите се повеќе склони кон замислено себевнесување во фиктивни ситуации) е

интересно да се спомне дека овој вид емпатиска тенденција заедно со довербата во луѓето (спасителите имаат поголема доверба во луѓето) се тенденциите кои се покажуваат релевантни само при споредбата на спасителите и неспасителите. Во ниедна друга споредба не постои диференцираност меѓу испитаниците во поглед на истакнатоста на емпатиската фантазија и довербата во луѓето. Добиениот наод дека спасителите се повеќе склони кон замислено себевнесување во фиктивни ситуации може да се смета како кореспондентен на тврдењето на Huston и сор. (1976) дека лицата кои повеќе помагаат во итни или опасни ситуации се помалку преокупирани со тоа што е реално, а што нереално.

Исто така, индикативен е и наодот што кај спасителите (исто како и кај крводарителите, но не и кај дарителите и волонтерите) е поистакнато верувањето во праведноста на светот. Ова верување, според Lerner (1980) - авторот на *хипотезата за праведен свет*, на поединците им овозможува средината да ја гледаат како сигурен, стабилен и релативно предвидлив „свет", во кој не само што се добива она што се заслужува, туку и се настојува да се постигне она што се посакува и да се избегнат непријатните судбини. Ако може на другите луѓе да им се случи да страдаат и да имаат незаслужени судбини, постои реална заканувачка можност истото тоа да ни се случи и нам. Според тоа, поврзаноста на ова верување со помагањето во итни или опасни ситуации и крводарителството, покрај настојувањето за надминување на неправедноста поврзана со нечие страдање, можеби има и некој вид одбранбена функција во смисла на оневозможување на појавата на неправедноста при некое евентуално сопствено страдање во иднина.

Како друга особеност на спасителите би можела да се посочи и нивната полова припадност. Повеќето од спасителите се од машки пол - 29 од вкупно 34. Иако тие, исто како и другите испитаници вклучени во другите просоцијални подгрупи, се бирани според повеќе критериуми од поголема група на испитани лица кои интервенирале во итни или опасни ситуации (вкупно 88), е индикативно тоа што и во рамките на оваа група постоеше речиси идентичен соодност меѓу машките и женските. Ако се

има предвид дека и други автори установиле слични соодноси меѓу машките и женските во манифестирањето на овој вид просоцијално однесување, тогаш е оправдано да се заклучи дека машките се тие кои почесто интервенираат во итни или опасни ситуации. Причините за тоа најверојатно лежат во фактот што интервенирањето обично претпоставува вложување поголем напор и поседување одредени физички вештини, а исто така, тоа е и многу почесто очекувано и поткрепувано кај машките отколку кај женските од страна на социјализаторите. Освен тоа, е можно поседувањето на одредени физички вештини да го зголемува и чувството на лична делотворност кај машките при справувањето со предизвиците што обично се јавуваат во ваков вид ситуации.

Најголем број особини по кои се разликуваат испитаниците што манифестирале само едно од четирите просоцијални однесувања од испитаниците кои не манифестирале ниедно од нив се јавуваат во случајот на волонтирањето. Резултатите од споредбите меѓу **волонтерите** и „непросоцијалните" испитаници покажуваат дека тие се разликуваат во поглед на истакнатоста на следните диспозициски тенденции: заземање туѓо гледиште, емпатиска грижа, лична вознемиреност, потреба за одобрување, грижа за другите, морално расудување - ориентираност кон други, морално расудување - заемна грижа, припишување одговорност и локус на контрола. Насоката на речиси сите појавени разлики во истакнатоста на овие тенденции е идентична како во случајот со диференцирањата што се јавени во рамките на другите споредби. Имено, волонтерите за разлика од „непросоцијалните" испитаници со кои се споредувани се повеќе склони кон спонтано прифаќање на гледиштето на другите и кон сочувствување со неволјите на другите, а помалку се склони кон доживување лична вознемиреност како реакција на непријатните доживувања на другите. Покрај тоа, тие имаат поизразена потреба за признание и пофалба од другите за она што го прават, повеќе се загрижени за проблемите и потребите на другите, а при донесувањето на моралните одлуки не само што повеќе ги земаат предвид интересите на

другите, туку и повеќе настојуваат да водат сметка за интересите на сите оние што на одреден начин се засегнати од донесените одлуки. И конечно, волонтерите помалку ја негираат личната одговорност за интерперсоналните последици од сопствените постапки и помалку се екстерно ориентирани.

Три од деветте идентификувани особини по кои волонтерите значајно се разликуваат од „непросоцијалните" испитаници се покажуваат релевантни само за волонтирањето. Разликите во истакнатоста на личната вознемиреност, потребата за одобрување и заемната грижа при моралното одлучување не се појавуваат во ниедна друга споредба меѓу испитаниците кои манифестирале само едно просоцијално однесување и „непросоцијалните" испитаници. Тоа што кај волонтерите е поистакната тенденцијата при моралното одлучување да водат сметка не само за интересите на другите, туку и за сите инволвирани страни во дадена ситуација, покажува дека тие, согласно со Gilligan-овата теорија за развојот на моралното расудување, своите одлуки поврзани со водењето грижа ги донесуваат и на повисоко ниво. Односно, кога размислуваат за тоа што треба да се направи и каква одлука да се донесе во дадена социјална ситуација, тие ги земаат предвид интересите и потребите на сите (вклучувајќи се и себе си) и притоа се обидуваат да донесат што е можно почесна одлука. Помалата истакнатост на личната вознемиреност и поголемата истакнатост на потребата за одобрување говори дека волонтерите, од една страна, се поподготвени за смирено дејствување во ситуациите кога се соочуваат со неволјите на другите или кога се наоѓаат во емоционално напнати интерперсонални односи, а од друга страна, дека не се само „отворени" кон евалуациите од другите за она што го прават, туку дека и посакуваат нивната активност да биде забележана и социјално валоризирана.

Идентификацијата на поголем број карактеристични особини на волонтерите соодветствува на очекувањата специфицирани од Benson и сор. (1980) и Clary & Snyder (1991) дека значајноста на личносните варијабли многу повеќе би требало да дојде до израз при неспонтаните

форми на просоцијалните однесувања, а токму таква форма на однесување претставува волонтирањето.

Освен тоа, релевантноста на речиси сите идентификувани особини на волонтерите е потврдена и во други студии, во кои било проучувано практикувањето на различни волонтерски активности. На пример, Schwartz (1974) при проучувањето на поврзаноста меѓу свесноста за интерперсоналните последици, негирањето на одговорноста и волонтирањето (т.е. учествување во акција за собирање пари во добротворни цели) открил дека волонтирањето било значајно поврзано со тенденцијата на помало негирање на личната одговорност. (Интересно е да се спомне дека, според согледувањата на Schwartz, оваа тенденција се покажала како помоќен предиктор на волонтирањето отколку на интервенирањето во ургентни ситуации, што тој заедно со Clausen го имал испитувано неколку години порано.). Во ова истражување, исто така, бил проучуван и ефектот на локусот на контролата и било утврдено дека меѓу оваа диспозициска варијабла и волонтирањето не постоела значајна поврзаност. Меѓутоа, во врска со потенцијалната поврзаност на локусот на контролата со волонтирањето постојат и други, сосема поинакви наоди. Имено, во веќе споменатото истражување на Benson и сор. (1980), во кое била испитувана диспозициската основа на повеќе видови практикувани волонтерски активности, локусот на контролата (т.е. помалата екстерна ориентираност), заедно со социјалната одговорност и интринзичката религиска ореиентација се покажале како најмоќни предиктори на повеќето испитувани активности. Исто така, Allen & Rushton (1983), при прегледот на 19 објавени студии во кои била правена споредба меѓу личносните особини на волонтерите во локалните заедници и неволонтерите, установиле дека и во други студии било откриено дека волонтерите се помалку екстерно, односно повеќе интерно ориентирани. Освен тоа, Allen & Rushton соопштуваат дека во прегледаните истражувања биле идентификувани и други особини по кои волонтерите се разликувале од неволонтерите. Тие, на пример, биле и поемпатични и повеќе загрижени за проблемите и потребите на другите. На ова место,

се разбира, би требало да ги спомнеме и наодите на Pener & Fritzsche (1993) во врска со примената на „Батеријата на просоцијалната личност“ при проучувањето на неволонтерите и волонтерите кои работеле на засолнување бездомни. Како што може да се забележи од описот на оваа батерија даден, на стр 176 , таа ги вклучува повеќето од личносните мерки кои се покажале релевантни при диференцирањето на волонтерите од неволонтерите во нашето истражување. Само како потсетување, да спомнеме дека мерките во Батеријата се распределени во две факторски структури, за кои се пресметуваат и два засебни скора: „емпатиска ориентираност кон другите“ (заземање туѓо гледиште, емпатиска грижа, припишување одговорност, морално расудување-ориентираност кон други и морално расудување-заемна грижа) и „помагање“ (SRA-скала и лична вознемиреност /негативна заситеност/). Со примената на вака структурираната „Батерија на просоцијалната личност“ било утврдено дека волонтерите во споредба со неволонтерите имале значајно повисоки скорови и на двата фактора, а што е уште поиндикативно волонтерите со подолг волонтерски стаж имале повисоки скорови и од волонтерите-почетници.

Откривањето на повеќе карактеристични особини на волонтерите, се разбира, не значи дека причините за појавата на волонтирањето и за неговото подолготрајно практикување би требало да се лоцираат само во истакнатоста на идентификуваните особини. Во литературата се сретнуваат и поинакви пристапи во објаснувањето на волонтирањето, кои ја нагласуваат значајноста и на други фактори. Овде, само за илустрација, ќе изложиме накусо два такви пристапа.

Едниот пристап е непосредно поврзан со *моделот на идентификацијата со улогата*, развиен од Piliavin и нејзините колеги (Callero, Howard, & Piliavin, 1987; Piliavin & Callero, 1991; Grube & Piliavin, 1996), кој, според она што го изложивме на претходните страници, не се однесува само на волонтирањето, туку се користи и како теоретска рамка за специфицирање на причините за континуираното крводарување. За овој модел е карактеристично тоа што ја занемарува значајноста на

диспозициските варијабли и при објаснувањето на волонтирањето се потпира на поставките на теоријата на улогите и на значајноста што ја има социјалната структура во рамките на која се јавува ова однесување. Се смета дека волонтирањето во основа е определено од самото негово времетрање. Подолготрајното практикување на волонтерските активности во одредена организација е следено со промени во сликата што волонтерот ја има за себеси, така што со текот на времето улогата на волонтер станува дел од неговиот сопствен идентитет. Кога оваа улога ќе стане дел од идентитетот на секој оној што ги практикува волонтерските активности, самата улога него го поттикнува и понатаму да се однесува согласно со очекувањата што се врзани за неа. Значи, според моделот на идентификацијата со улогата, времетрањето на претходно практикуваните волонтерски активности би можело да претставува еден од најдобрите предиктори на натамошното волонтирање.

Другиот пристап се заснова на *функционалната анализа на волонтирањето* изготвена од Omoto & Snyder (1990), која понекогаш се означува и како *модел на процесот на волонтирањето*. Во рамките на оваа анализа, покрај антецедентите, се разгледуваат и факторите што се значајни за подолготрајното вршење на волонтерските активности. Притоа, посебно внимание се обрнува на идентификацијата на личните и социјалните мотиви, целите и функциите што волонтирањето може да ги има за секој оној што се одлучил да врши ваква активност. Волонтирањето, според Omoto & Snyder, може да има различни функции за различни луѓе (а некогаш може да има и повеќе функции за исти луѓе). За да се разбере зошто некој се одлучил да помага на ваков начин, е неопходно најпрво да се осознае за што му служи нему волонтирањето. Тоа, на пример, може за некого да има чисто „вредносно-експресивна функција", односно тоа може во основа да биде мотивирано само од вредностите, убедувањата и личносните карактеристики што се составен дел на неговиот селф-концепт. За некого, пак, волонтирањето може да има „социјално-адаптивна функција", која ги рефлектира нормативните влијанија на пријателите, семејството и на сите други што на одреден

начин нему му се блиски. Односно, во ваков случај, волонтирањето може да биде мотивирано од желбата на волонтерот да се согласува и да биде заедно со членовите на неговата референтна група. Освен тоа, е можно некои луѓе на волонтирањето да гледаат и како на начин за воспоставување нови социјални контакти или за создавање нови социјални можности. Волонтирањето може понекогаш да има и „одбранбена функција", т.е. да служи за полесно и поуспешно справување со внатрешните конфликти и вознемирености поврзани со себевреднувањето и чувството на компетентност. И конечно, за некои луѓе волонтирањето може да има „функција на осознавање", т.е. неговото практикување да биде поттикнато од љубопитноста за луѓето на кои им се помага и луѓето кои помагаат. Исто така, волонтерската активност од некого може да биде перцепирана и како можност да се научи нешто ново, да се стекнат нови компетентности или да се подобрат постојните. Што се однесува, пак, до со самиот тек на волонтирањето, според Omoto & Snyder, пресудно значење имаат искуствата што се стекнуваат при неговото практикување. Дали некој ќе продолжи со волонтирањето или не, во голема мерка зависи од природата на односот што се развил меѓу него и организацијата во која тој волонтира. Се претпоставува дека времетраењето на волонтирањето е непосредно условено од следните варијабли: задоволството од организацијата, позитивните чувства поврзани со волонтирањето, посветеноста на организацијата и усогласеноста меѓу волонтерските искуства и личните и социјалните мотиви на поединецот.

Според тоа, појавата, обликувањето и текот на волонтирањето може да биде определено не само од личносните карактеристики туку и од други психолошки и социјални фактори. Но, за жал, иако за многумина истражувачи ваквата констатација воопшто не е спорна, малкумина се обиделе во рамките на своите истражувања да опфатат што е можно повеќе релевантни фактори. Еден таков обид претставува панел-истражувањето на Pener & Finkelstein (1997) за диспозициските и структуралните детерминанти на волонтерството во организациите што ги

опслужуваат инфицираните и болните од AIDS. Овие истражувачи, тргнувајќи од поставките на гореизложените модели и сознанијата стекнати со примената на „Батеријата на просоцијалната личност“, во три сукцесивни наврати ја испитувале значајноста и поврзаноста на повеќе варијабли (емоционалниот однос кон организацијата, посветеноста на организацијата, мотивите за волонтирањето и личносната просоцијална ориентација) со различни бихевиорални аспекти на волонтирањето (т.е. со должината на волонтерскиот стаж, времетраењето на активното волонтирање, присуството на состаноци и бројот на остварените контакти со лицата инфицирани и болни од AIDS). Општо земено, резултатите на ова истражување, од една страна, ги потврдуваат некои од поставките на моделите на Piliavin и сор. и Omoto & Snyder и се согласни со претходните емпириски наоди на Pener и сор. за улогата на личносните варијабли во волонтирањето. Но, од друга страна, тие ја сугерираат и потребата од конципирање на посеопфатен и попродлабочен модел од постојните. Од повеќето добиени резултати во ова истражување, како поиндикативен би можел да се издвои наодот дека должината на волонтерскиот стаж не била значајно поврзана со другите три мерки на волонтирањето (т.е. времето на активно волонтирање, присуството на состаноци и бројот на остварени контакти) кои, пак, меѓусебно високо корелирале. Освен тоа, должината на волонтерскиот стаж и другите три мерки, кои всушност се однесуваат на степенот на активното ангажирање при волонтирањето, имале различни склопови на поврзаности со предиктор-варијаблите. На пример, и двете испитувани димензии на просоцијалната личност (т.е. емпатиската ориентираност кон други и помагањето) биле значајно поврзани со должината на волонтерскиот стаж, но не и со времетраењето на активното волонтирање и бројот на остварените контакти со лицата инфицирани и болни од AIDS. Со овие две бихевиорални мерки на волонтирањето била поврзана само димензијата емпатиска ориентираност кон други, но не и помагањето. Овие, а исто така и другите резултати на истражувањето, за Pener & Finkelstein, меѓу другото, претставуваат и јасен показател дека при секое настојување за

развивање модел на волонтирањето е неопходно да се води сметка и за аспектите на волонтирањето на кои тој би се однесувал.

Петтата просоцијална подгрупа опфатена со истражувањето е мултиплата просоцијална подгрупа, која е исто така споредувана со испитаници кои не се однесувале просоцијално. Иако резултатите од оваа споредба не се непосредно поврзани со проверката на втората хипотеза, тие даваат можност да се детектира значајноста што може да ја имаат диспозициските тенденции при манифестирањето не само на единечни, туку и на неколку различни просоцијални однесувања.

Како што знаеме, мултиплата просоцијална подгрупа, за разлика од другите просоцијални подгрупи, ја сочинуваат лица кои манифестирале најмалку три од четирите испитувани просоцијални однесувања, во различни комбинации. Одлуката за вклучување и на овие лица во истражувањето не беше донесена при неговото осмислување, туку подоцна, кога се почна со испитувањето на лицата за кои се имаа на располагање непосредни или посредни показатели дека манифестирале едно од четирите просоцијални однесувања. По првичната проверка на прибираните податоци се утврди дека дел од испитаните лица манифестирале три, а некои, пак, ги манифестирале и сите четири однесувања. Манифестираноста на повеќе видови просоцијални однесувања од исти лица во различни социјални контексти е без сомнение показател за постоење на поголема подготвеност за доследно практикување на просоцијалните однесувања, што упатува на можноста овие лица уште повеќе да се диференцирани во поглед на личносните особини од лицата кои не манифестирале ниедно од четирите просоцијални однесувања. За да се провери токму таквата можност се оформи петтиот пар на подгрупи - мултиплата просоцијална подгрупа и за неа соодветната подгрупа за споредба. Сите испитаници вклучени во мултиплата просоцијална подгрупа, не само што имаат манифестирано три или четири просоцијални однесувања, туку тие ги задоволуваат и специфичните критериуми што се применувани при изборот на

испитаниците во сите четири подгрупи на единечно манифестираните однесувања.

Резултатите од споредбите меѓу овие две подгрупи покажуваат дека кога испитаниците кои не се однесувале просоцијално се споредуваат со испитаниците кои манифестирале не едно туку повеќе просоцијални однесувања, постои тенденција за уште поголема диференцираност меѓу нив во поглед на испитуваните особини на личноста. Или, попрецизно кажано, испитаниците од мултиплата просоцијална подгрупа се разликуваат од испитаниците кои не се однесувале просоцијално во поглед на преферираноста на три терминални и две инструментални вредности и во истакнатоста на други десет особини. Различната преферираност на терминалните вредности се огледа во тоа што тие повисоко го ценат мирот во светот и социјалната правда, а пониско задоволството. Имајќи предвид дека мирот во светот и социјалната правда, според класификацијата на терминалните вредности на Rokeach, спаѓаат во категоријата на социјални, а задоволството во категоријата на лични вредности, разликите во преферираноста на свие вредности говорат дека кај испитаниците што манифестираат повеќе просоцијални однесувања, постои одредена склоност за придавање поголема значајност на социјалните отколку на личните вредности. Што се однесува, пак, до инструменталните вредности, разликите се појавуваат во поглед на преферираноста на две морални вредности - помагање и великодушност , при што и двете вредности се повеќе значајни за испитаниците од мултиплата просоцијална подгрупа. Покрај разликите во преферираноста на овие вредности (кои, патем речено, не се пројавуваат во ниту една од претходните споредби меѓу просоцијалните и контролните подгрупи), за испитаниците од мултиплата просоцијална подгрупа е карактеристична истакнатоста на две од четирите диспозициски тенденции на емпатиско реагирање на доживувањата на другите: заземање туѓо гледиште и емпатиска грижа. Тие, исто така, имаат поголема потреба за одобрување, т.е. за признание и пофалба од другите и повеќе се загрижени за благосостојбата на другите. За нив е

карактеристично и тоа што имаат повисоки скорови и на двете мерки на моралното одлучување - ориентираност кон други и заемна грижа, а освен тоа се и поамбициозни и повеќе веруваат во праведноста на светот. И конечно, испитаниците кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања за разлика од испитаниците кои не се однесувале просоцијално се стремат помалку да ја негираат личната одговорност и помалку се екстерно ориентирани при толкувањето на она што им се случува во животот.

Пројавената тенденција на уште поголема диференцираност меѓу овие две подгрупи испитаници во поглед на испитуваните особини на личноста, може да се протолкува како уште еден емпириски показ дека кога се разгледува и објаснува природата на просоцијалното однесување, не би требало да се негира или занемарува значајноста и улогата што може да ја имаат особините на личноста при неговата актуелизација и при појавата на поголема доследност во неговата манифестираност.

Меѓутоа, овде сепак е непходно да се појасни дека врз основа само на споредбата меѓу испитаниците од мултиплата просоцијална подгрупа и соодветната контролна подгрупа, не може точно да се прецизира кои од карактеристичните особини на испитаниците кои манифестирале три или четири просоцијални однесувања би можеле да се сметаат како порелевантни за доследноста во практикувањето на различните просоцијални однесувања. Речиси сите карактеристични особини на овие испитаници (освен вредностите и амбициозноста) се покажуваат релевантни и за единечно манифестираните просоцијалните однесувања. Некои од нив се релевантни само за едно, други за две, а трети дури и за три единечно манифестирани однесувања. За да може да се детектираат особините што веројатно повеќе придонеле за пројавената доследност во практикувањето на различните просоцијални однесувања, потребно е да се компарираат постигнувањата на личносните мерки на испитаниците од мултиплата просоцијална подгрупа и испитаниците од четирите други просоцијални подгрупи. Но, во овој случај таквата споредба е проблематична, затоа што просоцијалните подгрупи не се изедначени по

однос на полот, возраста и образованието на испитаниците, како што е тоа направено при споредбите на секоја просоцијална подгрупа со контролните подгрупи.

Полот, возраста и образованието не само што може да претставуваат релевантни варијабли за самото манифестирање на просоцијалното однесување, туку тие, според резултатите добиени во ова истражување, се значајно поврзани и со истакнатоста на повеќето испитувани особини на личноста. Проверката на поврзаноста меѓу полот и постигнувањата на сите личносни мерки (направена со пресметување на поинт-бисеријални коефициенти на корелација за сите испитаници) покажа дека половата припадност на испитаниците е значајно поврзана со постигнувата на пет личносни мерки: емпатиска фантазија (0,25), емпатиска грижа (0,12), лична вознемиреност (0,24), грижа за другите (0,12) себеценење (0,23). Интересно е да се спомене дека на сите овие мерки повисоки постигнувања имаат женските испитаници. Поврзаноста, пак, меѓу возраста и постигнувањата на мерките беше проверувана со пресметување на коефициенти на линеарна корелација. Оваа проверка покажа дека возраста позитивно корелира со осум, а негативно со две диспозициски тенденции (заземање туѓо гледиште, 0,14; потреба за одобрување, 0,22; морално одлучување-ориентираност кон други, 0,25; морално одлучување-заемна грижа, 0,17; негирање на личната одговорност, 0,12; конформирање, 0,27; екстерен локус на контролата, 0,23; верувањето во праведноста на светот, 0,18; емпатиска фантазија, -0,16; и амбициозност, -0,23). И конечно, проверката на поврзаноста меѓу образованието и постигнувањата на мерките (направена со пресметување на C коефициенти на контингенција) покажа дека е образованието значајно негативно поврзано со емпатиската грижа (-0,12), негирањето на личната одговорност (-0,13), конформирањето (-0,14) и екстерниот локус на контролата (-0,17), а позитивно само со амбициозноста (0,16).

Според тоа, сите овие поврзаности (иако се отпосле идентификувани) недвосмислено ја потврдуваат оправданоста на првичната определба за контролирање на ефектите на полот, возраста и

образованието при споредувањето на испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално. Освен тоа, тие јасно сугерираат дека ако се сака да се прават споредби и меѓу просоцијалните подгрупи, е неопходно ефектите на овие варијабли да бидат држани под контрола. За жал, поради малиот број испитаници во рамките на просоцијалните подгрупи и евидентните варијации меѓу нив (особено во поглед на полот и возраста), не може да се направи нивно изедначување, а при тоа да не дојде до сериозно осипување на бројот на испитаниците во секоја просоцијална подгрупа.

Последното прашање, што беше поставено во врска со основниот проблем на истражувањето, се однесува на поврзаноста меѓу особините на личноста што се релевантни за манифестираноста на четирите испитувани просоцијални однесувања. Со поставувањето на ова прашање се сакаше да се провери можноста од постоење на една поопшта личносна структура, врз основа на која би можело да се подобри предиктивноста не само на одделни, туку и на повеќе видови просоцијални однесувања. Имајќи предвид дека таквата можност во неколку наврати е и емпириски потврдена, а исто така и дека некои од испитуваните особини веќе се имаат покажано како подоследни предиктори на манифестираноста на различни видови просоцијални однесувања, претпоставивме дека и во овој случај *ќе постои поврзаност и усогласеност меѓу одделни особини на личноста кои би претставувале јадро на диспозициската основа на повеќето видови просоцијални однесувања* (А-3 хипотеза).

Проверката на поврзаноста меѓу испитуваните особини на личноста (во чии рамки се опфатени постигнувањата на личносните мерки на сите испитаници) не само што покажа дека постојат голем број значајни поврзаности меѓу нив, туку покажа и дека тие поврзаности се во различен степен изразени и нееднакво групирани. На пример, особините што се најтесно меѓусебно поврзани (емпатиска грижа, грижа за другите и ориентираност кон други при моралното одлучување – нивните меѓусебни поврзаности се движат од 0,51 до 0,67) остваруваат истовремено и најголем број високи и умерени корелации со особините кои се покажале

релевантни за манифестираноста на различните видови просоцијални однесувања, а исто така тие се и во највисок степен поврзани со севкупната манифестираност на просоцијалното однесување (овие поврзаности се движат од 0,37 до 0,47).

Различните степени на меѓусебна поврзаност на особините на личноста ја наложија потребата, постигнувањата на личносните мерки и манифестираноста на просоцијалното однесување да се подложат на факторска анализа, за да се утврди дали е можно тие да бидат сведени на помал број фактори, кои нив би ги обединиле и осмислиле. Примената на факторската анализа резултираше со изолирање на четири основни фактори кои објаснуваат 61,94% од вкупната варијанса: грижа за благосостојбата на другите, верување во екстерен локус на контролата, негативна себеоцена и верба во луѓето. Според природата на варијаблите што влегуваат во состав на секој од овие четири фактори, факторот *грижа за благосостојбата на другите*, по се изгледа претставува она што би можело да се означи како јадро на диспозициската основа на манифестираноста на повеќе видови просоцијални однесувања. Имено, во оваа факторска структура се лоцирани не само најчесто претпоставуваните личносни детерминанти на просоцијалноста, туку е содржана и манифестираноста на просоцијалните однесувања испитувани во ова истражување. Освен тоа, речиси сите личносни варијабли што ја определуваат оваа факторска структура (грижа за другите, емпатиска грижа, морално расудување-ориентираност кон други, заземање туѓо гледиште, морално расудување-заемна грижа и потреба за одобрување) се исто така идентификувани како основни компоненти на личносната просоцијална ориентација, во рамките на други спроведени истражувања (Staub, 1974; Joksimović i Vasović, 1990; Penner et al., 1995). Исклучок претставува само потребата за одобрување. Но, имајќи предвид дека оваа варијабла е проектирана и на друг фактор (негативна себеоцена), со многу слично факторско заситување, прашање е дали би можела да се третира како еднакво кохерентна компонента на факторот грижа за благосостојбата на другите, како другите варијабли што се проектирани на него. Токму поради нејзината факторска

дихотомизираност, склони сме неа да ја сметаме како не многу значајна компонента на оваа факторска структура.

Значи, врз основа на резултатите на факторската анализа можеме да заклучиме дека јадрото на диспозициската основа на испитуваните однесувања во ова истражување го чинат неколку варијабли, чиј заеднички именител претставува сензитивноста и грижата за проблемите и потребите на другите, и подготвеноста за подобрување на нивната благосостојба.

Првото прашање кое нужно се наметнува по идентификацијата на просоцијалното диспозициско јадро е дали тоа може да биде релевантно за манифестираноста на просоцијалните однесувања независно од нивната природа или, пак, неговата значајност доаѓа до израз кај некои, но не и кај сите просоцијални однесувања. Поради значајноста на импликациите што ги носи одговорот на ова прашање, иако тоа не претставува дел од проблемот што е испитуван во ова истражување, се обидовме да провериме дали испитаниците кои се однесувале просоцијално се разликуваат од испитаниците кои не се однесувале просоцијално во поглед на композитниот скор, добиен со едноставно сумирање на вкупните скорови на мерките на грижата за другите, емпатиската грижа, моралното расудување-ориентираност кон други, заземањето туѓо гледиште и моралното расудување-заемна грижа. Проверката на разликите во постигнувањата на оваа факторски обликувана личносна мерка покажа дека испитаниците кои се однесувале просоцијално имаат значајно повисоки скорови од испитаниците кои не се однесувале просоцијално како при споредбите на ниво на групи ($t_{\text{I сп.}}$ = 6,97, p = 0,000; $t_{\text{II сп.}}$ = 9,14, p = 0,000), така и при четири од петте споредби на ниво на подгрупи ($t_{\text{с.}}$ = 3,21, p = 0,002; $t_{\text{д.}}$ = 3,33, p = 0,001; $t_{\text{в.}}$ = 5,97, p = 0,000; $t_{\text{мпп.}}$ = 8,75, p = 0,000). Исклучок се појавува само во случајот на споредбата меѓу крводарителите и „непросоцијалните“ испитаници, кај која иако утврдената разлика меѓу копозитните скорови е блиску до значајноста, таа не е, сепак, доволно висока за да може да се смета за статистички значајна ($t_{\text{к.}}$ = 1,95, p = 0,055).

Резултатите добиени при овој вид споредба, меѓу испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално, укажуваат дека при проучувањето на поврзаноста меѓу личноста и просоцијалното однесување е можно да се користат и композитни личносни мерки, што го рефлектираат диспозициското јадро на просоцијалноста и кои во најмала рака би имале иста предиктивна моќ како и единечните мерки. Кога станува збор, пак, за прашањето во врска со релевантноста на просоцијалното диспозициско јадро за манифестираноста на различни видови просоцијални однесувања, резултатите покажуваат дека иако тоа може да претставува диспозициска основа на повеќе просоцијални однесувања, сепак, не може да се очекува тоа да биде релевантно за сите просоцијални однесувања. Ваквиот наод ја сугерира потребата од дополнителни истражувања во кои не само што би се проверувала релевантноста на диспозициското јадро на просоцијалноста за различни видови просоцијални однесувања, туку, зависно од природата на испитуваните однесувања, би се опфатиле и други диспозициски тенденции за да се провери и стабилноста на неговата структура. И конечно, поради ограниченоста на анализата применета во ова истражување, останува отворено прашањето каков е придонесот во диспозициската детерминираност на просоцијалноста на другите особини што се идентификувани како релевантни за манифестираноста на испитуваните однесувања.

**Поврзаноста меѓу редоследот на раѓањето, бројноста на семејството, поттикнуваните и „наследените“ начини на однесување и просоцијалното однесување**

Во ова истражување покрај структурата на поврзаноста меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување е испитувана и поврзаноста на ова однесување со редоследот на раѓањето, бројноста на семејството во кое израснале испитуваните лица, начините на однесување на кои тие биле поттикнувани од своите родители и начините на однесување кои тие ги сметале за „наследени“ од нив. Со испитувањето на ефектите на овие варијабли се сакаше да се провери

дали манифестираноста на просоцијалното однесување во реални животни околности би можела да биде поврзана и со други особености на лицата, докажани „алтруисти“.

**Редоследот на раѓањето и бројноста на семејството** се едни од почесто испитуваните социодемографски обележја во истражувањата на персоналните корелати на просоцијалноста. Меѓутоа, и покрај логичноста на претпоставките дека, на пример, кај првородените веројатно постои поизразено чувство на морална обврска што нив ги прави поподготвени за помагање на другите или, пак, дека оние што израснале во поголеми семејства, поради почестото практикување на споделувањето и меѓусебното помагање во семејството, веројатно се поподготвени така да се однесуваат и надвор од неговите рамки, постојната емпириска евиденција за ефектите на овие варијабли врз просоцијалното однесување е сепак противречна. Некогаш, на пример, е утврдено дека првородените повеќе помагале од подоцнародените, додека другпат не била пронајдена разлика меѓу нив во фреквентноста на помагањето. Слични неконзистентности се евидентирани и во врска со ефектите на бројноста на семејството. Токму поради противречните наоди, во ова истражување не се направи обид попрецизно да се определи насоката на поврзаноста меѓу овие социодемографски карактеристики и манифестираноста на просоцијалното однесување, туку само се претпостави дека *лицата кои се однесувале просоцијално не се разликуваат од лицата кои не се однесувале просоцијално во поглед на редоследот на раѓањето и бројноста на семејството во кое израснале* (Б-1 и Б-2 хипотеза). Добиените резултати се сосема согласни со овие претпоставки, бидејќи ниту во рамките на споредбите на ниво на групи, ниту во рамките на споредбите на ниво на подгрупи, испитаниците кои се однесувале просоцијално не се разликуваат од испитаниците кои не се однесувале просоцијално во поглед на редоследот на раѓањето и бројноста на семејствата во кои тие исраснале.

Непронаоѓањето поврзаност меѓу овие варијабли и манифестираноста на просоцијалните однесувања не би требало да

значи дека тие се целосно нерелевантни за просоцијалноста, затоа што овде се испитувани само неколку однесувања, и тоа однесувања што се наочени само кон подобрувањето на благосостојбата на непознати лица. Можно е, на пример, редоследот на раѓањето и бројноста на семејството да се покажат како порелевантни фактори за просоцијалноста што се манифестира во односите меѓу роднините и лицата што се доживуваат како блиски.

За разлика од редоследот на раѓањето и бројноста на семејството, во врска со **поттикнуваните и „наследените" начините на однесување** се претпостави дека *лицата кои се однесуваат просоцијално се разликуваат од лицата кои не се однесуваат просоцијално во поглед на некои од начините на однесување на кои тие биле индиректно или директно поттикнувани од своите родители, а исто така и во поглед на некои од „наследените" начини на однесување од родителите* (Б-3 и Б-4 хипотеза). Иако, и во двете хипотези не е експлицитно специфицирано во однос на кои од седумнаесетте посочени начини на однесување би се јавиле разлики меѓу нив, имплицитно се очекуваше дека евентуалните разлики би можеле да се јават во поглед на однесувањата што се понепосредно поврзани со подготвеноста да се дејствува на просоцијален начин (на пример, во поглед на поттикнуваното или „наследеното" помагање на другите, одговорното постапување, чувствителноста и/или претпазливоста во односите кон другите). Ваквото очекување се чини оправдано ако се имаат предвид согледувањата и наодите за ефектите на поткрепувањето, опсервациското условување и советувањето во семејната средина за значајноста и вредноста на помагањето на другите. Тоа, исто така, произлегува и од наодите во истражувањето на Oliner & Oliner, во кое, меѓу другото, е откриено дека меѓу спасителите и неспасителите на Евреите за време на холокаустот постоеле разлики во начинот на кој тие биле воспитувани од родителите. Имено, спасителите биле повеќе подучувани за значењето на етичките вредности, водењето грижа и имањето одговорност кон другите. Освен тоа, тие и повеќе се

идентификувале со родителот што го сметале како модел за морално однесување.

Резултатите, генерално, одат во прилог на она што се тврди со Б-3 и Б-4 хипотезата, но не може да се каже дека тие нив исцело ги потврдуваат. Кога испитаниците кои се однесувале просоцијално се споредуваат со испитаниците кои не се однесувале просоцијално на ниво на групи, меѓу нив се јавуваат разлики во поглед на фреквентноста на три (I споредба), т.е. четири (II споредба) поттикнувани начини на однесување и во поглед на само еден „наследен" начин на однесување (I и II споредба). Имено, според резулатите од I споредба, испитаниците кои се однесувале просоцијално биле поретко поттикнувани на амбициозност и претпазливост во односите со другите, а почесто на помагање на другите. Во рамките, пак, на II споредба, за нив е карактеристично што биле и почесто поттикнувани на одговорно постапување. Единствениот „наследен" начин на однесување што тие почесто го посочувале и во I и во II споредба од испитаниците кои не се однесувале просоцијално било помагањето на другите. Значи, ако се задржиме на споребите меѓу испитаниците на ниво на групи, можеме да кажеме дека резултатите ги потврдуваат хипотезите, а тоа особено се однесува на претпоставените разлики во поглед на поттикнуваните начини на однесување. Меѓутоа, исто како и во случајот со резултатите за разликите во истакнатоста на особините на личноста, споредбите меѓу испитаниците на ниво на групи (во кои се сместени сите испитаници, независно од природата на манифестираните просоцијални однесувања) поради збирното разгледување на особеностите на испитаниците, може да дадат една бијасирана слика за потенцијалната поврзаност меѓу поттикнуваните и „наследените" начини на однесување и манифестираноста на различните видови просоцијални однесувања. Кога испитаниците се споредуваат на ниво на подгрупи се забележува дека меѓу нив или нема разлики или разликите се сведуваат само на еден поттикнуван и/или еден „наследен" начин на однесување. Кај крводарителите, на пример, е карактеристично тоа што за разлика од испитаниците со кои се споредувани навеле дека

биле само поретко поттикнувани на амбициозност. Спасителите, пак, се разликуваат само во поглед на помагањето како „наследен“ начин на однесување. Дарителите не се разликуваат од „непросоцијалните“ испитаници по ниту еден поттикнуван и „наследен“ начин на однесување, додека волонтерите се разликуваат од нив во поглед на одговорноста како поттикнуван и помагањето како „наследен“ начин на однесување. Што се однесува, пак, до испитаниците од мултиплата просоцијална подгрупа и во овој случај кај нив постои поизразена диференцираност во однос на „непросоцијалните“ испитаници со кои се споредувани. Тие биле почесто поттикнувани да им помагаат на другите и да бидат одговорни за сопствените постапки, а освен тоа, тие почесто го наведувале и помагањето на другите како начин на однесување што го „наследиле“ од своите родители.

Покрај тенденциите на поголема диференцираност меѓу испитаниците при споредбите на ниво на групи отколку на ниво на подгрупи и поизразената диференцираност на испитаниците кои манифестирале повеќе просоцијални однесувања во поглед на поттикнуваните и „наследените“ начини на однесување, како посебно индикативен би можел да се посочи и наодот дека помагањето како „наследен“ начин на однесување ги диференцира испитаниците во рамките на петте од седумте направени споредби меѓу нив. Ваквиот наод упатува на можноста повеќето од родителите на испитаниците навистина да претставувале просоцијални модели со кои тие веројатно се идентификувале. Но, се разбира, за да може попрецизно да се провери таквата можност неопходни се далеку посуптилни испитувања од она што е направено во ова истражување. Добиените резултати за поврзаноста меѓу поттикнуваните и „наследените“ начини на однесување и манифестираноста на просоцијалните однесувања, повеќе укажуваат отколку што разјаснуваат. Тие, всушност, може да послужат само како ориентир за некои натамошни попродлабочени истражувања за значајноста и ефектите на овој вид социјализациски искуства врз подготвеноста за просоцијално дејствување во различни околности.

# ЗАКЛУЧНО РАЗГЛЕДУВАЊЕ

Иако понекогаш се чини дека просоцијалноста на луѓето може да биде лесно разбирлива и објаснива, досегашните проучувања на факторите што го поттикнуваат или оневозможуваат преземањето акции со кои се подобрува благосостојбата на другите, покажуваат дека разоткривањето на „добрата страна“ на човековата природа не е ни малку едноставна задача. Поради нејзината сложеност и разнообразност таа е разгледувана од различни теоретски аспекти, при што не ретко е и различно концептуализирана и објаснувана. Примената на различни пристапи во проучувањето на просоцијалноста на луѓето не резултирала само со комплементарна, туку исто така и со противречна емпириска евиденција, која во повеќе наврати претставувала повод за сериозни, па дури и полемични расправи меѓу психолозите.

Едно од прашањата што сè уште предизвикува, некогаш поголема, а некогаш помала, подвоеност меѓу психолозите е прашањето за улогата и придонесот на личносните варијабли во определувањето на просоцијалното однесување. Долго време кај многумина теоретичари и истражувачи, било поради нивната бихевиористичка ориентираност, било поради поголемата едноставност во контролирањето и следењето на ефектите на ситуациските варијабли, или, пак, поради сугестивноста на одредени емпириски наоди, постоела убеденост дека ситуациските варијабли се тие кои имаат пресудна улога при актуелизацијата на просоцијалното однесување. Ваквата убеденост подразбира дека од луѓето не би требало да се очекува некоја поголема доследност во практикувањето на просоцијалните постапки од една до друга ситуација, односно дека е мала можноста да се појават конзистентни обрасци на индивидуални разлики во просоцијалното однесување низ ситуациите кои би биле диспозициски засновани.

Меѓутоа, доминацијата на ситуациски ориентираните истражувања на просоцијалното однесување и остринaта на објаснувањата произлезени од нив, почна да слабее во последните две децении со соопштувањето на повеќе значајни и повторливи наоди за постоење на стабилни индивидуални разлики во подготвеноста за преземање различни постапки со кои се подобрува благосостојбата на другите. Зголемувањето на емпириската евиденција за значајноста на индивидуалните разлики во просоцијално однесување не ја наложи потребата од примена на строгиот персонолошки пристап при неговото објаснување, туку пред сè придонесе за афирмирање на идејата дека ова однесување, меѓу другото, може да претставува и продукт на заемното влијание на личносните карактеристики и природата на ситуацијата во која тоа се јавува.

Во досегашните емпириски трагања по персоналните корелати на просоцијалноста, кои го вклучуваат и настојувањето за идентификација на особините што ја чинат т.н. просоцијална или алтруистичка личност, се применувани два општи комплементарни пристапа. Едниот пристап се карактеризира со испитување на поголем број луѓе, кои повеќе или помалку се случајно извлечени од популацијата. При нивното испитување обично се проверува дали тие се разликуваат во манифестираноста на одредено просоцијално однесување и постои ли поврзаност на различните манифестации со една или повеќе испитувани особини на личноста. Вториот пристап, пак, се карактеризира со пронаоѓање и испитување на помали групи луѓе, за кои се имаат претходни сознанија дека почесто или подоследно практикувале одредени просоцијални активности во реалните животни околности. По идентификацијата на овие лица, кои обично се именуваат и како докажани „алтруисти“, се проверува дали манифестираноста на просоцијалните однесувања е диспозициски заснована, преку споредување на нивните социјализациски искуства и личности, со искуствата и личностите на оние лица кои имале можности истото тоа да го направат, но сепак не постапиле на таков начин. И покрај тоа што и двата пристапа, секој на свој начин, го овозможуваат осознавањето на видот и степенот на диспозициската заснованост на

просоцијалното однесување, ако се суди според бројот на истражувањата во кои се применувани, може да се констатира дека истражувачите далеку повеќе претпочитале да го применуваат првиот отколку вториот пристап. Почестата преферираност на првиот пристап не се должи на нивната убеденост дека е тој многу пососдветен од вториот, туку на фактот што за нив тој честопати бил попрактичен и што во повеќето случаи ефектите на личносните варијабли се испитувани во експериментални истражувања (обично како додаток на разни експериментални манипулации), во кои испитаниците се или пригодно или случајно избирани. Освен тоа, доминантноста на овој пристап е поврзана и со појавата на мерки на просоцијалното однесување од типот молив-хартија, кои даваат можност врз основа на самоизвестувањата на случајно избрани испитаници да се идентификуваат разликите меѓу нив во поглед на фреквентноста на практикувањето на повеќе просоцијални постапки.

При идентификацијата на просоцијалните особини или, пак, на особините што ја чинат т.н. просоцијална личност, општо земено, е испитувана поврзаноста меѓу повеќе личносни и бихевиорални варијабли, кои некогаш се утврдувани со идентични, а некогаш со различни единечни или композитни мерки. Прегледот на постојните емпириски наоди открива дека во повеќе истражувања се евидентирани значајни поврзаности меѓу одделни особини на личноста и просоцијалните однесувања, при што некои од нив се и реплицирани во повеќе наврати. Меѓутоа, зголемениот број наоди за поврзаноста на манифестираноста на просоцијалните однесувања со истакнатоста на одделни особини на личноста, не значи дека тие поврзаности секогаш се појавувале кога биле испитувани и дека не биле проследени со сериозни противречности и недоречености. Во некои истражувања, на пример, и покрај претпоставената релевантност на одделни особини, не било откриено дека тие значајно корелирале, како со појавата, така и со фреквентноста на испитуваните просоцијални постапки. Од друга страна, прегледот на резултатите на истражувањата открива дека исти особини на личноста (некои од нив мерени и со

идентични инструменти) некогаш биле, а некогаш не биле поврзани со просоцијалните однесувања. Како друг проблем би можеле да се посочат и релативно ниските евидентирани поврзаности во повеќето од истражувањата, кои од ситуациски ориентираните теоретичари и истражувачи често се користат како главен аргумент при нивното образложување на неможноста за појава на поголема доследност во ова однесување. И конечно, на повеќето истражувања во оваа област би можело да им се забележи неводењето сметка или занемарувањето на значајноста на проблемот со репрезентативноста на испитуваните примероци на просоцијалното однесување во однос на она што се случува во реалниот живот. Ретки се истражувањата во кои испитуваните облици на просоцијалното однесување не се фрагментирани. Односно, во повеќето од нив се испитувани само тесни сегменти на различни видови однесувања, така што прашање е колку тие би можеле да се третираат како нивни релевантни репрезенти и колку би можеле да се воопштуваат добиените резултати.

Еден од можните начини за ублажување или надминување на проблемот со репрезентативноста е секако практикувањето на вториот посочен пристап во проучувањето на диспозициските основи на просоцијалноста. Токму овој пристап е применет во истражувањето што го спроведовме, во кое е испитувана структурата на поврзаноста меѓу особините на личноста и четири вида просоцијални однесувања манифестирани во реални животни околности - крводарување, интервенирање во итни или опасни ситуации, дарување материјални и/или парични средства во добротворни цели и волонтирање во хуманитарни организации. Со оглед на тоа што пристапот на докажани „алтруисти“ претпоставува испитување како на лица кои се однесувале просоцијално, така и на лица кои не се однесувале просоцијално, со истражувањето се опфатени не само испитаници кои манифестирале едно (или, повеќе) од овие однесувања, туку и испитаници кои не манифестирале ниедно од нив. Имајќи предвид дека манифестираноста на просоцијалното однесување, а исто така и истакнатоста на одделни

диспозициски тенденции, може да варира во зависност од полот, возраста и образованието на испитаниците, потенцијалното влијание на овие социодемографски карактеристики е контролирано на тој начин што испитаниците кои се однесувале просоцијално (т.е просоцијалните групи или подгрупи) секогаш кога се споредувани со испитаниците кои не се однесувале просоцијално (т.е контролните групи или подгрупи) се изедначувани по однос на овие три карактеристики. При изборот, пак, на личносните варијабли се раководевме од два критериума, прво, да се опфатат што е можно повеќе релевантни варијабли и второ, ефектите на повеќето од тие варијабли врз просоцијалното однесување да се веќе проверувани и потврдени во некои од постојните истражувања. Согласно со тоа, во истражувањето беше испитувана преферираноста на шеснаесет терминални и на исто толку инструментални вредности и истакнатоста на петнаесет други диспозициски тенденции или особини на личноста: заземање туѓо гледиште, емпатиска фантазија, емпатиска грижа и лична вознемиреност (четири различни, но сепак меѓусебно поврзани тенденции на емпатиско реагирање на доживувањата на другите); потреба за одобрување; грижа за другите; ориентираност кон други и заемна грижа при моралното одлучување; припишување одговорност; амбициозност; конформизам; доверба во луѓето; локус на контролата; верување во праведноста на светот; и себеценење. Мерките што беа користени за идентификација на овие особини беа проверувани во два наврата, така што сите тие во своите конечни верзии се карактеризираат со висок степен на внатрешна конзистентност. Покрај личносните варијабли, во истражувањето се, исто така, испитувани и четири други варијабли - редослед на раѓање, бројност на семејството, поттикнувани и „наследени“ начини на однесување - со цел да се провери (повеќе како индикација отколку како експликација) дали и тие би можеле да имаат некаков придонес во детерминираноста на просоцијалните однесувања.

Преверките на потенцијалната поврзаност меѓу сите гореспомнати варијабли и манифестираноста на просоцијалните однесувања се вршени

на две нивоа: на ниво на групи и на ниво на подгрупи. Кога проверките се вршени на ниво на групи, просоцијалната група, или групата испитаници кои се однесувале просоцијално, еднаш беше составена од сите испитаници кои манифестирале само одреден вид просоцијално однесување (т.е. од крводарители, спасители, дарители и волонтери), а другпат, покрај овие испитаници, во неа беа вклучени и испитаниците кои ги манифестирале повеќето од овие однесувања (т.е испитаниците од т.н. мултипла просоцијална подгрупа). Контролната група, или групата испитаници кои не се однесувале просоцијално, и при првата, и при втората проверка, беше составена од сите испитаници кои не манифестирале ниедно од четирите просоцијални однесувања. Кога проверките, пак, се вршени на ниво на подгрупи, испитаниците беа распределени во пет просоцијални и исто толку контролни подгрупи. Четирите од петте просоцијални подгрупи беа составени исклучиво од испитаници кои манифестирале само одреден вид просоцијално однесување, додека петтата, мултиплата просоцијална подгрупа, ја сочинуваа испитаниците кои манифестирале најмалку три од четирите просоцијални однесувања опфатени со ова истражување. Ваквиот начин на групирање на испитаниците, и на него заснованите споредби меѓу испитаниците кои се однесувале просоцијално и испитаниците кои не се однесувале просоцијално, е непосредно поврзан со природата на прашањата на кои се сакаше да се даде одговор во ова истражување. Нашата намера беше всушност прво да осознаеме каква е структурата на поврзаноста меѓу особините на личноста и просоцијалното однесување независно од неговата манифестна природа, а дури потоа да утврдиме дали таа поврзаност може да варира во зависност од неговата природа. Со оглед на тоа што со истражувањето се опфатени повеќе личносни варијабли кои во досегашните истражувања се покажале како добри предиктори на просоцијалноста, се очекуваше дека при споредбите на испитаниците на ниво на групи (I и II споредба), испитаниците кои се однесувале просоцијално ќе се разликуваат од испитаниците кои не се однесувале просоцијално во истакнатоста на повеќето од тие варијабли.

Добиените резултати токму тоа и го потврдуваат. Имено, како при првата споредба (кога просоцијалната група ја сочинуваат сите испитаници кои манифестирале само едно од четирите просоцијални однесувања), така и при втората споредба (кога во просоцијалната група се вклучуваат и испитаниците кои ги манифестирале повеќето просоцијални однесувања), за испитаниците кои се однесувале просоцијално се карактеристични повеќе особини по кои тие се разликуваат од лицата кои не манифестирале ниедно од просоцијалните однесувања. Во првиот случај, разликите се појавуваат во однос на истакнатоста на девет особини и преферираноста на три инструментални вредности, додека во вториот случај диференцираноста меѓу нив е уште поголема. Покрај разликите во преферираноста на трите инструментални вредности и деветте особини, се појавуваат разлики и во преферираноста на уште две терминални вредности и две други особини. Иако само врз основа на евидентирањето на разликите во истакнатоста на особините не може точно да се утврди, каква била, всушност, нивната улога во детерминирањето на просоцијалните однесувања, бројноста и зголемувањето на разликите, сами по себе, упатуваат на можноста дека тие сепак би можеле да имаат позначаен придонес во процесот на одлучувањето во врска со практикувањето или непрактикувањето на овие однесувања. Но, од друга страна, поради збирното разгледување на диспозициските одредници на четирите различни видови просоцијални однесувања тие, исто така, го покренуваат прашањето дали сите идентификувани „просоцијални“ особини се подеднакво релевантни за сите однесувања.

Тргнувајќи од одредени теоретски согледувања и емпириски наоди, а исто така и од фактот дека просоцијалните однесувања, опфатени со ова истражување, покрај слични имаат и низа диференцијални обележја, се чинеше оправдано да се претпостави дека поврзаноста меѓу особините на личноста и просоцијалните однесувања ќе варира во зависност од нивната природа. Оправданоста на оваа претпоставка е потврдена со резултатите од споредбите меѓу испитаниците на ниво на подгрупи, кои јасно покажуваат дека крводарителите, спасителите, дарителите и

волонтерите поседуваат различен број особини по кои тие се разликуваат од „непросоцијалните“ испитаници со кои се споредувани. Со други зборови, манифестираноста на одделните видови просоцијални однесувања е поврзана со истакнатоста на различен број особини. Крводарувањето и дарувањето се релативно малку диспозициски засновани, додека интервенирањето и волонтирањето се поврзани со истакнатоста на повеќе особини. Притоа, некои особини се покажуваат релевантни само за едно од четирите однесувања, додека други се поврзани со манифестираноста на две или три однесувања. Освен тоа, некои особини што ги диференцираат просоцијалните од „непросоцијалните“ испитаници при споредбите на ниво на подгрупи, не се појавуваат како релевантни за нивната диференцираност на ниво на групи. Овие наоди, значи, недвосмислено сугерираат дека не би требало да се очекува сите особини што се покажуваат релевантни за просоцијалноста воопшто, да бидат подеднакво значајни за манифестираноста на различни видови просоцијални однесувања. Токму поради тоа, тие би можеле и да послужат како основа за разјаснување на некои од пројавените неконзистентности во поврзаноста меѓу личносните варијабли и просоцијалното однесување евидентирани во други истражувања. Накусо, наодите ја афирмираат потребата од подиференциран пристап при испитувањето и заклучувањето за диспозициската основа на просоцијалното однесување, кој претпоставува попрецизно концептуализирање на различните видови просоцијални однесувања.

Меѓутоа, наодите што произлегуваат од споредбите меѓу просоцијалните и „непросоцијалните“ испитаници на ниво на подгрупи, не укажуваат само на разнообразноста на диспозициската детерминираност на четирите испитувани просоцијални однесувања, туку тие, исто така, укажуваат и на можноста одреден број особини да се релевантни за манифестираноста на повеќето од однесувањата. Имајќи предвид дека таквата можност во неколку наврати е и емпириски потврдена во други истражувања, во кои се идентификувани стабилни просоцијални личносни

структури, во чиј состав влегуваат и дел од особините испитувани во ова истражување, се претпостави дека и во овој случај ќе постои висок степен на меѓусебна поврзаност и усогласеност на одделни особини, кои би можеле да претставуваат јадро на диспозициската основа на повеќето од испитуваните просоцијални однесувања. Проверката на поврзаноста меѓу особините на личноста покажа дека постојат голем број значајни поврзаности меѓу нив, кои се во различен степен изразени и кои покажуваат тенденција на нееднаква групираност. Освен тоа, се утврди дека особините што меѓусебно највисоко корелираат се истовремено и во највисок степен .поврзани со манифестираноста на просоцијалните однесувања. Поврзаностите меѓу особините на личноста станаа уште појасни и поосмислени кога постигнувањата на личносните мерки и манифестираноста на просоцијалните однесувања се подложија на факторска анализа. Примената на факторската анализа, меѓу другото, резултираше со изолирање на една поопшта просоцијална диспозициска структура, именувана како „грижа за благосостојбата на другите“, која покрај манифестираноста на просоцијалните однесувања ги вклучува грижата за другите, емпатиската грижа, ориентираноста кон другите при моралното расудување, заземањето туѓо гледиште и заемната грижа при моралното расудување. Значи, според резултатите на факторската анализа, јадрото на диспозициската основа на четирите просоцијални однесувања испитувани во ова истражување го чинат неколку особини, чиј заеднички именител претставува сензитивноста и грижата за проблемите и потребите на другите и подготвеноста за подобрување на нивната благосостојба. Идентификацијата на просоцијалното диспозициско јадро, се разбира, сама по себе, го наметнува прашањето за степенот на неговата потенцијална релевантност, како за манифестираноста на крводарителството, интервенирањето, дарувањето и волонтирањето, така и за практикувањето на други видови просоцијални однесувања. Проверките на диференцираноста меѓу просоцијалните и „непросоцијалните“ испитаници во поглед на композитните скорови, добиени со сумирање на постигнувањата на мерките на особините што го

чинат просоцијалното диспозициско јадро, покажа дека е тоа поврзано со манифестираноста на интервенирањето, дарувањето и волонтирањето, но не и со крводарувањето. Ваквиот наод, од една страна, значи дека детектирањето на предиспонираноста за практикување на одредени просоцијални однесувања може успешно да се врши и со примена на композитни личносни мерки, кои ги рефлектираат поопштите диспозициски одредници на просоцијалноста. Но, од друга страна, непронаоѓањето поврзаност меѓу просоцијалното диспозициско јадро со сите четири просоцијални однесувања, укажува дека не би требало да се очекува тоа да биде релевантно за манифестираноста на сите видови просоцијални однесувања. Што значи, и во овој случај се потврдува претпоставката дека прашањето за видот и структурата на диспозицискаta заснованост на просоцијалноста, поради разнообразноста на просоцијалните однесувања не би можело да се разреши ако не се води сметка за нивната природа.

Со желба барем делумно да се провери дали манифестираноста на просоцијалните однесувања би можела да биде поврзана и со други особености на просоцијалните лица, во истражувањето беа испитувани и потенцијалните ефекти на редоследот на раѓањето, бројноста на семејствата во кои тие израснале и поттикнуваните и „наследените“ начини на однесување од родителите. Општо земено, резултатите од истражувањето покажуваат дека редоследот на раѓањето и бројноста на семејството се покажуваат како сосема ирелевантни за манифестираноста на испитуваните просоцијални однесувања. Во случајот, пак, на поттикнуваните и „наследените“ начини на однесување, како посебно индикативен би можел да се издвои наодот дека во повеќето споредби меѓу испитаниците, помагањето како „наследен“ начин на однесување значајно ги диференцира просоцијалните од „непросоцијалните“ испитаници. Ваквиот наод упатува на можноста повеќето од родителите на просоцијалните испитаници навистина да претставувале просоцијални модели, со кои тие се имаат идентификувано. Меѓутоа, за да може попрецизно да се провери не само

оваа можност, туку и значајноста на другите семејни социјализациски искуства за развојот на подготвеноста за манифестирање на различни просоцијални однесувања, неопходни се далеку посеопфатни и попродлабочени испитувања од она што е направено во ова истражување.

Според тоа, резултатите на истражувањето, општо земено, не ја доведуваат под сомнение можноста од постоење на определена диспозициска заснованост на просоцијалните однесувања, туку тие пред сè укажуваат на потребата при разгледувањето и заклучувањето за потенцијалната улога на особините на личноста при актуелизацијата на просоцијалните однесувања да се води сметка и за нивната природа. Одделни особини на личноста би можеле да бидат поврзани само со манифестираноста на сосема одредени просоцијални однесувања, додека други би можеле да бидат релевантни за манифестираноста на повеќе однесувања. Секако, знаејќи дека кое и да било просоцијалното однесување може да биде продукт на помалку или повеќе сложена интеракција на различни психолошки и социјални фактори, останува отворено прашањето за степенот и видот на придонесот на особините на личноста во процесот на одлучувањето за преземање на одредено просоцијално однесување.

# ЛИТЕРАТУРА


Ahammer, I.M., and Murray, J.P. (1979). Kindness in the kindergarten: The relative influence of role playing and prosocial television in facilitating altruism. *International Journal of Behavioral Development, 2,* 133-157.

Allen, N., and Rushton, J.P. (1983). The personality of community volunteers. *Journal of Voluntary Action Research*, 9, 1183-1196.

Allport, G.W., and Ross, J.M. (1967). Personal religious orientation and prejudice. *Journal of Personality and Social Psychology*, 5, 432-443.

Amato, P.R. (1983). Helping behavior in urban and rural environments: Field studies based on a taxnonomic organization oh helping episodes. *Journal of Personality and Social Psychology*, 45, 571-586.

Archer, R.L. (1984). The farmer and cowman should be friends: An attempt at reconciliation with Batson, Coke, and Pych. *Journal of Personality and Social Psychology*, 46, 709-711.

Archer, R.L., Diaz-Loving, R., Gollwitzer, P.M., Davis, M.H., and Foushee, H.C. (1981). The role of dispositional empathy and social evaluation in the empathic mediation of helping. *Journal of Personality and Social Psychology*, 40, 786-796.

Aronfreed, J. (1968). *Conduct and conscience: the socialization of internalized control over behavior*. New York: Academic Press.

Bar-Tal, D. (1982). Sequential development of helping behavior: A cognitive-learning approach. *Developmental Review*, 2, 101-124.

Bar-Tal, D. (1984). American study of helping behavior: What? Why? and Where? Vo: E. Staub, D. Bar-Tal, J. Karylowski, & Rekowski (Eds.), *The development and maintenance of prosocial behavior: International perspectives on positive morality* (5-27). New York: Plenum.

Bar-Tal, D., and Raviv, A. (1982). A cognitive-learning model of helping behavior development: Possible implications and applications. Vo: N. Eisenberg (Ed.), *The development of prosocial behavior*. New York: Academic Press.

Barnes, R.D., Ickes, W.J., and Kidd, R.F. (1979). Effects of the perceived intentionality and stability of another's dependency on helping behavior. *Personality and Social Psychology Bulletin*, 5, 367-372.

Barnett, M.A., Hoeard, J.A., King, L.M., and Dino, G.A. (1981). Helping behavior and the transfer of empathy. *Journal of Social Psychology*, 115, 125-132.

Baron, R.A., and Byrne, D. (1987). *Social psychology: Understanding human interaction*. Allyn and Bacon.

Batson, C. D. (1991). *The altruism question: Toward a social-psychological answer*. Hillsdale, NJ: Erlbaum.

Batson, C.D., Batson, J.G., Griffitt, C.A., Barrientos, S., Brandt, J.R. Sprengelmeyer, P., and Bayly, M.J. (1989). Negative-state relief and the empathy-altruism hypothesis. *Journal of Personality and Social Psychology*, 56, 922-933.

Batson, C. D., Duncan, B., Ackerman, P., Buckley, T., and Birch, K. (1981). Is empathic emotion a source of altruistic motivation? *Journal of Personality and Social Psychology*, 40, 290-302.

Batson, C. D., O'Quin, K., Fultz, J., Vanderplas, M., and Isen, A. (1983). Self-reported distress and empathy and egoistic versus altruistic motivation for helping. *Journal of Personality and Social Psychology*, 45, 706-718.

Batson, C. D., Bolen, M.H., Cross, J.A., and Neuringer-Benefiel, H. (1986). Where is the altruism in the altruistic personality? *Journal of Personality and Social Psychology*, 50, 212-220.

Batson, C. D., and Oleson, K.C. (1991). Current status of the empathy-altruism hypothesis. Vo: M.S. Clark (Ed.), *Review of personality and social psychology: Vol. 12. Prosocial behavior* (62-83). Newbury Park, CA: Sage.

Benson, P.L., Dehority, L., Garman, L., Hanson, E., Hochschwender, M., Lebold, C., Rohr, R., and Sullivan, J. (1980). Intrapersonal correlates of nonspontaneous helping behavior. *The Journal of Social Psychology*, 110, 87-95.

Berkowitz, L. (1969). Resistance to improper dependency relationships. *Journal of Experimental Social Psychology*, 5, 283-294.

Berkowitz, L. (1972). Social norms, feelings, and other factors affecting helping and altruism. Vo: L. Berkowitz (Ed.), *Advances in experimental social psychology* (Vol. 6, 63-108). New York: Academic Press.

Berkowitz, L. (1986). *A survey of social psychology*. Holt, Rinehart and Winston.

Bierhoff, H.W., Klein, R., and Kramp, P. (1991). Evidence for the altruistic personality from data on accident research. *Journal of Personality*, 59, 2, 263-280.

Blasi, A. (1980). Bridging moral cognition and moral action: A critical review of the literature. *Psychological Bulletin*, 88, 1-45.

Bowers, K.S. (1973). Situationalism in psychology: An analysis and a critique. *Psychological Review*, 80, 307-336.

Braithwaite, V.A., and Law, H.G. (1991). The goal and Mode values inventories (originally developed in 1985). Vo: Vo: J. P. Robinson, P. R. Shaver, and L.S. Wrightsman (Eds.), *Measures of personality and social psychological attitudes* (Vol.1, 678-684). Academic Press.

Brehm, S.S., and Kassin, S.M. (1993). *Social psychology*. Houghton Mifflin.

Bryan, J.H., and London, P. (1970). Altruistic behavior by children. Psychological Bulletin, 73, 200-211.

Callero, P,L., Howard, J.A., and Piliavin, J.A. (1987). Helping behavior as a role behavior: Disclosing social structure and history on the analysis of prosocial action. *Social Psychology Quarterly*, 50, 247-256.

Carlo, G., Eisenberg, N., Troyer, D., Switzer, G., and Speer, A.L. (1991). The altruistic personality: In what contexts is it apparent? *Journal of Personality and Social Psychology*, 61, 450-458.

Carlsmith, J.M., and Gross, A.E. (1969). Some effects of guilt on compliance. *Journal of Personality and Social Psychology*, 11, 232-239.

Cialdini, R.B., Darby, B.K., and Vincent, J.E. (1973). Transgression and altruism: A case for hedonism. *Journal of Experimental Social Psychology*, 9, 502-516.

Cialdini, R.B., and Kenrick, D.T. (1976). Altruism as hedonism: A social development perspective on the relationship of negative mood state and helping. *Journal of Personality and Social Psychology*, 34, 907-914.

Cialdini, R.B., Kenrick, D.T., and Baumann, D.J. (1982). Effects of mood on prosocial behavior in children and adults. Vo: N. Eisenberg (Ed.), *The development of prosocial behavior* (339-359). New York: Academic Press.

Cialdini, R.B., Schaller, M., Houlihan, D., Arps, K., Fultz, J., and Beaman, A.L. (1987). Empathy-based helping: Is it selflessly or selfishly motivated? *Journal of Personality and Social Psychology*, 52, 749-758.

Clark, R.D. and Word, L.E. (1972). Why don't bystanders help? Because of ambiguity? *Journal of Personality and Social Psychology*, 24, 392-400.

Clary, R.G., and Snyder, M. (1991). A functional analysis of altruism and prosocial behavior: The case of volunteerism. Vo: M.S. Clark (Ed.), *Review of personality and social psychology: Vol. 12. Prosocial behavior* (119-148). Newbury Park, CA: Sage.

Coke, J.S., Batson, C.D., and McDavis, K. (1978). Empathic mediation of helping: A two-step model. *Journal of Personality and Social Psychology*, 36, 752-766.

Crowne, D.P., and Marlowe, D. (1991). A new scale of social desirability independet of psychopathology (originally developed in 1960). Vo: J. P. Robinson, P. R. Shaver, and L.S. Wrightsman (Eds.), *Measures of personality and social psychological attitudes* (Vol.1, 27-31). Academic Press.

Cunningham, M.R. (1986). Levites and brother's keepers: Sociobiological perspective on prosocial behavior. *Humboldt Journal of Social Relations*, 13, 35-67.

Darley, J., and Batson, S.D. (1973). From Jerusalem to Jericho: A study of situational and dispositional variables in helping behavior. *Journal of Personality and Social Psychology*, 27, 100-108.

Darley, J.M., and Latané, B. (1968). Bystander intervention in emergencies: Diffusion of responsibility. *Journal of Personality and Social Psychology*, 8, 377-383.

Darlington, R.B., and Macker, C.E. (1966). Displacement of guilt-produced altruistic behavior. *Journal of Personality and Social Psychology*, 4, 442-443.

Davis, M.H. (1983). Measuring individual differences in empathy: Evidence for multidimensional approach. *Journal of Personality and Social Psychology*, 44, 113-126.

Davis, M.H. (1996). *Empathy: A social psychological approach.* Westview Press.

Dokins, R. (1976). *Sebicni gen.* Beograd: Kultura.

Dovidio, J.F. (1984). Helping a behavior and altruism: An empirical and conceptual overview. Vo: L. Berkowitz (Ed.), *Advances in experimental social psychology* (Vol. 17; 361-427) New York: Academic Press.

Dovidio, J.F., Allen, J.L., and Schroeder, D.A. (1990). The specificity of empathy-induced helping: Evidence for altruistic motivation. *Journal of Personality and Social Psychology*, 59, 249-260.

Dovidio, J.F., Piliavin, J.A., Gaertner, S.L., Schroeder, D.A., and Clark, R.D. (1991). The arousal: Cost-reward model and the process of intervention. Vo: M.S. Clark (Ed.), *Review of personality and social psychology: Vol. 12. Prosocial behavior* (86-118). Newbury Park, CA: Sage.

Dreman, S.B., and Greenbaum, C.W. (1973). Altruism or reciprocity: Sharing behavior in Israeli kindergarten children. Child Development, 44, 61-68.

Durkin, K. (1995). *Developmental Social Psychology: From infancy to old age.* Blackwell Publishers Inc.

Eagly, A.H., and Crowley, M. (1986). Gender and helping behavior: A meta-analitic view of the social psychological literature. *Psychological Bulletin*, 100, 283-308.

Едровска, К. (1992). *Испитување на односот кон крводарителството кај дарителите и недарителите* (необјавен труд). Републички завод за трансфузиологија, Скопје.

Eisenberg, N. (1982). *The development of prosocial behavior*. New York: Academic Press.

Eisenberg, N. (1986). *Altruistic emotion, cognition and behavior*. Hillsdale, NJ: Lawrence Erlbaum Associates.

Eisenberg, N., Fabes, R.A.., Miller, P.A., Fultz, J., Mathy, R.M., Shell, R., and Reno, R.P. (1989). The relations of sympathy and personal distress to prosocial behavior: A multimethod study. *Journal of Personality and Social Psychology*, 57, 55-66.

Eisenberg, N., Miller, P.A., Schaller, M., Fabes, R.A.., Fultz, J., Shell, R., and Shea, C.L. (1989). *Journal of Personality*, 57, 41-67.

Eisenberg, N., and Fabes, R.A.. (1991). Prosocial behaviorand empathy: A multimethod developmental perspectives. Vo: M.S. Clark (Ed.), *Review of personality and social psychology: Vol. 12. Prosocial behavior* (34-61). Newbury Park, CA: Sage.

Eisenberg, N., and Mussen, H.P. (1989). *The roots of prosocial behavior in children.* Cambridge University Press.

Eisenberg, N., Shell, R., Pasternack, J., Lennon, R., Beller, R., and Mathy, R.M. (1987). Prosocial development in middle shildhood: A longitudinal study. *Developmental Psychology*, 23, 712-718.

Eisenberg-Berg, N., and Mussen, P. (1978). Empathy and moral development in adolescence. *Developmental Psychology*, 14, 185-186.

Epstein, S. (1979). The stability of behavior: I. On predicting most of the people much of the time. *Journal of Personality and Social Psychology*, 37, 1097-1126.

Epstein, S. (1980). The stability of behavior: II. Implications for psychological research. *American Psychologist*, 35, 790-806.

Freedman, J.L., Wallington, S.A., and Bless, E. (1967). Compliance without pressure: The effect of guilt. *Journal of Personality and Social Psychology*, 7, 117-124.

Frey, D.L., and Gaertner, S.L. (1986). Helping and the avoidance if inappropriate interracial behavior: A strategy that perpetuates a nonprejudiced self-image. *Journal of Personality and Social Psychology*, 55, 738-748.

Friedrich, L.K. and Stein, A.H. (1975). Prosocial television and young children: The effects of verbal labeling and role playing on learning and behavior. *Child Development, 46,* 27-38.

Fultz, J., Batson, C.D., Fortenbach, V.A., McCarthy, P.M., and Varney, L.L. (1986). Social evaluation and the empathy-altruism hypothesis. *Journal of Personality and Social Psychology*, 50, 761-769..

Gaertner, S.L., and Dovidio, J.F. (1977). The subtlety of white racism, arousal, and helping. *Journal of Personality and Social Psychology*, 35, 691-807.

Gelfand, D.M., and Hartmann, P. (1980). The development of prosocial behavior and moral judgment. Vo: R.L. Ault (ed.), *Developmental Perspectives.* Santa Monica, CA: Goodyear.

Gergen, K.J., Gergen, M.M., and Meter, K. (1972). Individual orientations to prosocial behavior. *Journal of Social Issues*, 8, 105-130.

Gilligan, C. (1982). *In a different voice: Psychological theory and women's development.* Cambridge, MA: Harvard University Press.

Gouldner, A. W. (1960). The norm of reciprocity: A preliminary statement. *American Sociological Review*, 25, 161-178.

Grube, J.A., and Piliavin, J.A. (1996). *Role-identity, organizational commitment, and volunteer performance.* Annual Meeting of the Society for the Psychological Study of Social Issues. Ann Arbor, MI.

Grusec, J.E., Lochart, R.S., and Walters, G.C. (1990) *Foundations of psychology.* Toronto: Copp Clark Pitman .

Hamilton, W.D. (1964). The genetic evolution of social behavior. *Journal of Theoretical Biology*, 7, 1-52.

Hampson, S.E. (1993). *The construction of personality.* Routledge.

Hoffman, M.L. (1976). Empathy, role-taking, guilt, and development of altruistic motives. Vo: T. Lickona (Ed.), *Moral development and behavior: Theory, research, and social issues* (124-143). New York: Holt, Rinehart, & Winston.

Hoffman, M.L. (1981). Is altruism part of human nature? *Journal of Personality and Social Psychology*, 40, 121-137.

Hoffman, M.L. (1982). Development of prosocial motivation: Empathy and guilt. Vo: N. Eisenberg (Ed.), *The development of prosocial behavior* (281-313). New York: Academic Press.

Horowitz, I.A. (1968). Effect of choice and lokus of independence on helping behavior. *Journal of Personality and Social Psychology*, 8, 373-376.

Hrnjica, S. (1982). *Zrelost licnosti*. Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva.

Huston, T., Geis, G., Wright, R. (1976 June). The angry samaritan. *Psychology Today*, 61-64, 85.

Ickes, W.J., and Kidd, R.F. (1976). Attributional analysis of helping behavior. Vo: J.H. Harvey, W.J. Ickes, and R.F. Kidd (Eds.), *New directions in attribution research* (Vol.1, 311-334). Hillsdale, N.J.: Erlbaum.

Ickes, W.J., Kidd, R.F., and Berkowitz, L. (1976). Attributional determinants of monetary help-giving. *Journal of Personality*, 44, 163-178.

Izard, C.E. (1977). *Human emotions*. New York: Plenum.

Jackson, D.N. (1974). *Personality research from manuel*, revised edn. Research Psychologist Press. Port Huron, Michigan.

Janis, I.L., and Field, P.B. (1991). The feelings of inadequacy scale (originally developed in 1959). Vo: J. P. Robinson, P. R. Shaver, and L.S. Wrightsman (Eds.), *Measures of personality and social psychological attitudes* (Vol.1, 123-127). Academic Press.

Joksimović, S. (1992). Problemi i pristupi u istrazivanju prosocijalnog ponasanja. *Zbornik Instituta za pedagoska istrazivanja*, Beograd, Institut za pedagoska istrazivanja, 24, 24-33.

Joksimović, S. (1993). Dimenzije i pokazatelji prosocijalnog ponasanja. *Zbornik Instituta za pedagoska istrazivanja*, Beograd, Institut za pedagoska istrazivanja, 25, 9-24.

Joksimović, S. i Vasović, M. (1990). *Psiholoske osnove covekoljublja*. Beograd: Prosveta.

Johnson, R.C., Danko, G.P., Darvill, T.J., Bochner, S., Bowers, J.K., Huang, Y.H., Park, J.Y., Pecjak, V., Rahim, A.R.A., and Pennington, D. (1989). Corss-cultural assessment of altruism and its correlates. *Personality and Individual Differences*, 8, 855-868.

Knight, G.P., Johnson, L.G., Carlo, G., and Eisenberg, N. (1994). A multiplicative model of the dispositional antecedents of a prosocial behavior: Predicting more of the people more of the time. *Journal of Personality and Social Psychology*, 66, 178-183.

Kohlberg, L. (1969). Stage and sequence: the cognitive-developmental approach to socialization. Vo: D. A. Goslin (ed.), *Handbook of Socialization Theory and Research*, Chicago:Rand McNally.

Kohlberg, L. (1976). Moral stages and moralization: the cognitive-developmental approach. Vo: T. Lickona (ed.), *Moral Development and Behavior: theory, research, and social issues*. New York: Holt.

Korte, C. (1969). Group effects on help-giving in an emergency. *Proceedings of the 77th annual convention of the American Psychological Association*, 4, 383-384.

Korte, C., Ypma, I., and Toppen, A. (1975). Helpfulness in Dutch society as a function or urbanization and environmental input level. *Journal of Personality and Social Psychology*, 32, 996-1003.

Krebs, D.L. (1970). Altruism-an examination of the concept and review of the litarature. *Psychological Bulletin*, 73, 258-303.

Krebs, D.L. (1978). A cognitive-developmental approach to altruism. Vo: L. Wispe (Ed.) *Altruism, sympathy, and helping: Psychological and sociological principles*. New York: Academic Press.

Krebs, D.L. (1982). Altruism-a rational approach. Vo: N. Eisenberg (Ed.), *The development of prosocial behavior* (53-76). New York: Academic Press.

Krebs, D.L., and Miller, D.T. (1985). Altruism and aggression. Vo: G.Lindzey and E.Aronson (Eds.), *Handbook of Social Psychology* (3rd ed.) (Vol.2, 1-71). New York: Random House.

Krebs, D.L, and Russell, C. (1981). Role-taking and altruism: when you put yourself in the shoes of another, will they carry you to their owner's aid? Vo: J.P. Rishton and R.M. Sorrentino (Eds.). *Altruism and helping behavior: social, personality and developmental perspectives*. Hillsdale, N.J.: Erlbaum.

Latané, B., and Darley, J.M. (1970). *The unresponsive bystander: Why doesn't he help?* New York: Appleton-Century-Crofts.

Latané, B., Nida, S.A., and Wilson, D.W. (1981). The effects of group size on helping behavior. Vo: J.P. Rushton and R.M. Sorrentino (Eds.), *Altruism and helping behavior: Social, personality, and development perspectives* (287-313). Hillsdale, NJ: Erlbaum.

Лазароски, J. (1992). Рамковна скица за проучување на односот меѓу однесувањето и структурата на личноста. *Просветно дело*, 4, 86-106; 5, 65-72.

Лазароски, J. (1996). Алтруистичко однесување. *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Скопје, 125-137.

Лазароски, J. (1997). *Алтруистичко и агресивно однесување.* Скопје & Мелбурн: МАТИЦА МАКЕДОНСКА.

Lerner, M.J. (1980). *The belief in a just world: A fundamental delusion*. New York: Plenum.

Levenson, H. (1991). Internality, powerful others, and chance scales (originally developed in 1981). Vo: J. P. Robinson, P. R. Shaver, and L.S. Wrightsman (Eds.), *Measures of personality and social psychological attitudes* (Vol.1, 425-428).Academic Press.

Levine, R.V., Martinez, T.S., Brase, G., and Sorensen, K. (!994). Helping in 36 U.S. cities. *Journal of Personality and Social Psychology*, 67, 69-82.

Lewin, K. (1936). *Principles of topological psychology*. New York: McGraw-Hill.

Midlarsky, E., and Hannah, M.E. (1985). Competence, reticence, and helping by children and adolescents. *Developmental Psychology*, 21, 534-541.

Macaulay, J.R. and Berkowitz, L. (eds.). (1970). *Altruism and helping behavior*. New York: Academic Press.

Manucia, G.K., Baumann, D.J., and Cialdini, R.B. (1984). Mood influences in helping: Direct effects or side effects? *Journal of Personality and Social Psychology*, 46, 357-364..

McGuire, A.M. (1994). Helping Behaviors in the natural environment: Dimensions and correlates of helping. *Personality and Social Psychology Bulletin*, 20, 45-56.

Mehrabian, A., and Epstein, N. (1972) A measure of emotional empathy. *Journal of Personality*, 40, 525-543.

Meyer, J.P., and Mulherin, A. (1980). From attribution to helping: An analysis of the mediating effects of affect and expectancy. *Journal of Personality and Social Psychology*, 39, 201-210.

Miller, D.T. (1977). Altruism and threat to a belief in a just world. *Journal of Experimental Social Psychology*, 13, 113-124.

Miller, L.C., and Read, S.J. (1987). Why am I telling you this? Self-disclosure in a doal-based model of personality. Vo: V. J. Derlega and J.H. Berg (Eds.), *Self-disclosure* (35-58). New York: Plenum.

Milgram, S. (1970). The experience of living in cities. *Science*, 167, 1461-1468.

Mischel, W. (1968). *Personality and assessment.* New York: Wiley.

Myers, D.G. (1983). *Social Psychology.* McGraw-Hill.

Nisbett, R.E. (1980). The trait construct in lay and professional psychology. Vo: L. Festinger (Ed.), *Retrospections in social psychology* (109-130). New York: Oxford.

Nowicki, S., and Duke, M.P. (1991). Adult Nowicki-Strickland internal-external control scale (originally developed in 1974). Vo: J. P. Robinson, P. R. Shaver, and L.S. Wrightsman (Eds.), *Measures of personality and social psychological attitudes* (Vol.1, 431-435). Academic Press.

Oliner, S.P., and Oliner, P.M. (1988). *The altruistic personality: Rescuers of Jews in Nazi Europe.* New York: Free Press.

Olport, G. (1969). *Sklop i razvoj licnosti.* Beograd: Kultura.

Omoto, A.M., and Snyder, M. (1990). Basic research in action: Volunteerism and society's response to AIDS. *Personality and Social Psychology Bulletin*, 16, 152-166.

Pantić, D. (1977). *Vrednosne orijentacije, osobine licnosti i klasna pripadnost.* Doktorska disertacija. Filozofski fakultet, Beograd.

Paulhus, D.L. (1991). Measurement and control of response bias. Vo: J. P. Robinson, P. R. Shaver, and L.S. Wrightsman (Eds.), *Measures of personality and social psychological attitudes* (Vol.1, 17-57). Academic Press.

Penner, L.A., and Fritzsche, B.A. (1993). *Measuring the prosocial personality: Four construct validity studies.* Paper presented at the annual meeting of the American Psychological Association, Toronto, Canada.

Penner, L.A., Fritzsche, B.A., Craiger, J.P., and Freifeld, T.S. (1995). Measuring the prosocial personality. Vo: J.N. Butcher and C.D. Spielberger (Eds.), *Advances in personality assessment* (Vol. 10, 147-163). Hillsdale, NJ: LEA.

Penner, L.A., and Finkelstein, M. A. (1997). Dispositional and structural determinants of volunteerism. *Journal of Personality and Social Psychology* (in press).

Piaget, J. (1965). *The moral judgment of the child.* New York: Free Press. (Prvicno izdadena vo 1932).

Piliavin, J.A., and Callero, P.L. (1991). *Giving blood: The development of an altruistic identity.* Baltimore: Johns Hopkins University Press.

Piliavin, J.A., and Charng, H.W. (1990). Altruism: A review of recent theory and research. *Annual Review of Sociology*, 16, 27-65.

Piliavin, J.A., Dovidio, J.F., Gaertner, S.L., and Clark, R.D. (1981). *Emergency intervention.* New York: Academic Press.

Piliavin, J.A., and Piliavin, I.M. (1972). The effects of blood on reactions to a victim. *Journal of Personality and Social Psychology*, 23, 253-261.

Piliavin, J.A., and Piliavin, I.M. (1973). The Good Samaritan: Why does he help? (neobjaven trud) Department of Sociology, University of Wisconsin.

Piliavin, I.M., Rodin, J., and Piliavin, J.A. (1969) Good samaritanism: An underground phenomenon? *Journal of Personality and Social Psychology*, 13, 289-299.

Piliavin, J.A., and Unger, R.K. (1985). The helpful but helpless female: Myth or reality? Vo: V. O'Leary, R.K. Unger, and B.S. Wallston (Eds.), *Women, gender and social psychology* (149-186). Hillsdale, NJ: Erlbaum.

Raviv, A., Bar-Tal, D., Ayalon, H., and Raviv, A. (1980). Perception of giving and receiving help by group members. *Representative Research in Social Psychology*, 11, 140-151.

Reber, A.S. (1985). *The penguin dictionnary of psychology.* Penguin Books.

Regan, D.T., Williams, M., and Sparling, S. (1972). Voluntary expiation of guilt: A field experiment. *Journal of Personality and Social Psychology*, 24, 42-45.

Rokeach, M. (1973). *The nature of human values.* New York: Free Press.

Ross, L., and Nisbett, R.E. (1991). *The person and the situation: Perspectives on social psychology*. New York: McGraw-Hill.

Rot, N. (1976). Empirisko izucavanje altruistickog ponasanja. *Psihologija*, 1-2, 3-23.

Rot, N. (1987). *Osnovi socijalne psihologije*. Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva.

Rubin, Z., and Peplau, L.A. (1975). Who believes in a just world? *Journal of Social Issues*, 3, 65-89.

Rushton, J.P. (1975). Generosity in children: Immediate and long term effects of modeling, preaching, and moral judgment. *Journal of Personality and Social Psychology, 31*, 459-466.

Rushton, J.P. (1980). *Altruism, Socialization, and Society*. Englewood Cliffs, NJ:Prentice Hall.

Rushton, J.P. (1981). The altruistic personality. Vo: J.P. Rushton and R.M. Sorrentino (Eds.), *Altruism and helping behavior: Social, personality, and development perspectives* (251-266). Hillsdale, NJ: Erlbaum.

Rushton, J.P. (1984). The altruistic personality: Evidence from laboratory, naturalistic and self-report perspectives. Vo: E. Staub, D. Bar-Tal, J. Karylowski, and J. Reykowski (Eds.), *Development and maintenance of prosocial behavior*. New York: Plenum.

Rushton, J.P. (1989). Genetic similarity, human altruism, and group selection. *Befavioral and Brain Sciences*, 12, 503-559.

Rushton, J.P., Chrisjohn, R.D., and Fekken, G.C. (1981). The altruistic personality and the self-report altruism scale. *Personality and Individual Differences*, 2, 292-302.

Rushton, J.P., Fulker, D.W., Neale, M.C., Nias, D.K.B., and Eysenck, H.J. (1986). Altruism and aggression: The heritability of individual differences. *Journal of Personality and Social Psychology*, 50, 1192-1198.

Rushton, J.P., and Teachman, G. (1978). The effects of positive reinforcement, attributions, and punishment on model induced altruism in children. *Personality and Social Psychology Bulletin, 4,* 322-325.

Salovey, P., Mayer, J.D., and Rosenhan, D.L. (1991). Mood and helping: Mood as a motivator of helping and helping as a regulator of mood. Vo: M.S. Clark (Ed.), *Review of personality and social psychology: Vol. 12. Prosocial behavior* (215-237). Newbury Park, CA: Sage.

Satow, K.L. (1975). Social approval and helping. *Journal of experimental social psychology*, 11, 501-509.

Schaller, M., and Cialdini, R.B. (1988). The economics of empathic helping: Support for a mood management motive. *Journal of Experimental Social Psychology*, 24, 163-181.

Schroeder, D.A., Dovidio, J.F., Sibicky, M.E., Matthews, L.L. and Allen, J.L. (1988). Empathy and helping behavior: Egoism or altruism? *Journal of Experimental Social Psychology*, 24, 333-353.

Schroeder, D.A., Penner, L.A., Dovidio, J.F., and Piliavin, J.A. (1995). *The Psychology of helping and altruism: Problems and puzzles*. McGraw-Hill, Inc.

Schwartz, S.H. (1968). Words, deeds, and perception of consequences and responsibility in action situations. *Journal of Personality and Social Psychology*, 10, 232-364.

Schwartz, S.H. (1970). Elicitation of moral obligation and self-sacrificing behavior: An experimental study of volunteering to be a bone marrow donor. *Journal of Personality and Social Psychology*, 15, 283-293.

Schwartz, S.H. (1974). Awareness of interpersonal consequences, responsibility denial, and voluneering. *Journal of Personality and Social Psychology*, 30, 57-63.

Schwartz, S.H., and Ben David, T. (1976). Responsibility and helping in an emergency: effects of blame, ability, and denial of responsibility. *Sociometry*, 39, 406-415.

Schwartz, S.H., and Clausen, G.T. (1970). Responsibility, norms, and helping in an emergency. *Journal of Personality and Social Psychology*, 16, 299-310.

Schwartz, S.H., and Howard, J.A. (1981). A normative decision-making model of altruism. Vo: J.P. Rushton and R.M. Sorrentino (Eds.), *Altruism and helping behavior*. Hillsdale, N.J.: Erlbaum.

Schwartz, S.H., and Howard, J.A. (1984). Internalized values as motivators of altruism. Vo: E. Staub, D. Bar-Tal, J. Karylowski, & Rekowski (Eds.), *The development and maintenance of prosocial behavior: International perspectives on positive morality* (5-27). New York: Plenum.

Simmel, G. (1950). The metropolis and mental life. Vo: K.H. Wolff (Ed.), *The sociology of Georg Simmel*. New York: Free Press.

Snyder, M., and Ickes, W. (1985). Personality and social behavior. Vo: G. Lindzey and E. Aronson (Eds.), *Handbook of social psychology: Vol 2. Special fields and applications* (3rd ed., 883-947). New York: Random House.

Smith, E.R., and Mackie, D.M. (1995). *Social psychology*. New York: Worth Publishers.

Smithson, M., Amato, P., and Pearce, P. (1983). *Dimensions of helping behavior*. Oxford: Pergamon

Solomon, L., Solomon, H., and Stone, R. (1978). Helping as a function of number of bystanders and ambiguity of emergency. *Personality and Social Psychology Bulletin*, 4, 318-321.

Staub, E. (1970). A child in distress: The influence of age and number of witnesses on children's attempts to help. *Journal of Personality and Social Psychology*, 14, 130-140.

Staub, E. (1971a). Helping a person in distress: The influence of implicit and explicit rules of conduct on children and adults. *Journal of Personality and Social Psychology*, 17, 137-145.

Staub, E. (1971b). A child in distress: The influence of nurturance and modeling on children's attempts to help. *Developmental Psychology*, 5, 124-132.

Staub, E. (1974). Helping a distressed person: Social, personality, and stimulus determinants. Vo: L. Berkowitz (Ed.), *Advances in experimental social psychology* (Vol. 7, 293-341). New York: Academic Press.

Staub, E. (1978). *Positive social behavior and morality: Social and personal influences* (Vol. 1). New York: Academic Press.

Steblay, N.M. (1987). Helping behavior in rural and urban environments: A meta-analysis. *Psychological Bulletin*, 102, 346-356.

Стиљковиќ, С. (1997). Осетљивост за друге и алтруистчко понашање. Во: С. Јоксимовиќ, С. Гашиќ-Павишиќ и Љ. Миочиновиќ (Прир.), *Васпитање и алтруизам*. Београд: Институт за педагошка истраживања.

Stotland, E. (1969). Exploratory investigations of empathy. Vo: L. Berkowitz (Ed.), *Advances in experimental social psychology* (Vol. 4, 271-314). New York: Academic Press.

Toi, M., and Batson, C. D. (1982). More evidence that empathy is a source of altruistic motivation. *Journal of Personality and Social Psychology*, 43, 281-292.

Trivers, R.L. (1971). The evolution of reciprocal altruism. *Quarterly Review of Biology*, *46*, 35-57.

Underwood, B., and Moore, B. (1982a). Perspective-taking and altruism. *Psychological Bulletin*, 91, 143-173.

Underwood, B., and Moore, B. (1982b). The generality of altruism in children. Vo: N. Eisenberg (Ed.), *The development of prosocial behavior* (25-52). New York: Academic Press.

Unger, L. (1991). Altruism as a motivation to volunteer. *Journal of Economic Psychology*, 12, 71, 100.

Vasović, M. (1975). Teorijski problemi savremenih psiholoskih istrazivanja altruizma. *Psihologija*, 3-4, 151-156.

Vaughan, K.B., and Lanzetta, J.T. (1980). Vicarious instigation and conditioning of facial expressive and autonomic response to a model's expressive display of pain. *Journal of Personality and Social Psychology*, 38, 909-923.

Wallace, J., and Sadalla, E. (1966). Behavioral consequences of transgression: 1. The effects of social recognition. *Journal of Experimental Research i Personality*, 1, 187-194.

Walster, E., Berscheid, E., and Walster, G.W. (1970). The exploited: Justice or justification? Vo: J.R. Macauley and L. Berkowitz (Eds.), *Altruism and helping behavior*. New York: Academic Press.

Walster, E., Berscheid, E., and Walster, G.W. (1973). New directions in equity research. *Journal of Personality and Social Psychology*, 25, 151-176.

Weiner, B. (1979). A theory of motivation for some classroom experiences. *Journal of Educational Psychology*, 71, 3-25.

Weiner, B. (1980). A cognitive (attribution)-emotion-action model of motivated behavior: An analysis of judgments of help-giving. *Journal of Personality and Social Psychology*, 39, 186-200.

Weiner, B., Perry, R.P., and Magnusson, J. (1988). An attributional analysis of reactions to stigmas. *Journal of Personality and Social Psychology*, 55, 738-748.

Wicker, F.W., Payne, G.C., and Morgan R.D. (1983). Participant descriptions of guilt and shame. *Motivation and Emotion*, 7, 25-39.

Wilson, J.P. (1976). Motivation, modeling, and altruism: A person x situation analysis. *Journal of Personality and Social Psychology*, 34, 1078-1086.

Whiting, B.B., and Whiting, J.W.M. (1975). *Children of six cultures: A psychocultural analysis*, Cambridge, MA: Harvard University Press.

Wilson, E.O. (1975). *Sociobiology: The new synthesis*. Cambridge, MA: Harvard University Press.

Wirth, I. (1938). Urbanism as a way of life. *American Journal of Sociology*, 44, 1-24.

Wispé, L.G. (1972). Positive forms of social behavior: An overview. *Journal of Social Issues*, 28, 3, 1-19.

Wispé, L.G. (1986). The distinction between sympathy and empathy: To call forth a concept, a word is needed. *Journal of Personality and Social Psychology*, 50, 314-321.

Yakimovich, D., and Saltz, E. (1971). Helping behavior: The cry for help. *Psychonomic Science*, 23, 390-400.

# ПРИЛОГ

# ПРАШАЛНИК

---

Почитуван/а

Ви се обраќаме со молба да го пополните овој прашалник кој претставува дел од истражувачките активности што се вршат на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет, Скопје.

Со прашалникот се настојува да се испита што мислат и што чувствуваат луѓето за себеси и за другите и како тие се однесуваат во различни ситуации.

За да може да се постигне основната цел на испитувањето, неопходно е да бидете искрени во давањето на вашите одговори. Односно, ***потребно е да одговарате онака како што Вие лично навистина мислите, чувствувате и се однесувате.***

Со ова испитување ќе бидат опфатени повеќе случајно избрани лица од обата пола и од различни возрасти и професии. Добиените податоци од сите испитани лица ќе бидат збирно анализирани и користени само за научни цели.

Одговарањето на прашалникот е анонимно.

***Ви благодариме на соработката***

Раководител на истражувањето:
м-р Михајло Поповски
Институт за психологија,
Филозофски Факултет, Скопје

1. Пол: а) машки б) женски

2. Возраст: ____________________

3. Образование:
   а) незавршено основно училиште
   б) завршено основно училиште
   в) завршено двегодишно или тригодишно средно училиште
   г) завршено четиригодишно средно училиште
   д) завршена виша школа или факултет

4. Занимање (наведете што конкретно работите, на пример: продавач, правник, лимар, земјоделец, новинар, студент и слично / а ако не работите, наведете за што сте стручно оспособени): ________________________________________

5. Постојано место на живеење: ____________________________

6. Редослед на раѓање:
   а) единец
   б) првороден
   в) второроден
   г) третороден
   д) ____________

7. Колку членови броело семејството во кое сте израснале? _________________________

8. Кој од подолу наведените начини на однесување бил **особено важен** за вашите родители вие да го практикувате, односно на што сте биле, индиректно или директо, поттикнувани од нив?

*(изберете најмногу три начини на однесување)*

| | |
|---|---|
| 1. да бидам амбициозен | 10. да бидам решителен |
| 2. да бидам уреден | 11. да бидам праведен |
| 3. да бидам чувствителен кон другите | 12. да бидам искрен со другите |
| 4. да имам почит кон родителите и возрасните | 13. да водам грижа прво за себеси, а потоа за другите |
| 5. да бидам снаодлив | 14. да бидам независен од другите |
| 6. да имам разбирање за другите | 15. да бидам чесен |
| 7. да бидам претпазлив во односите со со другите | 16. да бидам воздржан во покажувањето на своите чувства |
| 8. да им помагам на другите | 17. да бидам цврст и неранлив |
| 9. да бидам одговорен за своите постапки | 18. нешто друго: ____________________ ____________________ |

9. А кој од погоре наведените начини на однесување сметате дека едноставно сте го „наследиле“ или „презеле“ од вашите родители?

*(изберете најмногу три начини на однесување)*

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

10. Дали сте дарувале некогаш крв за непознати лица?

а) не

б) да, еднаш

в) да, два-трипати

г) да, повеќе пати (колку пати:_________)

11. Дали сте се нашле некогаш во ситуација кога на друго лице, или на повеќе лица (кои не сте ги познавале или пак сосема малку сте ги познавале) им бил загрозен животот (на пример, сообраќајна несреќа, пожар, давење, елементарна непогода, нападнато лице, срцев удар и слично)?

а) не

б) да, еднаш

в) да, два-трипати

г) да, повеќе пати

12. Ако сте се нашле во таква ситуација, дали сте се обиделе да им помогнете на унесреќените лица?

а) не сум се обидел, затоа што помагањето било ризично

б) не сум се обидел. затоа што имало други лица кои веќе помагале

в) не сум се обидел, затоа што не сум се чувствувал способен и компетентен да дадам помош

г) не сум се обидел, поради друга причина: ______________________________

д) да, сум се обидел да помогнам (накратко опишете како сте помогнале:
______________________________
______________________________
______________________________
______________________________
______________________________)

ѓ) не сум се нашол во таква ситуација

13. Дали сте подариле **самоиницијативно и самостојно** парични средства и/или материјални добра (облека, прехранбени артикли и слично) во добротворни цели?

а) не

б) да (кога сте го сториле тоа, и што сте подариле: ______________________
______________________________
______________________________
______________________________)

14. Дали сте учествувале **доброволно**, без паричен надомест и материјална добивка, во активностите на некоја хуманитарна организација?

а) не

б) да (каква активност сте вршеле и во која хуманитарна организација:
______________________________
______________________________
______________________________)

Секој човек во животот има одредени лични и општествени цели кои ги смета за вредни и значајни и кон чие остварување се стреми.

Подолу се наведени 16 такви ***животни цели*** кои вие треба да ги рангирате според ***нивната значајност како водечки принципи во вашиот живот.***

Онаа цел која за вас е најзначајна и која најмногу ја вреднувате означете ја со број 1, а онаа која е помалку значајна за вас означете ја со број 2, и така натаму сѐ до она што за вас е најмалку значајно и што најмалку го вреднувате, кое ќе го означите со број 16.

Рангирањето вршете го внимателно, а ако се случи да погрешите или да се премислите, слободно коригирајте го напишаното.

| Ранг | |
|---|---|
| | *ОПШТЕСТВЕН УГЛЕД*<br>(постигнување на угледен и почитуван статус во општеството) |
| | *ВОЗБУДЛИВ ЖИВОТ*<br>(живот исполнет со многу нови искуства, предизвици и возбудувања) |
| | *ВИСТИНСКО ПРИЈАТЕЛСТВО*<br>(имање блиски, искрени и верни пријатели) |
| | *МИР ВО СВЕ̇ТОТ*<br>(живеење во свет без војни и конфликти) |
| | *СЕБЕПОЧИТУВАЊЕ*<br>(почит кон самиот себеси и верба во сопствените потенцијали и вредности) |
| | *ХАРМОНИЧЕН СЕМЕЕН ЖИВОТ*<br>(семеен живот исполнет со љубов, почит и разбирање) |
| | *ДУШЕВЕН МИР*<br>(душѐвно спокојство, отсуство на какви и да било внатрешни конфликти) |
| | *РАМНОПРАВНОСТ*<br>(подеднакви можности за сите) |
| | *МУДРОСТ*<br>(зрело разбирање на животот) |
| | *ЕКОНОМСКА БЛАГОСОСТОЈБА*<br>(богатство, поседување на материјални добра и пари) |
| | *ВИСТИНСКА ЉУБОВ*<br>(искрена и трајна љубовна врска со длабока емоционална и духовна интимност) |
| | *ПОДОБРУВАЊЕ НА САМИОТ СЕБЕСИ*<br>(настојување да се биде сѐ подобар и подобар во кој и да било аспект од животот) |
| | *СИГУРНОСТ ЗА САКАНИТЕ ЛИЦА*<br>(водење грижа за најблиските и најмилите) |
| | *ЗАДОВОЛСТВО*<br>(живот исполнет со разновидни уживања, лежерност и забава) |
| | *СОЦИЈАЛНА ПРАВДА*<br>(коригирање на социјалната неправда, грижа за слабите и немоќните) |
| | *СВЕТ НА УБАВИНА*<br>(убавината на природата, творештвото и уметноста) |

На оваа страница пак наведени се 16 ***начини на однесување*** кои секој од нас може помалку или повеќе да ги цени и да ги смета за значајни.

Од вас се бара наведените начини на однесување да ги рангирате според тоа колку тие лично за вас се ***значајни како принципи според кои се раководите во својот живот.***

Рангирањето вршете го исто како и во претходниот случај. Она однесување кое за вас е најзначајно и кое најмногу го вреднувате означете го со број 1, а она кое е помалку значајно за вас означете со број 2, и така натаму сè до она однесување кое за вас е најмалку значајно и кое најмалку го цените, кое ќе го означите со број 16.

| Ранг | |
|---|---|
| | *АМБИЦИОЗНОСТ*<br>(вложување напори за постигнување на повисоки и потешко остварливи цели) |
| | *СОРАБОТКА*<br>(настојување да се соработува и заедно да се работи со другите) |
| | *САМОКОНТРОЛА*<br>(воздржување, контролирање на самиот себеси, самодисциплинираност) |
| | *НЕЗАВИСНОСТ*<br>(потпирање на самиот себеси и самостојно одлучување и делување) |
| | *ЧЕСНОСТ*<br>(чесен однос кон другите) |
| | *РЕШИТЕЛНОСТ*<br>(смело донесување одлуки и цврсто стоење зад нив) |
| | *СНАОДЛИВОСТ*<br>(вешто изнаоѓање начини за постигнување на поставените цели) |
| | *СПОСОБНОСТ*<br>(способно и компетентно делување во кој и да било домен од животот) |
| | *ПОМАГАЊЕ*<br>(помагање на оние на кои им е потребна помош или поддршка) |
| | *ЧИСТО*<br>(практикување на чистота, уредност и педантност во секојдневното живеење) |
| | *ВЕЛИКОДУШНОСТ*<br>(споделување на она што се има со другите) |
| | *ЛОГИЧНОСТ*<br>(рационално и доследно однесување) |
| | *СОВЕСНОСТ*<br>(совесно и одговорно делување) |
| | *УЧТИВОСТ*<br>(внимателно постапување кон другите, имање добри манири) |
| | *НАТПРЕВАРУВАЊЕ*<br>(настојување нешто да се постигне или да се направи подобро од другите) |
| | *ТАКТИЧНОСТ*<br>(внимателно делување во чувствителни ситуации без навредување на другите) |

Подолу се наведени одреден број искази за различни чувства, постапки и ставови кои може да се однесуваат, а може и да не се однесуваат на вас. Внимателно прочитајте го секој исказ и со заокружување на еден од понудените пет знаци покрај него означете **колку точно исказот вас лично ве опишува**.

| | сосема е точно | делумно е точно | не можам да одлучам | делумно не е точно | воопшт не е точно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Често мислам и фантазирам за работи што допрва треба да ми се случат. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 2. Често ме обзема жал и загриженост за луѓето кои во животот поминале полошо од мене. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 3. Понекогаш тешко ми е работите да ги согледам од туѓа гледна точка. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 4. Не ми е секогаш многу жал за оние кои западнале во животни тешкотии. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 5. Вистински се внесувам во чувствата на личностите од романите што ги читам. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 6.Во кризни или опасни ситуации обично сум напнат, а понекогаш чувствувам и извесен страв. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 7. Кога гледам некој филм или театараска претстава обично сум непристрасен посматрач и ретко ми се случува настаните да ме понесат и „вовлечат". | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 8. Пред да донесам конечен суд, обично се трудам да ги разгледам гледиштата на сите кои не се согласуваат во некоја полемика или расправа. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 9. Кога ќе забележам дека некого го искористуваат, чувствувам потреба да го заштитам. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 10. Понекогаш, кога ќе допуштам да ме преплават емоции, се чувствувам сосема беспомошно. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 11. Понекогаш, кога сакам подобро да ги разберам своите пријатели, се обидувам работите да си ги претставам онака како што тие ги гледаат. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 12. Ретко се случува целосно да се внесам во некоја книга или филм, па дури и тогаш кога тие навистина се добри. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 13. Кога ќе видам дека некој е повреден, обично останувам и понатаму прибран и смирен. | ++ | + | ? | _ | _ _ |

| | сосема е точно | делумно е точно | не можам да одлучам | делумно не е точно | воопшт не е точно |
|---|---|---|---|---|---|
| 14. Општо земено, не ме потресуваат премногу туѓите неволји. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 15. Кога сум сигурен дека сум во право, не трошам време слушајќи туѓи образложенија. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 16. Кога гледам некој филм или театарска претстава, обично во текот на гледањето имам впечаток дека и самиот како да сум некој од прикажаните ликови. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 17. Ме фаќа страв кога ќе се најдам во некоја емоционално напната ситуација. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 18. Понекогаш не чувствувам некое големо сожалување кога ќе забележам дека кон некого нечесно постапуваат. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 19. Во кризни и опасни ситуации, обично сум прилично ефикасен. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 20. Често се случува длабоко да ме трогне некој настан. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 21. Верувам дека секоја ситуација има свое лице и опачина и обично се трудам и двете да ги согледам. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 22. Мислам дека спаѓам во оние луѓе кои лесно се трогнуваат. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 23. Кога гледам добар филм, лесно можам да се вживеам во судбината на главниот јунак. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 24. Обично претерано се вознемирувам кога ќе настапат кризни и опасни ситуации. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 25. Кога некој ќе ме изнервира, се обидувам барем за момент да се „ставам на негово место". | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 26. Кога читам некоја интересна приказна или роман, си замислувам како би се чувствувал јас ако мене ми се случува она што го читам. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 27. Кога ќе видам дека во некоја опасна ситуација некому му е итно потребна помош, обично се „вкочанувам" и нозете ми се „пресекуваат" | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 28. Пред да го осудам некого, најчесто се обидувам да си замислам како би се чувствувал јас да сум на негово место. | ++ | + | ? | _ | _ _ |

| | сосема е точно | делумно е точно | не можам да одлучам | делумно не е точно | воопшт не е точно |
|---|---|---|---|---|---|
| 29. Никогаш не се колебам да скршнам од својот пат за да му помогнам некому кој е во неволја. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 30. Понекогаш, ако не сум охрабрен, тешко ми е да истраам во она што го работам. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 31. Никогаш не се случило некого многу да не го поднесувам | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 32. Повремено се сомневам во мојата способност да успеам во животот. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 33. Моите манири кога јадам дома се исто толку добри како кога јадам во ресторан. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 34. Сакам да озборувам од време на време. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 35. Можам да се сетам дека сум се „правел болен" за да избегнам нешто. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 36. Имало случаи кога некого сум искористил. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 37. Секогаш сум подготвен да признам кога ќе погрешам. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 38. Секогаш настојувам да го практикувам она што го пропагирам. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 39. Секогаш сум љубезен, дури и кон оние луѓе кои се нападни. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 40. Никогаш не сум се налутил кога од мене се барало да вратам некоја услуга. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 41. Никогаш не ми пречело кога луѓето изнесувале идеи кои многу се разликувале од моите. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 42. Имало моменти кога сум бил многу лубоморен на среќата на другите. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 43. Понекогаш сум иритиран од луѓето кои бараат услуги од мене. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 44. Никогаш не сум му рекол некому нешто намерно со што би ги повредил неговите чувства. | ++ | + | ? | _ | _ _ |

| | сосема е точно | делумно е точно | не можам да одлучам | делумно не е точно | воопшт не е точно |
|---|---|---|---|---|---|
| 45. Општо земено, не се секирам многу за проблемите на другите. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 46. Да имам работа што е поврзана со чување деца би ми причинувала задоволство. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 47. Негувањето цвеќе за мене би било само губење време. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 48. Понекогаш кога некој мој пријател е во неволја, не можам мирно да спијам од што сакам да му помогнам. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 49. Мислам дека малку веројатно е дека би работел за добротворни цели ако за тоа не сум барем минимално платен. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 50. Честопати помалдите од мене ги земам под своја заштита. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 51. Пријателите сакаат да ми ги кажуваат своите проблеми затоа што знаат дека секогаш сум подготвен да им помогнам. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 52. Кога гледам дека некој е во неволја, обично не сакам да се мешам. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 53. Повеќе би сакал да можам некому да му платам да го негува болниот отколку јас да го правам тоа. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 54. Многу ми е важно на другите да им покажам дека сум заинтересиран за нивните проблеми. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 55. Кога ќе видам некој стар или беспомошен човек обично ми се јавува желба некако да му помогнам. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 56. Не сум секогаш расположен да им помагам на другите кога сум зафатен. | ++ | + | ? | _ | _ _ |

**Следните искази (кои исто така може да ве опишуваат, а може и да не ве опишуваат) се однесуваат на начинот на кој донесуваме одлуки во ситуации кога треба да се направи избор меѓу две постапки, а притоа да не е сосема јасно што е правилно, а што погрешно.** *(Еве неколку примери на такви ситуации: а) некој близок пријател ви бара нешто да му позајмите, а знаете дека обично заборава да го врати позајменото; б) треба да се одлучите дали она што сте го стекнале или добиле ќе го задржите за себе или ќе го поделите со пријателите; в) треба да направите избор меѓу завршувањето на некоја многу важна работа за себе и посета на болен роднина; итн.)*

**Секој исказ прочитајте го внимателно и со заокружување на еден од знаците одговорете *колку точно исказот вас лично ве опишува*.**

| | сосема е точно | делумно е точно | не можам да одлучам | делумно не е точно | воопшт не е точно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Одлуките што ги донесувам, обично се базираат на мојата грижа за другите луѓе. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 2. Одлуките што ги донесувам, обично се базираат на она што изгледа дека е најправедно и најфер да се направи. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 3. Кога треба да одлучам како да постапам, ја избирам онаа постапка со која ќе можат да се задоволат потребите на сите. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 4. Кога треба да одлучам како да постапам, ја избирам онаа постапка со која ќе се овозможи што повеќе да им се помогне на другите. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 5. Кога треба да одлучам како да постапам, ја избирам онаа постапка со која се води сметка за правата на другите. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 6. Одлуките што ги донесувам, обично се базираат на грижата за благосостојбата на другите. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 7. Одлуките што ги донесувам, обично се базираат на моите лични принципи за тоа што е фер, а што не е фер. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 8. Кога треба да одлучам како да постапам, ја избирам онаа постапка која ќе има што помалку негативни ефекти за другите луѓе. | ++ | + | ? | _ | _ _ |

Секое од подолу наведените тврдења претставува одреден став или мислење кое може да го имаат луѓето. Во врска со овие тврдења не постојат точни или погрешни одговори. Внимателно прочитајте го секое тврдење и со заокружување на еден од понудените знаци означете го **степенот на вашето согласување или несогласување со него**.

| | сосема се согласу-вам | делумно се согласу-вам | не можам да одлучам | делумно не се согласу-вам | воопшто не се согласу-вам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Не би се чувствувал обврзан да го изработам својот дел во некоја заедничка работа ако сите останати во групата се покажат мрзливи. | ++ | + | ? | – | – – |
| 2. Кога човек целосно е преокупиран со некоја важна работа не треба да се обвинува ако е нечувствителен спрема оние околу себе. | ++ | + | ? | – | – – |
| 3. Кога некој кон мене се однесува лошо не се чувствувам обврзан кон него добро да се однесувам. | ++ | + | ? | – | – – |
| 4. Кога човек навистина се труди и вложува напор за да постигне нешто, по извесно време станува оправдано сѐ што ќе направи. | ++ | + | ? | – | – – |
| 5. Не можеш да ги обвинуваш луѓето кои во основа се добри ако околностите ги принудиле да бидат безобѕирни спрема другите. | ++ | + | ? | – | – – |
| 6. Кога ќе сфатиш колку му е тешко на вредниот и чесниот човек да напредува во работата, полесно е да се помириш со измамите што секојдневно се прават кај нас. | ++ | + | ? | – | – – |
| 7. Човек понекогаш во животот може да се најде во ситуација кога никако не може да ги контролира своите постапки кон другите. | ++ | + | ? | – | – – |
| 8. Ако се има предвид колку многу притисоци денес се прават за школските оценки и колку многу измами се случуваат во училиштата, некој кој повремено ќе излаже нешто не прави некоја голема грешка. | ++ | + | ? | – | – – |
| 9. Не би бил многу загрижен во случај некого да повредам ако знам дека сум имал добри намери. | ++ | + | ? | – | – – |
| 10. Не можеш да очекуваш од поединецот да се однесува многу поинаку од другите. | ++ | + | ? | – | – – |
| 11. Нема смисла да обрнуваме многу внимание на тоа како се однесуваме кога сме болни или нерасположени. | ++ | + | ? | – | – – |

| | сосема се согласувам | делумно се согласувам | не можам да одлучам | делумно не се согласувам | воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. Не можеш да го обвинуваш продавачот што е нељубезен и груб на крајот од неговиот напорен работен ден. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 13. Кога невнимателно би скршил некој апарат, би се чувствувал помалку виновен ако тој претходно веќе бил оштетен. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 14. Кога имаш работа преку глава невозможно е да водиш сметка за тоа дали си им ги задоволил интересите на сите. | ++ | + | ? | _ | _ _ |

* VI 2

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15. Подобро е човек да се задоволи со скромен живот отколку да вложува многу напор за да се постигне нешто повеќе. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 16. Човек најмалку ќе згреши ако го прави она што го прави мнозинството. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 17. Настојувам себеси да си поставувам и поголеми барања од она што другите го очекуваат од мене. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 18. Настојувам што помалку да се разликувам од другите луѓе. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 19. Човек може навистина да биде среќен само ако нема големи амбиции. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 20. Не ми се допаѓаат оние луѓе кои „стрчат" од групата и кои се однесуваат поинаку од останатите. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 21. Најчесто се однесувам онака како што околината очекува од мене. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 22. Често ме привлекуваат работи кои многумина во мојата средина или струка ги сметаат за тешко остварливи. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 23.Во многу случаи мнозинството не е во право. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 24. Најчесто не вложувам преголем напор, бидејќи и онака повеќето нешта во животот не зависат од мене. | ++ | + | ? | _ | _ _ |

| | сосема се согласу-вам | делумно се согласу-вам | не можам да одлучам | делумно не се согласу-вам | воопшто не се согласу-вам |
|---|---|---|---|---|---|
| 25. Повеќето луѓе едно зборуваат, а друго прават. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 26. Мислам дека многу луѓе би лажеле за да напредуваат. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 27. За малку луѓе може да се каже дека се лоши. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 28. На многу луѓе им се посветува повеќе внимание отколку што заслужуваат. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 29. Ако си добар спрема луѓето и тие ќе бидат добри кон тебе. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 30. Кога се во прашање нивните интереси, луѓето не водат многу сметка за тоа што е праведно, а што не е. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 31. Многу луѓе мислат само на тоа како да ги искористат другите. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 32. Ретки се оние луѓе кои навистина се радуваат на туѓите успеси. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 33. Секој оној кој има голема доверба во друг, самиот си бара неволја. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 34. Повеќето луѓе се себични. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 35. Луѓето се помалку чесни отколку што тоа обично се мисли. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 36. Луѓето се толку променливи и превртливи што ретко кога можеш да бидеш сигурен на што си со нив. | ++ | + | ? | _ | _ _ |

Следните тврдења се однесуваат на она што ни се случува во животот. Прочитајте го внимателно секое тврдење и зависно од тоа колку тврдењето го изразува вашето мислење означете го **степенот на вашето согласување, односно несогласување со него**.

| | сосема се согласувам | делумно се согласувам | не можам да одлучам | делумно не се согласувам | воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Не е секогаш мудро да се планира многу однапред затоа што многу нешта се случуваат како резултат на добра или лоша среќа. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 2. Многу често немам контрола врз она што ми се случува во животот бидејќи многу нешта ми се случуваат случајно. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 3. Најдобар начин да се ослободиш од проблемите е да не мислиш на нив. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 4. Честопати ми се случувало луѓето да ми се налутат без никаква причина. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 5. Некои луѓе се едноставно родени под среќна ѕвезда. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 6. Ако нешто тргнало на лошо тешко дека ќе може да се спречи - лошо и ќе заврши. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 7. Обично не се исплаќа да се вложува премногу напор бидејќи и онака работите никогаш не испаѓаат онака како што треба. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 8. Во многу наврати сум се уверил дека она што ти е „пишано“, тоа и ќе ти се случи. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 9. Кога нешто ќе погрешам, после тешко можам тоа да го поправам. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 10. Често ми се случувало да ме обвинуваат за работи за кои не сум бил виновен. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 11. Секој треба да си има некоја амајлија за среќа. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 12. Честопати нема шанса да го остварам она што сум го замислил бидејќи ми се случуваат баксузни работи. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 13. Луѓето не можат да се сметаат одговорни за својата судбина бидејќи малку нешта зависат од нивната волја. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 14. Ако некој реши да ми стане непријател, речиси ништо не можам да сторам за да го одвратам од тоа. | ++ | + | ? | _ | _ _ |

* VII 2

| | сосема се согласувам | делумно се согласувам | не можам да одлучам | делумно не се согласувам | воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 15. Внимателните возачи имаат подеднакви шанси да настрадаат во сообраќајни несреќи исто како и невнимателните. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 16. Во основа, светот е праведен. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 17. Често се случува лице кое е виновно да биде ослободено на суд. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 18. Учениците и студентите, во повеќето случаи, ги заслужуваат оценките што ги добиваат. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 19. Политичарот кој цврсто се држи до своите принципи ретко може да победи на избори. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 20. Општо земено, луѓето го заслужуваат она што го добиваат. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 21. Иако може да се случи на власт да дојде некој зол политичар, историски гледано, доброто сепак победува. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 22. Речиси во секоја професија, луѓето кои добро си ја вршат работата стигнуваат до висока позиција. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 23. Ретко се случува кај нас, на суд, човек да има фер судење. | ++ | + | ? | _ | _ _ |
| 24. Криминалот не се исплаќа. | ++ | + | ? | _ | _ _ |

VIII 1

Прашањата кои следат се однесуваат на она што го чувствувате и мислите за себеси. Внимателно прочитајте го секое прашање и обидете се колку што можете поискрено да одговорите т.е. **одговорете онака како што навистина чувствувате и мислите**.

На прашањата одговорете со заокружување на еден од понудените броеви: **1** (никогаш), **2** (ретко), **3** (повеќе често отколку ретко), **4** (често) и **5** (многу често).

| | никогаш | ретко | повеќе често отколку ретко | често | многу често |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Дали некогаш се чувствувате помалку вреден во однос на повеќето луѓе што ги познавате? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2. Колку често сте загрижени за тоа дали другите ќе ве сметаат за успешен или неуспешен во она што го работите или учите? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | никогаш | ретко | повеќе често отколку ретко | често | многу често |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. Колку често ве измачува срамежливоста? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 4. Дали некогаш за себе мислите дека сте безвреден? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 5. Кога сте со други луѓе во група, дали се вознемирувате додека размислувате за она што сакате да го кажете? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6. Дали некогаш се чувствувате толку разочарани од себе што ве тера да се запрашате дали воопшто нешто вредите? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 7. Дали често се чувствувате неудобно кога се запознавате со нови луѓе? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 8. Колку често се мразите самите себеси? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 9. Дали некогаш имате чувство дека ништо не можете добро да направите? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 10. Дали некогаш се чувствувате исплашен или вознемирен кога сам влегувате во некоја просторија каде што други луѓе веќе се собрале и почнале да разговараат? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 11. Колку често ве загрижуваат критиките што можат да ви бидат упатени од страна на претпоставените во врска со вашата работа? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 12. Колку често сте загрижени за тоа дали другите луѓе сакаат да бидат со вас? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 13. Кога ќе направите некоја грешка што ќе ве засрами или кога ќе направите нешто со што ќе изгледате глупаво, дали често ви треба долго време тоа да го преболите? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 14. Дали често многу се грижите да бидете во добри односи со другите луѓе? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 15. Кога мислите дека некои од луѓето со кои контактирате можеби имаат неповолно мислење за вас, дали сте загрижени или преокупирани со тоа? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 16. Колку често сте загрижени или вознемирени за тоа што мислат другите за вас? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

***ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА ИСКРЕНОСТА ПРИ ВАШЕТО ОДГОВАРАЊЕ***

***И ЗА ВРЕМЕТО ШТО ГО ОДВОИВТЕ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОВОЈ ПРАШАЛНИК***